# ПРОЕКТ
# ОБНОВА

*Се обврзуваме*

ОБНОВА НА
**МАКЕДОНИЈА**

ПАРЛАМЕНТАРНИ
ИЗБОРИ
2020 ГОДИНА

# ПРОГРАМА
# ВМРО-ДПМНЕ

## ПРОЕКТ
# ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА

# СОДРЖИНА


**ПРВ СТОЛБ: ЕФИКАСНА ДРЖАВА И СИЛНИ ИНСТИТУЦИИ 9**

1. ЕФИКАСНИ ЈАВНИ ФИНАНСИИ . . . 13
2. ПОВОЛНИ УСЛОВИ ЗА ВОДЕЊЕ БИЗНИС . . . 26
3. ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА . . . 35
4. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА И ПРОФЕСИОНАЛИЗАЦИЈА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА . . . 48
5. ОБНОВА НА УСТАВНО-ПРАВНИОТ И НА ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ ВО МАКЕДОНИЈА . . . 62
6. БОРБА СО КОРУПЦИЈАТА И СИВАТА ЕКОНОМИЈА . . . 85

**ВТОР СТОЛБ: КОНКУРЕНТЕН ПРИВАТЕН СЕКТОР 90**

1. МОДЕРНА ИНДУСТРИЈАЛИЗАЦИЈА НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА . . . 93
2. ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА ЕКОНОМИЈАТА . . . 99
3. ГРАДЕЊЕ НА МОДЕРЕН НАЦИОНАЛЕН ИНОВАЦИСКИ СИСТЕМ И КОНКУРЕНТЕН ИКТ СЕКТОР . . . 105
4. КВАЛИТЕТНО И МОДЕРНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ИДНИНАТА НА МАКЕДОНИЈА . . . 112
5. АДАПТИБИЛЕН И ЕФИКАСЕН ПАЗАР НА ТРУД . . . 128
6. РАЗВИЕНА И ФУНКЦИОНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА . . . 139
7. СТАБИЛЕН И ОДРЖЛИВ ЕНЕРГЕТСКИ СЕКТОР . . . 153
8. НОВ КОНЦЕПТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКАТА ПОЛИТИКА . . . 175
9. АТРАКТИВЕН И МОДЕРЕН ТУРИЗАМ . . . 196

**ТРЕТ СТОЛБ: ИНТЕГРИРАНА, СТАБИЛНА И БЕЗБЕДНА ЗЕМЈА 206**

1. ИНТЕГРИРАНА И ПОЧИТУВАНА ЗЕМЈА . . . 207
2. СТАБИЛНА И БЕЗБЕДНА МАКЕДОНИЈА . . . 225

**ЧЕТВРТИ СТОЛБ: ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ ЗА СИТЕ ГРАЃАНИ 249**

1. МОДЕРНО И КВАЛИТЕТНО ЗДРАВСТВО . . . 250
2. ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА . . . 264
3. СОЦИЈАЛНА ГРИЖА И ЗАШТИТА НА РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ ГРАЃАНИ . . . 273
4. МЛАДИТЕ СЕ НАШАТА ИДНИНА . . . 280
5. ПОТТИКНУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА СПОРТОТ . . . 292
6. ЗАШТИТА И НЕГУВАЊЕ НА КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА . . . 304
7. ИНКЛУЗИВЕН ГРАЃАНСКИ СЕКТОР . . . 319
8. ИНОВАТИВНИ И МОДЕРНИ ПОЛИТИКИ ВО ЛОКАЛНИТЕ САМОУПРАВИ . . . 324

# ОБРАЌАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ



Почитувани сограѓани,

Обновата е нашата визија за промена на тешката реалност во која живее секој граѓанин. Обнова, која ќе донесе повеќе за секого и промени кои ќе ја направат Македонија онаква каква што сакаме да ја имаме. Следува период на нова надеж, нов исчекор, кога ќе покажеме дека не сме сите исти и дека сме различни од сите претходни.

Проектот „Обнова на Македонија" опфаќа мерки и планови кои повеќе месеци ги изготвуваа најдобрите експерти од земјава и странство. Базиран е на директните потреби на граѓаните и ја синтентизира нашата визија со работи со конкретни рокови, за кои јас како човек и мојот тим се обврзуваме дека ќе ги исполниме. Го имате мојот збор, а дадениот збор е најважната обврска врз која почиваат угледот и честа на поединецот.

Обновата е нешто што го барате и го чекате долго време, а таа значи да имате контрола на својот живот, но и контрола врз заедничките судбини. Тоа значи да имате повеќе за да ви биде подобро. Значи нова надеж, шанса за сите. Значи да го сакате своето, да го помните минатото, но и да се борите за иднината. Македонија мора да се промени, а промената што сакате да ја видите е ОБНОВАТА.

Знам дека многумина од вас се длабоко разочарани. Тоа нема да ги промени работите, но вашиот став и глас можат. Измамите се веќе познати, веќе видени и не дозволувајте тие докажани лекции да се повторат. Не трошете енергија на нешто што е докажано дека не вреди. Не плашете се да го промените мислењето и да поддржите нешто што вреди, а Македонија вреди повеќе од сè друго. Обновата е и обнова на духот, победа над просечноста и над статус кво политиките, обнова на институциите, обнова на вредностите. Но и обнова на идеалите. Човекот верува и сонува, и тоа мора да го вратиме, и да го одржиме пламенот за Македонија. Европска Македонија е возможна и ќе се избориме заедно.

Проектот „Обнова на Македонија" се фокусира на економијата, претприемништвото и поддршка на бизнисот, а целта е едноставна, повеќе пари за секого. Ние мораме преку индустријализација и константен економски развој да постигнеме стандарди базирани на вредности. На народот му се потребни вредности наместо демагогија, а на државата ѝ се потребни работа и резултати наместо неспособност и порази.

Обнова која носи убави нешта за работниците, земјоделците, стопанствениците, пензионерите, невработените, младите и старите, мажите и жените, сите оние кои денес заедно со нас на нозе се креваат, креваат глава гордо и високо, и се исправаат! Македонија во која ќе има нула толеранција на корупцијата и криминалот, држава во која сите ќе бидат еднакви пред законот и ќе нема едни кои се пред другите.

Успехот е резултат на правилен избор на повеќе одлуки и подразбира многу работа, решавање на многу предизвици. Можете да ја прифатите тешката реалност, но можете и да ја промените. Вашиот глас ја носи промената, а изборот е обнова. **Исправи се Македонијо! Одбери обнова!**

Со почит,
проф. д-р Христијан Мицкоски

# ВОВЕД

ВМРО-ДПМНЕ за периодот 2020-2024 година останува на стратегиските определби за:

1. Зголемување на економскиот раст и раст на вработеноста, пораст на животниот стандард на граѓаните, подобар и поквалитетен живот за секого;
2. Бескомпромисна борба против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на правото;
3. Интеграција на Македонија во Европската унија;
4. Одржување на добри меѓуетнички односи врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување и подеднаков третман на сите пред законот;
5. Инвестирање во образование, иновации и информатичка технологија, како клучни елементи за креирање на општество базирано на знаење и
6. Заштита и унапредување на животната средина.

Во насока на остварување на стратегиските определби ВМРО-ДПМНЕ во наредниот четиригодишен период со посветена работа и реализација на голем број реформи, политики, мерки ќе биде насочена кон остварување на следните цели:

- Раст на БДП од 4-5% годишно;
- Намалување на стапката на невработеност под 10% преку креирање на нови високо-квалитетни и добро-платени работни места;
- Зголемување на платите за 25% во период од четири години преку системско подобрување на продуктивноста;
- Домашни и странски инвестиции во износ од 4 милијарди евра за период од 4 години;
- Модерна индустријализација и зголемување на извозната конкурентност;
- Зголемување на бројот на домашни и странски туристи преку создавање на подобри услови за развој на туризмот;
- Високи и стабилни субвенции за земјоделците и модернизација на земјоделскиот сектор;
- Крупни инвестиции во патната, енергетската и комуналната инфраструктура;
- Реализација на голем број на проекти за младите во сите сегменти на нивното живеење;
- Натамошна заштита на животниот стандард на пензионерите преку нови зголемувања на пензиите;
- Подобрување на стандардот на вработените преку пораст на платите во јавниот сектор и минималната плата во приватниот сектор согласно со растот на продуктивноста;

- Подигање на квалитетот на здравствените услуги преку значајни инвестиции во здравствената инфраструктура и опрема, како и обука на здравствениот персонал;
- Натамошни инвестиции во образованието како и поттикнување на иновациите, научноистражувачката работа и примената на новите технологии;
- Заштита на животната средина;

Повисокиот животен стандард и подобри услови за живот на сите македонски граѓани ќе ги обезбедиме со нов модел на развој чија основна цел ќе биде остварување на високи, одржливи и социјално инклузивни стапки на економски раст насочени кон креирање на нови добро платени работни места, зголемување на животниот стандард на граѓаните и подобри услогиз за сите граѓани.

Остварувањето на овој стратешки приоритет ќе се реализра преку сет на мерки и проекти со цел:

1) поголема ефикасност на државата,
2) поголема конкурентност на приватиот сектор и
3) развиен финансиски пазар.





# ПРВ СТОЛБ:
# **ЕФИКАСНА ДРЖАВА И СИЛНИ ИНСТИТУЦИИ**

# ВОВЕД – ОЧЕКУВАНИ МАКРОЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

Институционалните капацитети на државата во голема мера го детерминираат успехот во остварување на стратегиските приоритети кои се однесуваат на остварување високи и одржливи стапки на економски раст со истовремено зголемување на вработеноста, што де факто обезбедува пораст на животниот стандард на граѓаните и подобар и поквалитетен живот.

Затоа, ВМРО-ДПМНЕ во следниот четиригодишен период се обврзува да ја зголеми ефикасноста на државата и да изгради силни институции на секое ниво, посветени кон создавање на најповолни деловни услови за приватниот сектор и најефикасно користење на буџетските средства, со цел создавање на еднакви можности за просперитет и подобри услови за живот на сите граѓани.

Визијата на новата Влада предводена од ВМРО-ДМПНЕ е дека само преку развиени институции, целосно почитување на правото со независен правен систем, ефикасност на јавната администрацијата и ефективно партнерство помеѓу државата, приватниот и граѓанскиот сектор може да изградиме цврсти темели на кои треба да почива една модерна, демократска и економски развиена земја.

За висок економски раст потребни се силни институции. Во периодот 2020-2023 година ВМРО-ДПМНЕ ќе работи на интензивирање на економскиот раст преку изградба на силни институции, одржување на високи капитални инвестиции од буџетот, посилна инвестициска активност на домашниот приватен сектор, но и преку нови странски инвестиции и раст на извозот.

Доколку не се случат непредвидени геополитички и економски нарушувања на глобално и регионално ниво вклучувајќи и нов бран на пандемијата со Ковид 19, во периодот 2020-2023 година растот на БДП ќе се движи меѓу 4% и 5%.

Фискалната политика во периодот 2020-2023 година ќе биде насочена кон консилидација и стабилизирање на јавните финансии кои претрпеа големи промени како резултат на пандемијата, но и неумешноста на Владата на СДСМ да се справи со здравствено-економската криза. Дополнително, фискалната политика ќе биде насочена кон задржување на макроекономската стабилност и поддршка на економската активност преку подобрување на квалитетот на јавните финансии и зголемување на капиталните расходи за унапредување на инфраструктурата, пред сè за изградба и модернизација на транспортната и комунална инфраструктура. Буџетскиот дефицит постепено ќе се намалува до ниво од 3% од БДП во

2023 година, а јавниот долг ќе го консолидираме и истиот нема да надмине ниво од 60%, со што Македонија и во следниот период ќе остане земја со умерено ниво на задолженост, во рамки на мастришките критериуми.

| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реален раст на БДП | 1,1 | 2,7 | 3,6 | -5.0 | 4,5 | 4,5 | 5,0 |
| Инфлација | 1,4 | 1,5 | 0,0 | 1,0 | 2,0 | 2,0 | 2,0 |
| Буџетски дефицит | -2,7 | -1,8 | -2,1 | -10,0 | -5,0 | -3,5 | -3,0 |
| Стапка на невработеност | 22,4 | 20,7 | 17,3 | 19,0 | 16,0 | 12,0 | 10,0 |

Извор: НБРМ и пресметки на ВМРО-ДПМНЕ

Еден од предусловите за одржлив економски развој е ниското ниво на инфлација и оттаму, ВМРО-ДПМНЕ ќе се залага за понатамошна добра координација на монетарната и на фискалната политика преку одржување умерен буџетски дефицит и стабилност на девизниот курс, што ќе придонесе во периодот 2020-2023 година просечната стапка на инфлација да не надмине 2% годишно. Во целост ќе се почитуваат независноста на Народна банка на Македонија во водењето на монетарната политика, а преку Комитетот за финансиска стабилност заеднички и координирано со неа и другите регулаторни тела од областа на финансискиот систем ќе се следат економските движења со цел навремено и успешно спречување на евентуални ризици врз македонската економија.

Финансискиот сектор и натаму ќе остане стабилен, а неговиот натамошен развој и зголемувањето на интермедијацијата остануваат главни приоритети во областа на финансискиот систем. Очекуваното забрзување на економскиот раст и посебно растот на вработеноста и платите, како и постабилниот надворешен и внатрешен амбиент, ќе придонесат за забрзување на растот на депозитната база и кредитната поддршка за фирмите. Развојот на финансискиот сектор ќе биде поттикнат и од воспоставувањето на посебна финансиска зона – Меѓународен центар за финансиски услуги и трговски друштва за меѓународни услуги со посебна правна и финансиска регулатива.



# 1. ЕФИКАСНИ ЈАВНИ ФИНАНСИИ

Примарна цел и приоритет на следната Влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ е обезбедување на ефикасни јавни финансии преку зајакнување на капацитетот на даночната администрација, ниски даноци, консолидација на јавниот долг и зголемување на ефикасноста во реализацијата на јавните расходи. Главниот фокус е ставен на реализација на капитални инвестиции насочени кон оние инфраструктурни и енергетски проекти што ќе бидат во функција на бизнис-секторот и капитални проекти кои ќе бидат насочени кон подобрување на општите услови за живот на македонските граѓани.

## МЕРКА 1: ВРАЌАЊЕ НА РАМНИОТ ДАНОК СО СТАПКА ОД 8% ЗА ДАНОКОТ НА ЛИЧЕН ДОХОД И ДАНОКОТ НА ДОБИВКА

Во наредниот четиригодишен период во областа на даноците и царините ВМРО-ДПМНЕ продолжува со политиката на ниски и едноставни даноци и други давачки за фирмите, бидејќи повеќе средства за компаниите значат и повеќе средства за унапредување на работењето и воведувањето нови технологии и практики, нови инвестиции и работни места, а со тоа и економски раст на земјата. ВМРО-ДПМНЕ продолжува со создавање предвидливи и еднакви услови за фирмите.

За наредниот четиригодишен период предвидуваме:

### ПРОЕКТ 1: ВРАЌАЊЕ НА РАМНИОТ ДАНОК СО СТАПКА ОД 8% ЗА ДАНОКОТ НА ЛИЧЕН ДОХОД И ДАНОКОТ НА ДОБИВКА

Рок: 2022. (од 01.01.2021 година рамниот данок ќе изнесува 9%, додека од 01.01.2022 година ќе изнесува 8%. Имајќи ја во предвид здравствено-економската криза предизвикана од Корона вирусот, можно е мало одложување на оваа мерка за не повеќе од 1 година.
Буџет: 1,8 милијарди денари.

### ПРОЕКТ 2: ПРОДОЛЖУВА ОДАНОЧУВАЊЕТО СО 0% ДАНОК НА РЕИНВЕСТИРАНА ДОБИВКА

### ПРОЕКТ 3: НАМАЛУВАЊЕ НА ДДВ ЗА ВЛЕЗ НА СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ И ЗА ИЗНАЈМУВАЊЕ НА СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ ОД 18% НА 5%.

Рок: 2021 година.

## ПРОЕКТ 4: НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА ЗАТЕЗНА КАМАТА РЕГУЛИРАНА ВО ЗАКОНОТ ЗА ОБЛИГАЦИИ

Во согласност со тековното законско решение, законската камата за физичките лица се формира кога на каматата на благајничките записи издадени од НБРМ, се додаваат 8 процентни поени. Од 01.01.2022 година, се обврзуваме да предложиме измена на овој Закон, при што затезната каматна стапка ќе се намалува во согласност со сигналите од НБРМ и каматната стапка на благајничките записи. Со тоа, трошоците за граѓаните кои доцнат со плаќање ќе бидат ублажени, особено трошоците за тужените сметки кои ги наплаќаат извршителите.

Рок: 2022 година.

## ПРОЕКТ 5: НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВИЦАТА ЗА ПРЕСМЕТКА И УПЛАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

Во согласност со тековното законско решение, за пресметка и уплата на придонесите од задолжително социјално осигурување највисока основица за пресметка и уплата на придонесите од задолжително социјално осигурување е износот од 16 просечни месечни плати за пресметување и уплата на придонесите за примања од работен однос, а износот од 12 просечни месечни плати за пресметка и уплата на придонеси за самовработено лице. – Земајќи ја предвид солидарноста на која се темели нашето општество од една страна, како и ограниченоста на пензиите со максимална пензија, ВМРО-ДПМНЕ смета дека треба да постои одредено намалување на бројот на бруто-плати на кои се уплаќаат придонеси.

Рок: Во првите 100 дена ќе биде променет Законот според кој придонеси ќе се уплатуваат за приходи до 12 просечни бруто-плати. До 2022 година, придонеси ќе се уплатуваат за 8 просечни плати и доколку постои можност ќе продолжиме со намалување до 4 бруто-плати.

## ПРОЕКТ 6: ОСЛОБОДУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ОД ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД

Македонија, но и земјите во регионот се соочуваат со проблемот на иселување на граѓаните, при што во најголем дел се иселуваат младите. Една од мерките со кои ќе ги задржиме младите во Македонија, всушност, е и оваа мерка, според која младите луѓе до 29 години ќе бидат ослободени од данок на личен доход за нето-приходите на годишно ниво до 6.000 евра во денарска противвредност, за првото вработување.

Рок: 2021 година. (Имајќи ја во преедвид здравствено-економската криза предизвикана од Корона вирусот, можно е мало одложување на оваа мерка за не повеќе од 1 година)
Буџет: 1 милијарда денари.

## ПРОЕКТ 7: ИЗДАВАЊЕ ЗЕЛЕНИ ДРЖАВНИ ОБВРЗНИЦИ (GREEN BONDS).

Зелените обврзници претставуваат долгорочни должнички хартии од вредност што ќе ги издава Министерството за финансии. Средствата обезбедени врз основа на овие државни обврзници ќе имаат стриктно определена намена, односно ќе се користат исклучиво за решавање на проблемот со загадувањето.

Рок: 2022 година

## МЕРКА 2. ВОВЕДУВАЊЕ НА ФИСКАЛНИ ПРАВИЛА И ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СРЕДНОРОЧНО БУЏЕТСКО ПЛАНИРАЊЕ

Почнувајќи од 2020 година се обврзуваме да воведеме фискални правила со кои буџетскиот дефицит ќе се ограничи на ниво до 3% од БДП, а јавниот долг на ниво до 60% од БДП. Со воспоставувањето и примената на фискалните правила ќе се унапреди буџетската дисциплина и ќе се утврди рамка при креирањето на политиките. Со фискалните правила ќе се елиминираат ризиците од ненадејни промени на фискалната политика и ќе се гарантира одржливост и стабилност на јавните финансии.

Подобрувањето на јавните финансии и зајакнувањето на среднорочното буџетско планирање е еден од најголемите приоритети во процесот на пристапување во ЕУ во делот на јавните финансии. Во таа насока, буџетирањето на средствата ќе се базира на претходно дефинирани индикатори за ефикасност на програмите и преку следење на остварувањето на утврдените резултати. Со тоа граѓаните ќе имаат подобар увид во резултатите и целите кои се остваруваат со користењето на јавните средства. Во насока на постигнување на одржливи и солидни јавни финансии ќе бидат дадени препораки за изготвување на среднорочна рамка на расходи и развивање и поврзување на годишниот буџетски процес со среднорочната рамка на расходи.

Рок: 2022 година.

## МЕРКА 3. РЕФОРМИРАН И СТАБИЛЕН ПЕНЗИСКИ СИСТЕМ БЕЗ ОШТЕТЕНИ ГРАЃАНИ

Најголема расходна ставка од Буџетот на Македонија се пензиите и трансферите до вториот пензиски столб. Новата Влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ се обврзува да понуди алтернативно решение на проблемот со дефицитот во ФПИОМ кое нема да удри по џебовите на граѓаните. Најпрво ќе се направи компаративна анализа со примери за решавање на овој проблем во неколку од земјите кои имаат сличен пензиски систем. Промените ќе бидат во насока на умерено намалување на процентот од

придонеси кој се насочува кон вториот пензиски столб. Дополнително ќе предложиме законски измени во насока на елиминирање на можноста за вложувања во државни хартии од вредност и релаксирање на рестрикциите за вложувања во одредени класи на средства во Законот за ЗКФПО. Од една страна државата се задолжува со цел финансирање на ЗКФПО, а од друга страна едни од доминантните купувачи на државните обврзници се токму задолжителните приватни пензиски фондови, на кои државата во континуитет им исплаќа камата. Овој магичен круг мора да се прекине. Ова ќе придонесе кон рационализирање и создавање фискален простор во државниот буџет, односно редуцирање на јавниот долг и стабилизирање на состојбите во ФПИОМ.

Со вака воведените мерки ќе се намали големината на задолжителните пензиски фондови, од една страна, но од друга страна ќе се даде можност средствата кои ќе останат во рамки на истите, со измени во законските ограничувања на дозволени вложувања, да бидат насочени кон инвестиции со повисоки приноси, осигурувајќи повисоки пензии. Овие мерки ќе овозможат и одредено придвижување на пазарот на капитал во Македонија, со оглед на тоа што висината на средства вложени во инструменти од македонската берза во моментот изнесува нешто помалку од 5% од средствата на фондовите. Во услови на неможност за инвестирање во државни хартии од вредност, се очекува истата да се зголеми.

Имајќи ги предвид заложбите на ВМРО-ДПМНЕ за висок економски раст, кои би биле отсликани во пораст на платите на граѓаните на Македонија, сосема е извесно дека на овој начин ќе се воспостави стабилен пензиски систем, без притоа цената да падне на товар на сегашните и идни пензионери.

## МЕРКА 4. РЕФОРМИ ВО ОБЛАСТА НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Во извештаите што ги објавува Европската комисија за напредокот на Македонија констатирани се бројни негативности во врска со новиот Закон за јавни набавки. Дополнително, Центарот за граѓански комуникации во својот извештај констатира бројни влошувања во спроведувањето на јавните набавки како: пораст на жалбите за цели 37%, што е директна последица на укинувањето на Советот за јавни набавки; влошена конкуренција, односно кај повеќе од 25% од јавните набавки се јавува само еден купувач; висок пораст на тендери од крајна итност и други неправилности.

## ПРОЕКТ 1: ФОРМИРАЊЕ НА ЦЕНТРАЛНО ТЕЛО ЗА НАБАВКИ

Централното тело ќе врши централизирани набавни активности и помошни набавни активности. Европски држави кои имаат воспоставено централно тело за јавни набавки се: Хрватска, Италија, Франција, Данска, Финска и Шведска. Главни предности од формирање на ова тело се: остварување на големи заштеди на финансиски средства на ниво на држава како и квалитетно спроведени постапки за јавни набавки. Централно тело значи дека од едно место ќе се набавуваат стоки и услуги за повеќе институции.

Рок: 2023 година.
Буџет: 120 милиони денари.

## ПРОЕКТ 2: ПРОМЕНА НА УПРАВНАТА КОНТРОЛА НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Во согласност со постоечкиот Закон за јавни набавки воведена е управна контрола за чие спроведување надлежен орган е Бирото за јавни набавки. Воведувањето на Управната контрола е многу критикувана од оценската мисија на ЕУ, но и од сите договорни органи, невладини организации и економски оператори. Постоечкиот начин на управна контрола е квази решение, односно не постои во ниту една земја членка на ЕУ. Наместо овој вид контрола ВМРО-ДПМНЕ се обврзува да воведе надлежно тело или организациска единица во рамките на Бирото за јавни набавки задолжена за контрола на критериумите за економски најповолна понуда и за спречување на манипулации во процесот на јавните набавки. Ќе се намалат вредносните прагови за примена на Законот за јавни набавки особено во секторските дејности.

Рок: 2021 година.

## ПРОЕКТ 3: ВОВЕДУВАЊЕ НА ОСИГУРИТЕЛНА ГАРАНЦИЈА ВО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Фирмите кога аплицираат на државните тендери ќе имаат можност да изберат помеѓу банкарска гаранција и осигурителна гаранција.

Рок: 2021 година.

## ПРОЕКТ 4: ЗАРАДИ НАМАЛУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА, КРИТЕРИУМОТ ЦЕНА НЕМА ДА МОЖЕ ДА БИДЕ ПОНИЗОК ОД 60%, ОСВЕН ВО ИСКЛУЧИТЕЛНИ СИТУАЦИИ КОИ ЌЕ ГИ ОДОБРУВА БИРОТО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ.

Рок: 2021 година.

## МЕРКА 5. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА НИВО ОД МИНИМУМ 4% ОД БДП

Постои силна корелација помеѓу висината на јавните инвестиции и растот на бруто-домашниот производ. Покрај висината на јавните инвестиции важна е и ефикасноста во нивната имплементација. Затоа, со цел зголемување на капиталните инвестиции во наредниот четиригодишен период до ниво од најмалку 4% од БДП на годишно ниво ќе се спроведат комплет мерки во делот на планирањето, алоцирањето и имплементирањето на капиталните инвестиции во Македонија.

### ПРОЕКТ 1: ИЗРАБОТКА НА НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Оваа програма ги опфаќа сите капитални инвестиции на централно и локално ниво за следниот тригодишен период.

Рок: 2022 година.

### ПРОЕКТ 2: ФОРМИРАЊЕ НА ЦЕНТРАЛНО ТЕЛО ЗА СЛЕДЕЊЕ НА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ

Ова тело континуирано ќе го надгледува процесот на капиталните инвестиции, со крајна цел, висока реализација на инвестициите планирани во Буџетот на Македонија.

Рок: 2022 година.

### ПРОЕКТ 3: ПРОЕКТ-МЕНАЏЕРИ НА КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ ВО АДМИНИСТРАЦИЈАТА

Проект-менаџерите се одговорни и стручни лица за реализација на одредени проекти. Целокупната организација при реализацијата на инвестициски проект ќе биде спроведена од овие стручни лица.

Рок: 2022 година.

## МЕРКА 6. ЕФИКАСНО УПРАВУВАЊЕ СО ТЕКОВНИТЕ РАСХОДИ – ПОРАСТ НА ПЛАТИ И ПЕНЗИИ

Во делот на Буџетот кој се однесува на тековни расходи, ВМРО-ДПМНЕ се обврзува на намалување за над 10% на трошоците за стоки и услуги. Истите претставуваат непродуктивни трошења и нивното намалување е неопходно за обезбедување на фискален простор за други расходи кои обезбедуваат мултипликативен ефект во економијата.

Исто така, ВМРО-ДПМНЕ се обврзува да преземе повеќе активности со цел преиспитување и рационализација на поставеноста на органите на државна управа, со можност за спојување или укинување на одредени државни органи (министерства, агенции, бироа и сл.).

Воедно, ВМРО-ДПМНЕ за наредниот четиригодишен период предвидува:

## ПРОЕКТ 1: КОНТИНУИРАНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ ДО 25% ЗА ЕДЕН МАНДАТ

За подобрување на животниот стандард на просветните, здравствените, културните и социјалните работници, на вработените во судството, полицијата и во војската и на сите вработени во државната администрација и во јавниот сектор платите ќе се зголемат и тоа:

- Минимум 5% со исплата на јануарска плата во 2021 година,
- Минимум 5% со исплата на јануарска плата во 2022 година.

Имајќи ја во преедвид здравствено-економската криза предизвикана од Корона вирусот, можно е мало одложување на оваа мерка за не повеќе од 1 година. Исто така, во рамките на предвидениот пораст на платите предвидено е и усогласување на одредени разлики и диспаритети кои постојат во слични звања во различни институции. За периодот по 2022 година, врз основа на темелна анализа на макроекономските параметри, одговорно ќе донесеме одлука за понатамошниот раст на платите, но сепак растот нема да биде понизок од 5%.

## ПРОЕКТ 2: РАСТ НА ПЕНЗИИТЕ СПОРЕД ФОРМУЛАТА 50% РАСТ НА ПЛАТИ И 50% РАСТ НА ТРОШОЦИ ВО ЖИВОТ. ДОКОЛКУ БУЏЕТОТ ДОЗВОЛУВА, ПЕНЗИИТЕ ЌЕ РАСТАТ ДОПОЛНИТЕЛНО, ПРИ ШТО ЗА ЕДЕН МАНДАТ ПРОСЕЧНАТА ПЕНЗИЈА ЌЕ ДОСТИГНЕ РАСТ ОД 20%.

Владата на СДСМ удри по најранливата категорија – пензионерите. Со методологијата која ја воведе Министерството за финансии, пензиите се усогласуваат само со пораст на трошоците за живот. Со тоа, пензионерите забележаа намалување на своите пензии за 300 до 700 денари месечно. Лицемерно е што токму сега, предизборно, се врши поткуп на пензионерите со линеарно зголемување на пензиите за 700 денари. Всушност, им скратија повеќе од 1.000 денари за да им дадат предизборно 700 денари.

Владата на ВМРО се обврзува да го врати претходниот начин на усогласување на пензиите со што пензиите ќе се усогласуваат и со порастот на просечната плата. Со тоа ќе го вратиме достоинството на пензионерите без да ја загрозиме финансиската состојба на Фондот за пензиското и инвалидско осигурување.

Рок: 2021 година.

Буџет: Во зависност од растот на просечната плата околу 500 милиони денари годишно

### **ПРОЕКТ 3:** МИНИМАЛНАТА ПЛАТА ЌЕ СЕ ДВИЖИ ОКОЛУ 60% ОД МЕДИЈАЛНАТА (СРЕДНА) ПЛАТА ВО СОГЛАСНОСТ СО ПРЕПОРАКИТЕ НА МЕЃУНАРОДНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ТРУДОТ И НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА.

Македонија ќе ги следи препораките на Европската комисија за движењата на минималната плата, а со цел да се спречи одливот на работна сила.

Рок: континуирано.

## МЕРКА 7. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА И УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

Со цел градење на ефикасна, професионална и современа даночна администрација која сивата економија ќе ја сведе на европска ниво, Управата за јавни приходи се обврзува да воведе сосема нов „интегриран електронски систем" кој би бил интегриран и компатибилен со електронските системи на другите државни институции. (МВР-регистар за возила; Царинска управа; Централен регистар; Агенција за катастар на недвижности; Централниот депозитар за хартии од вредност). Овој систем овозможува автоматизирање на работните процеси и процедури на УЈП. Покрај интегриран електронски систем предвидуваме и:

### **ПРОЕКТ 1:** ВОВЕДУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИ ФАКТУРИ ВО РАБОТЕЊЕТО ПОМЕЃУ СУБЈЕКТИТЕ ОД ПРИВАТНИОТ И ЈАВНИОТ СЕКТОР ПРЕКУ ЕЛЕКТРОНСКИОТ ПОРТАЛ НА УЈП.

Со воведувањето на интегриран систем на УЈП, ќе се воведе електронски систем за доделување на фолио-број на фактура, со тоа што секој даночен обврзник – при издавањето на фактура за извршена продажба или услуги, до УЈП – електронски, преку апликација, ќе поднесе барање за издавање на број на фактура во кое точно и прецизно ќе го наведе купувачот, даночната основа, ќе го пресмета износот на ДДВ и ќе наведе дали се врши продажба на добра или услуга, по што УЈП во реално време на даночниот обврзник ќе му додели или извести за фолио-број на фактурата.

Со овој проект значително ќе се зголеми даночната дисциплина помеѓу даночните обврзници, а УЈП во реално време ќе располага со податоци за реалниот износ на искажан нето ДДВ, за одреден даночен период. Со поднесувањето на ДДВ-пријавите ќе се врши и автоматска контрола на искажаните податоци за ДДВ кај даночните обврзници.

Рок: 2022 година.

## ПРОЕКТ 2: КОНТИНУИРАНО ПОДИГАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ И ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Даночната и царинската администрација треба да се во функција на бизнисот и граѓаните. Затоа, во наредниот четиригодишен период императив за овие две институции ќе биде квалитетно и транспарентно работење и одговорност за резултатите. Административниот капацитет на Управата за јавни приходи ќе биде зајакнат преку едукација на вработените и размена на искуство, со единствена цел подобрување на квалитетот на услугите, обезбедување на поедноставни даночни постапки за навремено и точно исполнување на обврските и праведно и ефикасно собирање на даноците и другите јавни давачки во Македонија.

ВМРО-ДПМНЕ останува силно посветена на борбата против даночни измами и намалување на сивата економија.

## ПРОЕКТ 3: АКРЕДИТИРАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА ЛАБОРАТОРИЈА ПО ПРИМЕРОТ НА НАЈСОВРЕМЕНИТЕ ЕВРОПСКИ ЗЕМЈИ

Преку исполнување на посебните барања за комплетност при испитување и акредитација на лабораторијата се обезбедува меѓународно признавање на резултатите од испитувањата и поголема заштита при пуштање на стоките во употреба. Исто така, се оптимизира бројот на постапките, а со тоа и олеснува протокот на стоки.

Рок: 2022 година.
Буџет: 10 милиони денари.

## ПРОЕКТ 4: ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА, ОДНОСНО ЕЛЕКТРОНСКО ПОДНЕСУВАЊЕ И ИЗДАВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ КОИ ВО МОМЕНТОВ ФИЗИЧКИ СЕ ПОДНЕСУВААТ И ИЗДАВААТ НА ШАЛТЕРИТЕ НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Со оваа мерка ќе се олесни постапката на издавање на документација и ќе се обезбеди значително побрз и поквалитетен сервис на граѓаните и стопанството.

Рок: 2022 година.
Буџет: 2 милиони денари.

## МЕРКА 8. **УНАПРЕДУВАЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА**

Фискалната децентрализација е еден од приоритетите кои произлегуваат од пристапното партнерство на Македонија со Европската Унија. Оттаму, ВМРО-ДПМНЕ во наредниот четиригодишен период се обврзува на градење на капацитетот на локалните власти за финансирање, јакнење на финансиското управување и подобрување на наплатата на сопствените приходи, со единствена цел да се обезбеди општините одржливо да ги сервисираат услугите кон граѓаните за кои се надлежни. Во услови на завршена втора фаза на фискална децентрализација (освен општина Пласница), пренесените надлежности во образованието, културата, детската и социјалната заштита се финансираат со блок-дотации. Со цел да обезбедиме долгорочна финансиската стабилност на единиците на локалната самоуправа се обврзуваме:

### ПРОЕКТ 1: КОНЕЧНО РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО ДОЛГОВИТЕ НА ОПШТИНИТЕ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ СРЕДСТВА ОСОБЕНО ЗА КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА ОПШТИНИТЕ

Рок: континуирано.
Буџет: 1 милијарда денари.

### ПРОЕКТ 2: ФОРМИРАЊЕ НА МЕЃУМИНИСТЕРСКО ТЕЛО ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ СО ФИНАНСИСКИОТ КАПАЦИТЕТ НА ОПШТИНИТЕ

Рок: 2021 година.

### ПРОЕКТ 3: КОНТРОЛА И РЕВИЗИЈА НА ОСНОВАТА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОК НА ИМОТ

Голем број општини потфрлуваат во наплатата на данок на имот. Ќе направиме комплетна ревизија на начинот на пресметување и наплатување на данокот на имот во општините.

Рок: 2022 година.

## МЕРКА 9. **ПОДОБРУВАЊЕ И НАДГРАДБА НА СИСТЕМОТ ЗА ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА**

Подобрување и надградба на системот за јавна внатрешна финансиска контрола претставува неопходна реформа која има за цел да обезбеди подобро управување со јавните финансии. Крајната цел е поефикасно

користење на јавните ресурси и подобра испорака на јавните услуги за поинтензивен економски развој на државата. За да се реализира тоа се предвидуваат следните активности:

### ПРОЕКТ 1: ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ВНАТРЕШНИТЕ РЕВИЗОРИ ДО ОПТИМАЛНО НИВО ЗА РЕВИЗОРСКИТЕ ЕДИНИЦИ ДА БИДАТ ФУНКЦИОНАЛНИ

Рок: континуирано.

### ПРОЕКТ 2: ОПЕРАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА РЕВИЗОРСКИОТ КОМИТЕТ НА МИНИСТЕРСТВАТА

Рок: 2022 година.

### ПРОЕКТ 3: ФОРМИРАЊЕ РЕВИЗОРСКИ КОМИТЕТИ ВО СИТЕ АКЦИОНЕРСКИ ДРУШТВА И ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Рок: 2020 година.

### ПРОЕКТ 4: ФОРМИРАЊЕ ЦЕНТРАЛНО ТЕЛО/КОМИСИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРЕПОРАКИТЕ ДАДЕНИ ОД ВНАТРЕШНИТЕ РЕВИЗОРИ И ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА КОЈА ЌЕ ГИ ОБЕДИНУВА СИТЕ МИНИСТЕРСТВА И ИНСТИТУЦИИ ОД ЈАВНИОТ СЕКТОР

Рок: 2022 година.

### ПРОЕКТ 5: РЕВИЗОРСКИ СОФТВЕР ЗА РЕВИЗОРСКИТЕ ЕДИНИЦИ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Рок: 2022 година.
Буџет: 6 милиони денари.

### ПРОЕКТ 6: ЗАДОЛЖИТЕЛНА КОНТИНУИРАНА ЕДУКАЦИЈА НА ВНАТРЕШНИТЕ РЕВИЗОРИ ПОДДРЖАНА ОД МАТИЧНИОТ СУБЈЕКТ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Ќе се задолжат институциите од јавниот сектор да обезбедат финансиски средства за едукација на секој еден внатрешен ревизор за минимум 15 CPE во текот на една календарска година.

Рок: континуирано.

## МЕРКА 10. ПРОМЕНИ ВО ОБЛАСТА НА ОСИГУРУВАЊЕТО

Осигурувањето во Македонија се соочува со бројни предизвици. Особено проблеми се јавуваат кај автоодговорност, земјоделското осигурување како и некои други видови осигурување.

### ПРОЕКТ 1: ИЗРАБОТКА НА СТУДИЈА СО МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА ВО ОСИГУРУВАЊЕТО. ВРЗ ОСНОВА НА ОВАА СТУДИЈА ЌЕ БИДАТ ИЗРАБОТЕНИ КОНКРЕТНИ МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОДРЕДЕНИ СЕГМЕНТИ

## МЕРКА 11. БЕСПЛАТНИ ЕЛЕКТРОНСКИ ПОДАТОЦИ

Живееме во свет каде што дигиталната економија е сè поприсутна во нашето секојдневие. Дигитализацијата ги забрзува процесите, ја забрзува економијата и ја подобрува транспарентноста.

Македонија ќе го апроксимира целокупното ЕУ законодавство, посебно Дигиталната агенда 2020, INSPIRE директивата и Open Data регулативата, но ќе се апроксимираат и најдобрите практики од САД и Јапонија, кои се лидери во Дигитализацијата и дигиталната економија.

Институциите и вертикално и хоризонтално ќе бидат поврзани во еден заеднички систем, кој воедно ќе биде и едношалтерски систем за граѓаните и бизнис-заедницата. Дигиталните податоци ќе бидат на почеток само една петтина од сумата платена за хартиени документи, додека до крајот на мандатот ќе бидат комплетно БЕСПЛАТНИ со што директно ќе се влијае на граѓаните, посебно на економијата, да креираат нови бизниси и нови работни места. НА ЕДНО МЕСТО СÈ И ЗА СЕКОГО!!!!!



# 2. ПОВОЛНИ УСЛОВИ ЗА ВОДЕЊЕ БИЗНИС

Добрите практики воспоставени од минатите влади во насока на подобрување на условите за водење бизнис и спроведените реформи поврзани со регулаторната гилотина ќе бидат продолжени, а сите детектирани слабости и адресирани пропусти во таа насока ќе бидат надминати во заедничка соработка со бизнис-заедницата.

Напорите и реформите во регулативата ќе бидат насочени кон подобрување на правниот систем со цел намалување на правните бариери, кои се однесуваат на непотребни закони, правила и процедури, кои го ограничуваат бизнисот и кои ги зголемуваат трошоците за водење бизнис. Дополнително, предвидуваме укинување на голем број парафискални давачки кои го оптоваруваат бизнисот.

Во исто време, ќе ја зголемиме транспарентноста во постапките и ќе ги намалиме процедурите за добивање на разни лиценци/дозволи кои се издаваат од државни институции и ќе работиме на зајакнување на капацитетите на инспекциските служби со цел сузбивање на корупцијата и сивата економија.

## МЕРКА 1. ИНСТИТУЦИОНАЛНИ РЕФОРМИ ПРЕКУ ГРАДЕЊЕ НА СИЛНО ПАРТНЕРСТВО ПОМЕЃУ ДРЖАВАТА И ПРИВАТНИОТ СЕКТОР

Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе ја подобри ефикасноста во проценката на влијанието на различните регулативи во подобрување на условите за водење бизнис преку воведување на ex ante анлизи и ex-post мониторинг. Исто така, ќе го подобриме капацитетот на институциите, кои ги дизајнираат и имплементираат економските закони, индустриските политики, бизнис-регулативи, законите за работни односи и други правни акти во насока на рационализирање на законските прописи и бирократски процедури и нивно приспособување кон вистинските потреби на бизнис-секторот. Особено ќе се стави фокус на поедноставување и олеснување на сите процедури и прописи за микро бизнисите и МСП. Ќе изработиме каталог на економски закони, кои се важни за работењето на претпријатијата и околу истиот ќе се организираат бесплатни промоции и обуки со цел подобра информираност на сите чинители.

## МЕРКА 2. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ФЛЕКСИБИЛНОСТА НА ПАЗАРОТ НА ТРУД

Со зголемување на флексибилноста на пазарот на труд ќе се унапреди ефикасноста на претпријатијата и ќе се зголеми сатисфакцијата кај вработените на работното место, особено кај новите родители на кои им е потребна поголема флексибилност во првите години од родителството, како и кај оние вработени кои се стремат кон доедукација и доусовршување и им е потребна флексибилност околу работните денови во текот на неделата. Со оваа мерка, исто така, ќе се овозможи пробен период за нововработените каде што работодавците би имале флексибилност да оценат во првиот месец од работата дали нововработените се способни да ги извршуваат работните задачи. Во овој период ќе се даде можност нововработените да работат преку привремена пријава, а по истекот на пробниот период од еден месец работодавецот ќе биде должен да пристапи кон обезбедување на сите дозволи и сертификати. Понатаму, ќе биде разгледана можноста за ангажирање на средношколци и пензионери за сезонска работа. Ова би помогнало да се намали недостигот од работна сила и би придонело за дополнување на семејните буџети. Кај младите би помогнало за развивање на работните навики, одговорноста, етиката и моралот. Исто така, би се овозможило одредена категорија на искусни и работоспособни пензионери да го продолжат работниот век без да ја изгубат својата пензија. Сето ова ќе помогне на претпријатијата полесно да ги планираат своите работни капацитети и би ја зголемило нивната конкурентност преку можноста ефикасно да се справат со сезонски флуктуации во обемот на работа.

## МЕРКА 3. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА ВО БИЗНИС-ЗАЕДНИЦАТА ПРЕКУ ОТВОРЕНИ ДЕЛОВНИ ПОДАТОЦИ И ЕДНОСТАВЕН ПРИСТАП ДО ИСТИТЕ

Ќе ги отвориме информациите од Централниот регистар што се однесуваат на фирмите. По примерот на развиените европски земји и по барање на бизнис-заедницата, секој заинтересиран за водење бизнис ќе има бесплатен пристап до информациите за седиштето, сопственииштвото и органите на управување на фирмите, како и до информациите за нивното финансиско работење. Со ова ќе направиме револуција во бизнис-климата, значително зголемувајќи ја транспарентноста и сигурноста во правниот промет. Ќе воведеме модел на финансирање на Централниот регистар преку кој значително ќе се намалат парафискалните давачки за фирмите – секоја фирма ќе плаќа помалку отколку што плаќа сега, без притоа да се загрози развојот на една од институциите што се стожер на македонскиот бизнис, истовремено поттикнувајќи го домаќинското работење и унапредувањето на услугите што се обезбедуваат таму. Истовремено, ќе

се зголеми квалитетот на податоците со кои располага регистарот, што ќе ја зголеми ефикасноста и на другите институции.

## ПРОЕКТ 1: СЛЕДЕЊЕ НА БИЗНИС-ПАРТНЕРИ

Во Централниот регистар ќе се воведе услуга за автоматско алармирање при промена на податоци кај селектирани бизнис-партнери. Со ова ќе се олесни работата на фирмите и ќе се зголеми правната сигурност. Фирмите на овој начин автоматски ќе добиваат информација дали некој нивен соработник отворил стечај, променил адреса на седиште, ставил нешто под залог или променил управител.

Рок: септември 2020 година.

## ПРОЕКТ 2: ДОСТАВА НА ДОКУМЕНТИ НА АДРЕСА

Заради олеснување на работата на фирмите, на нотарите и адвокатите, во случаите кога им се неопходни хартиени документи, Централниот регистар ќе понуди достава до канцелариите на нарачателите. Со тоа ќе се минимизира потребата од трошење време и средства за физичко присуство во канцелариите на Централниот регистар.

Рок: септември 2020 година.

## ПРОЕКТ 3: ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕГИСТАР НА ЛИЦЕНЦИ И ДОЗВОЛИ НА ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА

Во овој регистар би се соединиле информациите за сите лиценци и дозволи со кои располагаат правните и физичките лица во Македонија. Институциите во разни постапки ќе ги преземаат овие информации од овој регистар по службена должност, наместо да ги бараат од странките во постапката, со што ќе се подигне и сигурноста во правниот промет. Исто така, фирмите и граѓаните во секој момент ќе имаат информација, кое физичко или правно лице со каква лиценца располага и полесно ќе можат да најдат бизнис-партнер или соработник.

Рок: септември 2020 година.

## ПРОЕКТ 4: ПРЕЗЕМАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ОД ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР НА НАСЕЛЕНИЕ

Трговскиот регистар целосно ќе се интегрира со Централниот регистар на население, што значи дека фирмите веќе нема да мора да пријавуваат промени на личните податоци за физичките лица – сопственици или овластени лица за застапување. Со ова ќе се намали бирократијата, односно ќе се намалат обврските за известување, времето и трошоците за фирмите.

Рок: септември 2020 година.

## **МЕРКА 4. ОЛЕСНУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ПРОЦЕДУРИ И ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОДДРШКА ЗА ДОМАШНИТЕ КОМПАНИИ**

Владата на ВМРО ДПМНЕ се обврзува дека ќе ги олесни административните процедури со кои се соочуваат домашните компании со цел поефикасно пласирање на своите производи и услуги на домашниот пазар, а особено во насока на олеснување на процедурите за извоз на европските и светските пазари.

За таа цел, се предвидува основање на централна канцеларија, преку искористување на веќе постоечки административни ресурси, која ќе ги сервисира сите барања на бизнис-заедницата, а воедно ќе се врши и нивна континуирана едукација за примена на процедурите за производство и пласман на нивните производи на националниот и меѓународните пазари. Извозната конкурентност е од големо значење за домашната индустрија и целокупната економија.

### ПРОЕКТ 1. ОСНОВАЊЕ НА „ЦЕНТАР ЗА ПОДДРШКА НА БИЗНИС-ЗАЕДНИЦАТА“

Центарот за поддршка на бизнис-заедницата ќе има за цел да им помогне на компаниите кои работат на домашниот пазар или се извозно ориентирани компании, на едно место да ги добијат информациите за потребната документација за производство, пласман или извоз на производот, како и администрирање на истата.

Центарот за поддршка на бизнис-заедницата ќе биде од особено значење за малите и средни претпријатија (МСП) во насока на олеснување на нивните бизниси преку намалување на административните процедури и поддршка во обезбедување на соодветни стандарди за квалитет со цел настап на странски пазари.

Исто така, Центарот за поддршка на бизнис-заедницата преку едукација на компаниите ќе се грижи за поголемо искористување на сопствените ресурси и ќе настојува да се подобри квалитетот и конкурентност на домашните производи.

Рок: октомври 2020 година.

## **МЕРКА 5. НАМАЛУВАЊЕ НА ПАРАФИСКАЛНИТЕ И КВАЗИФИСКАЛНИТЕ ДАВАЧКИ**

Владата на ВМРО-ДПМНЕ се обврзува да изготви темелна анализа на парафискалните и квазифискалните давачки и да предложи нивно намалување или укинување, со единствена цел – подобрена бизнис клима. Во

периодот 2021 – 2024 делумно се обврзуваме да ги намалиме следните парафискални давачки:

- Надоместоци за фискални апарати (каси) – ќе препорачаме да се намалат за 50%.
- Изработка на елаборат за безбедност и здравје при работа претставува законска обврска за секое правно лице. Износот на надоместокот нема да биде фиксно утврден со тарифник, туку ќе се пресметува врз основа на градација за формите и содржините на истите соодветно потребите на компаниите.
- Надоместок за контрола на промет – ќе препорачаме да се намали за 50%.
- Надоместоци за издавање службени документи – намалување од минимум 50%, а некои ќе бидат и бесплатни.
- Надоместоците во согласност со Законот за авторското право и сродните права – намалување од минимум 50%.

Исто така, ќе се намалат и бројни други давачки во согласност со барањата на бизнис-заедницата.

Рок: 2022 година.

## МЕРКА 6. **РЕФОРМИ ВО ИНСПЕКЦИСКИОТ СИСТЕМ**

Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе презeме конкретни чекори за унапредување на функционирањето на инспекцискиот систем преку зголемување на непристрасноста, објективноста, ефикасноста и ефективноста на инспекциските служби.

### ПРОЕКТ 1. ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИ БАЗИ НА ПОДАТОЦИ ОД СЕКОЈ НАДЗОР ЗА СУБЈЕКТИТЕ НА НАДЗОР (ЗАЕДНИЧКИ ЗА СИТЕ СЛУЖБИ)

Ќе воведеме софтверски систем за генерирање на бази на податоци од инспекциска евиденција на сите инспекциски надзори по субјекти на надзор со наоди од истите во сите инспекциски служби. Со воведување на софтверски систем овие архиви ќе бидат вмрежени помеѓу сите инспекциски служби, со дополнително поврзување и со релевантни податоци од Управата за јавни приходи, Царинската управа, Агенцијата за вработување и други регулаторни тела, заради воспоставување на принципот на спроведување и планирање на надзори според ризик.

## ПРОЕКТ 2. ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОФТВЕРСКА АЛАТКА ЗА АВТОМАТСКА ПОДГОТОВКА НА НАЛОЗИ И ПЛАНИРАЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОРИ СОГЛАСНО ПРИНЦИПОТ ПЛАНИРАЊЕ СПОРЕД РИЗИК

Ќе воведеме компјутерско издавање на налози за инспекциски надзор, врз база на софтверска алатка која ќе ја користи инспекциската евиденција на матичната служба, но и од сите други служби на начин што ќе ги селектира субјектите, кои имаат чести прекршувања на законските прописи и истите ќе ги селектира и ќе ги подготвува месечните планови за надзори. Оваа софтверска алатка, исто така, ќе биде вмрежена и со евиденциите по субјекти на надзор со Централниот регистар во однос на финансиските извештаи и други податоци, Управата за јавни приходи, Агенцијата за вработување и др. Со оваа мерка ќе се избегне субјективизам, надворешни влијанија при планирање и спроведување на надзорите, а на инспекторите ќе им се олесни работата.

## ПРОЕКТ 3. ЗАДОЛЖИТЕЛНО ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИНСПЕКЦИСКИТЕ НАДЗОРИ ПО СУБЈЕКТИ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ЗА СИТЕ ИНСПЕКЦИСКИ СЛУЖБИ И КРЕИРАЊЕ НА РАНГ-ЛИСТИ НА СУБЈЕКТИ НА НАДЗОР СПОРЕД ИНСПЕКЦИСКАТА ЕВИДЕНЦИЈА ОД ИЗРЕЧЕНИ МЕРКИ

Ќе воведеме задолжителна обврска на инспекциските служби на месечно ниво да објавуваат ранг-листа на субјекти на надзор со изречени инспекциски мерки. Податоците од ранг-листите ќе бидат поврзани и со евиденциите по субјекти на надзор во Централниот регистар, Управата за јавни приходи, Царинската управа, Агенција за вработување и др. Со закон ќе се уреди, како еден од задолжителните услови за квалификување за добивање на тендери за јавни набавки, избраните субјекти да бидат на првите места на ранг-листата, со што ќе се промовира почитувањето на законите и ќе се обезбеди фер однос при нивната селекција.

## ПРОЕКТ 4. РАЦИОНАЛИЗАЦИЈА И НАМАЛУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ИНСПЕКЦИСКИТЕ СЛУЖБИ И ВОВЕДУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ СЛУЖБИ ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ

Рационализација на службите за општи и заеднички работи на инспекторатите (јавни набавки, подготовка на плати, архивско работење, правна поддршка, книговодство/сметководство, финансиска ревизија) со формирање на заеднички служби како сектор во Инспекцискиот совет со преземање на службеници од постоечките инспекторати. Оваа мерка ќе придонесе и кон значителни заштеди на постоечките 29 инспекциски служби од кои сега секоја посебно има такви служби и ќе ја зголеми ефикасноста, капацитетите и квалитетот на услугите. Бројот на инспек-

циските служби од сегашните 29 ќе се намали преку спојување на одредени служби, според област на надлежност со цел рационализација на ресурсите, намалување на трошоците и зголемување на ефективноста и ефикасноста.

### ПРОЕКТ 5. ВРАЌАЊЕ НА НАДЛЕЖНОСТА И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ИНСПЕКЦИСКИОТ СОВЕТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА ПРОТИВ ИНСПЕКТОРИ

Со измена на Законот за инспекциски надзор ќе се врати надлежноста на Инспекцискиот совет за водење на дисциплински постапки против инспектори и притоа ќе се предвиди формирање на одделение за професионални стандарди и внатрешна контрола во состав на Инспекцискиот совет со надлежност да утврдува факти, прави увид во документација на инспекциски служби и подготвува предлози за дисциплинска постапка против инспектори.

### ПРОЕКТ 6. ВОВЕДУВАЊЕ НА БЕСПЛАТНИ КВОТИ ЗА ЛАБОРАТОРИСКИ ИСПИТУВАЊА ОД ЛАБОРАТОРИИ ВО ИНСТИТУЦИИ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ИНСПЕКЦИСКИТЕ СЛУЖБИ

Заради зајакнување на инспекцискиот надзор при контрола на материјали, производи кои доаѓаат во контакт со луѓето, животната средина или се пуштаат во промет, ќе се воведат задолжителни квоти на месечно ниво на бесплатни лабораториски испитувања од страна на државни институции и универзитети кои имаат акредитирани лаборатории / инспекциски тела за потребите на инспекциските служби, кои вршат таков надзор, а немаат сопствени лаборатории.

## МЕРКА 7. ВРАЌАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ВО ТОП 10 ЗЕМЈИ ВО СВЕТОТ ЗА ВОДЕЊЕ БИЗНИС СПОРЕД РАНГИРАЊЕТО НА “DOING BUSINESS”

Новата влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ се обврзува за континуирано спроведување на реформи насочени кон подобрување на бизнис-климата во согласност со препораките на Светска банка. Овој тип реформи и рангирање испраќаат силен сигнал до потенцијалните странски инвеститори за земање предвид на нашата држава како следна дестинација за бизнис-инвестиција и отворање на нови работни места. Ефектот е значително посилен кога земјата е рангирана во самиот врв, бидејќи тоа ја зголемува веројатноста Македонија да биде разгледана како можна дестинација за инвестирање. Новата влада системски ќе го следи развојот на рангирањето и ефикасно ќе спроведува реформи кон олеснување на постапките за отпочнување на бизнис и за добивање на градежни дозво-

ли, поедноставување и намалување на времетраењето на процедурите за добивање на пристап до електрична енергија и регистрирање на имот, олеснување и модернизација на процедурите за пристап до кредити, јакнење на заштитата на малцинските акционери во акционерските друштва и помалите содружници во друштвата со ограничена одговорност, скратување на времетраењето и унапредување на системите за плаќање на даноци, унапредување на условите и системите за прекугранично тргување, олеснување на процедурите за спроведување на договори и решавање на несолвентност.

Рок: 2022 година.



# 3. ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Нашата визија е Македонија да биде развиена држава што ќе обезбеди благосостојба на граѓаните, со помош на интензивна и сеопфатна примена на информациско-комуникациските технологии (ИКТ). Затоа, еден од носечките столбови на програмата и една од најважните заложби на новата Влада за обнова на Македонија ќе биде дигиталната трансформација на општеството. Дигиталната трансформација ќе биде поткрепена со силна политичка волја, јасна визија и точно дефинирани цели. ИКТ ќе бидат движечка сила на развојот на приватниот сектор, особено дигиталниот бизнис, како и услугите за граѓаните и со тоа да биде двигател на економскиот раст и развој. ИКТ ќе придонесат за добросостојбата на целото општество преку развој на образованието, унапредување на јавното здравје, заштита на животната средина, итн. За реализација на оваа визија ќе биде извршено и реструктурирање на Министерството за информатичко општество и администрација. Тоа ќе се преименува во Министерство за информациско општество, телекомуникации и дигитализација. Делот за администрација ќе се префрли во Министерство за локална самоуправа и истото ќе се преименува во Министерство за локална самоуправа и администрација.

Сите политички чинители, од локално до највисокото државно раководство, ќе бидат посветени на спроведувањето на дигиталната трансформација на општеството. Затоа е потребна висока свест во општеството и поддршка од сите чинители во тој процес. Интензивно ќе работиме на зајакнување на довербата на граѓаните и бизнисите во дигиталното општество.

Дигиталната трансформација ќе биде базирана на следните пет принципи:

- **За граѓаните и стопанството.** Таа е наменета за граѓаните и стопанството и нивните потреби ќе бидат цел на самата трансформација.
- **Сеопфатност и инклузивност.** Ќе бидат опфатени сите државни и јавни институции, и ќе бидат вклучени сите чинители во општеството.
- **Домашна ИТ индустрија.** Нејзиното спроведување ќе се базира на постоечките капацитети и зголемување на истите на домашните ИТ компании.
- **Високи стандарди.** Ќе бидат применети високи стандарди во планирањето, дефинирањето и водењето на проектите и ќе бидат имплементирани високотехнолошки решенија што најмногу одговараат на потребите.
- **Стручност и компетентност.** Високостручни, компетентни и квалификувани менаџери и специјалисти ќе бидат носители на процесот на дигиталната трансформација.

Целите што ќе бидат постигнати со дигиталната трансформација се:

- Зголемување на **ефикасноста** на јавната администрација, стандардизација на процедурите и подобрување на услугите за сите засегнати страни.
- **Отчетност** при работењето на јавната администрација со јасно дефинирани параметри за успех,
- Зголемување на **транспарентноста** во работењето на државните институции и намалување на корупцијата;
- Подобрување на **стратешкото планирање** и управување во државните институции, како и деловна интелигенција базирана на анализа на консолидирани податоци;
- Повисоки **стандарди** и зголемување на користењето на современите технологии во стопанството, намалување на сивата економија;
- Зголемување на **капацитетите и конкурентноста** на домашната ИТ индустрија, стимулирање на извозот на ИТ производи и услуги.

Со исполнувањето на целите ќе бидат овозможени повеќе придобивки за граѓаните и стопанството, меѓу кои и следните:

- Поедноставни, побрзи и доверливи административни процедури;
- Информациите за работата на владата и државните институции ќе бидат на располагање и лесно достапни за јавноста;
- Зголемување на обемот и квалитетот на отворени податоци на државните институции и нивно користење од невладиниот сектор, новинарите, научниците.
- Подобрување и зголемување на бројот на електронски услуги на државните институции за стопанството и за граѓаните, без чекање во редови или барање услуга од погрешна државна институција;
- Намалување на корупцијата преку директен контакт меѓу државните институции и граѓаните, со строго утврдени постапки и правила кои важат за сите;
- Придонес кон порастот на приходите и намалување на трошоците, со навремено плаќање на обврските од страна на корисниците;
- Намалување на потрошувачката на хартија и на патувањата до институциите, без губење на продуктивно време и со зголемена удобност;
- Подобрена информациска инфраструктура – подобрена комуникација за граѓаните и стопанството;
- Помош при градењето на довербата меѓу власта и граѓаните, одобрување од јавноста;
- Подобрување на демократијата, преку зголемена партиципација на граѓаните;
- Подобрена комуникација на избраните претставници со своето гласачко тело, гласачите ги поставуваат своите барања и го следат нивното остварување;
- Граѓаните и здруженијата ќе можат да се вклучат подиректно во процесот на донесување на одлуки;
- Подобрување на бизнис-климата и создавање услови за дигитална трансформација на бизнисите во Македонија;

- Други позитивни влијанија врз економските, социјалните и политичките фактори.

Програмата е составена од главните проекти поделени во три **стратешки групи**: развој на современа **инфраструктура** чијашто основа е брз интернет за граѓаните и бизнисите; развој на **дигитално општество** и услови за развој на **медиуми** во новата ера.

# УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИКТ ИНФРАСТРУКТУРАТА

## ПРОЕКТ 1: НАМАЛУВАЊЕ НА ДИГИТАЛНИОТ ЈАЗ-ИНТЕРНЕТ ДО СЕКОЕ ДОМАЌИНСТВО

Можност за обезбедување на пристап на интернет од секое домаќинство во Македонија, вклучително и од домаќинствата кои се наоѓаат во области во кои нема комерцијален интерес од операторите во Македонија за обезбедување на оваа услуга. Се работи за околу 2% од сите домаќинства во Македонија кои немаат пристап до интернет со брзина од 10 Mbps.

Рок: континуирано.
Буџет: 0.00 денари (Компензациски фонд за универзална услуга).

## ПРОЕКТ 2: БРЗ ИНТЕРНЕТ 2021 – 2025

Во согласност со Дигиталната агенда на Европската Унија (ЕУ) се предвидува до 2020 сите граѓани на Европа да имаат можност за пристап до интернет со брзина од најмалку 30 Mbps, а 50% од граѓаните да имаат пристап до интернет со брзина од најмалку 100 Mbps. По определувањето на белите зони (зони во кои операторите немаат комерцијален интерес за обезбедување на електронски комуникациски мрежи/услуги), државата ќе обезбеди агрегациска мрежа во тие зони со што операторите ќе имаат можност да ги обезбедат потребните мрежи/услуги до граѓаните во тие зони. Се работи за околу 80.000 домаќинства во Македонија, кои немаат можност за пристап до интернет со брзина поголема од 30 Mbps.

Рок: 2025 година.
Буџет: 836 милиони денари.

## ПРОЕКТ 3: ТРЕТ МОБИЛЕН ОПЕРАТОР

Кон крајот на 2020 или почетокот на 2021 ќе се распише тендер за доделување на радиофреквенции за трет мрежен оператор. На тој начин ќе

се обезбеди поголема конкуренција во обезбедувањето на овие мрежи/услуги што ќе доведе до понуда на услуги со поголем квалитет и понатамошно намалување на цените во мобилната телефонија и мобилниот интернет.

Рок: 2023 година.
Буџет: 0.00 денари.

## ПРОЕКТ 5: РОАМИНГ

Во 2020 и 2021 ќе продолжи намалувањето на цените на услугите кои граѓаните на Македонија ќе ги добиваат во роаминг во државите од Западен Балкан, а од 2022 цените на тие услуги ќе бидат еднакви со цените на услугите кои се обезбедуваат во Македонија по примерот на RLAH (Roam Like At Home). Ќе се направат напори да се потпишат спогодби и со останати држави, а особено со државите членки на ЕУ.

Рок: континуирано.
Буџет: 0.00 денари.

## ПРОЕКТ 6: ПОВРЗУВАЊЕ НА СИТЕ ДРЖАВНИ ОБРАЗОВНИ И НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ ИНСТИТУЦИИ НА МРЕЖАТА НА МАРНЕТ

Сите државни образовни и научно-истражувачки институции (основни и средни училишта, универзитети и институти) ќе бидат поврзани на мрежата на Марнет. Придобивките се поврзување кон паневропската академска мрежа GEANT и бесплатен интернет за потребите на академската и истражувачката заедница. Дополнително, на мрежата на Марнет ќе имаат можност да се приклучат и останатите приватни образовни и научно-истражувачки институции. Во рамките на овој проект ќе се прошири проектот бесплатен Wi-Fi пристап (EDUROAM) во сите образовни и научно-истражувачки институции во Македонија и ЕУ преку кој сите вработени во овие институции и учениците/студентите ќе имаат бесплатен пристап до интернет.

Во рамките на оваа мрежа ќе се воспостават 5 PoP (Point of Presence) точки во Државните универзитети со проток од 400 Gbps помеѓу нив, со најсовремена телекомуникациска опрема, кои ќе прераснат во регионални центри.

Рок: 2024 година.
Буџет: 312 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 7:** ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА IP АДРЕСЕН РЕГИСТЕР ЗА СИТЕ ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ

Во моментов над 99% од државните институции не располагаат со сопствени IP-адреси, при што со секоја промена на доставувачот на интернет проток потребна е преконфигурација на сите IT системи на институциите на нови времено доделени IP-адреси коишто се во сопственост на интернет-доставувачот, при што се случуваат чести прекини во работата и достапноста до јавните сервиси. Марнет ќе додели кластери на IPv6 адреси на сите државни институции, при што секоја институција ќе располага со сопствени IP адреси, воедно и ќе изработи IP адресен регистер.

Рок: 2021 година.
Буџет: 5.2 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 8:** ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА БРОЈОТ 112

До крајот на 2020 ќе се изготви акциски план за имплементација на бројот за итни потреби 112 и ќе се алоцираат потребните средства во буџетот. Овој број 112, потребно е да ги замени броевите кои се сега во функција: 192, 193 и 194. Со имплементацијата на 112 ќе се зголеми безбедноста на сите граѓани на Македонија. 112 е хармонизиран во сите земји членки на ЕУ за итни повици.

Рок: 2024 година.
Буџет: 184 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 9:** НОВ ЗАКОН ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ СОГЛАСНО ЕВРОПСКАТА РЕГУЛАТИВА

Во 2020 соодветно ќе се измени и дополни ЗЕК со одредби кои ќе ги задоволат барањата од последниот извештај на Европската комисија (ЕК). На тој начин негативниот извештај на ЕК во овој дел ќе се коригира, а Македонија ќе добие ЗЕК по европски стандарди. До крајот на 2021 ќе се донесе целосно нов ЗЕК во кој ќе бидат имплементирани одредбите од EECC (European Electronic Communications Code).

Рок: 2021 година.
Буџет: 0.00 денари.

## **ПРОЕКТ 10:** ВОВЕДУВАЊЕ НА T-DAB НА ТЕРИТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Во текот на 2020 ќе се донесат соодветни измени и дополнувања на Законот за електронските комуникации и доколку е потребно и на другите закони од областа, за да се овозможи доделување на одобренија за обезбедување на T-DAB. Придобивката е многу поквалитетен прием и намалена можност за пречки во приемот. Истовремено и Македонија ќе започне

да го следи светскиот и европскиот тренд во имплементирање на оваа технологија.

Рок: 2025 година.
Буџет: 540 милиони денари (Средства обезбедени од буџетот на МРД).

# ДИГИТАЛНА МАКЕДОНИЈА

## ПРОЕКТ 1. АКТИВНА УЛОГА НА ДИГИТАЛНИОТ ФОРУМ ЗА ИНФОРМАЦИСКО-КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

Дигиталниот форум за информациско-комуникациски технологии, ќе биде составен од претставници од државните институции, од приватниот сектор и од академската заедница, експерти од различни области поврзани со информациските и комуникациските технологии, од аспект на нивната примена, управување или законодавство. Негова задача ќе биде да осигури дека законодавните и политичките процеси соодветно ги обликуваат иницијативите за е-влада и за дигитално општество. Проектите од оваа област бараат значителни инвестиции и потребно е долго време да се завршат и да се испорачаат придобивките. Затоа, овие иницијативи е потребно да бидат, до одреден степен, изолирани од дневната политика и од политичките циклуси. При изборот на проектите за наредниот долгорочен период, Дигиталниот форум треба да обезбеди договор меѓу партиите. Ова значи дека големите проекти можат да се испорачаат низ повеќе изборни циклуси со ограничен ризик да бидат прекинати поради краткорочни политички интереси.

Рок: континуирано.
Буџет: 10 милиони денари годишно.

## ПРОЕКТ 2. ДОЛГОРОЧНА СТРАТЕГИЈА ЗА ИКТ

Низ процес на широка дебата во општеството, водена од страна на Дигиталниот форум, ќе биде формулирана долгорочната стратегија за ИКТ, како составен дел од севкупната стратегија за развој на Македонија. Целта ќе биде информациските и комуникациските технологии не да се развиваат сами за себе, туку да овозможат раст и развој на економијата и поубав живот и благосостојба за граѓаните во Македонија. Во 21-от век ИКТ треба да биде составен дел од сите области на животот.

Стратегијата ќе направи пресек на тековната состојба, ќе ги формулира целите за наредните 5 години и ќе предложи проекти, надлежни институции и надлежни лица за тие проекти, и буџет за секој од нив. Понатаму, ќе се изработува акциски план за секој година пред почетокот на годината,

и ќе се следи напредувањето кон поставените цели од страна на Дигиталниот форум.

Во националната стратегија ќе се предвиди изработка на ИКТ стратегии за државните институции за наредниот период кои ќе бидат во корелација со националната стратегија, со посебен осврт на Дигиталната агенција.

Рок: 2021 година.
Буџет: 15 милиони денари.

## ПРОЕКТ 3. ДИГИТАЛНА АГЕНЦИЈА

Заради интеграција, координација и поефикасна имплементација на комплексните ИКТ проекти во органите на државната управа, ќе биде воспоставена нова институција – Дигитална агенција. Дигиталната агенција ќе биде основана со посебен закон. Дигиталната агенција на ефикасен начин ќе ги планира, технички специфицира и имплементира ИКТ проектите. Понатаму, таа ќе биде задолжена за усогласување на ИКТ легислативата, координација на ИКТ проектите, ИКТ ревизии, стандардизација, процедури за набавки од обласга на ИКТ, стандарди за информациска безбедност на ИКТ системите на институциите, меѓународна соработка од областа на информациските системи во јавниот сектор и др.

Со воспоставување на оваа Агенција, ќе се подобри транспарентноста и координацијата на ИКТ активностите низ институциите, инвестициите во нив, и ќе се отстрани преклопувањето и повторувањето на проектите, со што ќе се обезбедат значителни заштеди. Од друга страна ќе се овозможи меѓусебна интегрираност и усогласеност на ИКТ системите и меѓусебно поврзување на институциите без дополнителни трошоци и приспособувања на нивните системи.

Агенцијата ќе ги преземе постоечките вработени во ИКТ одделите во државните институции и дополнително ќе вработи и ангажира експерти од областите во надлежност на Агенцијата. Дел од вработените ќе бидат дистрибуирани по државните институции, а дел ќе се грижат за централно планирање, управување и координација. За вработените ќе се обезбеди континуирано стручно усовршување.

По примерот на повеќе земји, Агенцијата ќе има централна улога во развојот на е-влада и дигитално општество.

Рок: 2021 година.
Буџет: 1 милијарди денари годишно.

## ПРОЕКТ 4. УНИВЕРЗАЛНА ЕЛЕКТРОНСКА ИДЕНТИФИКАЦИСКА КАРТА И ВОВЕДУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРА НА ЈАВЕН КЛУЧ

Воведувањето на електронска идентификациска карта е еден од клуч-

ните предуслови за успешна дигитална трансформација на општеството. Електронска идентификациска карта претставува основа за воведување на е-влада и е-општество, овозможува масовно користење дигитални услуги. Според примерот на дигитално најнапредните држави, употребата на електронската идентификациска карта ќе започне како лична карта и постепено ќе се прошири на колку што може повеќе области – како документ за лична идентификација, како уред за автентикација и авторизација кај дигиталните услуги, како здравствена картичка, како средство за електронско плаќање во банка, како картичка за јавен превоз итн. Ќе биде дефиниран концептот на национална инфраструктура на јавен клуч и ќе започне имплементација на соодветна инфраструктура.

Рок: 2025 година.
Буџет: 600 милиони денари.

## ПРОЕКТ 5: СТАНДАРДИЗАЦИЈА И ЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА НА БАЗИТЕ НА ПОДАТОЦИ НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА – ЕФЕКТИВНО ПЛАНИРАЊЕ ПРЕКУ АГРЕГАЦИЈА НА ПОДАТОЦИ

За поефикасен пристап и размена на информациите помеѓу институциите, потребна е високоефикасна онтологија на податоците и нивниот вид којшто ќе го елиминира дуплирањето на прибавени информации и значително ќе го намали времетраењето до пристап на информации помеѓу институциите.

Рок: континуирано.
Буџет: 76.5 милиони денари годишно.

## ПРОЕКТ 6: ПОРТАЛИ ЗА Е-УСЛУГИ И АПЛИКАЦИИ ЗА МОБИЛНИ УСЛУГИ

Носител на овој проект ќе биде Дигиталната агенција. Ќе се имплементира централизиран и стандардизиран портал како една точка за пристап кон сите електронски административни услуги на институциите, преку кој ќе може да се испраќаат сите електронски барања до институциите и повратно ќе се добиваат електронски документи. Исто така, ќе се креираат портали за алтернативен пристап според типот на корисниците на услуги: за студенти, баратели на работа, бизнисмени итн. На централниот портал ќе бидат интегрирани сите постоечки електронски услуги, заради стандардизација на интерфејсот, односно поедноставно користење од корисниците. Е-услугите ќе бидат организирани со фокус на граѓанинот, а не на институциите. За почеток ќе бидат развиени 12-те електронски услуги кои ги пропишува Европската комисија како основни и најкористени, а се однесуваат на најзначајните услуги за граѓаните. При изработка на услугите ќе се користат хоризонтални овозможувачи: автентични извори, е-плаќање, е-идентитет, отворени спецификации, единствена

најава, насоки за архитектурата, каталог на хоризонтални овозможувачи, сигурна е-испорака, е-сеф. Услугите ќе можат целосно да се завршуваат електронски, од поднесување на барањето, преку електронско плаќање за услугата и добивање на документот.

Сите електронски административни услуги кои ќе се развиваат и за платформа за мобилни уреди, со цел да се поедностави нивната достапност и да се даде можност за користење во кое било време и место преку паметните телефони.

За е-услугите и за мобилните услуги ќе бидат достапни писмени и видео упатства кои ќе им помогнат на корисниците да научат како да ги користат е-услугите.

Рок: континуирано.
Буџет: 65 милиони денари годишно.

## ПРОЕКТ 7: ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА ИНФОРМАЦИСКОТО ОПШТЕСТВО

Ќе се донесе законска рамка со која ќе се предвиди МИОА во соработка со Дигиталниот форум да усвојува годишна програма за поддршка на проекти кои ќе го помогнат развојот на информациското општество: електронски содржини на македонски јазик и на јазиците на немнозинските заедници, ИКТ-настани, стипендирање на талентирани ученици и студенти, откуп на дигитални содржини и сл. Со програмата ќе се предвиди преку јавни огласи да се доделуваат средства за:

- онлајн-содржини и мобилни апликации за подобрување на животот на граѓаните;
- организација и наградни фондови за домашни натпревари и хакатони;
- поддршка за учество на меѓународни натпревари, олимпијади и специјализирани обуки на талентирани ученици и студенти;
- развој на разни видови онлајн-платформи за учење на програмирање за најмладата популација, за дигитални содржини за деца или млади, апликации кои користат отворени податоци, за онлајн-знаменитости и слично.

Рок: континуирано.
Буџет: 51 милиони денари годишно.

## ПРОЕКТ 8: ПАМЕТНИ ОПШТИНИ

Иницијативата Паметни општини ќе ги примени современите интернет-технологии во функција на локален развој. Оваа долгорочна иницијатива ќе се состои од повеќе проекти, кои би работеле на меѓусебно поврзана платформа преку безжични уреди, за да го подобрат животот на граѓаните во своите локални заедници. Таа ќе ја подобри комуникацијата меѓу граѓаните, бизнисите и локалната самоуправа, ќе им овозможи на

граѓаните и бизнисите добивање онлајн-услуги од локалната самоуправа и ќе ги подобри можностите за донесување одлуки во реално време во општините со учество на граѓаните. Проектите може да се категоризираат во следните области:

- Директна демократија – учество на граѓаните во носењето одлуки;
- Квалитет на живот – паметно паркирање, паметно управување со сообраќајот, паметен јавен транспорт, квалитет на воздух, квалитет на вода и слично.

Рок: континуирано.
Буџет: 42 милиони денари годишно.

## ПРОЕКТ 9: СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ СО ВАУЧЕРИ ЗА КОМПЈУТЕРИ, ПОМОШНИ ТЕХНОЛОГИИ И ПРИСТАП ДО ИНТЕРНЕТ НА ЛИЦА СО ИНВАЛИДИТЕТ, НА ЛИЦА ОД СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИ ГРУПИ И НА СТУДЕНТИ-АПСОЛВЕНТИ СО СЕМЕЈНИ ПРИХОДИ ДО ОДРЕДЕН ИЗНОС

Инклузивноста е многу важен принцип, и надминувањето на дигиталниот јаз е еден од приоритетите на оваа програма. За да се обезбеди тоа, ќе ги подобриме условите за обезбедување пристап до дигиталните технологии на студентите, лица со попречености и лицата од социјално ранливи групи. Тоа најтранспарентно ќе се оствари преку обезбедување вредносни ваучери за сите припадници на наведените групи, кои исполнуваат определени критериуми во однос на приходите во семејството. Со ваучерите ќе можат да ја набават потребната компјутерска и помошна технологија, како и пристап до интернет за да им се олесни вклучувањето во дигиталниот свет.

Рок: континуирано.
Буџет: 76.5 милиони денари годишно.

## **ПРОЕКТ 10:** СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ СО ВАУЧЕРИ НА ИКТ-ОБУКИ ЗА ГРАЃАНИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

Освен пристапот до технологијата, дел од граѓаните во општеството, особено припадниците на постарата возрасна група, се соочуваат со недостиг од технолошка писменост за користење на дигиталните технологии. За да се надмине тоа, ќе се утврди кому му е неопходна дополнителна обука за користење компјутери и мобилни уреди, и ќе се обучат кај постоечките школи за компјутерска едукација, со помош на систем на ваучери.

Рок: континуирано.
Буџет: 17 милиони денари годишно.

# МЕДИУМИ

## ПРОЕКТ 1: МРТ КОЛЕПКА НА КУЛТУРАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ И ДРУГИТЕ НЕМНОЗИНСКИ ЗАЕДНИЦИ ВО МАКЕДОНИЈА

Македонската радио-телевизија претставува еден од најголемите национални стратешки приоритети. Таа треба да биде јавен сервис кој е вистински информативен сервис на граѓаните – непристрасен, објективен, транспарентен, со високи професионални стандарди, но истовремено многу повеќе од тоа: институција која ја афирмира и ја негува традицијата, јазикот, идентитетот, духовното и културното наследство, вредностите на македонскиот народ и на немнозинските заедници во Македонија. Од осамостојувањето досега, МРТ е во сè полоша состојба, и декларативната улога не е поткрепена со реална политичка и соодветна финансиска поддршка.

Најпрво, ќе подготвиме стратегија за развој на МРТ, за да знаеме каков јавен сервис сакаме и кои се потребните ресурси за да го постигнеме тоа. Потоа, ќе ангажираме стручен кадар, за да можат да се остварат дефинираните цели. Ќе ангажираме образовани и способни новинари, режисери, музичари и други профили на експерти и креативци, кои ќе ја доведат информативната програма на светско ниво, кои ќе ја обноват музичката, играната, образовната, документарната, научната продукција на МРТ и на Македонија.

Ќе го обновиме веб-сајтот на МРТ со нова технологија, и нови содржини. Нашата цел е веб-сајтот на МРТ да биде најчитан и најрелевантен извор на информации во Македонија. Ќе се отворат профили на социјалните мрежи, преку кои ќе се комуницира интерактивно со публиката.

Ќе се воведат онлајн-содржини на нова платформа – медиатека, која ќе содржи подкасти (аудио содржини) и водкасти (видео содржини), која ќе се ажурира со најнови емисии, но на која ќе се вчитаат и емисии од богатата архива на МРТ. На овој начин МРТ ќе стекне следбеници и кај младата популација, која ќе има на располагање пристапни квалитетни содржини на македонски јазик.

Ќе се донесе нов закон за МРТ, кој ќе ја регулира работата на јавниот медиумски сервис, кој ќе го ослободи од политички влијанија и ќе овозможи независна кадровска политика, ангажирање на најдобрите новинари и креативци, и работа на проекти со светски квалитет.

Рок: 2022 година.
Буџет: 1,275 милијарди денари.

## ПРОЕКТ 2. ОСЛОБОДУВАЊЕ НА МЕДИУМИТЕ ОД РАЗЛИЧНИ ФОРМИ НА ПРИТИСОЦИ

Ќе иницираме формирање на професионално тело за саморегулација на медиумите, под закрила на АВМУ, со учество на релевантните медиумски организации. Намерата на ова тело ќе биде да ја намали потребата за ангажирање на другите државни институции, како судовите или обвинителството, во спорови кои произлегуваат во медиумската сфера. Телото би било репрезентативно на различните новинарски здруженија и медиуми, и преку јавни седници би давало мислење за претставки поднесени од страна на граѓани, носители на јавни функции, стопанственици... кои сметаат дека одреден медиум ги прекршил етичките правила на известувањето кога објавил вест за подносителот. Новинарите кои се соочуваат со тужба, исто така, ќе можат да побараат мислење од телото. Политичките партии кои го поддржуваат формирањето на телото би ги повикале своите претставници да ги почитуваат неговите одлуки, и да се воздржат од судско гонење на новинари доколку телото утврди дека новинарот постапил етички и коректно во известувањето. Освен во случаи на судски спорови, телото може да дава свое мислење и за пријавени случаи на говор на омраза, ширење лажни вести и други кршења на општоприфатените правила на новинарската етика.

Рок: 2021 година.
Буџет: 180 илјади денари.

## ПРОЕКТ 3. ОСЛОБОДУВАЊЕ НА МЕДИУМИТЕ ОД ПРЕКУМЕРНА РЕГУЛАЦИЈА

По формирањето на Владата, ВМРО-ДПМНЕ ќе отвори дијалог со медиумите за сите форми на регулаторни притисоци со кои се соочиле во изминатиот период, и ќе ги прифати сите издржани предлози кои ќе помогнат медиумите во иднина да можат да работат слободно. Ќе се преиспитаат непотребните регулаторни обврски при формирањето на медиумите, уредувањето на програмата, определувањето на уредувачката политика, сопственичката структура, јазикот и стилот на изразувањето, условите за работа. Воедно, ќе се спротивставиме на обидите за воспоставување на нови регулаторни пречки и форми на притисоци врз новите видови на електронски медиуми – интернет-порталите, интернет-телевизиите и социјалните мрежи со цел да се заштити уставно загарантираната слобода на изразување. Секаде каде што тоа е можно, постоечката регулатива ќе се заменува со форми на саморегулација кои ќе ги утврди медиумската заедница.

Рок: 2022 година.
Буџет: 0.00 денари.



# 4. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА И ПРОФЕСИОНАЛИЗАЦИЈА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

## ГО ВРАЌАМЕ ДОСТОИНСТВОТО НА СЛУЖБЕНИЦИТЕ И СЈАЈОТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ

Состојбата со јавната администрација во Македонија е поразителна. Бројни меѓународни извештаи говорат дека администрацијата е неефикасна и со недоволно изградени капацитети. Достоинството и честа на административниот работник се погазени заради недостатокот на правила, непотизмот, нарушениот систем на кариера и корупцијата. Затоа, во наредниот период, ВМРО-ДПМНЕ предвидува системски и сеопфатен пристап во процесот на реформата на јавната администрација, групирајќи ги мерките и активностите во четири приоритетни области согласно СИГМА принципите за јавна администрација. Во рамки на секоја мерка се предвидуваат неколку клучни проекти, кои ќе бидат подетално опфатени во рамки на новата Стратегија за Реформа на јавната администрација која ќе ја донесеме во првата година од преземањето на управувањето со државата, земајќи ги предвид препораките и забелешките на сите релевантни домашни и странски експерти и организации.

Нашата визија е да создадеме администрација која целосно ќе ги исполнува стандардите на европскиот административен простор, ќе биде вистински ефикасен сервис на граѓаните во остварувањето на нивните права, но и носител на економскиот раст и обновата во Република Македонија.

# МЕРКА 1. ОДГОВОРНА, ОТЧЕТНА И ТРАНСПАРЕНТНА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

## ПРОЕКТ 1. ИНСТИТУЦИОНАЛНА РЕОРГАНИЗАЦИЈА

Во насока на ЕУ интеграцијата и барањата за реформа на јавната администрација ќе се направи анализа на потенцијални преклопувања на надлежности но и потребата од постоење на постоечките институции. По соодветното мапирање ќе се преземат активности за функционално и структурално реорганизирање на институциите, што ќе подразбира спојување, затворање или отворање нови институции во зависност од потребите. Хоризонталната функционална анализа во втората фаза ќе продолжи на локално ниво, со што ќе се идентификуваат оптималните институции од областа на здравството, образованието, културата и јавните претпријатија кои се неопходни според бројот на жители и седиштето на општината. Со оваа реорганизација институциите ќе ги зајакнат своите капацитети, административните службеници ќе добијат можност за напредок, ќе се воспостават јасни линии на отчетност и транспарентност, а на граѓаните на Република Македонија со оптимални средства ќе се обезбедат квалитетни и ефикасни услуги.

Рок: 2021-2022 година
Средства: ИПА фонд и државен буџет

## ПРОЕКТ 2. НАЦИОНАЛНА КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ИПА

По примерот на бројни држави кои го поминале процесот на пристапување кон Европската унија, предвидуваме воспоставување на канцеларија за координација и менаџирање на имплементацијата на претпристапните фондови за пристапување кон ЕУ во рамки на која ќе влезе веќе воспоставената ИПА оперативна структира, а ќе се обезбеди нејзино соодветно надоградување, подобрување и поддршка. Во новоформираната Национална канцеларија предвидуваме да бидат вклучени Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Секторот за централно финансирање и склучување на договори и Националниот фонд од Министерството за финансии како и Одделението за програмирање на европски фондови и Одделението за следење и евалуација на програмите на ЕУ од Секретаријатот за европски прашања.

Оваа канцеларија ќе располага и со дефицитарни кадри и кадри кои ќе имаат задача да помагаат на помалите општини кои не располагаат со соодветен персонал за квалитетна изработка на проекти од различни области. На овој начин ќе се обезбедат зајакнати капацитети за апсорпција на европските фондови а севкупниот човечки кадар ќе биде активно и ефикасно вклучен во менаџирањето на ИПА проектите, особено имајќи го предвид идното отворање на кластерите при пристапувањето кон Европската унија.

Рок: 2022 година

## ПРОЕКТ 3. Е-ИНСПЕКТОРАТИ

Предвидуваме развивање на унифицирана апликација за организирање на работата на сите инспекциски служби во процесот на спроведување на инспекциски надзор. Системот ќе биде наменет за инспекторите на централно и на локално ниво преку кој ќе се воведат електронски записници и електронски чек-листи, а ќе служи и како регистар на сите инспектори. Со ова се обезбедува транспарентност во постапките преку преглед и следење на активните постапки, ефикасноста на инспекциската служба и ефикасноста на ниво на инспектор, подобро планирање на инспекциските постапки, рационализација на процесите, подобрување на регулаторната рамка и намалување на административниот товар.

Рок: 2022 година

## ПРОЕКТ 4. КОНТАКТ АДМИНИСТРАТВЕН ЦЕНТАР- КАЦ

Проектот има за цел за да ја зајакне соработката помеѓу граѓаните и администрацијата и да воспостави контрола на работата на администрација на сите нивоа. Контактните центри ќе бидат распределени во осумте плански региони кој ќе имаат улога да постапуваат по преставки, жалби и поплаки во однос на несовесно работење на администрацијата како и пријави за мобинг, дискриминација, и злоупотреба на Законот за административни службеници и Законот за вработени во јавниот сектор од страна на раководните лица во администрацијата.

Рок: 2022 година

## ПРОЕКТ 5: ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ДИСКРЕЦИОНИТЕ ОВЛАСТУВАЊА НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ

Во системот години наназад политичарите секогаш внимавале да оставаат простор кои подоцна се злоупотребувал за политизација, партизација и непотизам во јавниот сектор. Во изминатите 3 години ова беше особено видливо во образованието и здравството, каде професори и наставници се вработуваа по желба на директорите наместо по ранг листи.

Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе стави крај на оваа пракса и ќе ги ревидира законските решенија со цел да се оневозможи злоупотребата на дискреционите права и да ги отстрани сите ранливи точки кои се детектирани од страна на Државната комисија за спречување на корупција.

Рок: 2022 година

# МЕРКА 2. ПРОФЕСИОНАЛНА ЈАВНА СЛУЖБА И ЕФИКАСНО УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Професионализацијата на јавната администрација е од суштинска важност за развој на државата и градење на силни институции и ефикасна држава која ќе биде во функција на граѓаните и деловните субјекти во земјата. Во таа смисла, ВМРО-ДПМНЕ предвидува голем број институционални реформи и мерки со кои ќе се подобри ефикасноста на јавната администрација преку нејзино целосно професионализирање. Сите тие реформи и мерки ќе бидат во насока на приближување на квалитетот на јавната администрација до нивото на ЕУ, зголемување на квалитетот на јавните услуги и намалување на можностите за корупција при обезбедување на истите, професионализација на администрацијата почнувајќи од највисоката раководна структура во институциите како и јакнење на инспекциските служби во насока на поголема ефикасност.

## ПРОЕКТ 1. НОВ ЗАКОН ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ И ЗАКОН ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР, КАКО И ПРОМЕНА НА ОПШТ КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор се покажаа како нефункционални заради несуштинските интервенции во изминатите три години.. Оттука, предвидуваме донесување нов Закон за административни службеници и Закон за вработени во јавниот сектор кој ќе се носи во отворена, транспарентна и инклузивна процедура со сите засегнати чинители. Дополнително, ВМРО-ДПМНЕ ќе го усогласи Законот за административни службеници со Законот за високо образование и ќе обезбеди соодветно вреднување на степенот на образование при определување на платата на административните службеници.

Рок: 2021 година

## ПРОЕКТ 2. КАРИЕРА ++

Во рамки на овој проект се предвидува унапредување на категориите на работни места на административни службеници и нови нивоа на работни места, заради адекватно валоризирање на трудот на сите административни работници. Предвидуваме, секоја категорија да биде проширена со нови две надкатегории и тоа: Ниво (Г, В, Б)+, со работен стаж од 7 до 15 години во иста институција на кое се додаваат дополнителен број бодови во делот на плата за степен на образование. Ниво (Г, В, Б)++, со работен стаж над 16 години во иста институција се додаваат дополнителен број бодови во делот на плата за степен на образование.

На постоечките 4 нивоа на работни места, ќе додаме уште 4 нови кои ќе служат само за интерни унапредување кои ќе бидат дозволени секоја година, за 1% од вработените кои добиле најголем број гласови од вработените во истата институција.

Ќе се извршат и промени на Законот за административни службеници да се овозможи административниот службеник да се унапредува едно место погоре доколку претходно биде минимум 5 години на исто ниво. Раководителот на органот ќе биде обврзан да го спроведе унапредувањето доколку има слободно место во систематизацијата и административниот службеник ги исполнува општите и посебните услови предвидени за тоа работно место.

Рок: 2022 година

## ПРОЕКТ 3. АКАДЕМИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

Академијата за администрација ќе ги обедини Академијата за стручно усовршување на административните службеници на Министерството за информатичко општество и администрација (АО МИОА) и Центарот за обуки на Секретаријатот за европски прашања (ЦО СЕП), и ќе работи со институционална поддршка од Агенцијата за вработување (АВРМ) и Агенцијата за администрација (АА). Предвидуваме, за потребите на оваа Академија да се отвори мултифункционален центар за обуки. Академијата, по примерот на водечките академии и центри за обука на администрација на европско ниво, ќе нуди обуки во континуитет за сите вработени во јавниот сектор, за сите други надворешни заинтересирани правни, физички лица, невладин сектор, ќе остварува соработка со домашни и европски партнери и нуди можности за стручни обуки и усовршување во земјите членки на Европската Унија.

Рок: 2021-2024

Вкупно финансиски средства: 4 м. евра.

## ПРОЕКТ 4. БЕЛА КНИГА ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ДРЖАВНА И ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Сите добри примери и добра пракса ќе се објавуваат во месечно списание, на ист начин ќе се објавуваат и поведените дисциплински постапки. На овој начин ќе се анимираат и наградуваат вработените а воедно ќе се воведе бела книга на институции и функционери кои вложуваат во безбедни работни места и пристојни услови за работа.

Рок: 2021 година
Буџет: 500.000 денари

## ПРОЕКТ 5. СИСТЕМАТИЗИРАНИ И АДАПТИРАНИ РАБОТНИ МЕСТА ЗА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ, НАЈМАЛКУ 2% ОД ВКУПНИОТ БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ВО ИНСТИТУЦИЈАТА

ВМРО-ДПМНЕ е насочено кон обезбедување на целосна инклузивност на лицата со попреченост и обезбедување на еднакви права и можности. Во таа насока предвидуваме систематизирање и адаптација на работни места кои ќе бидат наменети за вработување на лица со инвалидност.

Рок: 2022 година

## ПРОЕКТ 6. ВКЛУЧУВАЊЕ НА СИНДИКАЛНИ ПРЕСТАВНИЦИ ВО ПОСТАПКА ПО ЖАЛБА ВО ВТОР СТЕПЕН ЗА ПРАВА ОД РАБОТЕН ОДНОС И ПРИ ПОЛУГОДИШНО И ГОДИШНО ОЦЕНУВАЊЕ.

Во насока на деполитизација на администрацијата и заради обезбедување на транспарентност во постапките по жалбите во втор степен за права од работен однос, како и при полугодишното и годишното оценување, ВМРО-ДПМНЕ ќе предвиди законски измени со кои ќе се обезбеди вклучување на синдикални претставници во сите наведени постапки.

Рок: 2021 година

## ПРОЕКТ 7. ПОРТАЛ ЗА СЛОБОДНА ЦИРКУЛАЦИЈА НА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

Слободната циркулација на административни службеници (АС) треба да се сфати како портал кој ќе служи за слободно движење на административните службеници во рамки на јавната администрација, каде тие по своја желба ќе конкурираат со сопствената административна биографија. Преку овој портал, кој ќе биде дел од ХРМИС системот, секој службеник слободно и без никакви притисоци ќе може да направи трансфер во институција која одговара на неговите аспирации, квалификации и стручна подготовка. Дополнително, овој портал ќе биде прв и основен филтер што ќе го употребува Агенцијата за администрација при објавата на јавни огласи за вработување, се со цел склучување на меѓуинституционални спогодби за преземање на административните службеници.

На овој начин ќе се направи правилна распределба на сите административни службеници кои ќе бидат најпродуктивни онаму каде што се најкомпетентни, ќе се постигне меѓуинституционален баланс и ќе се намали превработеноста во одредени институции, односно ќе се пополни недостигот на службеници во други институции, а воедно и ќе се намали бројот на нови вработувања.

Рок: 2021 година
Буџет: 300.000 илјади денари

## ПРОЕКТ 8. ГРИЖА ЗА ДЕФИЦИТАРНИ ПРОФЕСИИ

Министерството за информатично општество и администрација, во соработка со останатите релевантни институции, ќе изготви Листа на дефицитарни професии во рамки на јавната администрација за период од 2 години. Професиите кои ќе се најдат на Листата ќе бидат квалификувани да добијат соодветна финансиска поддршка во рамки на институциите.

Ќе работиме и на усогласување на платата на судската администрација, администрацијата во здравствените установи и воспитните установи со платата на административните службеници.

Рок: Континуирано

# МЕРКА 3. КРЕИРАЊЕ УСПЕШНИ ПОЛИТИКИ И КООРДИНАЦИЈА ВО СИСТЕМОТ НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

## ПРОЕКТ 1. СЕКТОРСКА ПЛАТФОРМА

Владата на ВМРО-ДПМНЕ се обврзува да воспостави платформа на која граѓанските организации ќе можат да ги прикачуваат анализите, истражувањата и другите документи кои се производ на нивната работа а кои можат да бидат искористени во процесот на креирање политики и извлекување податоци кои би можеле да го помогнат донесувањето на одлуки и утврдувањето на приоритети. Во рамки на оваа платформа ќе се остварува и соработка на институциите со граѓанските организации, претставници на меѓународните организации и синдикатите.

Рок: 2021 година
Буџет: 200.000 денари

## ПРОЕКТ 2. ONLINE ЈАВНИ ДЕБАТИ ЗА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНИ

Преку доработка на веќе постоечката платформа на ЕНЕР (единствен национален електронски регистарна прописи на Република Македонија), ќе се развие посебна можност за постојани јавни дебати, насочени кон подобрување на законските текстови кои се во фаза на подготовка но и оние закони и други прописи кои се во сила но е увидена можност за нивно подобрување. На овој начин граѓаните ќе имаат увид и ќе може да дадат свој придонес во носењето на законските решенија, а овој регистар ќе нуди преглед на сите актуелни закони поделени по области.

Рок: 2021 година

## **ПРОЕКТ 3:** МЕРЕЊЕ НА ПЕРФОРМАНСИТЕ НА ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Преку примена на методологиите „Барометар за квалитет“ и „Таен клиент“ ќе се мерат перформансите на јавните институции и ќе се даваат насоки за нивно подобрување. Како резултат на овие мерења, ќе се избира институција и проект на годината, а преку развој на методологија за избор на менаџери и вработени на годината, ќе се доделуваат признанија на лица кои во претходната година постигнале најдобри резултати. Целта на овие признанија е да се стимулираат институциите, менаџерите и вработените да го дадат својот максимум во извршувањето на работните задачи.

Буџет: 24.000.000 денари

# МЕРКА 4. ИСПОРАКА НА УСЛУГИ И ИКТ ПОДДРШКА НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА

Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ во 2015 година со поддршка од ЕУ ја воспостави платформата за интероперабилност, која овозможи електронска размена на податоци помеѓу институциите. Со целосно проширување на интероперабилноста како и примена на новиот ЗОУП, граѓаните и фирмите ќе бидат целосно ослободени од обврската при управните постапки да ги приложуваат документите кои се водат во евиденцијата на државните органи. Оваа платформа овозможува воспоставување и на други различни системи, како што се Регистарот на население и Националниот портал за е-услуги. Имплементација на овие проекти кои беа започнати од страна на Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе овозможи модерна, побрза и поевтина испорака на услуги на граѓаните и претпријатијата.

Со воспоставување на Информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР) се овозможи создавање на горенаведениот регистер на вработени во јавниот сектор, но и автоматизирање на процесите при управувањето со човечки ресурси, намалени трошоци во процесот, подобрено планирање на развој на персоналот и напредување како и управување со учинок. Преку истиот се обезбедуваат и различни статистички евиденции на ниво на институција и на ниво на јавен сектор.

Последната здравствена и економска криза ја наметна потребата за итна дигитализација и ИТ решенија кои ќе овозможат бесконтактна интеракција во различни области на секојдневниот живот. Во насока на справување со последиците од КОВИД 19, обезбедување на одржлив економски развој и евроатланските интеграции ќе продолжат реформите кои ги имаше превземено Владата предводена од ВМРО ДПМНЕ а се во насока на развој на информатичко општество и обезбедување функционална, транспарентна и сервисно-ориентирана јавна администрација. Со дигитализација на јавната администрација во нашиот мандат обезбедуваме:

- Достапност 24/7 на услугите кои ги нуди јавната администрација
- Намалување на трошоци и заштеда од илјадници работни часови годишно
- Зголемување на економскиот раст, намалување на последиците од КОВИД 19 и прилагодување на животот и работата во услови на криза

## ПРОЕКТ 1. ДИГИТАЛНА АГЕНЦИЈА И ИТ СОВЕТ

ВМРО-ДПМНЕ во првите месеци ќе воспостави Дигитална Агенција со што ќе се решат најголеми предизвици со кои се соочува македонската администрација во процесот на дигитализација и ќе се воспостави централизирано тело кое ќе има капацитет да ја оркестрира дигиталната трансформација на сите нивоа на јавната администрација.

Имено, бидејќи во моментов не постои тело кое го води овој процес и кое има преглед на целосната ИТ инфраструктура во Република Македонија, прва задача на ова тело е да ги стави во функција сите неискористени капацитети и да ги оптимизира трошоците кои произлегуваат од дигитализацијата. Меѓу другото, ова би значело:

- Употреба на еден национален систем за управување со човечки ресурси низ целиот јавен сектор
- Употреба на еден национален систем за управување со документи во сите органи на државна управа, агенции и инспекторати
- Една национална систем сала за потребите на сите државни системи

Дигиталната Агенција и Министерството за информатичко општество и администрација ќе работат на намалување на дигиталниот јаз кои постои помеѓу Република Македонија и земјите членки на Европската Унија, но и на создавање на институционален и административен капацитет за следење на светските ИТ трендови и создавање на практични и едноставни решенија за граѓаните, бизнисите и носителите на одлуки, а од Република Македонија да создаде регионален лидер во областа на иновациите.

Додека Дигиталната агенција ќе го спроведува целиот процес на техничко ниво, за политичка координација и усвојување на стратешката рамка ќе се формира ИТ совет кој ќе го сочуваат претставници од институциите, стопанските комори, факултетите и други експерти од оваа област.

## ПРОЕКТ 2. ДМС DIGITAL B1 И ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ИНТЕРНИ ПРОЦЕСИ

Владата предводена од СДС набави паралелни системи за управување со документи, со што се непотребно се трошат двојно повеќе пари не само на нивна набавка, туку и на одржување на истите. ВМРО-ДПМНЕ согласно сите европски трендови во својот мандат и заради оптимизација на трошоците ќе се насочи кон проширување на употребата на електронскиот систем за управување со документи во сите органи на државата управа и дигитализација на сите интерни процеси, вклучувајќи го архив-

ското и деловодно работење. Со ова ќе се овозможи целосно електронска меѓу-институционална комуникација, интеграција со постоечките системи на институциите, електронско следење на работните процеси, дигитално потпишување и пософистицирано управување со информациите и документите. Овој систем воедно ќе обезбеди податоци кои се неопходни за да се предвидат промените на обемот на работа во одредени сектори и институции кои произлегуваат поради определени потреби на населението поврзани со одредени надворешни и сезонски влијанија. Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе обезбеди обуки, упатства и прирачници за вработените за да се овозможи соодветна употреба на системот.

## ПРОЕКТ 3. 500 Е-УСЛУГИ ЗА ГРАЃАНИ И БИЗНИСИ НА НАЦИОНАЛНИОТ ПОРТАЛ ЗА Е-УСЛУГИ

Автоматизираните дигитални процеси засновани врз модерни и поврзани бази на податоци не само што овозможуваат побрзи услуги и заштедуваат средства и на граѓаните и на јавната администрација, туку воедно го поттикнуваат економскиот раст и овозможуваат на институциите да одговорат на новите и поголеми очекувања од страна на корисниците. Во ВМРО-ДПМНЕ постои свест дека овој процес на дигитална трансформација е неизбежен и мора што порано да се комплетира за да го достигнеме нивото на нашите европски партнери. Во таа насока, по воспоставувањето на Дигиталната Агенција, ВМРО-ДПМНЕ ќе ги инвестира сите неопходни човечки, финансиски и технолошки ресурси за да ги дигитализира сите регистри и интерни процеси неопходни за развој на 500 електронски услуги за граѓани и бизниси, за на крајот од својот мандат сите институции да можат да ги испорачуваат најголем дел од своите услуги во електронска форма до нивото до кое природата на постапката на документите тоа го дозволува. За оние услуги кои не можат да се испорачаат целосно во електронска форма, ќе постои можност испораката да се извршува по курир.

## ПРОЕКТ 4. Е-ПОТСЕТНИЦИ ЗА ОБНОВА

Ќе се развие бесплатна електронска апликација која ќе испраќа автоматизирани потсетници до граѓаните и претпријатијата пред истекот на важноста на одредени документи. Оваа апликација ќе биде поврзана со Националниот портал за е-услуги и ќе содржи информации каде истите можат да се обноват и кои други услови треба да се исполнат.

Рок: 2021 година
Буџет: 3.000.000 денари

## ПРОЕКТ 5. Е-ГРАЃАНИН

„Дигитален граѓанин“ односно електронска лична/идентитетска карта со чип и mobile ID ќе ги содржи сите информации за лицето достапни на регистарот на население.

Истата ќе овозможи и поддржи електронски да се користат и поедностават активностите на граѓаните од секојдневието како на пр. здравствени услуги, даночни обврски, употребува за градски превоз, проверка на едуктативниот напредок на децата во училиште и слични активности со посточеки комплексни административни процедури.

## ПРОЕКТ 6: СКРАТУВАЊЕ И РАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА БИРОКРАТСКИТЕ ПРОЦЕДУРИ

По извршена системска анализа, ќе предвидиме скратување и рационализација на административните процедури низ кои секојдневно поминуваат граѓаните и правните лица. Овој проект има за цел да го скрати времето на чекање на граѓаните, метежот пред шалтерите во институциите и да го поттикне и олесни бизнисот.

Рок: Континуирано

## ПРОЕКТ 7: ИНТЕРОПЕРАБИЛНОСТ DIGITAL V1.

Во текот на минатите 3 години воопшто Владата од СДС целосно заборави на проширување на употребата на системот за интероперабилност, кој овозможува брза и безбедна електронска размена на податоци кои се неопходни за обезбедување подобри јавни услуги на граѓаните и бизнисите. Владата на ВМРО-ДПМНЕ во наредниот период ќе се фокусира на дигитализација на регистрите и приспособување на позадинските системи на институциите, со што на најголем дел од институциите ќе се овозможи да се приклучат на платформата за интероперабилност.

## ПРОЕКТ 8: ИСУЧР DIGITAL V1.

Со проширување на употребата на ИСУЧР низ целата администрација и негова надградба со дополнителни модули, владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе воспостави унифициран систем со кој ќе се овозможи автоматизирано управување со човечките ресурси низ целиот јавен сектор. Нема повеќе нерационално трошење на средства да секоја институција набавува и одржува систем за управување со човечки ресурси или исплата на плати. Дополнително, со задолжителната употреба на овој систем, на сите граѓани на Република Македонија ќе се овозможи преглед во реално време на бројот на вработени во јавен сектор со што ќе се намалат можностите за злоупотреба, политизација и партизација на истиот преку воспоставување целосна транспарентност дури и во бројот на ангажирани работници на определено време.

## ПРОЕКТ 9: АВТОМАТИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ (ПИЛОТ ПРОЕКТ)

Во централни локации низ неколку помали градови, како и оние општини кои имаат седиште во село каде нема подрачни единици на институциит, ќе се постават автомати каде што граѓаните врз база на електронската идентитетска/лична карта ќе можат да добијат повеќе услуги и документи од типот на извод од матична книга, имотни листови, документи од Централниот регистар, Царинската управа, Управата за јавни приходи, Катастарот и другите. Автоматите ќе бидат поврзани преку Националниот портал за е-услуги но и со сите оние институции што ги издаваат своите услуги електронски а не се дел од порталот. Граѓаните ќе можат преку платежна картичка да ја платат услугата и дополнителни услуги како вода, струја, телефонија итн.

## ПРОЕКТ 10: G-CLOUD

Владата на ВМРО-ДПМНЕ во својот мандат ќе се насочи сите владини институции да преминат на користење на облак технологија, со што ќе се обезбеди зголемена флексибилност, намалени капитални расходи и поголема искористеност на ИТ персоналот од страна на државните институции.

## ПРОЕКТ 11: ЦЕНТРИ ЗА ЕДНА ТОЧКА ЗА УСЛУГИ

Во наредниот 4 годишен период ќе отвориме 13 центри за услуги каде граѓаните ќе можат на едно место да ги добијат сите услуги кои се достапни на Националниот портал, чиј број континуирано ќе се зголемува. Овие центри ќе овозможуваат непречен пристап за лицата со сите видови на попреченост. Центрите ќе бидат отворени во сите градови со повеќе од 25.000 жители, а крајна цел е граѓаните да можат на едно место да ги добијат сите услуги кои ги нуди државата и тоа побрзо, поквалитетно и поефикасно.

## ПРОЕКТ 12: 3D ПАНОРАМСКИ ПРИКАЗ

Министерството за информатичко општество и администрација во соработка со Министерството за култура, Агенцијата за поддршка и промоција на туризмот и други релевантни институции ќе изработи 3Д панорамски приказ на поголемите музеи, но и историските и туристичките места и знаменитости во Македонија. Истите ќе бидат достапни за разгледување на интернет, а целта е да се привлечат што поголем број на посетители.

## ПРОЕКТ 13: Е-ДУКАТИВЕН ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМ

Со овој проект се овозможува централизирана датабаза која ќе содржи компаративни информации за побарувањата на пазарот на трудот од една страна, како и број на запишани ученици и студенти во општи или вокациски студиски програми. Со тоа ќе можат да се предвидат идните потреби на пазарот и трудот но и ќе послужат за креирање и дефинирање на политиката на одредени институции. Имено, овие информации ќе овозможат:

- Министерството за Образование и Наука да ги планира идните студиски програми и да обезбеди соодветна подготовка на учениците за пазарот на трудот во иднина
- Агенцијата за вработување да презема соодветни мерки кои ќе ги адресираат вистинските потреби на бизнисите, а не паушални решенија
- ќе овозможи и на јавноста и особено учениците детален преглед на потребите на пазарот, просечна плата во таа област и можности за такви студиски програми и преквалификации

Овој проект ќе се реализира од страна на МИОА во соработка со МОН, АВРМ и Државниот завод за статистика.

## ПРОЕКТ 14: Е-ГРАНИЦА

Овој проект предвидува развој на ИКТ алатка која им дозволува на автомобилите и камионите да резервираат термин за минување низ граничните пунктови, со што се елиминира досегашниот метеж на границите каде се случува возачите да мора да чекаат и со денови. Со спроведувањето на овој систем се очекува:

- Подобрено планирање на туристичките и транспортните компании и заштеда на средства
- Подобрено управување со човечките ресурси во овие компании
- Олеснување на работата на возачите



# 5. ОБНОВА НА УСТАВНО-ПРАВНИОТ И НА ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ ВО МАКЕДОНИЈА

## ОБНОВА НА УСТАВНО-ПРАВНИОТ СИСТЕМ – БЕЗ ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО, ЕФИКАСНА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ СЛОБОДИ И ПРАВА И ПРАВНА СИГУРНОСТ НЕМА ПРАВНА ДРЖАВА!

1. Македонија е заробена држава со хибриден правен и политички режим. Државата е правно несигурна, внатрешно разјадена од системски вкоренетата корупција и криминал. Политичките институции и државните органи се во заложништво на власта.
2. Во Македонија не владеат Уставот и законите. Теснопартиските интереси на власта и личните интереси на политичарите од власта ги толкуваат Уставот и законите по сопствена мерка. Не постои конзистентна, правно издржана и воедначена (еднаква и праведна) примена на Уставот и на законите од страна на државните органи. Власта секојдневно го крши Уставот, а Уставниот суд е нем набљудувач на прекршувањата иако според Уставот токму тој е најодговорен орган за заштита на највисокиот правен акт во земјата.
3. Власта секојдневно ги крши правата и слободите на граѓаните. Човековите права и слободи во Македонија се погазени и обезвреднети, а граѓаните се исплашени и немоќни пред режимското делување на власта. Граѓаните немаат доверба во институциите и во државните органи, бидејќи истите ги гледаат како послушници на власта. Државните органи покорно им служат на политичарите, бидејќи се заробени од нив. Нема кривична, ниту каква било друга одговорност за прекршителите на Уставот и на законите кога тие се дел од власта. Нема правда за граѓаните!
4. Поради сервилниот и поданички однос на институциите и на правосудните органи кон власта, тие го изгубија својот професионален интегритет и кредибилитет.
5. Имајќи ги предвид овие поразителни состојби, ВМРО-ДПМНЕ ре-

шително и одлучно застанува на страната на заштита на граѓаните, владеењето на правото и правдината. ВМРО-ДПМНЕ ќе ја обнови довербата на граѓаните во уставно-правниот и политичкиот систем на Македонија и ќе ја врати правдата и правдината во земјата.

ВМРО-ДПМНЕ како одговорна партија ги има детектирано сите слабости на уставно-правниот и на политичкиот систем во Македонија и се обврзува пред граѓаните дека ќе понуди најдобри решенија за нивно надминување. За постигнување на оваа цел ВМРО-ДПМНЕ, веднаш по формирањето на владата:

- ќе формира експертска група со задача да ги посочи сите евидентирани слабости, проблематични, неконзистентни и неприменливи одредби во Уставот на Македонија и да подготви нови, модерни предлог-уставни решенија во согласност со европските вредности и стандарди. Експертската група својата работа ќе ја **темели на две константи: зачувување на унитарниот карактер на Македонија и уредување на меѓуетничките односи според принципот на единствена македонска нација (по примерот на Франција, Шпанија, САД, Грција и слично).**
- Уставот на РМ во досегашната практика покажа низа слабости. Недоследната уставна операционализација на начелото на поделба на власта и реликтите од минатиот собраниски систем (можност за самораспуштање на Собранието постои, но не и распуштање на Собрание под определени услови како, на пример, при изгласана недоверба на Владата; несоодветното место на гаранцијата „во РМ е дозволено сè што со Уставот и законот не е забрането“ во темелните вредности, наместо кај слободите и правата; лошата композиција на слободите и правата што погрешно се врзуваат само за граѓаните, а не за луѓето, постоење на програмски човекови права што во практика не можат да се заштитат; нејасност и непрецизност на одредбите во делот на „организацијата на власта“, посебно оние за давање мандат за формирање на влада, имунитет на претседателот на Владата како уставен феномен; членството на министерот за правда во Судскиот совет и начинот на избор на членовите на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители; нејасната поставеност на некои надлежности на претседателот на државата; преиспитување на решението за изборен праг од 40% излезност како услов за избор на претседател во вториот изборен круг; непрецизна процедура при употребата на „ветото“ на претседателот; паралелизам на надлежностите на главниот град и општините на неговата територија; лимитираната надлежност на Уставниот суд; врзувањето на уредбите со законска сила за Владата, а не за Претседателот; конфузното дефинирање на воената и вонредна состојба; непрецизноста на одредбите за меѓународните договори, но и многу други одредби бараат уставни промени, а отворена е и можноста за донесување нов устав.
- Македонија има потреба од изработка на општа Национална стратегија за развој во која ќе биде дефинирана стратешката филозофија на државата врз чијашто основа ќе биде воспоставена врската меѓу различните кластери што во форма на секторски стратегии се развиваат за секоја одделна област. ВМРО-ДПМНЕ ќе развие посебен систем на алумни на луѓе кои заминале од Македонија, а кои со својата стручност и поврзаност со бизнис-заедниците во државите каде што работат можат да помогнат во економскиот и севкупен развој на државата.

6. Во делот на обновата на правниот систем, ВМРО-ДПМНЕ ќе понуди нови системски решенија за трансформирање на правосудните органи во вистински независни, транспарентни, одговорни и ефикасни субјекти. Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе подготви “Rule of Law Check List” по европски терк преку која ќе биде проверувана имплементацијата на европските стандарди и вредности во текстот на сите нацрт или предлог-закони пред истите да бидат донесени во Собранието. Сите уставни амандмани, предлози и нацрт-закони од правосудната област пред да бидат доставени до Собранието на Македонија ќе бидат испратени на мислење до Венецијанската комисија. Доставените препораки од Венецијанската комисија или од Греко ќе бидат целосно инкорпорирани во нацрт или предлог-законите со цел усогласување на законодавството во земјата со европските стандарди и вредности.
7. Програмата на ВМРО-ДПМНЕ содржи нов концепт за обнова на правниот систем на Македонија кој тргнува од следниве најважни фундаменти на македонската држава и општество:

- демократија, бескомпромисна примена на начелото на владеење на правото и зајакнување на граѓанската и политичката свесност за потребата правото да владее подеднакво за сите,
- ефикасна и бескомпромисна борба против корупцијата и отстранување на системските аномалии што ја толерираат корупцијата,
- целосна одговорност и транспарентност, отчетност и ефикасност во работењето на сите институции и државни органи,
- почитување на принципите на правда и правичност, еднаквост на сите граѓани пред Уставот и законите и
- квалитетна системска заштита на човековите права и слободи.

8. Сите проекти содржани во програмата ќе се реализираат преку донесување на нови уставни амандмани/или нов Устав, нови закони и подзаконски акти, како и преку измена и дополнувања на постојните закони и други подзаконски акти, а во насока на воведување механизми за ефикасно и ефективно спроведување на правните акти од страна на државните органи и организации со јавни овластувања.

# РЕФОРМИ ВО ПРАВОСУДНИОТ СИСТЕМ – ПРАВО, ПРАВДА, ПРАВДИНА ЗА СЕКОГО

Граѓаните секојдневно во судските ходници трпат штета од тешки неправди, наместени судски процеси и барања на мито и корупција. Енормно е политичкото влијание врз судството и обвинителството од сегашната власт. Аболицираниот претседател на СДСМ, спротивно на сите правни принципи, се самопрогласи за претседател на Комисијата за реформи во правосудниот систем. Тој за член на Судскиот совет именуваше сопруга на неговиот шеф на кампања за да назначува судии по мерка на СДСМ,

за да го штитат него и неговите соработници од сторените криминали во изминатите години. Со Македонија нелегално владее партија-творец на колапсот на правосудниот систем чии обележја се секојдневните случаи од серијалот „Рекет", набавките на хеликоптерите за медицинска помош, скандалот „Диамед" и многу други познати коруптивни активности.

СДСМ ги прекрши основните правни начела и воведе партиска контрола врз постојните судии и јавни обвинители инсталирајќи нивни послушнички структури чија одлика се корумпираноста и злоупотребите.

Како одговорна партија, ВМРО-ДПМНЕ ќе понуди политики со кои судството и обвинителството ќе ги ослободи од политичките, но и од другите форми на влијание и зависност.

ВМРО-ДПМНЕ ќе обезбеди суштински гаранции за засилување на независноста на судството и на јавното обвинителство преку преземање ефикасни мерки за борба против корупцијата, политичките и економските притисоци и други форми на зависност и влијанија врз судиите и јавните обвинители, како и преку унапредување на системот на заслуги врз основа на знаење.

Извршната власт мора да ги тргне рацете од судството и од јавното обвинителство, овозможувајќи им независност, во рамките на Уставот, законите и релевантната меѓународна судска пракса.

**За таа цел, ВМРО-ДПМНЕ предлага сет мерки за зајакнување на професионалноста, транспарентноста и одговорноста на правосудните органи преку следниве проекти:**

## ПРОЕКТ 1. СТОП ЗА КОРУПЦИЈАТА И НЕПОТИЗМОТ ВО ПРАВОСУДСТВОТО

Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе изработи нова стратегија и акциски план за засилување на сите капацитети во правосудството, со посебен фокус на заштитата од корупцијата, како и посебен интегриран план за заштита од конфликт на интереси и непотизам во судството и во обвинителството. Целосното искоренување на корупцијата и политичко-партискиот клиентелизам во правосудството ќе бидат врвни приоритети на новата власт предводена од ВМРО-ДПМНЕ.

Рок: 2021 година.

## ПРОЕКТ 2. НОВ НАЧИН НА ИЗБОР И НАПРЕДУВАЊЕ ВО КАРИЕРАТА НА СУДИИТЕ

Независно судство не е само обична флоскула како што ја третира власта на СДСМ. Независноста на судството не може да биде вистинска вредност ако е предвидена само на хартија без нејзина конкретна реализација. ВМРО-ДПМНЕ ќе преземе конкретни чекори во насока на ослободување на судството од познатите криминално-политички влијанија и зависности

преку подигнување на интегритетот, професионалноста и стручноста на судиите. Ќе воведеме нови критериуми за избор на судиите, нови критериуми за избор на претседателите на судовите, ќе ги подигнеме критериумите за унапредување на судиите, за евалуација на нивната работа, како и критериумите за утврдување одговорност на судиите и на претседателите на судовите врз построги законски основи. Ќе биде предвидена и зголемена улога на судиите при кандидирањето и изборот на судиите за конкретни судиски функции.

Рок: 2021 година.

## ПРОЕКТ 3. КВАЛИТЕТНО ПРАВНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, ОБЈЕКТИВЕН ПРАВОСУДЕН ИСПИТ И МОДЕРНА АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

ВМРО-ДПМНЕ ќе го врати писменото полагање на правосудниот испит, просечната оценка од најмалку (8) на редовните студии и на мастер студиите, како и обврската за задолжително поседување меѓународен сертификат или сертификат за познавање на еден светски јазик од соодветен факултет на сите кандидати за судии и јавни обвинители.

Нема независност и интегритет на правосудството ако останат сегашните критериуми за избор и унапредување на судиите и на обвинителите. Само најдобрите кандидати ќе можат да продолжат на Академија. Ќе ги подобриме правничките вештини во практика и ќе ги подигнеме критериумите за прием на кандидатите во Академијата за судии и јавни обвинители. Ќе ги зајакнеме човечките ресурси и капацитетите на Академијата за теоретски и емпириски истражувања, вклучително и критички студии од областа на јавното и приватното право, информациска поддршка (хардвер и софтвер) за потребите на администрирањето и подобрувањето на работата на судските органи. Ќе биде усвоена посебна програма за обука на кандидатите за судии и посебна програма за обука на кандидатите на јавните обвинители.

Рок: 2021 година.

## ПРОЕКТ 4. СУДИИ СО ИНТЕГРИТЕТ НАМЕСТО СУДИИ – ПАРТИСКИ ПОСЛУШНИЦИ

Формирање посебно тело за евалуација, интегритет и етика на судиите и на членовите на Судскиот совет во рамките на Советот. Ова тело ќе врши полугодишна и годишна евалуација на работата, на професионалниот развој, на интегритетот и етичноста на судиите, ќе предлага мерки за постапување на Советот при добиена негативна оценка на судијата, како и ќе предлага мерки за решавање на случаите на корупција, конфликт на интереси, непотизам и утврдување одговорност на судиите и на членовите на Судскиот совет. Два последователни негативни извештаи од евалуацијата на работата на судија ќе бидат основа за утврдување негова/

нејзина одговорност. Ќе биде воведен нов модел и посебни правила за мерење на професионалната етика на судиите преку утврдување механизми за заштита и унапредување на етиката во судската практика.

Рок: 2021 година.

## ПРОЕКТ 5. СЛОБОДА ЗА НЕПРАВЕДНО ОСУДЕНИТЕ ВО ПОЛИТИЧКИ МОНТИРАНИТЕ СЛУЧАИ

ВМРО-ДМНЕ секогаш ги брани граѓаните од нанесените неправди. Ќе развиеме нови механизми на транзициска правда во правниот систем во согласност начелото на владеење на правото, стандардите и добрите практики на земјите членки на ЕУ, а со цел заштита на човековите права и слободи. Ќе биде применет инструментот „потрага по вистината“ (“truth-seeking”/”fact-finding”) во елиминирањето на селективната правда и во решавањето на случаите со неправедно осудените лица во политички монтираните процеси. Ќе се разгледаат сите можности за воведување ветинг во правосудството при што како основен критериум за утврдување одговорност на судија/обвинител во процесот на ветингот ќе биде констатираното неколкугодишно кршење на човековите права и слободи на граѓаните во јавнообвинителските и судските постапки.

Рок: 2021 година.

## ПРОЕКТ 6. СУДСКА АМИНИСТРАЦИЈА ПО ЕВРОПСКИ ТЕРК

Зајакнување на ефективноста и ефикасноста во работата на судската администрација заснована врз управување базирано на знаење, вклучително и унапредувањето на електронското управување со предметите. Утврдување униформна методологија за водење статистика на сите судски постапки и донесени пресуди. Унапредување на процесот на објективно управување со работата на судовите преку децентрализирана внатрешна организација и развивање принцип на саморегулација (учество на сите судии во управување со судовите наместо досегашната доминантна позиција на претседателот на судот).

Рок: 2021 година.

## ПРОЕКТ 7. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА СУДСТВОТО

Поквалитетен пристап до правдата на сите физички и правни лица во Македонија. Изработка на посебна судска карта во која ќе бидат внесени сите основни, апелациски, управни судови, како и Врховниот суд на државата, и унапредување на информатичката инфраструктура и ИТ-поврзувањето на судските органи со цел зголемување на ефикасноста во судството и информираноста на граѓаните за работата на судиите.

Воведување електронски систем за прием на документи во судството

преку кој на обвинителите и адвокатите ќе им биде овозможено да вршат електронска достава на документацијата до судовите, а со цел заштеда на време, ресурси, олеснување на начинот на комуникација меѓу учесниците во судските постапки и зголемување на транспарентноста во постапувањето.

Рок: 2021 година.

## **ПРОЕКТ 8.** ПОЛЕСЕН ПРИСТАП ДО СУДОТ И ПРАВДАТА ПРЕКУ НАМАЛУВАЊЕ НА СУДСКИТЕ ТАКСИ

Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе се залага за намалување на судските трошоци на граѓаните за остварување на заштитата на нивните права по судски пат. Процентот на намалувањето на судските такси ќе биде утврден врз основа на претходно направена анализа на висината и одржливоста на судскиот буџет.

Рок: 2021 година.

## **ПРОЕКТ 9.** ЗАЈАКНУВАЊЕ НА АКТИВИЗМОТ НА ВРХОВНИОТ СУД

Врховниот суд мора да добие зајакната позиција во судскиот систем на државата во согласност со принципот на негова највисока хиерархиска поставеност меѓу судовите. Со измена на законот за судовите ќе бидат формирани две нови одделенија во рамките на Врховниот суд: Одделение за судска практика и правна информатика и Одделение за следење на судската пракса на Европскиот суд за човекови права.

Овие две одделенија ќе имаат обврска да ја следат воедначеноста на судската практика на територијата на Македонија, како и примената на судската практика од Европскиот суд за човековите права од страна на македонските судови. Одлуките, мислењата и напатствијата што овие две одделенија ќе им ги дадат на пониските судови ќе имаат задолжителен карактер.

Рок: 2021 година.

## **ПРОЕКТ 10.** ВОВЕДУВАЊЕ НА ИНСТИТУТОТ ИЗДВОЕНО СУДСКО МИСЛЕЊЕ ВО СУДСКИТЕ ОДЛУКИ

Во Македонија, институтот издвоено судско мислење е применет само во работата на Уставниот суд. Потребата од воведување на овој институт кога одлуката ја носат судии во судски совети, меѓу другото, е поврзана и со зголемување на одговорноста на судиите. Издвоените судиски мислења ќе се даваат во форма на малцински извештај во граѓанските, кривичните и управните предмети. Тие ќе бидат израз на принципот на слободно судиско уверување на секој судија во форма на несогласување на еден или повеќе судии со мнозинското мислење кое преовладало во

Судот, а врз основа на кое била донесена одлука спротивна на издвоеното мислење. Посебното издвоено мислење ќе биде прикачено кон предметот, без обврска за негова примена. Овие мислења нема да бидат дел од судската практика во земјата, но неговото значење ќе биде во тоа што ќе може да се користи пред повисоките судски инстанци и во постапката на утврдување одговорност на судиите.

Рок: 2021 година.

## ПРОЕКТ 11. ЕФЕКТИВЕН И НЕЗАВИСЕН УСТАВЕН СУД

Реформата на Уставниот суд во согласност со добрите европски практики и европските стандарди е неопходна. Доколку ВМРО-ДПМНЕ има потребно 2/3 мнозинство за измени на Уставот ќе предложи измени во начинот на изборот на уставните судии, ќе ги прошири уставните надлежности на Судот (оценка на уставноста на уставните амандмани, толкување на уставни норми, превентивна и дополнителна контрола на уставноста на меѓународните договори, постапување по покрената акцесорна постапка од страна на редовните судови), ќе предвиди да се донесе посебен Закон за Уставниот суд во кој ќе биде утврдена нова внатрешна организација на Судот (кривичен, граѓански и управен оддел), ќе се зајакнат човечките и материјалните капацитети на Судот, механизмите за негово постапување, и слично. Со законот ќе се спречи селективно постапување на Судот по однос на поднесените иницијативи, ќе се засили постапувањето на Судот по службена должност, ќе се воведат стриктни рокови за задолжително постапување по сите поднесоци на граѓаните, ќе се воведе уставна тужба за заштита на човековите права и слободи итн.

Доколку Уставниот суд постапувајќи по уставните тужби поднесени од граѓаните констатира дека конкретен судија континуирано крши човекови права и слободи ќе го активира правото да му предложи на Судскиот совет утврдување негова одговорност како основ за разрешување.

Ако Уставниот суд утврди повреда на човекови права со поединечен акт донесен од државен орган, ќе има право да ја укине спорната одлука и предметот ќе го врати на повторно постапување. Ако во постапката по уставната тужба, Уставниот суд процени дека спорниот поединечен акт е заснован на неуставен закон или подзаконски акт, покрај укинување на поединечниот акт, Судот ќе го поништи и неуставниот закон или подзаконски акт. Сите постапки пред Уставниот суд ќе бидат итни и приоритетни, ослободени од судски и административни такси и плаќања.

Рок: 2021 година.

## ПРОЕКТ 12. НОВ ЗАКОН ЗА ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

Донесување нов Закон за јавното обвинителство изработен од домашни експерти по уставно и казнено право, целосно усогласен со Уставот и европските препораки и стандарди. Воспоставување независно јавно

обвинителство преку подигнување на критериумите за избор на јавните обвинители.

ВМРО-ДПМНЕ ќе ги подигне критериумите за избор и унапредување на обвинителите, ќе внесе нов начин на евалуација на работата на обвинителите и критериумите за утврдување нивна одговорност. Ќе биде извршена специјализација на јавните обвинители согласно праксата во европските држави за случаите поврзани со корупција, кривични дела сторени од високи функционери, перење на пари и слично.

Рок: 2021 година.

## ПРОЕКТ 13. ИНТЕГРИТЕТ И ОДГОВОРНОСТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

Ќе формираме посебно тело за евалуација, интегритет и етика на јавните обвинители и на членовите на Советот на јавните обвинители кое ќе: врши евалуација на работата на јавните обвинители, поднесува иницијативи за поведување постапка за утврдување одговорност на обвинителите и на членовите на Советот пред надлежните органи и предлага мерки за спречување на случаите на корупција, конфликт на интереси и непотизам. Ќе воведеме модел и ќе развиеме посебни правила за професионална етика на јавните обвинители со утврдување механизми за заштита и унапредување на етиката во јавнообвинителската практика.

Рок: 2021 година.

## ПРОЕКТ 14. СОВРЕМЕНА ЈАВНООБВИНИТЕЛСКА АДМИНИСТРАЦИЈА И ЈАКНЕЊЕ НА ИСТРАЖНИТЕ ЦЕНТРИ

Ќе ја зголемиме ефективноста и ефикасноста во работата на јавнообвинителската администрација заснована врз управување базирано на знаење. Ќе утврдиме униформна методологија за водење статистика на јавнообвинителското постапување. Јакнење на аналитичкиот капацитет на Советот на јавните обвинители во планирањето и администрирањето на јавнообвинителската работа. Ќе ги зајакнеме истражните центри на јавното обвинителство преку нивно техничко, финансиско и кадровско екипирање. Кадровското екипирање ќе опфати стручни лица од различни области (право, психологија, економија, криминалистика и др). Со овие истражни центри ќе се овозможи ефективна и ефикасна борба особено со организираниот криминал и високата корупција. Ќе се формираат истражни центри во секое основно јавно обвинителство.

Рок: 2021 година.

## **ПРОЕКТ 15.** УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ МЕХАНИЗМИ ЗА ЗАЕДНИЧКО ДЕЛУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО И ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

Ќе ги зајакнеме човечките и финансиските ресурси на ДКСК. Ќе воспоставиме систем на следење на случаите на висока корупција и криминал. Ќе пристапиме кон измена и дополнување на кривичното законодавство и законот за спречување на корупција и судир на интереси.

Рок: 2021 година.

## **ПРОЕКТ 16.** НОВО ИЗБОРНО ЗАКОНОДАВСТВО И ГЛАСАЊЕ НА ДИЈАСПОРАТА

ВМРО-ДПМНЕ ќе предложи донесување на нов Изборен законик. Во него ќе биде предвиден модел на електронско гласање на дијаспората, ќе биде преиспитан изборниот модел за избор на пратеници и советници на локално ниво, ќе се изврши прецизирање на изборните единици, ќе биде внесен институтот отповикување на градоначалници и основите и начинот за негово активирање, ќе биде предвиден нов модел на изборна администрација, нови превентивни механизми за спречување на изборните нерегуларности, целосно ќе бидат имплементирани препораките на ОБСЕ-ОДИХР, ќе биде предвиден нов модел за финансирање на изборната кампања, ќе се допрецизираат казните и прекршочните одредби во Изборниот законик и во Кривичниот законик и слично.

Рок: 2021 година.

## **ПРОЕКТ 17.** КОДИФИКАЦИЈА НА ГРАЃАНСКОТО И ТРГОВСКОТО ПРАВО

Ќе го завршиме процесот на кодификацијата на граѓанското право и изработка на нов Трговски законик. Ќе основаме специјализирани трговски судови надлежни за споровите од статусното и договорното право, стечајната постапка, нелојалната конкуренција и интелектуалната сопственост.

Рок: 2022 година.

## **ПРОЕКТ 18.** ПРОФЕСИОНАЛНОСТ, НЕЗАВИСНОСТ И ОДГОВОРНОСТ НА ВЕШТИТЕ ЛИЦА

Ќе воведеме измени во Законот за вештачење со дефинирање прецизни правила за гарантирање на стручноста, независноста и одговорноста на еден вештак, како пред својата професионална фела, така и пред државните институции со цел обезбедување објективност на судските постапки.

Рок: 2021 година.

## ПРОЕКТ 19. МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ЗЛОУПОТРЕБА НА ПРИТВОРОТ

Целосно ќе го усогласиме Законот за кривичната постапка со принципите и заложбите на Европскиот суд за човекови права во насока на примена на други мерки за обезбедување присуство на обвинетиот.

Рок: 2021 година.

## ПРОЕКТ 20. ПРОВЕРКА НА ИМОТНАТА СОСТОЈБА НА НОСИТЕЛИТЕ НА ЈАВНИ ФУНКЦИИ

Со донесување нов Закон за проверка на имотната состојба на носителите на јавни функции, како и на судиите и јавните обвинители ќе се утврдат случаите за противправно несразмерно зголемување на имотот на носителите на јавните функции, како и основите за нивната одговорност.

Рок: 2021 година.

## ПРОЕКТ 21. ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА ЗА КОНФИСКАЦИЈА НА НЕЛЕГАЛНО СТЕКНАТ ИМОТ И ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ

Ќе ја ревидираме и унапредиме законската рамка за конфискација на нелегално стекнат имот со цел олеснување на постапката за одземање на имотот. Со измени на законската регулатива ќе се подигнат стандардите за управување со одземениот имот во корист на државата. Периодично јавно ќе се публикува список на одземен имот во корист на државата, податоци за вредноста на имотот, начинот на кој се управува со истиот и крајните корисници на кои им е доделен без надомест. За полесен пристап на граѓаните до овие информации целосно ќе се имплементира софтверско решение за евиденција на конфискуваниот имот.

Рок: 2021 година.

## ПРОЕКТ 22. ЗАШТИТА НА ГРАЃАНИТЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ЗАСТАРЕНИ ПОБАРУВАЊА

Барањата за наплата на долговите на граѓаните за комунални и други услуги кои застаруваат за една година (вода, електрична енергија, топлинска енергија и сл.), а за кои бил поднесен платен налог или тужба, веднаш ќе бидат отфрлани со службена оцена на нотарот или судот кој постапува.

Ќе биде укината обврската граѓаните да поднесуваат приговор за застареност на долговите. Со оваа мерка ќе се спречи доведување во заблуда на граѓаните дека се обврзани да ги платат застарените долгови само затоа што не истакнале приговор за застареност на побарувањата за комуналните сметки.

За сите други долгови, односно останатите видови побарувања, нотарите и судовите ќе бидат обврзани писмено да го известат должникот дека се работи за застарено побарување и дека тој може да се повика на застареност со што практично ќе биде ослободен од обврската за плаќање на застарениот долг.

Рок: крајот на 2020 година.

## ПРОЕКТ 23. СТОП ЗА ВРТОГЛАВОТО ТРУПАЊЕ НА КАМАТИТЕ ЗА СИТЕ ДОЛГОВИ НА ГРАЃАНИТЕ ШТО НЕ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД КРЕДИТИРАЊЕТО ОД ФИНАНСИСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Со воведување приоритет на исплата на главниот долг, а потоа плаќање на точно утврдената реална камата ќе се овозможи долговите на граѓаните да бидат полесно отплатливи, со што ефикасно ќе се решат најголем дел од финансиските проблеми на граѓаните. Оваа мерка ќе го елиминира бесконечното течење на каматата и вртоглавото зголемување на долговите на граѓаните и ќе придонесе за спречување на нарушувањето на благосостојбата на граѓаните предизвикано од блокирањето на нивните сметки.

Со цел дополнително да се намалат каматите, кај долговите на граѓаните како физички лица, пресметувањето на каматата ќе се однесува само за определен временски период, кој нема да биде поголем од времето потребно за застарување на побарувањето. На пример, кај долг за комуналните услуги, камата ќе се пресметува најмногу за една година, дури и во случаи кога граѓаните се тужени за наплата на долгот.

Рок на имплементација: крајот на 2020 година.

## ПРОЕКТ 24. КАЗНУВАЊЕ НА ЗЛОУПОТРЕБИТЕ ВО ИЗВРШУВАЊЕТО

Манипулациите во извршувањето од кои страдаат граѓаните ќе бидат спречени со измена на Кривичниот законик преку воведување посебно кривично дело „Злоупотреба на извршувањето“. Казниви ќе бидат сите дејствија со кои учесниците во постапката за извршување злонамерно ја спровеле постапката, стекнувајќи за себе противправна имотна корист или предизвикувајќи штета на граѓаните.

Рок на имплементација: 2021 година.

## ПРОЕКТ 25. УСТАВНО ГАРАНТИРАНОТО ПРАВО НА ДОМУВАЊЕ НА ГРАЃАНИНОТ Е ПОСИЛНО ОД КОЈ БИЛО ДОЛГ

Освен во случаите на хипотекарно обезбедените побарувања, ќе се укине извршувањето врз недвижност која е единствен дом на граѓанинот.

Оваа мерка се применува само кога се извршува по основ на наплата на паричен долг кога врз недвижноста не постои заложно право. Доколку недвижноста се употребува за домување на граѓанинот-должник, нема да биде возможно одземање на недвижноста заради наплата на долг, без оглед која е висината на долгот.

Рок на имплементација: 2021 година.

## ПРОЕКТ 26. НАМАЛУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ВО ПОСТАПКИТЕ ПРЕД НОТАРИ И ИЗВРШИТЕЛИ

Ќе се разгледа можноста за намалување на дел од трошоците и наградите за работењето на нотарите и извршителите. Воедно ќе се скратат и сите трошоци кои се наплаќаат од граѓаните, а не се неопходни и го оптоваруваат буџетот на граѓаните. Намалените нотарски и извршителски трошоци во постапката на наплата на побарувањето ќе се намируваат последни.

Рок: 2021 година.

## ПРОЕКТ 27. ЕФИКАСНА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ИНОВАТОРИТЕ И НА АВТОРИТЕ

ВМРО-ДПМНЕ води посебна сметка за афирмација и стимулирање на македонските иноватори и на авторите и за заштита на носителите на правата од индустриска сопственост и на авторското право и сродните права. Ефектуирањето на заштитата ќе опфаќа измени на македонското законодавство за целосна имплементација на стандардите на Европската унија, посебно во однос на колективното управување на авторските и сродните права.

Ќе биде донесен посебен Закон за ефикасна заштита на правата од интелектуална сопственост, кој ќе ги опфаќа специфичните овластувања на органите на државната управа и организациите со јавни овластувања (посебно инспекторатите и регулаторните тела) во случаите на повреда на правата од интелектуална сопственост.

На институционален план ќе се преземат мерки за унапредување на услугите на Државниот завод за индустриска сопственост според европските добри практики. Ќе прекине институционалното и кадровско запоставување на авторското право од страна на Министерството за култура. Ќе биде развиена квалитетна информациска платформа за размена податоци на државните органи надлежни за ефикасна заштита на правата од интелектуална сопственост.

Во соработка со партнерски институции од земји членки на Европската Унија, приоритет ќе биде ставен на стручните обуки и поддршката на сите чинители од областа на интелектуалната сопственост (пронаоѓачи, автори, уметници-изведувачи, радиодифузни организации, судии, адво-

кати, обвинители, застапници, инспектори, менаџери). Преку конкретни проекти со бизнис-заедницата ќе биде ставен посебен фокус на утврдувањето на економската вредност на правата од интелектуална сопственост како дел од имотот на компаниите.

Рок: 2021 година.

## ПРОЕКТ 28. ГЕОГРАФСКИТЕ НАЗИВИ И ТРГОВСКИТЕ МАРКИ НА МАКЕДОНСКИТЕ ПРОИЗВОДИ – ДЕЛ ОД МАКЕДОНСКИОТ ИДЕНТИТЕТ

Ознаките на производите се значајна алатка за развој на македонската економија, но и дел од македонскиот индентитет. Централно место ќе има заштитата на трговските марки и географските називи на македонските производи. Преку мерки за поддршка на бизнис-заедницата ќе се интензивира практиката на нови колективни трговски марки, географски ознаки и ознаки на потекло, во согласност со националното законодавство, но и опциите во меѓународните инструменти за индустриска сопственост. Мерките имаат за цел надминување на сегашната потчинета положба на македонските производи во регионот и постојните слабости во промоцијата ширум светот.

Рок: 2021 година.

## ПРОЕКТ 29. НАДЗОР НАД ОРГАНИЗИРАЊЕТО НА ИГРИТЕ НА СРЕЌА И СПРЕЧУВАЊЕ НА ЗЛОУПОТРЕБИТЕ

Имајќи го предвид огромниот финансиски обем на дејноста игри на среќа, Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе основа Агенција за супервизија на приредувањето на игрите на среќа заради стручен и засилен надзор над приредувачите на игрите на среќа, заштита на учесниците во игрите на среќа од евентуални злоупотреби и создавање услови за рамноправен пазарен натпревар меѓу приредувачите.

Рок на имплементација: крајот на 2020 година.

## ПРОЕКТ 30. ПОДОБРУВАЊЕ НА КОРПОРАТИВНАТА КОНКУРЕНТНОСТ

Воведување ефикасен механизам за транспарентност во доделувањето на државна помош на компаниите и спречување на злоупотреба на случаите на доминантната положба на пазарот посебно во случаите при преземањето на трговските друштва без претходно одобрение од органот на управување на компанијата што се презема. Зголемување на административниот капацитет, кадровската екипираност и буџетска поддршка на Комисијата за заштита на конкуренцијата со цел унапредување на нејзината независност.

Рок: крајот на 2020 година.

## ПРОЕКТ 31. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

Ќе се изврши целосно усогласување на законската регулатива со европското законодавство со посебен фокус на ЕУ Директивата за безбедност на производите. Ќе се овозможи поддршка на заштита на потрошувачите преку доделување државни грантови, ќе се поттикне примената на медијацијата и намалувањето на нејзините трошоци. Ќе се развие сеопфатна веб-платформа со информации за граѓаните за правата на потрошувачите.

Рок: крајот на 2020 година.

## ПРОЕКТ 32. ЗАШТИТА НА МАЛЦИНСКИТЕ АКЦИОНЕРИ И РАЗВИВАЊЕ НА АКЦИОНЕРСКАТА ДЕМОКРАТИЈА

Ќе се преземат мерки за спречување на злоупотребата при откупот на сопствените акции на компанијата особено при нивното користење како влог во создавање на нова компанија или злоупотребите при поништувањето на сопствените акции. Ќе се изврши ревизија на сите досегашни практики од овој вид.

Рок на имплементација: 2021 година.

## ПРОЕКТ 33. СПРЕЧУВАЊЕ НА ЗЛОУПОТРЕБИТЕ ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Основање на Совет за јавни набавки кој ќе дава претходна согласност на договорните органи за распишување оглас за јавна набавка чијашто вредност надминува 20.000 евра за набавка на стоки и услуги, односно 50.000 евра за градежни работи. Ќе се изврши ревизија на сите сомнителни постапувања при јавните набавки во последните три години.

Рок: 2021 година.

## ПРОЕКТ 34. ЗАБРЗУВАЊЕ НА УПРАВНИТЕ ПОСТАПКИ

Ќе се воведе задолжителна обврска за Управниот суд да донесе мериторна одлука кога постапува по прв пат. Со ваквата обврска на Управниот и на Вишиот управен суд ќе се овозможат ефикасни и ефективни управни постапки од кои најголема корист ќе имаат граѓаните посебно имајќи предвид дека во практиката управните постапки траат многу долго. Ќе биде ограничено времетраењето на управната постапка со максимален рок на постапување пред управните судови од 6-9 месеци во прв и втор степен.

Рок: 2021 година.

## ПРОЕКТ 35. ПОЛЕСЕН НАЧИН НА ПРИБАВУВАЊЕ НА ДОКАЗИ ВО УПРАВНИТЕ ПОСТАПКИ

Ќе биде олеснет начинот на докажување во управните факти, посебно на доказите кои се во службената евиденција на надлежен државен орган или организација. Наместо обврската да се прибавуваат овие докази на товар на граѓаните, истата ќе ја преземат органите што постапуваат во конкретна управна постапка.

Рок: 2021 година.

## ПРОЕКТ 36. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ДРЖАВНИОТ УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

Преку зајакнување на капацитетите на Државниот управен инспекторат ќе се спречат повредите во управната постапка од органите што постапуваат.

Рок: 2021 година.

## ПРОЕКТ 37. НОВА ПРЕКРШОЧНА ПОЛИТИКА – ПРЕВЕНЦИЈА ПА КАЗНА

Прекршочната политика ќе се води по системот превенција па казна. Ќе се утврди нов модел на работење на трудовата и на пазарната инспекција врз основа на системот усно укажување на евидентираните неправилности во работењето на правното лице, период за нивно отстранување, па дури потоа казна. Казната ќе следи само во случај кога неправилноста не е исправена во конкретен рок и ако истата и натаму се повторува од страна на правното лице.

Нова прекршочна политика ќе биде утврдена и кај сообраќајните прекршоци. Ќе се примени системот на мали, но ефективни казни, односно десеткување на сегашниот систем на казни. На пример, сегашната казна за сообраќаен прекршок од 300 евра во денарска противвредност ќе биде заменета со казна од 30 евра во денарска противвредност. Системот на мали, но ефективни казни ќе придонесе кон намалување на корупцијата, ослободување на институциите од прекумерни предмети кои чинат пари и време, и ќе помогне во јакнењето на свеста на граѓаните за почитувањето на правниот систем.

Рок: крајот на 2020 година.

## ПРОЕКТ 38: ЗАКОН ЗА ПОТЕКЛО НА ИМОТОТ

Со цел подобра борба против корупцијата, ќе донесеме нов Закон за потело на имотот. Тим експерти ќе бидат задолжени во рок од 6 месеци да ги разгледаат најдобрите европски и светски практики и предложат Закон, кој ќе влее доверба во граѓаните.

Рок: 2021 година

# ОБНОВА НА МАКЕДОНСКИОТ ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ – ГРАДИМЕ ОДГОВОРНИ, СИЛНИ И ТРАНСПАРЕНТНИ ПОЛИТИЧКИ ИНСТИТУЦИИ!

1. Правната несигурност во Македонија има силно негативно влијание и врз политичкиот систем. Политичките институции и државните органи се во заложништво на тесна политичко-криминална клика во власта. Поради зависничкиот, сервилниот и поданички однос на институциите кон криминалната власт, тие секојдневно го губат професионалниот интегритет, легитимитет и кредибилитет кај граѓаните.

2. ВМРО-ДПМНЕ ја согледа потребата да внесе нов стил на политичко лидерство и менаџирање на државата преку одговорно, чесно и принципиелно управување со државните капацитети. ВМРО-ДПМНЕ ќе промовира политика на помирување и на соработка. Трајниот соживот меѓу граѓаните и културата на меѓусебно почитување и дијалог се вредности што мора да бидат возобновени и унапредени.

3. **Како одговорна и модерна партија, ВМРО-ДПМНЕ нуди нов политички концепт за обнова на државата преку јакнење на индивидуалната и колективна одговорност и преку засилување на интегритетот на политичките институции.** Институциите мора да работат во согласност со начелото на владеење на правото, а не според партиските директиви. Институциите мора да **обезбедат еднаква и неселективна примена на законите** како најсилен кохезивен фактор и генератор на општествената и економската стабилност и развој на државата. Без владеење на правото и без одлучна, неселективна и бескомпромисна борба против корупцијата, нема економски раст и развој на Македонија.

   Секоја политика која не е придружена со доследна примена на законите и антикорупциските механизми, наместо развој и правда генерира уназадување и неправда.

4. **ВМРО-ДПМНЕ ќе ја врати вредноста на принципот „национален консензус“ во политичкиот систем.** Ќе настојуваме во водењето на политиката да се постигнува што е можно посеопфатен политички консензус при креирањето и реализацијата на проектите и политиките со долгорочно значење и вредност за државата. Веруваме во политичкиот и граѓанскиот дијалог како најдобар начин за справување со проблемите и предизвиците на земјата.

5. **ВМРО-ДПМНЕ** се обврзува **да создава политики во насока на што е можно поголема деполитизација и департизација на државната управа, како и политики за зајакнување на нејзината транспарентност, одговорност, етичност и отчетност. Веруваме во изградба на професионална и одговорна** државна и јавна администрација како сервис на граѓаните.

6. **Зајакнувањето на цивилното општество и на граѓанските здруженија и организации е клучот за изградба на успешен и квалитетен политички систем. ВМРО-ДПМНЕ** верува во независни и политички ослободени граѓански организации кои ќе ја играат улогата на непристрасни и вистински контролори на работата на политичките институции.

**ВМРО-ДПМНЕ својата политика на градење одговорни, чесни, отчетни и транспарентни институции ќе ја оствари преку реализација на следниве проекти:**

- ОДГОВОРНО И СИЛНО СОБРАНИЕ НА МАКЕДОНИЈА

## ПРОЕКТ 1. СОБРАНИЕТО НА МАКЕДОНИЈА – ШКОЛА ЗА ДЕЛИБЕРАТИВНА ДЕМОКРАТИЈА

ВМРО-ДПМНЕ ќе предложи менување на Законот за собранието и деловникот на собранието во насока на допрецизирање на случаите кога може да се носат закони по скратена и по итна постапка, случаите на употреба на европското знаменце, како и утврдување конкретна одговорност во случај на непочитување на деловничките одредби. Редовната постапка за донесување на законите мора да биде правило, а скратената и итна постапка исклучок. Дадените препораки од Венецијанската комисија и од ГРЕКО за подобрување на предлог и нацрт-законите мора да бидат почитувани и интегрирани во законите. Ќе биде прецизирана деловничка обврска за задолжително вклучување на експертската и стручната јавност, како и на граѓанските организации во работата на собраниските комисии. Измените на Деловникот ќе бидат во насока на враќање на демократскиот дигнитет на Собранието кое наместо досегашната „вежбална за брзо кревање на раце, или вежбање на брзи прсти" ќе биде трансформирано во школа за делиберативна демократија.

Рок: 2021 година.

## ПРОЕКТ 2. НАМАЛУВАЊЕ НА ПАТНИТЕ ТРОШОЦИ НА ПРАТЕНИЦИТЕ

ВМРО-ДПМНЕ ќе ја предложи европската формула за признавање само на најниските патни трошоци на пратениците во Собранието со цел враќање на довербата на граѓаните во своите претставници.

Рок: веднаш.

## ПРОЕКТ 3. КОНТРОЛИРАНИ ИНСТИТУЦИИ – СИЛЕН ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ

Во функција на зајакнување на контролната функција на пратениците врз Владата, ВМРО-ДПМНЕ ќе предложи, наместо еднаш месечно, пратеничките прашања да се поставуваат еднаш неделно, како и ќе биде утврден

посебен ден во неделата на кој на пратеничките прашања ќе одговара само претседателот на Владата.

Ќе биде предвидено на барање од најмалку петнаесет пратеници, Собранието да мора да организира јавна расправа по одреден предлог или нацрт-закон. Предлагаме воведување посебен институт за задолжителна јавна расправа доколку истата е побарана од најмалку 15 пратеници. Почестото организирање на јавни расправи за предлог или нацрт-законите ја зајакнува одговорноста и транспарентноста на Собранието кон избирачите и ја зголемува нивната соработка и поврзаност.

Рок: 2021 година.

## ПРОЕКТ 4. ПАРЛАМЕНТАРЕН НАДЗОР ВРЗ РАБОТАТА НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕГУЛАТОРНИ, НАДЗОРНИ И СОВЕТОДАВНИ ТЕЛА.

Воведување можност Собранието, на барање од најмалку десет пратеници да може да побара посебен извештај за работата на овие тела за одреден временски период, како и извештај за преземените активности за одреден предмет од нивна надлежност, како и да иницира утврдување одговорност врз основа на наодите од спроведениот надзор. За спроведување на оваа мерка потребно е да се направат законски измени во законите што ја регулираат работата на овие тела, во Деловникот на Собранието, како и во Законот за собранието.

Рок: 2021 година.

## ПРОЕКТ 5. НЕЗАВИСНА ПАРЛАМЕНТАРНА СЛУЖБА

Заради поголема професионалност, независност, компетентност и стручност на вработените во Собранието, ВМРО-ДПМНЕ ќе предложи одвојување на парламентарната служба од останатата администрација со носење посебен Закон за парламентарна служба по примерот на повеќе европски држави.

Рок: до крајот на 2020 година.

## ПРОЕКТ 6. ПРАТЕНИЦИ ПОБЛИСКИ ДО ГРАЃАНИТЕ – ЗГОЛЕМЕНА КОМУНИКАЦИЈА НА СОБРАНИЕТО СО ГРАЃАНИТЕ

Собранието треба да овозможи подобро функционирање на механизмите за вклучување на јавноста и на граѓаните во процесот на работата. Ова може да се постигне, меѓу другото, и со натамошна едукација на граѓаните за вклучување во јавните дискусии, како и иницирање надзорни расправи. Собранието треба да обезбеди доволно време за вклучување на заинтересираните страни во овие процеси. Во оваа смисла, предлагаме зголемување на активностите на пратениците со граѓаните. Редовна ко-

муникација со граѓаните од изборната единица од каде што се избрани пратениците. Заживување на пратеничките канцеларии за комуникација со граѓаните и подобрување на условите за работа на канцелариите. Организирање трибини или „отворен ден“ на пратениците. По донесување на одреден закон од пошироко значење за граѓаните, пратениците ќе имаат обврска да одржат трибини и други јавни активности со граѓаните.

Рок: 2021 година.

## ПРОЕКТ 7. МОДЕРНА, ПРОФЕСИОНАЛНА И СИЛНА ВЛАДА НА МАКЕДОНИЈА

**ВМРО-ДПМНЕ се залага за модерна, професионална и ефикасна влада на РМ.** Обновата на државата не е можна без кратење на јавната потрошувачка во насока на редуцирање на министрите без ресор. Со ресорите на владата што ќе ја формира ВМРО-ДПМНЕ со коалицијата ќе раководат министри-експерти во своите области со оглед на предизвикот за креирање најдобри јавни политики во функција на создавање јавни вредности. При формирањето на Владата, во духот на родовата сензибилност и еднаквост, 40% од составот на министрите ќе бидат жени. Претседателот на Владата ќе ја намали листата на ангажирани домашни и странски експерти кои нема како досега да бидат со редовен ангажман и редовна исплата, туку ќе бидат ангажирани ad hoc.

Рок: веднаш.

## ПРОЕКТ 8. СТРУЧНИ, А НЕ ПАРТИСКИ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИТЕ И НАДЗОРНИТЕ ОДБОРИ

ВМРО-ДПМНЕ ќе предложи членовите на управните и надзорните одбори да се именуваат според нивната стручност во соодветните области, а не според партиската блискост. Исто така, ќе предложи рационализација на бројот на членовите во управните и надзорните одбори, како и намалување на надоместокот за нивен ангажман.

Рок: до крајот на 2020 година.

## ПРОЕКТ 9. МОДЕРНА И ПРОФЕСИОНАЛНА ДРЖАВНА И ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе инсистира регрутирањето на кадрите во државната и јавната администрација да се врши според merit system, наместо по досегашниот spoil system. Департизацијата и деполитизацијата на администрацијата е клучна за подигнување на квалитетот на нејзината работа.

Рок: 2021 година.

## **ПРОЕКТ 10.** ЗАКОН ЗА СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ КОИ ПРИПАЃААТ НА СИТЕ ЗАЕДНИЦИ

ВМРО-ДПМНЕ ќе предложи законско прецизирање на темелната уставна вредност „соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници", во согласност со принципот на афирмативна акција. Причината на донесување на овој закон лежи во констатираниот клиентелизам, корупција и криминал, кога носители на „бели крагни" (во администрацијата) не се луѓе избрани на конкурс преку почитување на начелото на компетентност и знаење, туку единствено врз основа на примена на етнички клуч.

Рок: 2021 година.

## **ПРОЕКТ 11.** НОВ ЗАКОН ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ДРЖАВАТА

Целта на овој проект е законски да се допрецизираат одредбите што се однесуваат на статусот, функциите, надлежностите и обврските на претседателот на државата, како и конкретизација на односите меѓу претседателот на државата и Владата, од една, и претседателот на државата, Владата и Собранието, од друга страна.

Рок: до крајот на 2021 година.

## **ПРОЕКТ 12.** НОВ ЗАКОН ЗА СОВЕТОТ ЗА НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ

Советот за национална безбедност како уставна категорија мора да добие законско допрецизирање. За таа цел ќе биде подготвен нов закон каде ќе бидат регулирани сите прашања поврзани со внатрешната организација, делокругот и работата на Советот.

Рок: до крајот на 2021 година.

## **ПРОЕКТ 13.** НОВ ЗАКОН ЗА РЕФЕРЕНДУМ И ДРУГИ ОБЛИЦИ НА НЕПОСРЕДНО ИЗЈАСНУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ

Постојниот закон е донесен во 2005 година и во досегашната примена воочени се бројни недоследности, бирократизирања на референдумската постапка и намалување на демократскиот капацитет на уставно предвидените облици на непосредно изјаснување на граѓаните. Со новиот закон ќе се либерализира целата постапка на собирање потписи, како и организациските прашања на сите предвидени облици на непосредна демократија. Новиот закон ќе ја следи логиката на демократски иновации во партиципативната демократија и ќе предвиди нови механизми за учество на граѓаните во процесот на донесување одлуки на државно и локално ниво. Нема вистинска демократија без вклучување на граѓаните

во одлучувањето. Нема вистинска демократија без граѓански активизам.

Рок: до крајот на 2021 година.

## **ПРОЕКТ 14.** ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЛОБИРАЊЕТО КАКО ЗАКОНСКИ РЕГУЛИРАН МЕХАНИЗАМ

Овој проект ќе овозможи натамошно допрецизирање и заживување на идејата за формирање посебни лоби групи и здруженија по урнекот на западните демократии. Ќе бидат предложени измени и дополнувања на постојниот Закон за лобирање во насока на зајакнување на улогата на лобистите во процесот на донесување одлуки.

Рок: до крајот на 2021 година.

## **ПРОЕКТ 15.** ЕВРОПСКА ЈАЗИЧНА ПОЛИТИКА ВО МАКЕДОНИЈА СПОРЕД ПОСТОЈНИТЕ ЕВРОПСКИ СТАНДАРДИ И ВРЕДНОСТИ

Ќе биде донесен нов закон за јазиците во согласност со Уставот на Македонија, препораките на Венецијанската комисија во однос на постојниот контроверзен закон за употреба на јазиците, европските документи за малцинските јазици и добрите практики во земјите членки на ЕУ. Во оваа насока ќе биде донесен и нов Закон за употребата на македонскиот јазик.

Рок на имплементација: до крајот на 2020 година.

## **ПРОЕКТ 16.** ПОДИГНУВАЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИТЕ ГРУПИ (КОВЗРГ) НА НИВО НА АГЕНЦИЈА И ОСНОВАЊЕ СОВЕТ ЗА МЕЃУВЕРСКИ ОДНОСИ

Како конзервативна демохристијанска партија, ВМРО-ДПМНЕ се залага за засилена заштита на правната положба и правниот статус на црквата, верските заедници и религиозните групи во Македонија, како и верскиот плурализам во земјата. Во оваа насока, владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе предложи формирање Агенција за уредување на односите со верските заедници и религиозните групи и обезбедување на потребните организациски, финансиски и човечки ресурси. Агенцијата ќе формира посебен Совет за меѓуверски односи, тело во кое ќе членуваат сите регистрирани верски заедници и претставници во државата каде ќе бидат дискутирани и анализирани сите актуелни прашања од оваа област.

Рок: 2021 година.


ФИСКАЛНА СМЕТКА
ВКУПЕН ПРОМЕТ
ВКУПНО ДДВ
ВКУПНО ДДВ Б= 5%
ВО ГОТОВО
ПРОМЕТ ОД МАКЕДОНСКИ ПР.
ДАТУМ 15-06-2020
ДАТУМ 17-06-2020
ЧАС 13:31
ДАТУМ 04-06-2020
ЧАС 11:33
146.00
140.00
450.00
НА КРЕДИТ

# 6. БОРБА СО КОРУПЦИЈАТА И СИВАТА ЕКОНОМИЈА

Според Индексот за перцепција на корупцијата, што го објавува меѓународната организација Transparency International, Македонија во последниве неколку години падна на срамното 106 место од вкупно 180 рангирани земји, што значи дека се наоѓа во втората половина земји според степенот на корупција. Ова мора да се промени! Се обврзуваме во првите две години од мандатот на новата влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ Македонија, според овој показател, да ја поместиме од втората во првата половина рангирани земји во светот, а до крајот на мандатот, да ја приближиме до првата третина најмалку корумпирани земји.

Корупцијата е лицето на сите нечесни политичари во Владата на нашите политички противници. Корупцијата е непријател на сите добри реформи во образованието, економијата, финансиите, здравството, безбедноста итн. Корумпираните политичари и нивните нечесни помошници создаваат состојба на расипано пазарно општество во кое се демотивира конкуренцијата, а предодредени фирми и поединци печалат врз грбот на чесните фирми и граѓани. Корумпираните политичари создаваат преплатени и прескапи проекти, кои ниту квалитетно ќе бидат завршени, ниту пак ќе бидат од полза за обичниот граѓанин. Корумпираните политичари водат политика за себеприсвојување и самобогатење.

Корупцијата создава паралелен систем и го разјадува кревкото ткиво на правосудството. Владеењето на правото станува недостижна цел и сите сме присилени да живееме со новата реалност, дека: корумпирани политичари се претставуваат како лажливи месии, а нивните раце се цели облиени во криминал. Новата реалност ги потиснува сите да дејствуваат во зоната на сива економија, бидејќи државата не може да воспостави соодветно владеење на правилата и прописите. Сите ние, секоја вечер, во оваа наша времена реалност мислиме како да им побегнеме на корумпираните политичари, административци итн. Се бориме да го сочуваме сопственото и сработеното, па макар и функционирале надвор од целокупниот државен платен систем.

Нашата Македонија губи секојдневно поради високата корупција и големиот удел на сивата економија. Корумпираните ги крадат нашите народни пари, а сивата економија го дестимулира плаќањето на даноците. Патиштата се распаѓаат, болниците пропаѓаат, децата одат во училишта без основни материјали за учење, нема хигиенски средства во кој било јавен тоалет во државните институции и училиштата, возилата на првата помош, полицијата и војската се расипани, а некогашниот углед во вршење на државна работа станува засрамувачки.

# МЕРКА 1. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА И ОТЧЕТНОСТА ВО РАБОТЕЊЕТО НА ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Едноставниот пат по кој треба да појдеме за да ја победиме корупцијата и да ја сведеме на минимум сивата економија е преку зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето на сите политичари и државни институции. Вака ќе ја подобриме ефикасноста и чесноста на нашите народни избраници. Транспарентноста и отчетноста се пат во една насока, нема враќање назад и ги демотивираат нечесните во нивните намери.

## ПРОЕКТ 1: ОБЈАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИ И АКЦИСКИ ПЛАНОВИ ЗА КОРИГИРАЊЕ НА НАОДИТЕ

Се обврзуваме за јавно и транспарентно објавување на извештаите за работа на сите институции, нивните неделни и месечни трошоци, реализацијата на буџетот, долговите на државата и плаќањата на државата. Дополнително, извештаите од Државниот завод за ревизија ќе мора секоја институција да ги објави на својата интернет страница и да изработи дополнително акциски план за корекција на неправилностите утврдени со ревизорскиот извештај.

Рок: 2020 година.

## ПРОЕКТ 2: ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО ПОДАТОЦИ

Се обврзуваме за подобрување на пристапот до податоците кои се од јавен интерес и се обврзуваме за вклучување на јавноста во процесите на планирање и извршување, а особено во проектите за кои се предвидени големи финансиски средства. Се обврзуваме дека покрај државната контрола во работењето на државните институции и на трошењето на народните пари, секој граѓанин дополнително ќе придонесе во следењето на работата на институциите и начинот на кој се трошат народните пари.

Рок: 2021 година.
Буџет: 10 милиони денари.

## ПРОЕКТ 3: ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ФИРМИТЕ ОД СТЕГИТЕ НА РАЗНИТЕ ИНСПЕКЦИИ ПРЕКУ НАМАЛУВАЊЕ НА БРОЈНИТЕ РЕГУЛАТИВИ И КОРЕКТЕН ОДНОС НА ИНСПЕКЦИСКИТЕ ТЕЛА

ВМРО-ДПМНЕ ќе ја намали корупцијата и сите можности за коруптивно дејствување преку ослободување на фирмите и граѓаните од стегите на неправедното оданочување, неефикасните контроли и даночните про-

верки, долгите процедури за лиценцирање и добивање дозволи. Нашата визија е тоа да се постигне со сведување на минимални регулативи коишто не ја кочат економијата и не го задушуваат претприемачкиот дух. Претприемништвото е столб на економскиот развој. Затоа ќе го стимулираме претприемачкото наспроти рентиерското однесување на пазарот. Едноставните законски решенија и правила на игра им помагаат на работниците и фирмите со чесна работа, самодисциплина и трудољубивост да постигнат успех и резултати кои ќе им овозможат добар живот за нивните семејства и деца и понатамошен развој за фирмите и претприемачите.

Ние нудиме визија за Македонија во кое ќе има општество еднакво за секого, економски развој кој ќе ги вклучи сите и идна држава со силна, продуктивна и динамичка економија во која граѓаните ќе имаат високи приходи и одличен стандард на живот.

Рок: 2020 година.

## ПРОЕКТ 4: НУЛТА ТОЛЕРАНЦИЈА НА КОРУПЦИЈА

ВМРО-ДПМНЕ се обврзува на нулта толеранција кон корупцијата и преземање на сите потребни чекори решително да се делува. Санкциите ќе бидат брзи и остри против сите коишто грешеле и што ќе згрешат; против сите, кои со своето коруптивно дејствување ќе наштетат на државата, националните интереси или на приватната сопственост на друг граѓанин; против сите, кои со своето прикриено даночно дејствување ќе наштетат на државните системи и институции.

Целта на ВМРО-ДПМНЕ е да се врати изгубената доверба во Македонија, во способноста на државните институции, во политичкиот и економскиот процес и истата повратена доверба да се надгради на повисоко ниво. Приватниот сектор ќе ја почувствува стабилноста и исправноста на новите политики. Економските очекувања значајно ќе се подобрат и желбата за инвестирање ќе се зголеми. Профитите и платите ќе растат, и животниот стандард на сите ќе се подобрува.

Рок: 2020 година.

## ПРОЕКТ 5: ЗАДОЛЖИТЕЛНО ВОВЕДУВАЊЕ НА СТАНДАРДОТ ISO 37001

Ова е стандард кој воспоставува процедури и процеси со кои се превенира, детектира и адресира корупцијата.

Рок: 2024 година.
Буџет: 10 милиони денари.

## МЕРКА 2. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Државниот завод за ревизија сè уште ја нема добиено вистинската улога во борбата против корупцијата во Македонија. За таа цел ги предлагаме следните проекти:

### ПРОЕКТ 1: СИСТЕМСКО ПОВРЗУВАЊЕ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА СО ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО

Со ваквото поврзување, при конкретните ревизии кои ги спроведува Државниот завод за ревизија, ќе бидат придружени и со обвинител, кој ќе има увид во документацијата додека трае ревизијата. На тој начин обвинителот ќе биде информиран за одредени неправилности во конкретната институција и ќе може правовремено да реагира.

Рок: 2021 година.
Буџет: 10 милиони денари.

### ПРОЕКТ 2: ФОРМИРАЊЕ ОДДЕЛЕНИЕ ЗА РЕВИЗИЈА НА ЈАВНИ НАБАВКИ

Ревизорите кои ќе работат во ова одделение ќе бидат фокусирани конкретно на Законот за јавни набавки и неправилностите поврзани со овој Закон. На тој начин ќе се обезбеди поголема контрола врз процесите на набавки во јавните институции, каде што се прават најголеми злоупотреби.

Рок: 2021 година.
Буџет: 3 милиони денари.

## МЕРКА 3. СО НИСКИ ДАНОЦИ ДО ПОЕФИКАСНА БОРБА ПРОТИВ СИВАТА ЕКОНОМИЈА

Сивата економија во Македонија претставува акутен проблем. Според Меѓународните финансиски институции, сивата економија достигнува повеќе од 30% во Македонија. За таа цел предлагаме повеќе проекти:

### ПРОЕКТ 1: ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ СИВАТА ЕКОНОМИЈА

Стратегијата ќе биде изработена заедно со јавноста и експертите, а помош ќе побараме и од меѓународните финансиски институции. Стратегијата ќе има конкретни рокови и мерки со задолженија за сите релевантни институции (инспекции, инспекторати и слично).

Рок: 2021 година.
Буџет: 4 милиони денари.

### ПРОЕКТ2: ПОЕДНОСТАВУВАЊЕ НА ДАНОЧНИОТ СИСТЕМ ЗА ПЛАЌАЊЕ ДАНОЦИ

Институциите кои наплаќаат јавни давачки (особено Царинската управа и Управата за јавни приходи), ќе изработат програма за поедноставување на процедурите за наплатување даноци. Плаќањето на даноците не треба да биде административен товар за граѓаните.

## МЕРКА 4. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА

Државната комисија за спречување на корупција применува и иницира примена на законите, поттикнува нормативно и институционално јакнење, креира антикорупциски политики и мерки, промовира меѓуинституционална и меѓународна соработка и развива правна култура. Нивната визија е да се воспостави ефикасен систем за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси.

### ПРОЕКТ 1: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

Зајакнувањето на капацитетите на Комисијата е важно за остварувањето на визијата и мисијата на Комисијата.

Рок: 2021 година.
Буџет: 5 милиони денари.

### ПРОЕКТ 2: ВОВЕДУВАЊЕ НА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК

Како дополнување на тековната законска рамка, неопходно е Комисијата да воведе систем за управување со ризик за институциите. Целта на секоја оценка за ризик од корупција започнува со идентификација и приоритизирање на ризиците од корупција за да се помогне на институцијата да препознае зошто е подложна на корупција. Со примена на оценката за ризик од корупција, институцијата може да идентификува каде има голема веројатност за појава од корупција, со што се овозможува разгледување и спроведување на проактивни мерки за да се намали можноста од појава на истата.

Рок: 2021 година.



# ВТОР СТОЛБ: **КОНКУРЕНТЕН ПРИВАТЕН СЕКТОР**

# ВОВЕД

ВМРО-ДПМНЕ во својата програма ќе понуди нов развоен концепт базиран на модерна индустријализација и подобрување на извозните перформанси преку зголемување на бројот на извозни производи кои имаат повисоко ниво на додадена вредност, зголемување на бројот на извозни компании и бројот на извозни пазари.

За таа цел, системски ќе ги поддржиме домашните извозно ориентирани компании во нивните напори за производно, техничко-технолошко, кадровско и организациско преструктурирање со цел градење на поголема конкурентност за настап на светските пазари и поголеми можности за интегрирање во националните, регионалните и глобалните синџири на снабдување.

Истовремено, ќе креираме нов модел за привлекување на странски инвестиции во насока на мапирање на оние компании чиј извоз ќе има поголема додадена вредност и поголеми ефекти за домашната економија од аспект на креирање на работни места со повисоки плати и поголема интеграција на домашните компании како нивни добавувачи.

Таквите економски политики ќе овозможат остварување на **нашите стратешки приоритети и цели** кои се однесуваат на

- Повисоки стапки на економски раст и поголем животен стандард,
- Повисоко ниво на продуктивност и технолошки развој,
- Креирање на нови високо платени работни места
- Зголемување на платите и стандардот на работниците,
- Пораст на домашните и странските инвестиции,
- Пораст на извозот со истовремено зголемување на нето-извозот.

Дополнително, ќе работиме на градење **национална иновациска инфраструктура** за потребите на брзорастечките и иновативни мали и средни претпријатија (МСП) како столб на идниот економски развој на земјата.

Во градењето на конкурентен приватен сектор клучни предуслови се модерно и квалитетно образование приспособено на потребите на пазарот на труд, развиена и функционална инфраструктура, развиен и ефикасен финансиски пазар, стабилен и одржлив енергетски сектор кој ќе ги задоволува потребите на граѓаните и индустријата, модерно и одржливо земјоделие кое ќе биде конкурентно на странските пазари и усогласено со потребите на преработувачката индустрија и атрактивен туризам базиран на целосно искористување на сите потенцијали кои ги има земјата.



# 1. МОДЕРНА ИНДУСТРИЈАЛИЗАЦИЈА НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА

Структурата на македонската економија е значително неповолна. Учеството на преработувачката индустрија во БДП не достигнува повеќе од 12%, при што, во нејзината структура доминантно учество имаат трудо-интензивни сектори и индустриски гранки со ниска продуктивност и ниска додадена вредност. Дополнително, СДИ во ТИР зоните не се поврзани со домашната економија и најголем дел од нивниот извоз има увозна компонента поради што ефектите за домашната економија се значително помали. Практично, тоа се главните причини за релативно бавната развојна динамика на земјата и воедно најсериозни ограничувачки фактори за понатамошниот економски раст и развој.

Оттука, новиот развоен концепт на ВМРО-ДПМНЕ ќе биде насочен кон креирање на модерни индустриски политики насочени кон извозно ориентирана индустријализација на земјата како основа за забрзување на економскиот раст и подобрување на животниот стандард на македонските граѓани. За остварување на таа цел и поставените стратешки определби ќе бидат дизајнирани следните мерки и проекти:

## МЕРКА 1. ТРАНСФОРМАЦИЈА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНДУСТРИЈА, ТРГОВИЈА И РАЗВОЈ

За имплементација на новиот развоен концепт базиран на модерна индустријализација и зголемување на извозната конкурентност на македонските компании постоечкото Министерство за економија ќе биде трансформирано во Министерство за индустрија, трговија и развој како функционална институција која ќе се грижи за развојот на земјата преку поддршка на индустријата и извозот. Дополнително, заради нефункционалност ќе се укине постоечката позиција Заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори. Со цел координација на економските ресори и поблиска соработка со приватниот сектор ќе се формира економско тело во кабинетот на идниот премиер во кое ќе членуваат претставници на сите референтни стопански комори во земјата, како и министрите од економските ресори. На тој начин ќе се обезбеди целосна транспарентност и коорди-

нација на владата со приватниот сектор во однос на предвидливоста во носење на законите и консултација во однос на економските политики на идната влада која ќе ја предводи ВМРО-ДМПНЕ.

Овие институционални промени ќе бидат спроведени доколку се исполнат потребните законски измени кои се поврзани со менување на Законот за влада.

## МЕРКА 2. МАПИРАЊЕ НА СТРАТЕШКИ ИНДУСТРИСКИ И ИЗВОЗНИ СЕКТОРИ

Дизајнирањето на најдобрите економски и индустриски политики насочени кон поддршка на модерна индустријализација треба да биде базирано на претходно скенирање на развојните потенцијали на земјата и идентификување на потенцијалните компаративни предности на оние сектори и индустриски гранки каде што земјата поседува реални економски претпоставки да ги развива во иднина. Во таа насока е потребно спроведување на детално скенирање и мапирање на секторите, производите и компаниите кои имаат извозни потенцијали.

### ПРОЕКТ 1. ИЗРАБОТКА НА СТУДИЈА ЗА ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИ СЕКТОРИ, ПОТСЕКТОРИ И ПРОИЗВОДИ ОД ПРЕРАБОТУВАЧКАТА ИНДУСТРИЈА ВРЗ БАЗА НА ПОСТОЕЧКИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ НА ЗЕМЈАТА.

Рок: септември 2020 година.

## МЕРКА 3. СКЕНИРАЊЕ НА ПЕРФОРМАНСИТЕ НА ДОМАШНИТЕ ИЗВОЗНО ОРИЕНТИРАНИ КОМПАНИИ

Секоја политика и финансиска поддршка на државата кон приватниот сектор без претходно да бидат идентификувани сегментите каде таа финансиска поддршка би дала најдобри резултати во смисла на реално подобрување на перформансите на домашните компании е политика која многу веројатно ќе биде неуспешна. Тоа е случај со „Планот за економски раст“ што сегашната влада го промовираше како главна политика која е хоризонтално поставена, нефункционална и без некои поголеми ефекти. Уште повеќе, планот за економски раст нема никаква отчетност во смисла на мониторинг и следење на проектите кои се финансираат.

За разлика од тој пристап, новата влада предводена од ВМРО-ДМПНЕ финансиската поддршка за зголемување на извозната конкурентност на домашните компании ќе ја заснова на претходно изработена детална дијагностика и скенирање на перформансите на самите компании со цел

таквата поддршка да биде насочена кон оние компании кои имаат најголеми развојни и извозни потенцијали.

## ПРОЕКТ 1. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДЕТАЛНИ ДИЈАГНОСТИКИ И СТУДИИ ЗА АДРЕСИРАЊЕ НА КОНКРЕТНИ ПРОБЛЕМИ И ПОТРЕБИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ИЗВОЗНО ОРИЕНТИРАНИТЕ ДОМАШНИ КОМПАНИИ.

Денес во развиените земји компаниите постојано ги скенираат деловните процеси во насока на адресирање на слабостите и тесните грла. Истовремено, тоа им овозможува да ги идентификуваат потенцијалните сегменти каде што можат да обезбедат конкурентска предност на пазарот. За жал, многу малку компании во Македонија ја следат таквата практика. Поголем дел од нив не ги носат своите бизнис и инвестициски одлуки врз база на претходни детални студии. Тргнувајќи од ова, ВМРО-ДПМНЕ ќе обезбеди целосна финансиска поддршка за ангажирање на домашни и странски експерти кои ќе работат на детална дијагностика и скенирање на компаниите кои имаат потенцијал да растат и да се развиваат. Целта на таквите студии треба да овозможи идентификување на производните, техничко-технолошките, организациските и другите слабости со кои се соочуваат компаниите во градењето на поголеми стратешки и конкурентски предности на домашните и странските пазари.

Во првата година ќе бидат опфатени повеќе од 150 компании, додека до 2024 ќе се поддржи изработка на дијагностики и инвестициски планови на повеќе од 1.000 домашни компании.

Буџет: 61 милион денари.

## ПРОЕКТ 2. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИЗРАБОТКА НА ИНВЕСТИЦИСКИ ПЛАНОВИ БАЗИРАНИ НА СПРОВЕДЕНИ ДИЈАГНОСТИКИ И ДЕТАЛНИ АНАЛИЗИ ВО СЕЛЕКТИРАНИТЕ ДОМАШНИ ИЗВОЗНО ОРИЕНТИРАНИ КОМПАНИИ

Инвестициските анализи и планови се исклучително важни во носењето на вистинските бизнис-одлуки кои ќе обезбедат конкурентска и стратешка предност за компаниите. Многу компании во Македонија немаат доволно квалитетни бизнис-идеи и детални сознанија за тоа како да направат успешно производно, техничко-технолошко, организациско или кадровско преструктурирање.

За таа цел, ВМРО-ДПМНЕ ќе обезбеди целосна финансиска поддршка за ангажирање на домашни и странски експерти кои ќе изработат инвестициски планови базирани на претходните сознанија од дијагностиката и скенирањето на конкретните компании во рамките на одделни индустриски сектори.

Во првата година ќе бидат опфатени повеќе од 150 компании, додека до 2024 ќе се изработат дијагностики и инвестициски планови на повеќе од 1.000 домашни компании.

Буџет: 61 милион денари.

## МЕРКА 4. ГРАДЕЊЕ НА КОНКУРЕНТСКИ ПРЕДНОСТИ НА ДОМАШНИТЕ КОМПАНИИ ВО ПРЕРАБОТУВАЧКАТА ИНДУСТРИЈА

Врз база на претходно изработени дијагностички студии и инвестициски планови ќе бидат креирани програми и мерки за финансиска поддршка за инвестиции на оние компании чии инвестициски планови покажале најголем потенцијал за успех во градење на конкурентски предности за извоз. Воедно, финансиската поддршка ќе биде целосно мониторирана во насока на обезбедување целосна транспарентност и ќе биде евалуирана во процесот на негова реализација со цел да се обезбеди сигурност дека се остваруваат поставените цели во инвестициските планови.

### ПРОЕКТ 1. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА КОМПАРАТИВНИ И КОНКУРЕНТСКИ ПРЕДНОСТИ ЗА ИЗВОЗ НА ДОМАШНИ КОМПАНИИ

Таквата финансиска поддршка ќе биде во насока на:

- трансфер на нови технологии (опрема и машини);
- купување на лиценци и франшизи;
- градење на know-how работни практики;
- воведување на нови производни линии или подобрување на постоечките производни процеси;
- креирање на нови бизнис и организациски модели;
- воспоставување на современи менаџмент системи за квалитет и стандардизација
- спроведување на истражување на пазарот, маркетинг стратегии и други промотивни активности за настап на странски пазари.

Мерката ќе подразбира финансиска поддршка од 30-50% од вкупната инвестиција, но не повеќе од 200.000 евра по компанија. Се предвидува поддршка на повеќе од 150 компании годишно. Компаниите ќе имаат обврска да ги зголемат платите на своите вработени за минимум 5% една година по завршување на инвестицискиот проект.

Буџет: 1,2 милијарди денари.

## **ПРОЕКТ 2**. ПОДОБРУВАЊЕ НА КАДРОВСКИТЕ И МЕНАЏЕРСКИТЕ СПОСОБНОСТИ НА ДОМАШНИТЕ КОМПАНИИ

Со цел компаниите да ги подобрат кадровските и менаџерски способности, предвидено е креирање на повеќе мерки кои подразбираат обезбедување на финансиска поддршка за:

- специјализирани менаџерски обуки и тренинг програми со странски и домашни експерти;
- менторинг и коучинг програми;
- специјализирани обуки за техничките лица во компаниите и обука за вработените во развојно-истражувачките одделенија на компаниите.

Ќе биде распишан меѓународен повик за ангажирање на реномирани експерти и експертски тимови од соодветните области кои ќе работат на пренесување на практични знаења за имплементирање на нови бизнис-модели и менаџмент техники/практики кои се користат од страна на развиените светски компании. Воедно, ќе бидат финансирани менторинг и коучинг програми каде странски експерти ќе работат со домашните компании во имплементирањето на своите бизнис-планови и обуки за техничките лица и инженерите во самите компании.

Со оваа ќе бидат опфатени 250-300 менаџери на домашни компании годишно, додека истовремено ќе бидат обезбедени менторинг и коучинг програми за повеќе од 50 компании годишно.

Буџет: 61 милион денари.

## **ПРОЕКТ 3**. ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ ЗА ПРИМЕНА НА ИНДУСТРИЈА 4.0

Ќе се изработи студија за потенцијалните придобивки од имплементирање на одредени сегменти од Индустрија 4.0 и начините како тие потенцијални придобивки можат да ги искористат домашните компании, особено во делот за имплементирање на модерни технологии и технолошки решенија во производството во одделни индустриски гранки и сектори. Домашните компании мора да размислуваат од постојани технолошки промени во своето работење ако сакаат да обезбедат подобри стратешки предности на глобалните пазари, па во таа насока ВМРО-ДПМНЕ преку даночни ослободувања и други стимулации ќе им помага на компаниите да воведат дел од тие напредни технологии.

Рок: октомври 2021 година.



# 2. ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА ЕКОНОМИЈАТА

Силно веруваме дека само преку зајакнување на извозните капацитети на земјата може да обезбедиме долгорочен и одржлив економски раст и развој. Поради тоа, новата влада предводена од ВМРО-ДМПНЕ целата своја енергија ќе ја насочи кон зголемување на извозната конкурентност на македонската економија.

Нашата цел во овој сегмент ќе биде насочена кон зголемување на бројот на извозни производи со поголем степен на финализација и додадена вредност, зголемување на бројот на извозни компании и бројот на пазари каде што македонските компании ќе извезуваат. На тој начин, преку поголема конкурентност и посилна економија ќе изградиме капацитет за динамизирање на економскиот раст, отворање на нови работни места и подобрување на животниот стандард на граѓаните.

## МЕРКА 1. ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА МАКЕДОНСКИТЕ ИЗВОЗНИ КОМПАНИИ ЗА НАСТАП НА СТРАНСКИ ПАЗАРИ

Се обврзуваме на системска, аналитичка, институционална, финансиска, логистичка и друг тип државна поддршка за македонските извозни компании и нивна промоција за настап на странски пазари.

### ПРОЕКТ 1. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ И ПОДДРШКА НА ИЗВОЗОТ

ВМРО-ДПМНЕ во соработка со реномирани странски агенции и меѓународни институции специјализирани за трговија и поддршка на извозот ќе ги зајакне институционалните и кадровските капацитети на АСИПИ со цел обезбедување на целосна и континуирана државна поддршка на домашните извозно ориентирани компании. Оваа институција ќе ја направиме вистински сервис за домашните извозни компании и оние кои имаат извозни потенцијали.

Ќе се имплементира модерна методологија базирана на соодветно софтверско решение за испитување на извозните можности преку детална анализа на одделни пазари на ниво на поединечен производ. Тоа ќе овозможи обезбедување на детални бесплатни пазарни информации за домашните извозно ориентирани компании за нивни потенцијални пазари.

Рок: декември 2020 година.
Буџет: 61 милион денари.

## ПРОЕКТ 2. ФОРМИРАЊЕ НА МРЕЖА НА ИЗВОЗНИ ПРОМОТОРИ

Овие извозни промотори ќе работат на промоција на македонскиот извоз преку барање на извозни можности на домашните компании и производи на нови пазари низ светот. Тие ќе им бидат вистинска поддршка на домашните компании тргнувајќи од обезбедување на основни информации за пазарната побарувачка за конкретни производи, потребни институционални документи во конкретната земја, информации за специфичните канали на дистрибуција и начини на промоција. Дополнително, задача на извозните промотори ќе бидат детални активности поврзани со барање на трговски партнери за одделни домашни компании и олеснување на целиот извозен процес.

Поради рационализирање и поголема ефикасност, првата година ќе бидат распоредени само извозни промотори во оние земји или група на земји кои претходно ќе бидат идентификувани како стратешки пазари за македонските извозни компании. Понатаму таа листа ќе се проширува како што ќе се мапираат други потенцијални извозни пазари или региони.

Рок: 2021 година.
Буџет: 61 милион денари.

## ПРОЕКТ 3. ПОДДРШКА ЗА НАСТАП НА СТРАНСКИ ПАЗАРИ

Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе обезбеди финансиска поддршка за домашните извозни компании во активностите поврзани со нивна поголема интернационализација и настап на странски пазари. За таа цел, Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе финансира до 50% (но не повеќе од 20.000 евра) од трошоците на домашни компании за посети и настап на светски познати саеми, трошоци за организирање на Б2Б средби со потенцијални трговски партнери, како и трошоци за организирање на маркетинг кампања. Сите овие активности ќе бидат во координација со извозните промотори во одделните земји и региони.

Рок: 2021 година.
Буџет: 61 милион денари.

## ПРОЕКТ 4. РЕФОРМИРАЊЕ НА МАКЕДОНСКА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ (МБПР) ВО МАКЕДОНСКА ИЗВОЗНА И РАЗВОЈНА БАНКА

Македонската банка за поддршка на развојот треба да ја добие својата вистинска улога за која е формирана, што не беше случај досега. Имено, Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе ги зајакне институционалните и кадровските капацитети на МБПР и ќе обезбеди значителен износ на буџетски средства со цел спроведување на предвидените и креирање на

нови инструменти и мерки за поддршка на домашната економија и приватниот сектор. Особено фокусот ќе биде насочен кон дизајнирање на конкретни инструменти за поддршка на македонските извозно ориентирани компании. Оваа државна банка треба да прерасне во клучна финансиска и банкарска институција во земјата која ќе има за цел забрзување на економскиот раст на земјата преку зголемување на извозната конкурентност и активност на домашните компании.

Рок: 2021 година.
Буџет: 1,2 милијарди денари.

## МЕРКА 2. РЕДЕФИНИРАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА СДИ СО ФОКУС НА МАПИРАНИ СТРАТЕШКИ СЕКТОРИ И ПОТСЕКТОРИ

Ќе се редефинира програмата за привлекување на СДИ каде што фокусот ќе се насочи кон привлекување на странски компании кои ќе имаат најголеми потенцијални ефекти (директни и мултипликативни) за домашната економија. Тоа подразбира дека ќе се напушти досегашниот концепт на давање повластени услови за странски компании единствено врз база на критериумите за износот на инвестицијата и бројот на директни вработувања.

### ПРОЕКТ 1. КРЕИРАЊЕ НА НОВ МОДЕЛ ЗА ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА СДИ

Новиот модел за привлекување на странски компании и инвестиции ќе биде насочен кон таргетирање на стратешки компании и инвестиции кои се најподобни за македонската економија, гледано од повеќе аспекти, како што се бројот на новокреирани работни места, висината на платите што ќе ги исплаќаат, потенцијалната соработка со домашните компании и можностите за трансфер на технологија и знаење кон домашната економија и сл.

Агенцијата за странски инвестиции и поддршка на извозот, врз база на резултатите од претходно спроведената студија за идентификување на стратешки сектори, потсектори и производи, ќе изготви листа на странски компании и инвестиции кои се од стратешко значење за македонската економија гледано од аспект на можностите за вклучување на домашните компании како добавувачи во нивните синџири на снабдување и од аспект на можностите за исплаќање на плати повисоки од просечната плата во земјата.

За овие компании и инвестиции државата ќе обезбеди дополнителна поддршка и поволности со цел нивно привлекување во земјата.

### ПРОЕКТ 2. ГРАДЕЊЕ МРЕЖА НА ПРОМОТОРИ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ

Со овој проект ќе се промени пасивниот концепт што беше практикуван изминатите три години со еден нов проактивен пристап, преку повторно градење мрежа на промотори кои ќе работат на привлекување на оние странски компании, кои ќе бидат селектирани како најподобни за македонската економија. Овие промотори ќе бидат лоцирани во оние земји и региони каде потенцијалот за привлекување на странски инвестиции е најголем.

Рок: 2021 година.
Буџет: 61 милион денари.

## МЕРКА 3. ИНТЕГРИРАЊЕ НА ДОМАШНИТЕ КОМПАНИИ ВО РЕГИОНАЛНИТЕ И ГЛОБАЛНИТЕ СИНЏИРИ НА СНАБДУВАЊЕ

Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе обезбеди финансиска, институционална и логистичка поддршка на домашните компании во насока на воспоставување на економска соработка со странските компании во земјата и регионот со цел нивно соодветно интегрирање во регионалните и глобалните синџири на снабдување.

### ПРОЕКТ 1. ПОВРЗУВАЊЕ НА ДОМАШНИТЕ СО СТРАНСКИТЕ КОМПАНИИ ВО ЗЕМЈАТА И РЕГИОНОТ

Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе обезбеди финансиска поддршка за домашните компании во делот на исполнување на поставените стандарди од странските компании во земјата и оние во регионот со цел вклучување во ланци на снабдување како нивни добавувачи. За таа цел, се предвидува финансиска поддршка од 30-50% (не повеќе од 200.000 евра) или можности за поволни кредити преку новата Македонска извозно развојна банка за реализирање на потребната инвестиција во зголемување и модернизирање на производните процеси, задоволување на стандардите за квалитет, подобрување на трошочната ефикасност.

## МЕРКА 4. ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА И ТРГОВСКАТА СОРАБОТКА СО ЗЕМЈИТЕ ОД РЕГИОНОТ

Владата ќе биде посветена на интензивирање на трговската и економската соработка со земјите членки на ЦЕФТА, земјите од ЦИЕ кои се дел од ЕУ и сите други земји и пазари за кои ќе се покаже дека постои можност за интензивирање на економската и трговската соработка.

## ПРОЕКТ 1. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНИТЕ ЕКОНОМСКИ И ТРГОВСКИ МОЖНОСТИ

Ќе се формира работна група во рамките на владата која ќе биде во тесна соработка со Коморскиот инвестициски форум (КИФ) во насока на остварување на целите од Берлинскиот процес кој се однесува на интензивирање на економската и трговската соработка на земјите од Западен Балкан.

## ПРОЕКТ 2. КЛАСТЕРСКО ВМРЕЖУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНО НИВО

Ќе бидат мапирани можностите за кластерско вмрежување на регионално ниво со цел искористување на синергетските ефекти за домашните компании во рамките на одделни сектори преку нивно регионално поврзување. За таа цел, владата ќе обезбеди финансиска поддршка за основање на кластери во стратешките индустриски сектори и нивно регионално и меѓународно вмрежување.



string4replace =
value = float(valu
tmpFormat = 14 #Replace st
tempString = tempSt
pow(10,14-tmpForma
typeOfFID == "BUFFER")
.replace("czFiel
typeOfFID == "ASCII_ST
tempString = tempS
value=" in l
</Message>" in l
onlyFilename+"\n" i
os.path.exists(pa
Input4RTAvTEST/")
searchObj = re.sear

# 3. ГРАДЕЊЕ НА МОДЕРЕН НАЦИОНАЛЕН ИНОВАЦИСКИ СИСТЕМ И КОНКУРЕНТЕН ИКТ СЕКТОР

Во периодот 2013-2017 години се започна со градење на институционална инфраструктура за иновации и се вложи значителен напор за зголемување на свеста во јавноста дека иновациите и претприемништвото треба да бидат движечка сила и мотор на идниот развој на земјата. За таа цел во 2013 година беше донесен Закон за иновациска дејност и беше формиран Фондот за иновации и технолошки развој како клучна институција која треба да ги финансира и поттикнува иновациите во земјата.

Владата предводена од ВМРО-ДМПНЕ ќе посвети значителни напори во градење на национален иновативен систем (НИС) кој преку јасно дефинирани политики и конкретни мерки ќе го поттикнува и поддржува развојот на нови иновативни бизниси. Технолошкиот развој на земјата мора да се забрза преку зајакнување на научно-истражувачките, претприемачките и иновациските капацитети на сите чинители.

Дополнително, значително внимание ќе биде насочено кон надградување и унапредување на ИКТ еко системот, кој би придонел за натамошно зголемување на продуктивноста и платите во секторот, како и за зголемување на неговата конкурентност во регионот и на глобалните пазари на ИКТ услуги.

Со цел подобрување на иновациските перформанси на земјата и креирање на поволни услови за трансфер на технологија и знаење како основа за подобрување на конкурентноста на македонската економија се предвидени конкретни мерки и проекти.

## МЕРКА 1. ГРАДЕЊЕ НА МОДЕРЕН НАЦИОНАЛЕН ИНОВАЦИСКИ СИСТЕМ

Се обврзуваме да изградиме модерен национален иновациски систем. Целта на овој систем е обезбедување на најдобри услови за зголемување на креативноста и претприемачкиот дух на младите луѓе и таленти во земјата, како и развивање и имплементирање на нови бизнис-идеи и забрзување на технолошкиот развој.

## **ПРОЕКТ 1**. ФОРМИРАЊЕ НА ИНОВАЦИСКИ И ИТ ЗОНИ

Овие зони ќе овозможат јакнење на иновацискиот и ИКТ еко системот преку концентрација на талент, даночни ослободувања, пристап до капитал и информации. Зоните ќе нудат даночни и инфраструктурни поволности за млади и креативни таленти кои имаат бизнис-идеи со цел нивна реализација преку отпочнување на старт ап бизниси. Дополнително, државата директно ќе обезбеди бесплатни сметководствени и правни услуги во првите две години за ново основаните компании и соодветна едукација на вработените во компаниите преку формирање на едукативни модули во кооперација со домашните универзитети и меѓународни институции и експерти. Во рамките на зоните исто така ќе се обезбедат повластени даночни услови и мерки за развој на брзорастечки домашни МСП и странски технолошко напредни компании, вклучувајќи и компании од ИТ индустријата кои ќе придонесат кон пораст на напредни услуги и ќе обезбедат забрзување на технолошкиот развој и креирање на високо платени работни места.

Рок: 2021 година.
Буџет: 30 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 2**. ПРОЕКТИРАЊЕ И ИЗГРАДБА НА СОВРЕМЕН ИНОВАЦИСКИ И ИКТ ПАРК

Во рамките на иновациската и ИТ зона која ќе биде креирана во Скопје, владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе **проектира и изгради модерна инфраструктура (паметна зграда) со најсовремена опрема** од таков тип во која ќе бидат лоцирани сите државни чинители кои се дел од таквиот национален иновативен систем, како што се: Фонд за иновации и технолошки развој, Агенција за поддршка на МСП и претприемништво, развојно-истражувачки одделенија, технолошки паркови, бизнис-инкубатори, центри за обука и сл. Оваа зона ќе биде тесно поврзана со државните универзитети во насока на искористување на синергетските ефекти во рамките на екосистемот.

Рок: 2023 година.
Буџет: 920 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 3**. ФОРМИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛЕН ИНСТИТУТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТРАНСФЕР НА ТЕХНОЛОГИЈА

Во рамките на иновациската и ИТ зона која ќе биде основана во Скопје ќе се формира Национален институт за иновации и трансфер на технологија. Истиот ќе биде креиран со поддршка на странски донатори и експерти со примарна цел за градење на институционални капацитети за зголемување на иновативноста и трансфер на нови технологии во домашните компании.

Институтот ќе биде главниот столб на кој ќе почива НИС и во него ќе се вработат млади талентирани истражувачи, научници, и експерти од областа на иновациите и трансфер на технологија кои треба да бидат вистински сервис на МСП иновативни компании (газели и старт апи). Исто така, Институтот ќе обезбедува експертска, стручна, едукативна и професионална поддршка на сите домашни извозно ориентирани компании кои ќе инвестираат во нови технологии и кои ќе имплементираат нови технолошки решенија во нивните производни процеси со цел зголемување на апсорпциониот капацитет за трансфер на технологии и знаења.

Рок: 2022 година.
Буџет: 61 милион денари.

### ПРОЕКТ 4. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ И ФИНАНСИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ФИТР

Ќе ги зајакнеме институционалните и финансиските капацитети на Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР) со цел зголемување на неговите капацитети за исполнување на целта за обезбедување на финансиска поддршка за развој на нови иновативни бизниси и развој на брзорастечки МСП како стратешки приоритет во идниот развој на земјата. Улогата на Фондот ќе биде обезбедување на финансиски средства и можности за македонските старт ап компании преку користење на можностите од crowdfunding платформите, block chain, бизнис-ангели и други форми базирани на примена на нови технологии во обезбедување на финансии. Дополнително, значаен фокус на Фондот ќе биде ставен на програми за поддршка на ИКТ секторот.

## МЕРКА 2. ЈАКНЕЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ИКТ СЕКТОРОТ

ИКТ секторот во Републилкиа Македонија бележи извонреден раст со години наназад како резултат на висококвалификуваниот и конкурентен кадар. Во изминатава декада уделот на ИКТ секторот во севкупниот извоз на државата се зголемува од година во година, а просечната плата бележи раст на месечно ниво, што меѓу другото е индикатор на растечката продуктивност во секторот. Покрај задржувањето на поволната даночна клима, сметаме дека од исклучителна важност е помошта за унапредување на ИКТ еко системот во Македонија, кој би придонел за понатамошно зголемување на продуктивноста и платите во секторот, како и во неговата конкурентоност во регионот и на глобалните пазари на ИКТ услуги. Охрабувачки е зголемениот број на студенти на ФИНКИ кој оваа година ја надмина бројката од илјада студенти. Сметаме дека со соодветни мерки може уште веднаш значително да се влијае на золемувањето на конкурентоноста на овие претпријатија.

## ПРОЕКТ 1. СТИМУЛИРАЊЕ НА ДОМАШНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГИ ОД ДОМАШНИТЕ ИКТ КОМПАНИИ

Помошта при градење рефернци е од исклучителна важност за јакнење на домашната, регионалната и глобалната конкурентност и градење на капацитетот на домашните ИКТ компании, а посебно на новите start-up компании кои почнуваат без никакви, или пак со минимални референци. Домашните претпријатија ќе бидат финансиски стимулирани од државата да ги користат услугите и софтверските решенија на домашните ИКТ компании со што би се постигнал двоен ефект на јакнење како на ИКТ секторот, така и на индустриските капацитети во Македонија.

Рок: септември 2020 година.
Буџет: 30 милиони денари.

## ПРОЕКТ 2. СТИМУЛИРАЊЕ НА БИЗНИС-ЕДУКАЦИЈА ПОМЕЃУ ПРОФЕСИОНАЛЦИТЕ ВО ИКТ СЕКТОРОТ

Вработувањето на домашниот ИКТ талент во странските компании присутни во Македонија кои вршат outsourcing за странски компании и странски софтверски решенија е од голема важност за почетокот на кариерата на младиот ИКТ талент. Тоа им помага за стекнување на први искуства и референци, како и за стекнување на првични заштеди. Сепак, сметаме дека домашниот талент треба да стреми кон формирање на сопствен бизнис во даден момент од кариерата кој би нудел целосни решенија на домашниот, регионалниот и глобалниот ИКТ пазар. За отпочнување на сопствен бизнис во ИКТ секторот кој ќе биде конкурентен на пазарот, покрај помошта во стекнувањето на првите референци, од исклучителна важност е доградување на потенцијалните основачи, како и на вработените во тие компании, со бизнис-едукација насочена конкретно кон темите потребни за разбирање на предизвиците на потенцијалните клиенти. На овој начин новите компании полесно ќе го разберат бизнис-аспектот на потребните решенија, со што би се зголемила нивната конкурентност, како и веројатноста за релизација на нивните бизнис-идеи.

Рок: септември 2020 година.
Буџет: 30 милиони денари.

## ПРОЕКТ 3. ПРОМОВИРАЊЕ НА ДОМАШНИТЕ ИКТ КОМПАНИИ НА ГЛОБАЛНИОТ ПАЗАР

Со цел зголемување на обемот на бизнис на домашните ИТ компании, новата влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе излезе во пресрет кон стимулирање на нивниот маркетинг на регионално и глобално ниво. Промоциите ќе бидат изведени како во склоп на останатите иницијативи за промовирање на домашните производи, така и кон иницијативи наменети конкретно за ИКТ секторот. Истите ке бидат дискутирани со заедницата,

и ќе бидат насочени кон директен онлајн маркетинг поединечно по компанија, со определени буџети во зависност од обемот на работа и фазата на развој, со цел да се стимулира обемот на новите компании, но исто така да се помага во новите иницијативи на веќе успешните компании.

Рок: септември 2020 година.
Буџет: 42 милиони денари.

## МЕРКА 3. ФОРМИРАЊЕ НА АКАДЕМИИ ЗА МЛАДИ ПРЕТПРИЕМАЧИ

Овие академии за млади претприемачи ќе бидат формирани низ повеќе градови низ земјата преку јавно-приватно партнерсто со цел градење на една образовна платформа која ќе им овозможи на младите средношколци и студенти да се изградат во вистински претприемачи по завршување на нивното образование. Во рамките на самите академии ќе има дефинирано различни едукативни програми, семинари, обуки, и работилници од областа на бизнисот, претприемништвото, иновациите и менџментот по практики и стандарди на слични вакви академии кои постојат во светот. Во рамките на овие академии ќе бидат ангажирани и меѓународни експерти со цел пренесување на модерни едукативни програми од областа на бизнисот и претрпиемништвото кои се користат во развиените земји.

Рок: септември 2021 година.
Буџет: 30 милиони денари.

# РАЗВОЈ НА ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ И ПОГОЛЕМА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ЕУ ФОНДОВИТЕ

Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе иницира неколку конкретни мерки и проекти кои ќе бидат во насока на развој и заживување на пазарот на капитал и мерки за поголема искористеност на ЕУ фондовите.

## ПРОЕКТ 1. ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ

- зголемување на партиципацијата на домашните компании на Македонската берза;
- организирање на обуки со цел поголема информираност за придобивките од активното учество на пазарот на капитал и начините како да се искористат можностите преку негово вклучување;
- водење на кампања за зголемување на атрактивноста на пазарот на

капитал како можност за заработка на малите инвеститори;

- финансиска поддршка за подготовка и полагање на специјализирани курсеви за работење на пазарот на капитал како што е познатата програма Chartered Financial Analyst (CFA);
- зголемување на заштитата на инвеститорите (особено малцинските акционери) преку подобрување на квалитетот на корпоративното управување и објективноста на финансиското известување и други мерки.

## ПРОЕКТ 2. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ИСКОРИСТЕНОСТА НА ЕУ ФОНДОВИТЕ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ЕКОНОМИЈАТА

Македонија има многу мала искористеност на ЕУ фондовите, но исто така е проблематична ефикасноста на искористените средства. Во таа насока владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ се обврзува на зголемување на сите институционални капацитети на централно и локално ниво со цел зголемување на стапката на искористеност на сите достапни ЕУ фондови и нивно ставање во функција за проекти кои се од стратешко и развојно значење на земјата, како што се проекти за градење на капацитети, проекти за вмрежување со земји од ЕУ, проекти за наука и истражување, проекти за поддршка на бизнис-секторот, инфраструктурни проекти и сл.



# 4. КВАЛИТЕТНО И МОДЕРНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ИДНИНАТА НА МАКЕДОНИЈА

Квалитетното, модерно и ефикасно образование претставува стратешки приоритет на државата. Тоа претставува темел за остварување на приоритетите во областа на економскиот раст, развитокот на демократијата, општествениот и личниот развој на граѓаните и севкупно подобар живот во државата. Квалитетно образование приспособено за потребите на пазарот на труд и потребите на општеството, подразбира создавање на фундаментални предуслови за градење на иновациски капацитети и развиена иновациска инфраструктура. Покрај економското значење на образованието, ВМРО-ДПМНЕ смета дека истото има многу поширока општествена корист и значење. Имено, квалитетно образование кое создава човечки капитал е фундамент за развивање на стабилно и модерно општество во кое владее правото, демократијата и човековите права. За сето ова ни е потребно образование кое ќе овозможи развиток на емоционална интелигенција, самоефикасност, самодоверба, аналитичко и критичко мислење, етичност во постапувањата кон сите, чувство за морал и праведност, комуникациски вештини и чувство на психолошка благосостојба. Од своја страна, македонското образование се соочува со бројни инфраструктурни проблеми, слаб квалитет според меѓународните тестирања, несоодветни образовни програми и недоволна мобилност.

Затоа, новата образовна и научно-истражувачка стратегија што ВМРО-ДПМНЕ ја предлага, содржи мерки и проекти во насока на модернизирање на образованието и подобрување на условите за стекнување на функционално знаење, кое ќе биде соодветно вреднувано на пазарот на труд, знаење кое ќе ги направи младите добри граѓани и успешни професионалци. ВМРО-ДПМНЕ се обврзува континуирано да воведува квалитетни механизми за унапредување на наставните планови и програми, осовременување на методологијата и наставните помагала и квалитетот на наставниот кадар. Владата на ВМРО-ДПМНЕ се обврзува да обрне особено внимание на спречување на одливот на работоспособни кадри.

ВМРО-ДПМНЕ во својата програма за образование, како стратешки ги издвојува следните приоритети:

- Зголемување на средствата за образование од 3,7% на 5% од БДП
- Запирање на одливот на работоспособни кадри;
- Осигурување на квалитет во образованието преку поврзување на стандардот на квалификации и пазарот на трудот со образовните програми;

- Креирање на образовни системи за вештини и компетенции соодветни на потребите во државата;
- Инфраструктурна изградба на образовниот систем
- 5% годишно покачување на платата на наставниот кадар за подобрување на нивниот стандард
- Зголемување на средствата кои се одделуваат за наука на минимум 1% од БДП.

## МЕРКА 1: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА НА ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ ВО МАКЕДОНИЈА

Во голем дел, условите за работа во основните и средните училишта во Македонија, како и во универзитетите се на задоволително ниво. Од друга страна, наша цел е да креираме инфраструктура од која полза ќе имаат учениците, студентите, образовниот персонал, но и сите граѓани.

За таа цел предвидено е спроведување на следните проекти:

### ПРОЕКТ 1: ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОСНОВНИ, СРЕДНИ УЧИЛИШТА И ФАКУЛТЕТИ

Во првите 100 дена ВМРО-ДПМНЕ се обврзува да подготви мапирање на состојбите и ќе се изготви конкретен предлог за изградба и реконструкција на училишта и факултети. Тоа ќе се направи во соработка со општините и универзитетите. Сите реконструкции ќе бидат во правец на енергетски ефикасни објекти со обновливи извори на енергија, заради заштеда на енергија и подобри услови за работа на учениците и студентите.

Рок: континуирано.
Буџет: 1.8 милијарди денари.

### ПРОЕКТ 2: РЕНОВИРАЊЕ НА СТУДЕНТСКИ ДОМОВИ

Студентите мораат да имаат пристојно место во кое го поминуваат своето учење и престој. Со цел подобрување на условите на студентите за студирање, Владата на ВМРО-ДПМНЕ во првите 100 дена ќе изработи програма според која ќе бидат реновирани сите студентски домови.

Рок: до 2022 година.
Буџет: 180 милиони денари.

### ПРОЕКТ 3: ИНТЕГРИРАН ЕЛЕКТРОНСКИ СИСТЕМ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Развој на централен електронски систем за интеграција на сите образовни институции и вмрежување со останатите образовни институции. Сис-

темот ќе овозможи споделување на сите потребни информации (број на ученици, ангажман на наставници, образовни профили) помеѓу образовните институции и статистички информации кои се потребни на Министерство за образование и наука.

Рок: 2021/2022 година.
Буџет: 4 милиони денари.

## ПРОЕКТ 4: НАЦИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ДАЛЕЧИНСКО И Е УЧЕЊЕ

**„Еден клик“ – Национална дигитална платформа за далечинско и е-учење**

Се обврзуваме да развиваме дигитална платформа за далечинско и е-учење која ќе располага со современа опрема која е потребна за онлајн учебни модули, курсеви и цели студиски програми. Истата ќе води евиденција на е-курсеви, учебни модули и студиски програми кои се нудат низ универзитетите во светот која ќе им ја стави на располагање на сите заинтересирани граѓани и образовни институции. Континуирано ќе се дигитализираат и постават во библиотечен фонд дигиталниу учебници за учениците и студентите.

Во согласност со ваквата определба се обврзуваме да ги обезбедиме сите законски предуслови и дефинирани стандарди според кои ќе се овозои акредитација на студиски програми за далечинско е учење, програми за онлајн курсеви и друго на домашните училишта и универзитети.

Рок: Континуирано
Буџет: 35 милиони денари.

## ПРОЕКТ 5: КАРИЕРЕН ЦЕНТАР ЗА НАСТАВНИЦИ

Преку реконструкција на средното училиште „8 Септември“ во Скопје, предвидуваме создавање на простор за кариерен центар за наставници. Целта на овој центар е да се спроведуваат курсеви и обуки за градење на капацитетите на наставниците, учење нови вештини и пристапи за работа за нивна поголема стимулација во работењето.

Рок: 2022 година.
Буџет: 3 милиони денари.

# МЕРКА 2: ОСНОВНОТО И СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ - ТЕМЕЛ НА НАШАТА ИДНИНА

Основното и средно образование претставуваат расадник на нова, идна генерација мислители, научници и иноватори, уметници, водачи и креатори на новите стандарди и новиот начин на живеење во државата. Основното образование му обезбедува на младиот човек свесност за себе

и реалната околина, логично и аналитичко мислење, препознавање на базичните вредности, морални и етички, избор и начин за соочување со предизвиците и воспоставување на високи човечки и животни стандарди. Средното образование, од своја страна, го подготвува и му овозможува на ученикот стекнување на знаења и работни способности и вештини со цел да стане продуктивен член на општеството.

Во моментот, според светските тестирања на ПИСА на OECD, според знаењето на учениците, Македонија се наоѓа на ниското 67 место од вкупно 77 држави. Според тоа, учениците постигнуваат незадоволителни резултати во вкупната нивна наобразба. Затоа, неопходна е длабока и суштинска реформа, која ќе овозможи образовниот процес да ги постигне очекуваните цели.

За таа цел Владата на ВМРО-ДПМНЕ се обврзува да ги преземе неопходните мерки во основното и средно образование преку проектите:

## ПРОЕКТ 1: РЕФОРМА НА НАСТАВНИТЕ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ ВО ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

Со реформираните програми учениците од основно и средно образование ќе се растоварат од непродуктивно меморирање на факти без развивање на способност за нивна употреба, а нивното образование и воспитување ќе се приспособи на возраста и целите на образованието, како и на идните потреби на образовниот процес и пазарот на труд.

Рок: од учебна 2021/2022 година.
Буџет: 800 милиони денари.

## ПРОЕКТ 2: СОВРЕМЕНО ОПРЕМЕНИ УЧИЛИШТА

Образовниот процес не е само теоретска наобразба од учебници. Затоа се обврзуваме да ги обезбедиме училиштата со дидактички, нагледни средства и техничка опрема потребни за реализација на модерна настава. Тоа ќе овозможи настава со практични активности во модерни кабинети, истражувачка дејност, насочување на интересот на ученикот според неговите предиспозиции и креативни наставници.

Рок: учебна 2020/2021 година.
Буџет: 60 милиони денари.

## ПРОЕКТ 3: СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ФУНКЦИЈА НА СТОПАНСТВОТО

Реформата на средното стручно образование мора да се прави во соработка со стопанските комори во Македонија. Истото, треба да овозможи образованието да се стави во функција на стопанството и неговиот развој. Реформата ќе се состои од приспособување на наставните планови и програми, креирање нови образовни профили и современи учебници,

наставни помагала и опрема. Дополнително, ќе пристапиме кон проширување на дуалниот систем на стручно образование по принципот учење преку работа на реално работно место, кој ќе развие и стручни компетенции и вештини за адаптирање во работниот процес. За ефикасно средно стручно образование реформата ќе опфати и доедукација и обуки за наставниот кадар, соодветно за потребите на стопанството.

Рок: од учебна 2021/2022 година.
Буџет: 1,8 милијарди денари.

## ПРОЕКТ 4: ОТВОРАЊЕ НА РЕАЛНИ КОМПАНИИ ВО СРЕДНИТЕ СТРУЧНИ УЧИЛИШТА

Со цел комерцијализација на работата на средните стручни училишта, поврзување со реалниот сектор, а заради стекнување поголеми вештини за работа на учениците и наставниот кадар, ќе го помагаме отворањето на компании од страна на средните стручни училишта

Рок: континуирано
Буџет: 3 милиони денари.

## ПРОЕКТ 5: ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА И КАРИЕРНО СОВЕТУВАЊЕ НА УЧЕНИКОТ

Професионалната ориентација треба да започне од рана возраст, во основното образование. На младите ќе им бидат претставени сите професии кон кои можат да се стремат, како и оние кои ќе се развиваат во иднина кога тие ќе влезат на пазарот на труд. Ќе се спроведуваат тестови за професионално насочување на основците преку кои ќе им се даваат совети и препораки на родителите за упис на нивните деца во средно образование. Имплементацијата на професионална ориентација на ученикот ќе овозможи креирање на уписна политика според потребите на пазарот на трудот.

Рок: 2021 година.
Буџет: 600 000 денари.

## ПРОЕКТ 6: МОБИЛНОСТ НА ЗНАЕЊЕ

Се обврзуваме да овозможиме учениците од средното стручно образование да имаат можност за мобилност и пренос на знаења и вработување, како и признавање на претходното образование во насока на нивна преквалификација и доквалификација.

Рок: 2021 година.
Буџет: 0 денари.

## ПРОЕКТ 7: НАМАЛУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ОБВРСКИ НА НАСТАВНИОТ КАДАР ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

Предвидуваме растоварување на административните обврски на наставниците, со скратување на обемот на внесен материјал во Е-дневник.

Рок: 2021 година.
Буџет: 0 денари.

## ПРОЕКТ 8: КАРИЕРНО НАПРЕДУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ И ПРИЗНАВАЊЕ НА РАЗЛИЧНИ СТЕПЕНИ НА ЕДУКАЦИЈА

Ќе се овозможи континуирано напредување на наставниците, преку позициите наставник-ментор или наставник-советник, со соодветен финансиски надоместок за позицијата. Дополнителната едукација на наставниците од типот на постдипломски и докторски студии соодветно ќе се вреднува.

Рок: учебна 2020/2021 година.
Буџет: 7,5 милиони денари.

## ПРОЕКТ 9: САЕМ НА МЛАДИ ИНОВАТОРИ

За поттикнување на младите иноватори во основните и средните училишта, ќе се организира Саем на иновации. Врз основа на јавен повик, еднаш во текот на годината, тие ќе имаат можност да добијат соодветна логистичка и финансиска поддршка за промоција и реализација на своја иновативна идеја во вид на проект. При подготовката, за нив ќе се обезбеди менторска поддршка, а ќе се организира и јавна презентација во рамки на саем за иновации, каде за најдобрите идеи ќе биде обезбедена финансиска награда.

Рок: 2021 година.
Буџет: 18 милиони денари.

## ПРОЕКТ 10: СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ПАРАЛЕЛКИ ЗА ВИСОКА ТЕХНОЛОГИЈА

Предвидуваме формирање на паралелки во одредени средни училишта за специјализирано средно образование од областа на ИКТ (Information and Communications Technology) и СТЕМ (Science, technology, engineering, and mathematics). Целта е да се предава и учи според најсовремени наставни програми по информатика, технологија, инженерство и математика, за подготвување на младите за една од најбараните струки на пазарот на трудот.

Рок: учебна 2021/2022 година.
Буџет: 9 милиони денари.

## ПРОЕКТ 11: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВОСПИТНАТА ДЕЈНОСТ ВО УЧИЛИШТАТА

Предвидуваме зајакнување на воспитно-образовната дејност во основното и во средното образование преку воведување интерактивна програма за етика, морал, добро однесување, намалување на нетолерантноста, вербалната агресија, врсничкото насилство, здравата животна средина како и за почитување на различностите и соодветно справување со проблеми и конфликтите во животот. Целта е да се постигне безбедна училишна средина како и наградување на најбезбедните, најеколошките и најчистите училишта.

Рок: 2021-2022 година.
Буџет: 2 милиони денари.

## ПРОЕКТ 12: КАМПАЊА ЗА СЕКСУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ

Во соработка со НВО и факултетите од биолошките науки, се предвидува едукација за заштита од сексуално преносливи болести од шесто одделение. Примена на овој проект е во правец на зачувување на здравјето и спречување на несакани последици од ран сексуален живот.

Рок: 2020-2021 година.
Буџет: 4,8 милиони денари.

## ПРОЕКТ 13: КАМПАЊА ЗА ЗНАЧЕЊЕТО И ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ КАКО ГЛОБАЛЕМ ПРОБЛЕМ

Се предвидува едукација во училиштата која ќе има за цел кревање на еколошката свест и менување на животните навики на младите луѓе со цел проактивно дејствување и успешно справување со последиците на климатските промени.

Рок: 2021-2022
Буџет: 4,8 милиони денари

## ПРОЕКТ 14: УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНТЕРАКТИВНИОТ ПОРТАЛ ЗА ТУТОРИ

Проектот овозможува бесплатни дополнителни часови за заинтересирани ученици, од страна на други успешни ученици и студенти. Целта е подобро разбирање на материјата, постигнување повисок успех, како и намалување на семејните трошоци за приватно платени часови. За вложениот труд туторите добиваат дополнителни поени при аплицирање за студентски стипендии.

Рок: континуирано
Буџет: 0 денари.

## **ПРОЕКТ 15:** НАЈДОБРА ВЕБ-СТРАНИЦА И ВЕБ-ПОРТАЛ ЗА ЕДУКАЦИЈА

Предвидуваме награди за оние наставници кои ќе подготвуваат едукативни видеоматеријали.

Рок: 2021 година.
Буџет: 3 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 16:** ВОВЕДУВАЊЕ НА ЗНАКОВЕН ЈАЗИК И КАКО НАСТАВЕН ПРЕДМЕТ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ОД СООДВЕТНИ ОБЛАСТИ.

Рок: 2021 година.
Буџет: 3 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 17:** ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ

Проектот овозможува поддршка на лицата кои од какви било причини во минатото не го дооформиле образованието, нивна доквалификација и преквалификација и системско признавање на квалификациите стекнати преку неформалното образование, со цел олеснување на вработливоста.

Рок: 2022 година.
Буџет: 6 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 18:** ЗАШТИТА И АФИРМИРАЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО ДИЈАСПОРАТА

Со овој проект ќе се овозможи поголема застапеност и употреба на македонскиот јазик кај децата во дијаспората, преку дополнителни активности за изучување на јазикот надвор од предвидените наставни програми (кампови и летни школи во Македонија за децата од дијаспората за практикување на јазикот, културата, историјата и традицијата)

Рок: 2021-2024
Буџет: 90 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 19:** ЗАКОН ЗА ПРЕТШКОЛСКА ВОЗРАСТ И ЗАКОН ЗА УМЕТНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Потребата за вакви 2 закона е повеќе од потребна. Законот за уметничко образование е потребен пред сè заради регулирање на многуте специфики на ова образование кое е сосема поинакво од гимназиското или стручното.

Буџет: 600 000 денари.

## **МЕРКА 3:** ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ – ТЕМЕЛ НА МАКЕДОНСКИОТ ПРОСПЕРИТЕТ

Високото образование во Македонија во моментов не е приспособено на пазарот на трудот, па оттука висок процент на високо образувани кадри ја напуштаат земјата во потрага по работни места, вработување соодветно на нивното образование и подобро вреднување на нивниот труд во струката. Голем број студенти завршуваат на студиски програми од кои пазарот на труд е презаситен или воопшто нема потреба, а многу млади работат на работни позиции кои не одговараат на нивното ниво на образование или на нивните квалификации. Македонија во моментот нема рангиран универзитет на светските листи по квалитет на образование. Сето ова е голема загуба за општеството имајќи предвид дека образованието во Македонија е бесплатно. Затоа, Владата на ВМРО-ДПМНЕ, се обврзува да спроведе темелни реформи во високото образование, во континуирана тесна соработка со универзитетите во Македонија.

За унапредување на високото образование, ВМРО-ДПМНЕ ги предлага следните проекти во областа на високото образование:

### **ПРОЕКТ 1:** ОСОВРЕМЕНУВАЊЕ НА НАСТАВНИЧКИТЕ ФАКУЛТЕТИ

Наставничката професија ќе ја направиме престижна професија која ќе ги опфаќа најдобрите студенти во Македонија и кои ќе обезбедуваат најкомпетентен кадар за продуцирање на квалитетни, вешти, креативни и модерни наставници. Предвидуваме значајно подобрување на компетенциите на идните наставници преку реформирање на студиската програма и условите за упис на овие факултети.

Рок: 2022 година.
Буџет: 12 милиони денари.

### **ПРОЕКТ 2:** ФОРМИРАЊЕ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И НАУЧНО ИСТРАЖУВАЊЕ

Националниот совет е предвиден со Законот за високо образование, а досега не функционира во пракса. Квалитетот на високото образование (кој го обезбедуваат Националниот совет за високо образование и наука, Агенцијата за акредитација и Агенцијата за евалуација) зависи од функционирањето на овие тела и без нивно квалитетно функционирање не може да се обезбеди квалитетно високо образование.

Рок: 2021 година.
Буџет: 60 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 3:** РЕВИДИРАЊЕ НА ПРОПУСТИТЕ ВО ЗАКОНОТ ЗА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ

Три години по спроведувањето на Законот за високо образование, во пракса се покажа дека тој е полн со недостатоци, неусогласености и решенија кои не нудат квалитет, напредок и додадена вредност на законот. Затоа, предвидуваме во сеопфатна јавна дебата да преминеме кон прецизирање и коригирање на решенијата од Законот.
Рок: 2020 година.
Буџет: 1,2 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 4:** УНАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТСКИОТ СТАНДАРД

ВМРО-ДПМНЕ се обврзува да го подобрува студентскиот стандард преку ослободување од партиципација на студентите од семејства со лични примања пониски од просекот во Македонија и на докажано талентираните и/или најдобрите студенти за студирање во Македонија и нивна поддршка за студии во странство. Предвидуваме и стипендии за наградување и мотивација на најдобрите студенти и вработување на 200-те најдобри студенти кои завршиле додипломски студии на државните универзитети во земјата.
Рок: 2020 година.
Буџет: 180 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 5:** ПОДОБРУВАЊЕ НА СТАНДАРДОТ НА УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ КАДАР

Во моментов, вреднувањето на трудот на универзитетскиот кадар е релативно ниско во споредба со вреднувањето на истиот кадар во земјите во регионот. За таа цел, во следните години ВМРО-ДПМНЕ ќе работи на подобрување на вреднувањето на трудот на универзитетскиот кадар и подобрување на неговиот стандард со најмалку 5% зголемување на платите годишно.
Буџет: Во согласност со буџетот дефиниран во делот за финансии.

## **ПРОЕКТ 6:** ЗАЈАКНАТИ КАПАЦИТЕТИ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ СПОРЕД ПОТРЕБИТЕ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

Зајакнување на капацитетите на единиците на државните универзитети во Македонија со наставен и технички кадар, по направена анализа на состојбата. Интензивирање на процесот на адаптација и постојана евалуација на студиските програми според потребите на пазарот на труд, како и уписна политика на студентите во согласност со потребите на пазарот на труд.
Рок: 2020 година.
Буџет: 0 денари.

## ПРОЕКТ 7: ПОДДРШКА НА МЕЃУНАРОДНИ АКРЕДИТАЦИИ НА СТУДИСКИ ПРОГРАМИ НА ДРЖАВНИТЕ УНИВЕРЗИТЕТИ.

Поттикнување и поддршка на процесот на апликација за стекнување меѓународна акредитација на студиски програми предложени од страна на факултетите (Европската акредитациона комисија, САД, Канада и други релевантни акредитациони тела) во насока на меѓународна промоција на македонските високообразовни институции, со покривање на 50% од трошоците од страна на МОН, на секој предлог за акредитација на студиска програма за добивање европска или соодветна релевантна светски призната акредитација.

Рок: континуирано.
Буџет: 3 милиони денари.

# МЕРКА 4: НАУКАТА КАКО НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС

Развитокот на науката и технологијата влијае на целокупниот општествен развиток во државата, вклучувајќи економски напредок, успешни макроекономски проекти, подобрени комуникации, напредок на здравствениот систем, инфраструктурата, безбедноста, екологијата и бројни други гранки вклучително и образованието. За развиток на прогресивна научна мисла покрај човечки ресурси потребни се физичка и економска инфраструктура, како и материјални средства за спроведување на научните проекти. За таа цел во овој мандат Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе посвети особено внимание на развиток на науката во Македонија со следните проекти:

## ПРОЕКТ 1: ФИНАНСИРАЊЕ НА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА РАБОТА

Во моментот финансирањето на науката е околу 0,1 процент од БДП, што е убедливо најниско во регионот. По извршено мапирање на состојбите, ќе предложиме модел за финансирање на научно-истражувачката работа заснован на најдобри светски практики. Со директно финансирање на проекти, покрај едукативната, ќе ја стимулираме и научно-истражувачката компонента на универзитетите. Финансирањето ќе биде базирано на однапред познати индикатори, со што универзитетите ќе имаат јасна слика за своите финансиски параметри за периодот кој следува.

Рок: 2021 година.
Буџет: 33 милиони денари.

## ПРОЕКТ 2: СТИПЕНДИИ ЗА АПЛИКАТИВНИ ТРУДОВИ И НАУЧНИ И ТВОРЕЧКИ СУБВЕНЦИИ

Со проектот ќе се стимулираат истражувачки, магистерски, докторски трудови со апликативна вредност за Македонија. Според внимателно дефинирана методологија, за секој објавен труд во списание со импакт фактор ќе се финансира неговото објавување, а предвидуваме и еднократен паричен надоместок во висина од 1000 ЕВРА. Дополнително, Владата на ВМРО-ДПМНЕ се обврзува на првиот автор на научен труд објавен на Web of science да му исплаќа 50% повисока плата во период од 1 година.

Рок: 2021 година.
Буџет: 80 милиони денари.

## ПРОЕКТ 3: НАЦИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ПОДДРШКА НА НАУЧНИ ИСТРАЖУВАЊА

Националниот центар за научни истражувања и за размена на знаења претставува платформа за споделување на знаење, има за цел да ги обедини поранешните студенти (алумни) од универзитетите во Македонија, со македонските граѓани кои го завршиле своето образование во странство или имаат работно искуство на најдобрите универзитети во светот. Центарот ќе овозможи спроведување на интернационални проекти во соработка со македонските граѓани во дијаспората, како и со истражувачи од други држави. Овој Центар овозможува и целосно интегрирање на научниот потенцијал од Македонија и дијаспората како во наставно-образовните, така и во научно-истражувачките и апликативни дејности во државата.

Рок: 2022 година.
Буџет: 90 милиони денари.

## ПРОЕКТ 4: БАЗА НА ДОМАШНИ НАУЧНИ СПИСАНИЈА

Се обврзуваме да ги поддржиме државните универзитети во издавањето домашни научни списанија за подигање на нивниот квалитет, редовност во издавањето, сè со цел нивно квалификување на листите на постојните светски реномирани бази на научни списанија. Затоа, предвидуваме и изработка на електронска база на списанија и трудови, каде што ќе имаат пристап сите студенти и научници од универзитетите во Македонија.

Рок: 2021 година.
Буџет: 15 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 5:** ЈАВНИ НАУЧНИ УСТАНОВИ ОД НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС

Заради зајакнување и позиционирање на националниот интерес на македонскиот народ и сите граѓани на Македонија, предвидуваме Институтот за македонски јазик, Институтот за литература, Институтот за фолклор и Институтот за национална историја да прераснат во установи од национален интерес. Целта е поврзување помеѓу научните истражувања и фундаменталните национални цели.

Рок: 2020 година.
Буџет: 36 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 6:** ЦЕНТАР ЗА КОГНИТИВНИ НАУКИ

Предвидуваме отворање на современ Центар за когнитивни науки за научен развој во Македонија и академско популаризирање на овие научни дисциплини и нивно комерцијално применување во бизнис-секторот. Ваквиот центар би обезбедил значителен прогрес на технологијата, економијата и севкупниот општествен развиток.

Рок: 2022 година.
Буџет: 15 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 7:** КО-ФИНАНСИРАЊЕ НА СЕРТИФИКАЦИЈА НА НАУЧНИ ЦЕНТРИ НА ИЗВОНРЕДНОСТ

Предвидуваме план за кофинансирање сертификација на центри за извонредност со цел обезбедување ориентирани истражувања, вмрежување и соработка со водечки европски и светски истражувачки центри, заеднички меѓународни проекти насочени кон специфични проблеми, експертска едукација и практична примена на науката.

Рок: 2022 година.
Буџет: 1,5 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 8:** КОМЕРЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА НАУЧНИТЕ ЛАБОРАТОРИИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА БИЗНИС- СЕКТОРОТ.

Овој проект овозможува создавање единство на научните лаборатории и бизнис-секторот со заеднички бенефит, а притоа и развиток како на науката така и на бизнис-секторот.

Рок: почнувајќи од 2021 година
Буџет: 18 милиони денари

## ПРОЕКТ 9: ФОРМИРАЊЕ НА ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ГЕНЕТИКА

Предвидуваме планови за формирање база или сопствен генетски архив на Македонија. Целта е развивање на домородни успешни видови, соеви, лози на растенија и животни, микроорганизми за подобрување на квалитетот и конкурентност на македонскиот пазар во странство.

Рок: континуирано.
Буџет: 600 милиони денари.

# МЕРКА 5: ОБРАЗОВАНИЕ НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Образованието на лицата со посебни образовни потреби е базично човеково право и општеството има должност истото да го обезбеди. Инклузијата на учениците со попреченост е процес кој бара сериозна посветеност, поголеми материјални средства и едуциран наставен кадар. За успешна инклузија на децата со попреченост се потребни промени и приспособување на наставната содржина, пристапот, структурите и стратегиите и соодветно едуциран наставен кадар, како и потребни материјални средства. Владата на ВМРО-ДПМНЕ се обврзува да направи посебни напори за овозможување на најдобра можна едукација на овие лица и нивна подготовка за реалниот живот и нивна работоспособност, во согласност со светските конвенции за заштита и промоција на правата на лицата со попреченост.

## ПРОЕКТ 1: ЗАЧЛЕНУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ВО ЕВРОПСКАТА АГЕНЦИЈА ЗА ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ И ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Зачленувањето на Македонија во европската агенција за посебни потреби и инклузивно образование овозможува поинтензивен и современ развиток во полето за инклузија на лицата со попреченост во општеството.

Рок: 2021 година.
Буџет: 2,5 милиони денари.

## ПРОЕКТ 2: ПРОГРАМА ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА УЧИЛИШТАТА ЗА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ (ПОП)

Преку оваа програма, ги поврзуваме училиштата за лица со посебни потреби со стопанските комори и АВРМ, заради олеснување на процесот на вработување на овие лица по завршување на образованието, но и одговор на потребите на компаниите. Предвидуваме поддршка на формирање заштитни оддели за вработување на лицата со ПОП, кои во секое време би биле на располагање на училиштата и образованието.

Рок: 2021 година.
Буџет: 7 милиони денари.

## ПРОЕКТ 3: ПРИСТАПНИ СТУДЕНТСКИ ДОМОВИ ЗА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Лицата со попреченост имаат право на студентски живот и социјализација со своите пријатели исто како и сите останати студенти. Затоа, ќе ја гарантираме пристапноста на студентските домови за секаков вид попреченост, со што ќе ги намалиме трошоци за живот на овие лица и ќе им овозможиме социјален живот со нивните врсници и колеги.

Рок: со изградбата и реконструкцијата на студентските домови
Буџет: 42 милиони денари.

## ПРОЕКТ 4: Е-ЧИТАЛНА ЗА ЛИЦА СО ОШТЕТЕН ВИД

Е-читалната на лицата со оштетен вид ќе ги снабди со аудиоматеријали потребни за процесот на студирање. На овој начин ќе им овозможи полесно совладување на материјалот за учење и ќе достапност на друга литература која не е поврзана со студиската материја.

Рок: од 2021 година.
Буџет: 2,4 милиони денари.

## ПРОЕКТ 5: ОТВОРАЊЕ НА РЕАЛНИ КОМПАНИИ ВО СРЕДНИТЕ СТРУЧНИ СПЕЦИЈАЛНИ УЧИЛИШТА НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Преку овој проект на лицата со посебни потреби им се овозможува да се подготват за пазарот на трудот во реални компании.

Рок: континуирано
Буџет: 5 милиони денари.

## ПРОЕКТ 6: ОТВОРАЊЕ НА ЦЕНТАР ЗА ПОДДРШКА НА РОДИТЕЛИТЕ

Предвидуваме отворање на Центар за подготовка на родителите и семејствата на лицата со попреченост за справување со тешкотиите и предизвиците во образованието на нивните деца и во општеството.

Рок: 2022 година.
Буџет: 150 милиони денари.



# 5. АДАПТИБИЛЕН И ЕФИКАСЕН ПАЗАР НА ТРУД

Намалувањето на невработеноста е најуспешниот резултат на Владата на Македонија предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Македонија е единствената земја во Европа која забележа намалување на стапката на невработеност во услови на светска и европска должничка криза. Стапката на невработеност значително се намали од претходните високи нивоа од 38,7% во 2005 година, на 24,0% во 2016 година.

Се промени и структурата на вработеноста, со намалување на учеството на работници кои работат во елементарни занимања и се зголеми вработеноста на техничари, стручњаци и професионалци.

Покрај деценискoто надолно движење на стапката на невработеност, состојбата на пазарот на труд во Македонија се карактеризира со ниска стапка на активност од 57.2% во 2019 година, што упатува на недоволна искористеност на работната сила како значаен развоен потенцијал, ниска вработеност што упатува на тоа дека мал дел од активното население придонесува кон создавање на бруто домашниот производ и понатаму висока невработеност од над 17% во 2019 година.

Невработеноста е висока, а сепак работодавците се жалат на недостиг од мотивирани и квалитетни работници. Исто така, емиграцијата ја намалува расположливата работна сила и набрзо недостигот од квалитетна работна сила може да биде препрека за планираниот раст на домашните и странските бизниси, како и за привлекување на нови странски инвестиции.

Затоа, ВМРО-ДПМНЕ ќе се залага за зголемување на квалитетот на работната сила преку формалното образование, обуки на работното место и образование за возрасни (формално и неформално), со цел намалување на невработеноста, зголемување на вработеноста и раст на продуктивноста на македонските работници која понатаму ќе доведе до раст на платите.

Нашата цел е до крајот на 2024 година да ја намалиме стапката на невработеност на ниво под 10%, што е остварливо доколку европската и светската економија ја пребродат здравствената и економската криза предизвикана од новиот корона вирус до крајот на 2020 или до средината на 2021 година. Тоа значи дека во следните четири години во Македонија ќе се креираат најмалку 80.000 нови работни места!

## **МЕРКА 1.** УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТНАТА СИЛА И СИЛНИ ВЛОЖУВАЊА ВО ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ

Обуките се важни во рамките на концептот на доживотно учење, ги унапредуваат вештините и знаењата на работниците, ја зголемуваат конкурентноста на фирмите, како и продуктивноста. Во Македонија, мал дел од фирмите обезбедуваат обука за своите вработени – само околу 10% од вработените лица се вклучени во некој вид обука поврзана со работното место, а дел од таа обука е финансирана од самите работници.

### **ПРОЕКТ 1:** ФОНД ЗА КО-ФИНАНСИРАЊЕ НА ОБУКИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

Фокусот ќе биде ставен на компании од приоритетните сектори (или сектори кои имаат поголема продуктивност од просечната на ниво на економијата) и кои ќе покажат план за обуки со кој ќе се зголеми продуктивноста на работниците или нивната способност за работа со нова технологија. Притоа, владата ќе изгради критериуми врз основа на кои ќе се ко-финансираат обуките. Учеството на владата би било 50% од вкупните трошоци на обуката. Притоа, ќе се инсистира секогаш кога е можно, обуката да води кон признаена квалификација/сертификат.

Рок: континуирано.
Буџет: 42,5 милиони денари.

## **МЕРКА 2.** ПОТТИКНУВАЊЕ И ПОДДРШКА НА ВРАБОТУВАЊЕ СО ПОСЕБЕН АКЦЕНТ НА РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ НА ЛИЦА НА ПАЗАРОТ НА ТРУД

Политиките на вработување, вклучително и активните мерки на пазарот на труд, (АМПТ) не се ефективни во услови на ниска побарувачка за труд. Оттука, основа на нашата програма е индустриската политика насочена кон создавање на високопродуктивни работни места. Растот на бизнис-секторот ќе доведе и до зголемено креирање на работни места со што понатаму ќе се зголемува вработеноста и животниот стандард.

### **ПРОЕКТ 1:** АКТИВНИ МЕРКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НАСОЧЕНИ КОН РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ НА ЛИЦА НА НИВО 0,2% ОД БДП

Бидејќи одредени категории на лица немаат ист пристап до новите работни места заради одредени свои карактеристики (пример, младите лица, жените, одредени етнички малцинства, како Ромите, лицата со инвалидитет итн.), во наредниот четиригодишен период ќе спроведеме добро ди-

зајнирани ефикасни активни мерки за вработување на овие таргет групи. Во исто време, средствата за оваа намена ќе ги зголемиме од сегашните 0,16% од БДП (во 2017 година) на ниво од 0,2% од БДП.

Рок: континуирано.
Буџет: 120 милиони денари.

## ПРОЕКТ 2: ПАКЕТ ЗА МЛАДИ ЛУЃЕ (15 - 29 ГОДИНИ)

Целта на овој пакет е да ги зголеми шансите на младите да најдат работа, како и да не се дозволи застарување на нивното знаење и вештини. Пакетот ќе се состои од процена на вработливоста на младите лица, подготовка на индивидуален план за вработување, посредување во вработување (за овие кои се релативно лесно вработливи) или вклучување во активна мерка за која индивидуално ќе се оцени дека би имала најголем ефект врз можноста за вработување.

Рок: континуирано.
Буџет: 100 милиони денари.

## ПРОЕКТ 3: ПАКЕТ НА МЕРКИ И УСЛУГИ ЗА ЛИЦАТА БЕЗ КВАЛИФИКАЦИИ ИЛИ СО НИСКО ОБРАЗОВАНИЕ И КВАЛИФИКАЦИИ И ДОЛГОРОЧНО НЕВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА

Целта на овој пакет е да ги зголеми шансите за вработување на лицата без квалификации или со ниско образование и квалификации и долгорочно невработените лица. Пакетот ќе се состои од: процена на вработливоста на младите лица, подготовка на индивидуален план за вработување, обуки за активно барање на работа (на пример, обука за самоефикасност на квалификувани долгорочно невработени лица), вклучување во програми за дополнително образование и обука (функционално образование за возрасни, стекнување на практично знаење и искуство, кратки обуки во образованието на возрасни, итн.).

Рок: континуирано.
Буџет: 85 милиони денари.

## ПРОЕКТ 4: ПАКЕТ НА МЕРКИ И УСЛУГИ ЗА ЛИЦАТА КОРИСНИЦИ НА СОЦИЈАЛНА ПАРИЧНА ПОМОШ (СПП)

Лицата корисници на СПП и нивните семејства најчесто спаѓаат во категоријата на лица со ниско образование, со ниски шанси за вработување, а често и со големо учество во неформалната економија. Во согласност со постојниот систем на СПП ако се оствари доход од некоја економска активност тоа автоматски значи престанок на СПП, што е во спротивност со политиките на „исплатливост на платата“ кои се применуваат во земјите на ЕУ. Затоа, ќе направиме одредени измени во системот на социјална

помош и ќе предвидиме пакет на мерки кој ќе ги зголеми шансите за вработување на лицата корисници на социјална парична помош.

Пакетот на мерки во доменот на политиката за вработување ќе опфаќа: процена на вработливоста на лица корисници на социјална парична помош, подготовка на индивидуален план за вработување, посебни мерки за поврзување на корисниците на СПП или членови на нивното семејство со работодавачи, вклучително и потребна обука и квалификации за работното место, подготовка односно обука за прво/ново вработување и стекнување на вештини за работа, субвенционирано вработување, со поголема стимулација за оваа категорија на невработени лица.

Рок: континуирано.
Буџет: 100 милиони денари.

## ПРОЕКТ 5: ВАУЧЕР ЗА ФЛЕКСИБИЛНО ВРАБОТУВАЊЕ СО ИСТОВРЕМЕНО НАМАЛУВАЊЕ НА НЕФОРМАЛНАТА ВРАБОТЕНОСТ

Многу работници не можат да обезбедат за себе стабилно вработување или пак од различни причини се втурнати во неформалност. Со воведување на ваучери ќе ја обезбедиме потребната флексибилност во ангажирање на работници за компаниите/домаќинствата, а притоа ќе ја гарантираме и социјална сигурност на работниците. Работодавачот кој има потреба од ангажирање на работници повремено, истите ќе ги плаќа со ваучер. Ваучерот ќе го вклучува плаќањето кон работниците (надница или плата) и социјалните придонеси. Притоа, секој работодавач има ограничување за колку работници и саати може да користи ваучери за да се спречи супституција на редовен работен однос со ваучер. Владата притоа ќе субвенционира дел од трошоците на ваучерот, за да ги поттикне работодавците и домаќинствата да користат ваучери наместо неформално плаќање.

Рок: континуирано.
Буџет: 80 милиони денари.

# МЕРКА 3. ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА КОН ФОРМИРАЊЕ НА МОДЕРЕН СЕРВИС НА КОМПАНИИТЕ И ГРАЃАНИТЕ

Агенцијата за вработување ќе ги зајакне своите капацитети и ќе биде ефективен посредник помеѓу работодавците и работниците. Истата во наредниот четиригодишен период ќе прерасне во вистинска агенција за вработување преку зајакнување на капацитетот на вработените за подобрување на нивните способности за посредување при вработување, но и за имплементирање пакети на мерки и услуги насочени кон ранливото

население, со цел подобрување на нивните шанси за вработување. Агенцијата ќе имплементира повеќе пакети на мерки и интервенции кои ќе придонесат за поефикасен пазар на труд и за подобра бизнис-клима во државата.

Рок: континуирано.
Буџет: 200 милиони денари.

## МЕРКА 4. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ФЛЕКСИБИЛНОСТА НА ПАЗАРОТ НА ТРУД

Со зголемување на флексибилноста на пазарот на труд ќе се унапреди ефикасноста на претпријатијата и нивната способност да се справат со сезонска флуктуација во обемот на работа, ќе се зголеми сатисфакцијата кај вработените на работното место, ќе се помогне на одредени категории на граѓани и ќе се придонесе за зголемување на бројот на учесници на пазарот на труд. Сето ова ќе има значаен придонес во целокупната економија и ќе значи доближување на Македонија кон европските практики. Во исто време ќе биде и олеснување при планирањето за формирање на семејство.

### ПРОЕКТ 1: ВОВЕДУВАЊЕ НА ФЛЕКСИБИЛНО РАБОТНО ВРЕМЕ

Воведувањето на флексибилно работно време би било од значителна помош на родителите на деца во претшколска возраст кои имаат потреба од поголема флексибилност во првите години од родителството. Исто така, од значителна корист би била и кај оние вработени кои се стремат кон доедукација и доусовршување. Ќе бидат разгледани и воведени различни форми на флексибилност како договор за вработување со неполно работно време и уредување на договори за работа од дома.

Рок: 2022 година.

### ПРОЕКТ 2: ВОВЕДУВАЊЕ НА МОЖНОСТ ЗА ПРИВРЕМЕНА/СЕЗОНСКА РАБОТА НА ПЕНЗИОНЕРИ

Ќе биде разгледана можноста за овозможување на ангажирање на пензионери за сезонска работа. Ова би помогнало да се намали недостигот од работна сила и би придонело за дополнување на семејните буџети. Исто така би се овозможило одредена категорија на искусни и работоспособни пензионери да го продолжат работниот век без да ја изгубат својата пензија.

Рок: 2020 година.

## ПРОЕКТ 3: ОЛЕСНУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ОД ДОМА

Согласно постојното решение работникот може да ја извршува работата во својот дом или во други простории надвор од деловните простории на работодавачот, при што се склучува Договор за вработување со вршење на работа дома. Овој систем не соодветствува на реалните потреби на работодавачите, во смисла на обезбедување на флексибилност во уредување на работниот однос и овозможување на вршење на дел од работните задачи во простории на работодавачот, а дел од дома. Истото стана особено евидентно со актуелната криза предизвикана од Ковид-19, која ја истакна потребата работниците во одредени дејности дел од своите работни задачи да извршуваат од дома.

Затоа ќе ги олесниме сите бариери кои наметнуваат обврски неприменливи во денешниот начин на функционирање на бизнисите и ќе овозможиме флексибилност во уредувањето на работниот однос во делот на местото на кое ќе се извршуваат работните обврски, што ќе биде од особена полза за работниците и работодавачите од одредени дејности како на пример ИКТ секторот.

# МЕРКА 5. МОДЕРНО ЗАКОНОДАВСТВО ПО МАКЕДОНСКА МЕРА – РЕФОРМА НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ТРУД, БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА, МИРНО РЕШАВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ СПОРОВИ

Визијата на ВМРО-ДПМНЕ е креирање на модерно трудово законодавство според европските критериуми, но во согласност со македонските потреби. Тоа подразбира законски измени и дополнувања, како и носење на нови подобри закони кои ќе можат полесно и ефикасно да се применат во практиката:

## ПРОЕКТ 1: ИЗМЕНИ ВО ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Овој проект предвидува измени, или донесување на нов Закон за работните односи (Закон за труд) во кои ќе се подобрат некои решенија, ќе се донесат сосема нови решенија кои ќе значат поголема заштита на правата на работниците, како и решенија кои ќе овозможат ефикасно водење на бизнис. Новите законски решенија ќе ја следат економската обнова на земјата. Меѓу решенијата кои ќе се предвидат се:

- Право на родителско отсуство за двата родитела, по истек на 3-месечно задолжително родителско отсуство за жената. По истекот на 3 месеци од раѓањето на детето, родителите може да се договорат кој ќе продолжи да го користи родителското отсуство, или и двајцата ком-

бинирано ќе го користат.

- Работничките и самохраните родители кои имаат дете до 6 години нема да може да работат во смени, ноќна работа и прекувремена работа, освен ако работникот даде писмена изјава дека доброволно се согласува.
- Точно дефинирање на постапката и критериумите за престанок на работниот однос.
- Нови законски решенија кои ќе се донесат преку усогласеност со синдикатите и работодавачите согласно нивните потреби и цели.

Рок: 2021 година.

## ПРОЕКТ 2: ПРЕВЕНТИВЕН И ЕФИКАСЕН СИСТЕМ НА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Овој проект овозможува измени на системот на БЗР во земјата во насока на поместување на концептот од санација на повредите и професионалните заболувања во систем на превенирање. За таа цел ќе се направат измени во законодавството преку нов Закон за безбедност и здравје при работа, како и ревидирање на подзаконските акти од областа. Проектот ќе испорача:

- нов систем на професионализација на струката и вклучување на БЗР во образовниот систем на сите нивоа;
- воспоставување на единствен систем на евиденција на повреди, професионални заболувања и смрт на работно место;
- нова олеснета методологија за пријавување на повреди на работно место каде вработениот повреден или неговото семејство ќе биде ослободено од административни процедури, и
- поврзување и афирмација на службата за трудова медицина со компаниите и државните органи во системот на БЗР

Рок: 2021-2 година.
Буџет: 4,25 милиони денари.

## ПРОЕКТ 3: РАЗВИЕН СИСТЕМ НА МИРНО РЕШАВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ СПОРОВИ

Заради нефункционалноста на системот на мирно решавање на работните спорови, како начин за побрзо, поевтино и ефикасно надминување на споровите од областа на работните односи најнапред ќе се измени Законот за мирно решавање на работните спорови.

Ќе се овозможи задолжителен обид за мирно решавање на работните спорови кај сите спорови кои се пред судовите во прв степен кој судат за работни спорови.

Законот ќе претрпи содржински измени во однос на опфатот и начинот на мирно решавање на индивидуалните и колективните спорови.

Рок: 2021 година.

### ПРОЕКТ 4: КОДИФИКАЦИЈА НА ТРУДОВОТО И СОЦИЈАЛНОТО ЗАКОНОДАВСТВО

Овој проект е многу значаен бидејќи ќе овозможи целосна систематизација и класификација на прашањата од областа на трудот и социјалната политика во правна рамка која на ефикасен начин ќе ја уреди целокупната област. Кодификацијата подразбира измени, дополнувања на веќе постоечки закони, донесување на нови и модерни закони од областа на трудот, каде веќе постојат одредени правни решенија, како и донесување на нови закони кои досега не постојат, а се потребни како што е на пример Законот за социјално претприемништво, Законот за млади, Законот за демографски развој и баланс и други.

Рок: 2022 година.
Буџет: 4,25 милиони денари.

## МЕРКА 6. ТРУДОВ ИНСПЕКТОРАТ – ЗАШТИТНИК НА ПРАВАТА

За одржлив трудов систем потребен е ефикасен трудов инспекторат. Визијата на ВМРО-ДПМНЕ е да се обнови трудовиот инспекторат кој ќе израсне во ефикасна и модерна државна институција во согласност со европските стандарди. За таа цел ќе се преземат следните основни проекти:

### ПРОЕКТ 1: ДОЕКИПИРАЊЕ – ВРАБОТУВАЊЕ НА НОВИ ИНСПЕКТОРИ

Бидејќи во последните 30 години постои константен недостиг од трудови инспектори, новата Влада на ВМРО-ДПМНЕ ќе овозможи заокружување на процесот на доекипирање на трудовиот инспекторат со нови стручни и професионални 60 трудови инспектори, од кои 40 во одделението за труд и 20 во одделението за безбедност и здравје при работа во првата година од формирањето на Владата. Овој процес ќе се проценува на годишно ниво и во согласност со потребите и анализите ќе трае во континуитет.

Рок: 202 1 година.
Буџет: 8,5 милиони денари.

### ПРОЕКТ 2: ТРУДОВ ИНСПЕКТОРАТ ВО ПОЛН КАПАЦИТЕТ

Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе направи детална анализа во првите три месеци од формирањето со цел ревизија на постоечките овластувања на трудовите инспектори и идно зајакнување и зголемување на оперативните надлежности на инспекторите. Зајакнувањето и зголемувањето на надлежностите на трудовите инспектори има за цел поефикасно и подобро

спроведување на законските решенија и заштита на правата од работен однос за вработените и превенција од злоупотреба кај работодавачите.

Исто така, во рамките на овој проект ќе се направи процена на бројноста наспроти реалните потреби на административните служби и други вработени во инспекторатот, со цел нивно продуктивно ангажирање во инспекторатот. Овој проект подразбира и анализа на надлежностите и потребата од функционирање на Инспекцискиот совет. Тоа подразбира изготвување на оперативна процена од потребата за постоење на овој орган и негова трансформација или укинување.

Рок: 2021-2 година.

### ПРОЕКТ 3: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ИНСПЕКТОРИТЕ

Во рамките на овој проект инспекторите ќе посетуваат континуирани обуки со цел нивна едукација и јакнење на професионалните вештини при спроведување на контролата и надзорот над примената на законските одредби од областа на трудот и безбедноста и здравјето при работа. Особено ќе се работи на единствена и унифицирана примена на надзорот од страна на сите инспектори на целата територија на Македонија. Овие обуки ќе се финансираат од меѓународни извори и еден дел од буџетски средства.

Рок: 2022 година.
Буџет: 8,5 милиони денари.

## МЕРКА 7. СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ И КОЛЕКТИВНО ДОГОВАРАЊЕ

Социјалниот дијалог и развиениот систем на колективно договарање е основа за демократски и децентрализиран систем на работни односи. Целта на новата Влада на ВМРО-ДПМНЕ ќе биде целосно деполитизирање на социјалниот дијалог, поттикнување на колективните преговори, поддршка на синдикатите и организациите на работодавачи во нивно претставување и активности надвор од земјата. За да се постигне ова, ќе се фокусираме на следните активности:

### ПРОЕКТ 1: РАЗВИЕН СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ

Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе креира законски решенија и општествени услови за целосно деполитизирање на бипартитниот социјален дијалог во стопанството. Преку реформа на системот на регистрација на синдикатите и здруженијата на работодавачи целосно ќе се укине влијанието на МТСП во однос на формирање и функционирање на здруженијата на работници и работодавачи. Владата, во рамките на социјалниот дијалог

на национално ниво и кога се јавува како работодавач целосно рамноправно и на начелото на еднаквост и партнерство, ќе ги уважува ставовите на синдикатите и здруженијата на работодавачи.

Ќе се формира Совет на честа, кој ќе врши надзор на спроведување на новиот концепт на социјален дијалог врз принципите на еднаквост и уважување. Овој совет ќе укажува на прекршување на кодексот на еднаквост и рамноправност при колективно преговарање и социјален дијалог на национално ниво.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ 2: СОЦИЈАЛНИТЕ ПАРТНЕРИ – ПРЕТСТАВНИЦИ НА ДРЖАВАТА ВО СТРАНСТВО

Владата на ВМРО-ДПМНЕ логистички и преку мрежата на контакти на меѓународно ниво ќе им помогне на синдикатите и здруженијата на работодавачи активно да се зачленат и вклучат во работата на сите тела и асоцијации кои го обединуваат овој тип организации на европско и меѓународно ниво.

Рок: континуирано.



# 6. РАЗВИЕНА И ФУНКЦИОНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Во минатото започнавме со реализација на проекти за градење на модерна и функционална инфраструктура, која придонесе за подобар проток на добра и услуги, а во исто време инфраструктура која го олесни движењето на патниците низ земјата на национално, регионално и локално ниво и ја зголеми безбедноста на сите учесници во сообраќајот.Инвестиравме во патната инфраструктура (градење на автопати, магистрални, регионални и локални патишта), железничката инфраструктура (градење и реконструкција на железничките пруги и набавка на нови возови), комуналната инфраструктура (градење на водоводни, атмосферски и фекални канализациски системи во многу населени места низ земјата), авионскиот сообраќај преку субвенционирање на летови, станбена инфраструктура (градење на социјални станови). Истовремено, -претходните влади предводени од ВМРО-ДПМНЕ работеа на унапредување на катастарот и ставање на ред во урбанизацијата во земјата.

За разлика од напорите на ВМРО-ДПМНЕ да изгради модерна и функционална инфраструктура која ќе биде од интерес на бизнис-секторот и граѓаните, СДСМ во изминатиот период успеа да реализира целосно запирање на сите крупни инфраструктурни проекти, воведоа мораториум за градење во повеќе општини, дополнително ја усложнија градежната регулатива и покажаа историска неспособност во реализирање на капиталните проекти. Да не заборавиме дека тие во својата изборна програма ветуваа изградба на 550 км магистрални и регионални патишта, 600 км автопати и експресни патишта и 1000 км локални патишта. Од овие ветувања граѓаните на Македонија не видоа никаква реализација.

И токму затоа, нашата цел и визија е да донесеме обнова на економскиот развој, придвижување на сите застанати проекти на кои ќе им дадеме нов импулс и содржина, а ќе понудиме и сосема нови проекти коишто ќе значат подобрување на квалитетот на живот на македонските граѓани.

## МЕРКА 1. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СИТЕ ДРЖАВНИ ПАТИШТА ВО СОГЛАСНОСТ СО СТЕПЕНОТ НА ОШТЕТЕНОСТ НА ПАТОТ И ПОТРЕБИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА МАКЕДОНИЈА.

Главен приоритет на новата Влада на ВМРО-ДПМНЕ ќе биде понатамошни инвестиции во патната инфраструктура. Ќе бидат изградени многу нови патни правциво сите региони од земјата. Како клучни проекти во

новата програма се:

- Завршување со изградба на автопатот Кичево - Охрид

Буџет: обезбеден.

- Завршување со изградба на првиот дел од 2км и допроектирање и изградба на преостанатиот дел од 11 км од автопатот Скопје-Блаце

Буџет: 6,7 милијарди денари.

- Завршување со изработката на проектна документација за автопат Гостивар - Кичево и разгледување на можностите за финансирање на неговата изградба

Буџет за изградба: 21,5 милијарди денари.

- Завршување со изработката на проектна документација за автопат Требеништа-Струга и разгледување на можностите за финансирање на неговата изградба

Буџет за изградба: 2,7 милијарди денари.

- Изработка на проектна документација за изградба на автопат од Катланово до Велес и разгледување на можностите за финансирање на неговата изградба

Буџет: 8,9 милијарди денари.

- Проширување на патот од Тетово до Гостивар со што би добиле современ автопат

Буџет: 3,7 милијарди денари.

- Изградба на автопат Прилеп-Битола и експресен пат до граничен премин Меџитлија

Буџет: 4,9 милијарди денари.

- Завршување со изградба на експресниот пат од Градско до Прилеп
- Изработка на нова проектна документација, а потоа и разгледување на можностите за финансирање на изградба на експресен пат од Струмица до Смоквица
- Реконструкција на експресен пат од Струмица до граница со Бугарија
- Изградба на експресен пат од Ранковце до Крива Паланка

Буџет: 4,8 милијарди денари.

- Завршување со изградба на експресен пат Штип-Кочани

Буџет: обезбеден.

- Довршување со изградба на експресен пат Штип-Радовиш

Буџет: обезбеден.

- Разгледување на можноста за поврзување на Македонија со Република Бугарија преку граничниот премин кај Делчево, во рамките на Коридорот 8А, во соработка со Република Бугарија
- Завршување на проектна задача за изградба на регионален пат од с. Извор (Кичево) до Бошков мост (Дебар)

## МЕРКА 2. СИЛНА ГРАДЕЖНА ОФАНЗИВА ВО СЕКОЈА ОПШТИНА ВО МАКЕДОНИЈА

Ќе се изврши реконструкција, рехабилитација и проширување на најмалку 1000 километри магистрални, регионални и локални патишта. Притоа на истите ќе се постави хоризонтална, вертикална и светлосна сигнализација.

### ПРОЕКТ 1: ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРАД СКОПЈЕ

Во соработка со градот Скопје ќе работиме на

- изградба на жичарница од подножјето на Водно до Средно Водно

Буџет: 615 милиони денари.

- Изградба на пречистителна станица за град Скопје, наменета за чистење на комуналните отпадни води кои доаѓаат од собирното подрачје на општините во град Скопје.

Буџет: 7,3 милијарди денари.

### ПРОЕКТ 2: ИЗГРАДБА НА ПАРКОВИ, СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА И УРЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ

Врвен приоритет на Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе биде во соработка со општините, изградба на паркови за рекреација, кои ќе бидат уредени со улично осветлување, клупи за седење, патеки за рекреирање, како и изградба на мултифункционални спортски игралишта.

Рок: 2021-2024.

### ПРОЕКТ 3: УРБАНА ШУМА

Во соработка со општините во град Скопје по цела должина на река Вардар од Карпош 4 преку Центар до Ново Лисиче ќе се оформи потег со т.н. Урбана шума, со засадување на оформени садници. На овој начин ќе се подобрува прочистувањето на воздухот во градот.

На сите големи булевари во Скопје и во другите општини во Македонија ќе се оформат дрвореди со засадување на веќе оформени садници.

# МЕРКА 3. **ПОЕФИКАСЕН И ПОБЕЗБЕДЕН ТРАНСПОРТ**

## ПРОЕКТ 1: ПОЛИТИКИ И МЕРКИ ЗА ПОЕФИКАСЕН И ПОБЕЗБЕДЕН ТРАНСПОРТ

Ќе воспоставиме соодветен систем на летно и зимско одржување на патиштата, преку поставување на нова, модерна и современа вертикална, хоризонтална и светлосна патна сигнализација по целата должина на сите патни правци во Македонија со што ќе ги минимизираме причините за сообраќајни несреќи.

Ќе воведеме стандард за задолжително поседување на систем за користење на слободен безжичен интернет (wi-fi) во меѓуградскиот автобуски и во железничкиот сообраќај.

## ПРОЕКТ 2. НОВИНТЕГРИРАН СИСТЕМ ЗА ЈАВЕН ТРАНСПОРТ НА МАКЕДОНИЈА

Преку овој проект ќе се овозможи електронска продажба на билети во меѓуградскиот и градскиот автобуски превоз на сите општини во Македонија, како и следење, контрола и управување со јавниот превоз. Со имплементација на проектот, граѓаните на брз и едноставен начин, по електронски пат ќе можат да купат билет за посакуваната дестинација, а воедно ќе имаат и увид на сите податоци за движењето, поаѓањето или пристигнувањето на возилата со кои се врши јавниот превоз.

# МЕРКА 4. **ЕКО МЕРКИ ЗА СООБРАЌАЈ ВО ФУНКЦИЈА НА ЧИСТА ЖИВОТНА СРЕДИНА**

## ПРОЕКТ 1: ЌЕ СЕ ИЗРАБОТИ ПРАВИЛНИК СО КОЈ СЕКОЈ ПАРКИНГ ВО МАКЕДОНИЈА, КОЈ ГО СТОПАНИСУВААТ ДРЖАВНИ ИЛИ ОПШТИНСКИ ИНСТИТУЦИИ ИЛИ КОМПАНИИ ВО ПРИВАТНИОТ СЕКТОР, ЌЕ ИМА НАЈМАЛКУ 5% ПАРКИНГ МЕСТА НАМЕНЕТИ ЗА ЕЛЕКТРИЧНИ ВОЗИЛА И ИСТО ТОЛКУ ПОЛНАЧИ ЗА ЕЛЕКТРИЧНИ ВОЗИЛА. ТРОШОЦИТЕ ВО ВИСИНА ДО 50% ОД ВРЕДНОСТА НА ИНВЕСТИЦИЈАТА ЌЕ БИДАТ СУБВЕНЦИОНИРАНИ ОД БУЏЕТОТ НА МАКЕДОНИЈА.

Исто така, со соодветна регулатива ќе ги дефинираме обврските на бензинските станици да поставaт најмалку 1 полнач за електрични возила, со тоа што до 50% од трошоците за таа инвестиција ќе бидат субвенционирани од Буџетот на Македонија.

При изградба на нови патишта, како и на веќе постоечките ќе се предви-

дат пунктови кои ќе служат за полнење на електрични возила.

### ПРОЕКТ 2: СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА НОВО ЕЛЕКТРИЧНО ВОЗИЛО

Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе овозможи на сите кои ќе купат ново електрично возило да им се намалат за 100% трошоците кон државата за регистрација за наредните 5 години. Дополнително, во период од првите 3 години овие возила ќе бидат ослободени од плаќање на патарини во Македонија.

### ПРОЕКТ 3: БЕСПЛАТЕН WI-FI НА АВТОПАТСКИ ДЕЛНИЦИ (ХОТ СПОТ ПАРКИНГ)

Ќе се интегрира бесплатен брз интернет на автопатите во Македонија. Ова претставува прва иницијална фаза од изведбата на таканаречени паметни автопати (Smart Highways)

Рок: 2022 година.

### ПРОЕКТ 4: ДРЖАВНИ РЕГИОНАЛНИ ВЕЛОСИПЕДСКИ ПАТЕКИ

Во соработка со единиците на локалната самоуправа ќе изградиме велосипедски патеки со кои ќе ги поврземе населените места, туристичките центри и знаменитости во Македонија, а со цел зголемување на користењето на велосипедите заради рекреација, туризам, безбедност и намалување на загадувањето.

Во оваа смисла финансиски ќе ги поддржуваме општините за изградба на велосипедска инфраструктура.

## МЕРКА 5. **ИНВЕСТИЦИИ ВО ПОДОБРА ЖЕЛЕЗНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА И СООБРАЌАЈ**

### ПРОЕКТ 1: ЗАВРШУВАЊЕ НА ИЗГРАДБАТА НА ПРУГА КУМАНОВО-БЕЉАКОВЦЕ.

Со ова практично ќе бидат реализирани двете фази од железничкото поврзување со Бугарија.

Рок: 2022 година.

### ПРОЕКТ 2: ИЗГРАДБА НА ПРУГА БЕЉАКОВЦЕ - КРИВА ПАЛАНКА - ДЕВЕ БАИР

По завршување со изградбата на пругата Куманово - Бељаковце, ќе се започне со изградба на пругата Бељаковце - Крива Паланка - Деве Баир,

со што ќе се воспостави железничкиот сообраќај помеѓу Македонија и Република Бугарија на Коридорот 8. Делот од железничката пруга од Бељаковце до Крива Паланка е со должина од 34 км, додека делот од Крива Паланка до Деве Баир, односно граница со Република Бугарија е со должина од 23,5 км.

Буџет: 8,9 милијарди денари Бељаковце - Крива Паланка.
Буџет: 20 милијарди денари Крива Паланка - Деве Баир.
Рок: 2024 - година.

## ПРОЕКТ 3: НАБАВКА НА НОВИ ВОЗОВИ

Со овој проект се предвидува да се набават најмалку 5 нови патнички возови.

Буџет: 1,3 милијарди денари.

## ПРОЕКТ 4:ГЕНЕРАЛЕН РЕМОНТ И МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ПОСТОЈНИТЕ ЛОКОМОТИВИ

Целта на овој проект е да се продолжи векот на експлоатација на постоечката флота дизел и електро локомотиви. Со тоа ќе се зголеми расположливоста на железнички возни средства и ќе се подобри услугата на корисниците посебно во делот на товарниот железнички транспорт.

Буџет: 430 милиони денари.

## ПРОЕКТ 5: ЕЛЕКТРИФИКАЦИЈА НА ПРУГАТА ВЕЛЕС - БИТОЛА ДО ГРАНИЦАТА СО ГРЦИЈА

Освен поголема ефикасност на железничкиот сообраќај,електрификацијата на пругите придонесува и за највисоко ниво на енергетска ефикасност.

Буџет: 1,2 милијарди денари.

## ПРОЕКТ 6: БЕСПЛАТЕН ИНТЕРНЕТ ВО ВОЗОВИТЕ

Преку овој проект за сите граѓани што патуваат со возовите на Македонски железници, ќе овозможиме бесплатен интернет за време на патувањето.

## ПРОЕКТ 7: ВОВЕДУВАЊЕ МОБИЛНА И ВЕБ-АПЛИКАЦИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА РУТАТА НА ДВИЖЕЊЕ НА ВОЗОВИТЕ ПРЕКУ GPS

Со овој проект на секој корисник на услугите на железницата, во секое време ќе му биде достапна локацијата на која се наоѓа во текот на патувањето.

## ПРОЕКТ 8: ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА И НАДЗОР НА ЖЕЛЕЗНИЧКИ КРАК МИЛАДИНОВЦИ - ИНДУСТРИСКА ЗОНА БУНАРЏИК

Буџет: 18,4 милиони денари.

## ПРОЕКТ 9: ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА И НАДЗОР НА ЖЕЛЕЗНИЧКИ КРАК ИЛИНДЕН - МЕЃУНАРОДЕН АЕРОДРОМ СКОПЈЕ

Буџет: 18,4 милиони денари.

## ПРОЕКТ 10: ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЖЕЛЕЗНИЧКИТЕ ПРЕМИНИ, СО ШТО ДИРЕКТНО ЌЕ СЕ ЗГОЛЕМИ БЕЗБЕДНОСТА ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ

Буџет: 18,4 милиони денари.

# МЕРКА 5. ИНВЕСТИЦИИ ВО ПОДОБРА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

СДСМ во својата изборна програма дадоа лажно ветување и во однос на изградба на канализации со кои процентот на изграденост од само за нив познатите 18%,ќе порасне на 40%. Но, во ова манипулативно и лажно ветување ниту еднаш не им објаснија на граѓаните врз основа на кои мерења и анализи ги утврдија овие 18% покриеност и уште колку километри канализациски системи треба да се направат за да се дојде до тие фиктивни 40% покриеност.

Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе обезбеди 100 милиони евра за финансиски да ги поддржи сите општини да преземат конкретни мерки за проектирање и изведба на водоводни, атмосферски и фекални канализациски системи.

Во таа смисла, ќе субвенционираме реконструкција на постојните водоводни системи во руралните средини врз основа на доставен проект за реконструкција од страна на општината и обврска да го преземе идното одржување на системот.

Исто така, ќе ја субвенционираме изградбата на фекални канализациски системи во селата до 50% од износот, врз основа на доставен проект од страна на општината како и обврска да го преземе идното одржување на системот.

# МЕРКА 6. **ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ**

## ПРОЕКТ 1: Е-ПРОСТОР

Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ го креираше и го стави во полна функција системот е-градежни дозволи и е-урбанизам. Со цел заокружување на целиот електронски процес на Урбано планирање се предвидува интегрирање на овие два системи ивоведување на графичка компонента како и воведување на графички преглед на сите права и ограничувања/товари кои постојат во просторот. Овие графички податоци треба да бидат видливи и достапни за преземање во новиот систем Е-простор кој покрај максималната транспарентност при носењето на урбанистичките планови ќе овозможи скратување на роковите за донесување на урбанистичките планови како и заштеди во процесот на планирање.

Рок: 2022 година.

Буџет: 61,5 милиони денари.

## ПРОЕКТ 2: ТАРИФНИК ЗА ИНЖЕНЕРСКИ УСЛУГИ

Како Влада ќе се залагаме заедно со Комората на овластени архитекти и инженери да усвоиме тарифник за инженерски услуги и истиот да биде составен дел од Законот за градење. Со усвојувањето на тарифникот ќе се подобрат инженерските услуги, а преку тоа ќе се подобри и инвестициската клима во државата.

Рок: 2020 година.

## ПРОЕКТ 3: ЗАВРШУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Со соодветни законски измени, ќе се овозможи Агенцијата за катастар на недвижности по службена должност или пак по барање на странката да ја изврши трансформацијата на дотогашното право на користење на поранешните сопственици на земјиштето. Со ова предлог решение значително би се намалиле трошоците на самите граѓани и би се скратила целата постапка при стекнување право на сопственост на градежното земјиште кое де факто го владеат и користат.

Воедно, ќе овозможиме сопствениците на посебни делови од колективни станбени згради кои се наоѓаат на земјиште сопственост на Македонија, по сила на закон да станат сосопственици на идеален дел од градежната парцела. На овој начин ќе овозможиме завршување на голем број долготрајни управни постапки во кои голем број граѓани бараат стекнување на сопственост на земјиштето што е во функција на зградата во која се сопственици на посебен дел.

Рок: 2020 година.

# МЕРКА 7. МОДЕРНИЗАЦИЈА НА КАТАСТАРОТ

## ПРОЕКТ 1: БЕСПЛАТНИ ЕЛЕКТРОНСКИ ПОДАТОЦИ

Македонија ќе го апроксимира целокупното ЕУ законодавство, посебно Дигиталната агенда 2020, INSPIRE директивата и Open Data регулативата но ќе се апроксимираат и најдобрите практики од САД, Јапонија кои се лидери во дигитализацијата и дигиталната економија.

Институциите и вертикално и хоризонтално ќе бидат поврзани во еден заеднички систем кој воедно ќе биде и едношалтерски систем за бизнис-заедницата. Дигиталните податоци ќе бидат комплетно БЕСПЛАТНИ со што директно ќе се влијае посебно на економијата да креираат нови бизниси и нови работни места. НА ЕДНО МЕСТО СЀ И ЗА СЕКОГО!

Рок: 2022 година.

## ПРОЕКТ 2: ПРОДОЛЖУВАЊЕ СО ПРОЕКТОТ МАСОВНА ПРОЦЕНА

Со реализацијата на проектот Регистар на цени и закупнини во 2015 година се реализира само првата фаза од системот за масовна процена. Новата влада ќе донесе нов закон за масовна процена со кој ќе се дефинира постапката за масовна процена на сите недвижности во државата. Со извршувањето на масовната процена ќе се зголеми транспарентноста на пазарот на недвижности, со што ќе се стабилизираат цените на пазарот на недвижности, а податоците од масовната процена ќе бидат бесплатно достапни за сите заинтересирани страни.

Рок: 2024 година.
Буџет: 61,5 милиони денари.

## ПРОЕКТ 3: ЗАПИШУВАЊЕ НА СЕРТИФИКАТОТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ИМОТЕН ЛИСТ

Спроведувањето на мерките за енергетска ефикасност ќе резултира со намалување на сметките за електрична енергија, а со запишување на сертификатот за енергетска ефикасност во имотниот лист ќе се добие транспарентност и јавност и секој купувач на објект однапред ќе биде информиран за енергетската ефикасност на објектот што е предмет на промет.

Рок: 2021 година.
Буџет: 615 илјади денари.

### ПРОЕКТ 4: ПОВРЗУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ ГРАДЕЖНИ ДОЗВОЛИ КОЈ ГО КОРИСТАТ ОПШТИНИТЕ СО ЕЛЕКТРОНСКИОТ ШАЛТЕР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Ќе се реализира поврзување на системот на издавање градежни дозволи кој го користат општините со електронскиот шалтер на Агенцијата за катастар на недвижности за директно преземање на потребната документација за прибележување на градбата за која е издадена градежна дозвола. Со тоа, дополнително ќе се олесни и ќе се забрза постапката за поднесување барање за запишување пред белешка од страна на општината до Агенцијата за катастар на недвижности.

Рок: 2021 година.
Буџет: 615 илјади денари.

## МЕРКА 8. ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА СТАНБЕНАТА ИЗГРАДБА

Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ посебен акцент ќе стави на обезбедување сопствен дом за социјално ранливите категории на граѓани.

### ПРОЕКТ 1: СТАНОВИ И КУЌИ ЗА СТАНБЕНО НЕОБЕЗБЕДЕНИ ЛИЦА (МЛАДИ БРАЧНИ ДВОЈКИ, ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ, САМОХРАНИ РОДИТЕЛИИ ДРУГИ ЛИЦА)

Во следниот период ќе отпочнеме со изградба на 1000 станови за станбено необезбедени лица (млади брачни двојки, лица со посебни потреби, самохрани родители и други лица)

### ПРОЕКТ 2: ЗАВРШУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ ЗА ПРОДАЖБА НА ОПШТЕСТВЕНИ СТАНОВИ

Преку овој проект се овозможи регулирање на статусот на корисниците на општествени станови. Имено, лицата што користат општествени станови и лицата што не го оствариле правото на откуп на станот,сега конечно ќе можат или да ги откупат или да извршат закуп на овие станови. Во оваа насока ќе се реши и проблемот со сите дивовселени лица кои досега не го регулирале статусот со општествените станови.

## МЕРКА 9. ПОДОБРУВАЊЕ НА АВИОНСКИОТ СООБРАЌАЈ

## ПРОЕКТ 1: ЕВТИНИ ЛЕТОВИ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ ГРАЃАНИ

Преку финансиска поддршка ќе се овозможат дополнителен број нови дестинации со прифатливи цени на билетите.

Рок: 2021година.
Буџет: 430,5 милиони денари.

## ПРОЕКТ 2: ЦЕНТАРОТ ЗА ОБУКА НА ПИЛОТИ НА АРМ/МВР ДА СЕ ПРОШИРИ И ЗА ПИЛОТИ НА АВИОПРЕВОЗНИЦИ Т.Н АТПЛ (AIRLINE TRANSPORT PILOT LICENSE – ATPL), КОМЕРЦИЈАЛНИ ПИЛОТИ И КОНТРОЛОРИ НА ЛЕТАЊЕ ПРЕКУ ДОГОВОР ЗА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

Ќе се овозможи отворање на регионален центар за обука на воздухоплoвен персонал.

Рок: 2023 година.
Буџет: во согласност со евентуален договор со приватен партнер.

## ПРОЕКТ 3: СПРОВДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ПРЕКУ ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК ЗА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЗА ИЗГРАДБА НА ЦЕНТАР ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ВОЗДУХОПЛОВИ

Со реализација на овој проект ќе се овозможи редовно сервисирање на воздухоплови на странски авиокомпании од регионот, обука и вработување на домашен стручен кадар за одржување на воздухоплови според стандардите на EASA.

Рок: 2024 година.
Буџет: во согласност со договор со приватен партнер.

## ПРОЕКТ 4: МОДЕРНИЗАЦИЈА НА СПОРТСКИ АЕРОДРОМИ И ПОДДРШКА НА СПОРТСКОТО ВОЗДУХОПЛОВСТВО КАКО БАЗА ЗА РАЗВОЈ НА АВИЈАЦИЈАТА И ТУРИЗМОТ. ВО НАСОКА ЗА РАЗВОЈ НА СПОРТСКОТО ВОЗДУХОПЛОВСТВО ВО СЛЕДНИОТ ПЕРИОД СПОРТСКИТЕ ЛЕТАЛИШТА ЌЕ СЕ ДАДАТ ПОД КОНЦЕСИЈА ИЛИ ЌЕ СЕ ИЗВРШИ НИВНА ПРИВАТИЗАЦИЈА. ПРЕКУ СЕРТИФИЦИРАЊЕ НА СИТЕ ТЕРЕНИ ЗА ПОЛЕТУВАЊЕ И СЛЕТУВАЊЕ НА ПИЛОТИТЕ НА ПАРАГЛАЈДЕРИ И ЗМЕЈОВИ, ТАНДЕМ-ЛЕТОВИТЕ СО ПАРАГЛАЈДЕРИ И ЗМЕЈОВИ ШТО ЌЕ СЕ ПРИДОНЕСЕ ЗА ПОГОЛЕМАБЕЗБЕДНОСТ И ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА ОВИЕ СПОРТОВИ.

Рок: 2021 година.
Буџет: 9,8 милиони денари.

## МЕРКА 10. ПОДОБРУВАЊЕ НА ВНАТРЕШНАТА ПЛОВИДБА – КАПЕТАНИЈА НА ПРИСТАНИШТАТА

### ПРОЕКТ 1: ПРЕЗЕМАЊЕ НА АКТИВНОСТИ ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ЕЗЕРСКОТО ДНО НА ОХРИДСКОТО, ПРЕСПАНСКОТО И ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО

Со соодветна опрема ќе се преземаат активности за редовно чистење на езерското дно како и за проширување, прочистување и одржување на пристаништата и пристапните мостови. Со реализација на овој проект ќе се создадат услови за редовно одржување на брегот на езерата.

### ПРОЕКТ 2: НАБАВКА НА СПЕЦИЈАЛЕН ПЛОВЕН ОБЈЕКТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И ИНТЕРВЕНИРАЊЕ ПРИ ИТНИ СИТУАЦИИ ВО МЕДИЦИНСКА, ПРОТИВПОЖАРНА, СПАСУВАЧКА ЦЕЛ ПО ОХРИДСКОТО КРАЈБРЕЖЈЕ.

Проектот предвидува набавка на специјален пловен објект за интервенција на вода во крајбрежниот појас во случај на елементарни непогоди, природни или други катастрофи, како и управување во итни случаи, пред сè на Охридското Езеро икрајбрежните области. Пловниот објект ќе биде опремен со противпожарна опрема, пумпи за вода, опрема за давање на итна медицинска помош, опрема заспасувачки екипи на вода и на копно и друга потребна опрема.

Буџет: 12,3 милиони денари.

### ПРОЕКТ 3: РЕКОНСТРУКЦИЈА, САНАЦИЈА И ДОИЗГРАДБА НА ПРИСТАНИШТАТА ВО ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО.

Проектот предвидува реконструкција, санација и доизградба на постојните пристаништа во Охридско Езеро.Со овој проект опфатено е Градското пристаниште и пристаништето во Св. Наум. Предвидени се градежни зафатиза зацрстување идоизградба на пристаништата како и зголемување на длабочината во тој дел од езерото со цел подобрување на условите и зголемување на бројот на пловни објекти кои ќе ги користат услугите на пристаништата.

## МЕРКА 11. ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОШТЕНСКИОТ СООБРАЌАЈ

### ПРОЕКТ 1: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА МАКЕДОНСКИ ПОШТИ

Инсталација на систем кој ќе обезбеди намалување на времето на подготовка на поштенските пратки во меѓународниот поштенско-оперативен процес на извоз и увоз на поштенски пратки. Од друга страна, пак, системот за електронско следење на поштенски пратки претставува уште еден начин на приближување на Македонска пошта како давател на универзална поштенска услуга до корисниците на поштенски услуги

### ПРОЕКТ 2: НАБАВКА НА НОВИ ЕЛЕКТРИЧНИ ВОЗИЛА, МОПЕДИ И ВЕЛОСИПЕДИ ЗА ПОШТОРАЗНЕСУВАЧИТЕ ЗА ДОСТАВА НА ПРАТКИ



# 7. СТАБИЛЕН И ОДРЖЛИВ ЕНЕРГЕТСКИ СЕКТОР

Визијата на ВМРО-ДПМНЕ во однос на енергетиката значи постигнување на сигурен, ефикасен, еколошки и конкурентен енергетски систем што е способен да го поддржи одржливиот економски раст на земјата. Стратегиски цели во енергетскиот сектор ќе бидат проекти поврзани со гасификацијата на земјата, поголемо искористување на обновливите извори на енергија како водата, сонцето, ветерот, биомасата и биогасот. Посебно внимание ќе посветиме на зголемување на енергетската ефикасност заради заштеда на енергијата, но и заради заштита на животната средина. Ќе продолжиме и со инвестиции во крупни енергетски проекти за производство на електрична енергија кои ќе ја гарантираат енергетската стабилност на Македонија, потоа проекти кои ќе ја зголемат доверливоста на преносниот и дистрибутивниот систем на електрична енергија како и системите за топлификација. Исто така, продолжуваме со подобрување на законската регулатива, како и унапредување на условите на пазарот со енергија. Политиките за развој на енергетиката, како и развојот на рударските капацитети и минералните суровини се, исто така, дел од зацртаните цели на ВМРО-ДПМНЕ во енергетскиот сектор.

Зацртаните цели во програмата на ВМРО-ДПМНЕ во делот на енергетиката ќе се постигнат преку следните мерки:

- целосна гасификација на Македонија,
- поголема искористеност на обновливите извори на енергија,
- зголемување на енергетската ефикасност,
- обезбедување на континуирано и одржливо производство на електрична енергија,
- функционален и ефикасен преносен електроенергетски систем,
- поквалитетен систем за дистрибуција на електрична енергија,
- организиран пазар на електрична енергија, интегриран во европскиот пазар на електрична енергија,
- развивање на системи за топлификација,
- политики за развој на енергетиката, и
- политики за развој на рударски капацитети и минерални суровини.

## МЕРКА 1. ЦЕЛОСНА ГАСИФИКАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Еден од стратешките приоритети на ВМРО-ДПМНЕ е во Македонија да се воведе природен гас за употреба во домаќинствата, индустријата, малите и средните претпријатија, образованието, социјалните дејности, здравствените установи.

## **ПРОЕКТ 1:** ИЗГРАДБА НА ГАСОВОДНИОТ СИСТЕМ ВО МАКЕДОНИЈА

Во наредниот период преку МЕР АД Скопје со интензивна динамика ќе се пристапи кон реализирање на следното:

- Завршување и пуштање во употреба на проектите кои беа започнати од ВМРО-ДПМНЕ во претходниот мандат во Владата на Македонија, и тоа Магистрален гасовод Неготино (Кавадарци) – Битола и Скопје - Тетово - Гостивар;
- Изградба на Магистрален гасовод Штип - Радовиш - Струмица - Гевгелија

  Рок: 2022-2025 година
  Буџет: 3,6 милијарди денари

- Изградба на Магистрален гасовод Гостивар - Кичево

  Рок: 2021-2023 година
  Буџет: 1,1 милијарди денари

- Изградба на Магистрален гасовод Свети Николе - Велес
- Рок: 2021-2023 година

  Буџет: 830 милиони денари

- Изградба на Магистрален гасовод Битола - Ресен - Охрид - Струга

  Рок: 2021-2024 година
  Буџет: 2,3 милијарди денари

- Поврзување на ТЕЦ Неготино на природен гас

  Рок: 2021-2022 година
  Буџет: 153 милиони денари

- Изградба на делници за поврзување на Технолошко-индустриските развојни зони во Штип, Прилеп, Тетово, Радовиш, Струмица, Кичево, Струга, Гевгелија , како и Индустриската зона Жабени

  Рок: 2022–2025 година
  Буџет: 861 милиони денари

## **ПРОЕКТ 2:** СНАБДУВАЊЕ СО ГАС ПРЕКУ СИСТЕМ НА КОМПРИМИРАН ПРИРОДЕН ГАС (СКЛАДНИ ПЛАТФОРМИ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ПРИРОДЕН ГАС)

Во населените места кои се наоѓаат на поголемо растојание од магистралните гасоводи, ќе се пристапи кон изградба на складни платформи со менливи контејнерски батерии или резервоари за складирање на природниот гас. Системот подразбира компресија, транспорт и декомпресија на природниот гас за да може истиот да стигне до гасните дистрибу-

тивни мрежи низ населените места. Со ваквиот проект се опфаќаат голем број населени места и се овозможува природниот гас да биде подостапен до граѓаните и компаниите.

Во случај кога објектите се пооддалечени од гасните дистрибутивни мрежи и нема можност да се поврзат директно на нив, ќе се овозможи и достапност на природниот гас со специјализирани камиони кои вршат снабдување на индивидуални потрошувачи, така што ги „дополнуваат" или „заменуваат" нивните контејнерски инсталации преку кои гасот е достапен за користење во нивните објекти.

**ЗА ДА СЕ ОВОЗМОЖИ ГАС ЗА СЕКОЕ ДОМАЌИНСТВО ЌЕ ГО СУБВЕНЦИОНИРАМЕ ВО ЦЕЛОСТ ПРИКЛУЧОКОТ ПРЕКУ ВАКВИТЕ СИСТЕМИ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ПРИРОДЕН ГАС.**

Рок: континуирано од 2020 до 2024 година.
Буџет: 6,1 милијарда денари.

## ПРОЕКТ 3: ИЗГРАДБА НА ДИСТРИБУТИВНИ МРЕЖИ

Паралелно со изградба на националниот гасоводен систем ќе се пристапи кон подготвителни работи за изградба на дистрибутивните мрежи на природен гас, со што ќе овозможиме гасот да биде директно достапен до домаќинствата, индустриските и други стопански објекти и јавни установи во Македонија. Со изградбата на дистрибутивните мрежи се очекува намалување на трошоците на граѓаните и други економски субјекти за затоплување и користењето на топла вода, како и намалување на загадувањето што ќе придонесе за подобра животна средина.

**ЌЕ ГО СУБВЕНЦИОНИРАМЕ ВО ЦЕЛОСТ ПРИКЛУЧОКОТ НА ДИСТРИБУТИВНАТА МРЕЖА ЗА ГАС СО ЦЕЛ ДА ОВОЗМОЖИМЕ ГАС ЗА СЕКОЕ ДОМАЌИНСТВО.**

Рок: континуирано од 2020 до 2024 година.
Буџет: 9,2 милијарди денари.

## ПРОЕКТ 4: ИЗГРАДБА НА ИНТЕРКОНЕКТИВНИ ВОДОВИ

Во зависност од развојот на меѓудржавните гасоводни коридори, ќе се вложат напори Македонија да стане транзитна држава на природен гас. Прогнозите за побарувачка на природен гас во наредниот период налагаат обезбедување на дополнителни количини. За тоа е предвидено да се реализираат активности за изградба на следниве меѓудржавни интерконективни водови:

- Македонија - Грција

  Рок: 2021-2024 година.
  Буџет: 4,6 милијарди денари.

- Македонија - Србија

Рок: 2023-2026 година.
Буџет: 738 милиони денари.

- Македонија - Косово

  Рок: 2023-2026 година.
  Буџет: 615 милиони денари.

## МЕРКА 2. ПОГОЛЕМА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ОБНОВЛИВИТЕ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

Наша цел во иднина ќе биде поголемо искористување на обновливите извори на енергија, а тоа ќе се постигне со следните проекти:

### ПРОЕКТ 1: ВЕТЕРЕН ПАРК МИРАВЦИ, СИСТЕМ ЗА СКЛАДИРАЊЕ НА ЕНЕРГИЈА ВО ВЕТЕРНИОТ ПАРК БОГДАНЦИ

Ветерниот парк Миравци располага со ветерен потенцијал со вкупна инсталирана моќност над 100 MW. Планираното годишно производство на електрична енергија е над 300 GWh.

Системот за складирање на енергија во Ветерниот парк Богданци преку батерија ќе се користи за складирање на електричната енергија во периодите кога има вишоци на произведена енергија. Батеријата со својот капацитет ќе може да напојува околу 6 000 домови во периоди на недостаток на електрична енергија во мрежата. Носител на проектот ќе биде АД „Електрани на Македонија“.

Рок: 2021 - 2023 година.
Буџет: 11 милијарди денари.

### ПРОЕКТ 2: СТУДИЈА ЗА ГРАДБА НА КАНАЛ ТЕНОВО - КОЗЈАК

Идеја на проектот е изградба на тунел за пренасочување на водите од реката Вардар во реката Треска и нивно максимално енергетско искористување во трите хидроелектрични централи Козјак, Св. Петка и Матка, заради дополнително производство на електрична енергија од околу 110 GWh при просечна хидрологија, а потоа би се влеале во Вардар кај вливот на Треска пред Скопје. Во 2020 година ќе се започне со барање на финансиска поддршка од меѓународни финансиски институции за изработка на проектна документација.

Рок: 2022 година.
Буџет: 30 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 3:** ПУМПНО-АКУМУЛАЦИСКА ХИДРОЦЕНТРАЛА ЧЕБРЕН (ДОЛГОРОЧЕН – ДЕСЕТГОДИШЕН ПРОЕКТ)

Реката Црна овозможува рационално користење на нејзините води за изградба на хидроцентрали поради природната гравитација на земјиштето што овозможува создавање на водни базени, кои може да се користат во еден повеќекратен систем на хидроцентарли. Според истражувањата, од местото Скочивир, па сè до ископините на стариот град Стоби, коритото на река Црна може да се подели на четири скалести акумулациони басени, преградени со различен вид на брани. Во горниот тек на реката би се наоѓала ХЕЦ „Чебрен“, во средиштето на реката би биле ХЕЦ „Галиште“ и ХЕЦ „Тиквеш“, а во долниот дел на реката ќе се наоѓа ХЕЦ „Стоби“. Од овие четири хидроелектрани, само ХЕЦ „Тиквеш“ е изградена и пуштена во погон од 1968 година. ХЕЦ „Чебрен“ ќе претставува најголем хидроенергетски капацитет во Македонија, со кој ќе може да се складираат вишоците на електрична енергија во ноќните часови и да се трошат во пикот на потрошувачката во текот на денот. По изградба на ХЕЦ „Чебрен“ ќе следува изградба на ХЕЦ „Галиште“ и ХЕЦ „Стоби“. Овој систем од четири хидроцентрали ќе има силно влијание врз економијата на Македонија, како за отворање на нови работни места, така и за развој на земјоделието и туризмот. Проектот ќе се реализира на принцип јавно приватно партнерство меѓу АД ЕСМ и приватни инвеститори.

Рок: 2021 - 2031 година.
Буџет: 55,3 милијарди денари.

## **ПРОЕКТ 4:** ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД БИОМАСА И БИОГАС

Електрични централи кои користат биомаса, како и биогасни централи кои користат суровина од сточарските фарми ќе бидат приоритет на новата Влада на ВМРО-ДПМНЕ. Овие нови централи ќе користат повластени тарифи за откуп на електрична енергија сè до исполнување на квотите за инсталиран капацитет. По искористувањето на квотите ќе се градат централи кои својата произведена електрична енергија ќе може да ја продаваат на слободниот пазар на енергија.

Рок: 2021 - 2025 година.
Буџет: 615 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 5:** ИСКОРИСТУВАЊЕ НА СОНЧЕВАТА ЕНЕРГИЈА - ЕНЕРГИЈА ЗА СЕКОГО

Потенцијалот на сончевата енергија во Македонија е огромен, на голем дел од нашата територија има повеќе од 270 сончеви денови годишно. Проектот ќе овозможи дополнително производство на електрична енергија од 50 GWh годишно, на крајот од 10-тата година ќе овозможи дополнително вкупно производство од 500 GWh. Ова ќе се постигне со

уредување на земјиште за градба на фотоволтаични централи, како и поставување на панели на покривите од објектите. Оваа мерка ќе важи за граѓаните, за приватниот сектор, како и за АД „Електрани на Македонија“.

Рок: 2020 - 2030 година.
Буџет: 369 милиони денари.

## ПРОЕКТ 6: ОВОЗМОЖУВАЊЕ НА ДОМАЌИНСТВАТА ДА ГО ПРОДАВААТ ВИШОКОТ ОД ПРОИЗВЕДЕНАТА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД СОНЧЕВИ ПАНЕЛИ ВО ДИСТРИБУТИВНАТА МРЕЖА

Ова ќе се овозможи со промена на постоечката регулатива. Во сегашни услови за да може потрошувачот да биде и производител, т.е. вишокот произведена електрична енергија од сончеви панели да се продава, домаќинството мора да се снабдува од универзалниот снабдувач (ЕВН ХОМЕ). Најпрво ќе го укинеме овој ограничувачки услов, а потоа ќе се промени и начинот на пресметка за исплата на продадената вишок произведена енергија, со што пресметката ќе ја направиме на принцип потрошен KWh електрична енергија за предаден KWh, по иста цена, со пресметковен период од 1 месец.

Рок: 2020 - 2024 година.

## ПРОЕКТ 7: МАЛИ И МИКРО ХИДРОЦЕНТРАЛИ

Продолжување на политиките за промоција на изградба на мали и микро хидроелектрични централи за производство на електрична енергија, со посебен осврт на минимизирање на влијанието на животната средина при нивната изградба. Промовирање на три модели на изградба на мали и микро хидроцентрали со концесија, со јавно приватно партнерство, како и преку приватна иницијатива на инвеститорите. Со цел да се забрза изградбата на објекти за производство на енергија предвидуваме унапредување на постапките за доделување на концесии.

Рок: 2021-2026 година.
Буџет: 615 милиони денари.

# МЕРКА 3. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Со оваа мерка ќе се намали непродуктивното користење на енергијата, а тоа пак ќе придонесе за заштита на животната средина. Ова ќе го реализираме со помош на грантови, средства од ИПА и ЕУ фондови, преку следните проекти:

**ПРОЕКТ 1:** ПОВОЛНИ (БЕСКАМАТНИ) КРЕДИТИ И ГРАНТОВИ ЗА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА ПРИВАТНИТЕ КУЌИ И СТАНОВИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НОВИ ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНИ ФАСАДИ, ПРОЗОРЦИ, ИЗОЛАЦИЈА НА ПОКРИВ И ПОД, СО ЦЕЛ НАМАЛУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКАТА НА ЕНЕРГИЈА. СЕ ПЛАНИРА ОВАА МЕРКА ДА СЕ ПРИМЕНИ КАЈ 10.000 ДОМАЌИНСТВА СЕКОЈА ГОДИНА.

Рок: 2020-2024 година.
Буџет: 922 милиони денари.

**ПРОЕКТ 2:** ЌЕ ОВОЗМОЖИМЕ ДО 50 % СУБВЕНЦИИ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА НАБАВКА НА ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПРЕМА: СОНЧЕВИ КОЛЕКТОРИ (ФОТОВОЛТАЖНИ И ТЕРМАЛНИ, ТОПЛИНСКИ ПУМПИ, ПРИКЛУЧОК КОН ТОПЛИФИКАЦИСКИ СИСТЕМИ), НО НЕ ПОВЕЌЕ ОД 500 ЕВРА ПО ДОМАЌИНСТВО. СЕ ПЛАНИРА ОВАА МЕРКА ДА СЕ ПРИМЕНИ КАЈ 20.000 ДОМАЌИНСТВА СЕКОЈА ГОДИНА, ЗА ПЕРИОД ОД 4 ГОДИНИ.

Рок: 2021-2025 година.
Буџет: 2,4 милијарди денари.

**ПРОЕКТ 3:** РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЗГРАДИТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ДРЖАВАТА, ЗА ДА ГИ ПОСТИГНАТ МИНИМАЛНИТЕ БАРАЊА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ. СЕ ПЛАНИРА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА 3% (НА ГОДИШНО НИВО) ОД ВКУПНИОТ КАТАСТАР НА ЗГРАДИТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ ДО ИСПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊАТА ЗА ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА МИНИМАЛНИ УСЛОВИ ЗА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ, ВРЗ ОСНОВА НА РЕАЛИЗИРАНИ ЕНЕРГЕТСКИ КОНТРОЛИ. ФИНАНСИРАЊЕТО НА ОВИЕ ПРОЕКТИ ЌЕ БИДЕ ПРЕКУ ГРАНТОВИ ОД ФОНДОВИТЕ НА ЕУ.

Рок: 2021-2026 година.

**ПРОЕКТ 4:** РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КОТЛАРИТЕ ВО БОЛНИЦИТЕ И ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ СО ПОГОЛЕМА ПОТРОШУВАЧКА НА ЕНЕРГИЈА СО ЦЕЛ ПОСТАВУВАЊЕ НА КОГЕНЕРАТИВНИ ПОСТРОЈКИ (ИСТОВРЕМЕНО ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА И ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА). КОГЕНЕРАТИВНА ПОСТРОЈКА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ЗА ГРЕЕЊЕ И ТЕХНИЧКА ПАРЕА ЗА КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР „МАЈКА ТЕРЕЗА“ – СКОПЈЕ. РЕАЛИЗАЦИЈАТА ЌЕ БИДЕ ПРЕКУ ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО.

Рок: 2020 - 2022 година.
Буџет: 615 милиони денари.

**ПРОЕКТ 5:** ИЗГРАДБА НА КОГЕНЕРАТИВНИ ПОСТРОЈКИ НА ГАС ЗА ДОБИВАЊЕ НА ЕЛЕКТРИЧНА И ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ВО ГОСТИВАР, ТЕТОВО, ВЕЛЕС, ШТИП, КОЧАНИ, ПРИЛЕП, КУМАНОВО И СКОПЈЕ., СО ЦЕЛ ДА СЕ НАМАЛИ ЕМИСИЈАТА ОД ШТЕТНИ ГАСОВИ И ЗАГАДУВАЊЕТО.

Рок: 2021-2024 година.
Буџет: 1,2 милијарди денари.

**ПРОЕКТ 6:** ЌЕ СОЗДАДЕМЕ ФОНД ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗАРАДИ ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И ПРЕЗЕМАЊЕ НА МЕРКИ ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ПРЕДВИДЕНА СО СТРАТЕГИСКИТЕ ДОКУМЕНТИ.

Рок: 2021-2022 година.
Буџет: 1,2 милијарди денари.

## МЕРКА 4. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КОНТИНУИРАНО И ОДРЖЛИВО ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

**ПРОЕКТ 1:** НАБАВКА НА РУДАРСКА ОПРЕМА ЗА РУДНИЦИТЕ ВО РЕК БИТОЛА

Со набавката на рударската опрема ќе се овозможи експлоатација на постојните рудници на лигнит во РЕК „Битола“: „Подинска јагленова серија - Суводол“ и ПК „Брод-Гнеотино“ со намалување на трошоците при основно производство и тековно одржување. Носител на проектот ќе биде АД

„Електрани на Македонија“.

Рок: 2021 - 2024 година.
Буџет: 3,9 милијарди денари.

## ПРОЕКТ 2: ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЖИВОТНИОТ ВЕК НА ТЕРМОЕЛЕКТРИЧНИТЕ ЦЕНТРАЛИ ВО РЕК „БИТОЛА“ ПРЕКУ ОТВОРАЊЕ НА НОВИТЕ РУДНИЦИ „ЖИВОЈНО“ И „МАРИОВО“

**Рудник „Живојно“**

Со површинска експлоатација се предвидува годишен капацитет од околу 2.000.000 т јаглен годишно, додека со подземна експлоатација на рудникот Живојно, се предвидува дополнителен капацитет од 1.000.000 т јаглен годишно, што придонесува кон зголемување на исплатливоста на новиот рудник Живојно. Овие количини би овозможиле непречено работење на ТЕЦ Битола во наредниот период. Носител на проектот ќе биде АД „Електрани на Македонија“.

Буџет: 6,3 милијарди денари.

**Рудник „Мариово“**

Отпочнувањето со работа на рудникот за јаглен со подземна експлоатација „Мариово“, со проектиран годишен капацитет од 2.000.000 тони јаглен, освен што позитивно ќе влијае во вкупниот биланс од потребни енергетски ресурси за производство на базна електрична енергија, исто така претставува реална основа и добра перспектива за излегување на Мариовскиот регион од долгогодишната пасивност и раселување. Со отворање на овој рудник би се продолжил експлоатациониот век РЕК „Битола“. Проектот ќе се реализира по модел на јавно-приватно партнерство.

Рок: 2022-2027 година.
Буџет: 7,7 милијарди денари.

## ПРОЕКТ 3: ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА ТРАНСПОРТ НА ЈАГЛЕН ОД РУДНИК „МАРИОВО“ ДО РЕК „БИТОЛА“

Транспортот на јаглен од рудник „Мариово“ до РЕК „Битола“ со две паралелни жичарници или со лентест транспортен систем се надоврзува на Главниот рударски проект. Со овој проект ќе се овозможи снабдување со јаглен на РЕК „Битола“ од рудник „Мариово“ во наредниот период од 30 години. За реализација на овој проект ќе се обидеме да најдеме модел преку јавно-приватно партнерство, концесија или друг алтернативен начин на финансирање

Рок: 2022-2027 година.
Буџет: 3,2 милијарди денари за лентест транспортен систем.
Буџет: 1,8 милијарди денари за две паралелни жичарници.

## **ПРОЕКТ 4:** РЕВИТАЛИЗАЦИЈАТА И МОДЕРНИЗАЦИЈАТА НА ТЕЦ БИТОЛА - III ФАЗА -ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕКОЛОШКИТЕ ПЕРФОРМАНСИ ВО РЕК БИТОЛА

Носител на проектот ќе биде АД „Електрани на Македонија“ и со него ќе се постигне:

- Намалување на емисијата и имисијата на SOx и прашина во гранични вредности според европските директиви и законодавство.
- Подобрување на амбиенталниот воздух во околината на РЕК Битола и градот Битола.
- Позитивно влијание врз климатските промени.
- Намалување на бучавата на постројката.
- Производство на гипс и негово можно пласирање на пазарот.
- Социо-економски аспекти и подобри услови за вработените и населението кое живее околу РЕК Битола.
- Намалување на респираторни болести и екстерни трошоци (намалено отсуство од работа, зголемени трошоци за лекови, итн.).

Проект ќе се реализира во две фази:

I фаза - Намалување на прашина, која содржи:

- реконструкција на Електростатските филтри
- замена на вентилатори и канали на димни гасови

Рок: 2021-2022 година.
Буџет: 1,2 милијарди денари.

II фаза - Намалување на SOx-десулфуризација

Рок: 2022-2025 година.
Буџет: 8,6 милијарди денари.

## **ПРОЕКТ 5:** ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНИОТ ВЕК НА ТЕЦ ОСЛОМЕЈ

Со реализација на овој проект се зголемува ефикасноста на блокот и се намалуваат емисиите на CO2, SOx, NOx и прашина во согласност со дозволените гранични вредности на емисии во ЕУ. За продолжување на работниот век на ТЕЦ Осломеј носител на проектот ќе биде АД „Електрани на Македонија“, при што ќе се разгледаат повеќе можности:

- Модернизација на Термоелектричната централа за користење природен гас
- Ревитализацијата и модернизацијата на технолошкиот процес и продолжување на животниот век за најмалку 30 години при што како погонско гориво ќе се користи природен гас.
- Модернизација на ТЕЦ Осломеј за користење на увозен јаглен со повисока калорична вредност

Модернизацијата на ТЕЦ Осломеј вклучува:

- замена на парниот котел со нов,
- модернизација на турбинската опрема,
- автоматизација на блокот, генераторот,
- помошната опрема за ракување со јагленот,
- третман на отпадните води, и
- опрема за намалување на емисиите на издувни гасови во согласност со новите европски регулативи.

Рок: 2021-2026 година.
Буџет: 7,7 милијарди денари.

## ПРОЕКТ 6: ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ НАОЃАЛИШТА НА ЈАГЛЕН ВО КИЧЕВСКО (ПОПОВЈАНИ, ЧУКАЛЕ И ГУШТЕРИЦА)

Во следните две години се планира да се извршат детални геолошки истражувања и студии за оправданост за отворање и експлоатација на рудниците, вклучувајќи ги притоа влијанијата и социјалните аспекти врз животната средина. Врз основа на добиените резултати ќе започнеме со изработка на главен рударски проект за отворање на рудниците и набавка на соодветната рударска механизација. Добиениот јаглен од рудниците ќе се искористи како дополнување на ревитализираната и модернизирана ТЕЦ Осломеј. Носител на проектот е АД „Електрани на Македонија“.

Рок: 2021-2026 година
Буџет: 9,2 милијарди денари

## ПРОЕКТ 7: ГАСИФИКАЦИЈА НА ТЕЦ „НЕГОТИНО“

Ревитализацијата и модернизацијата ќе се состојат од приспособување на технолошкиот процес и продолжување на животниот век за најмалку 30 години при што како погонско гориво за ТЕЦ „Неготино“ ќе се користи природен гас.

Проектот ќе се реализира по модел на јавно-приватно партнерство.

Рок: 2021-2025 година.
Буџет: 246 милиони денари.

## ПРОЕКТ 8: КОГЕНЕРАТИВНА ЦЕНТРАЛА ИСТОК

За реализација на овој проект ќе се обидеме да најдеме модел преку јавно-приватно партнерство, концесија или друг алтернативен начин на финансирање. Оваа електрична централа со високи еколошки стандарди ќе биде прв производствен енергетски објект во Источна Македонија. Истиот ќе овозможи зголемување на сигурното и безбедно снабдување со електрична енергија на жителите од тој регион и стабилност на целиот

електроенергетски систем.

Рок: 2024-2029 година.
Буџет: 5,5 милијарди денари.

**Топлификација на Делчево и Македонска Каменица**

Покрај можноста за производство на електрична енергија во Централата Исток ќе се разгледа можноста за снабдување со топлинска енергија на Делчево и Македонска Каменица каде што ќе се искористи постоечкиот топлификациски систем.

Буџет: 6,1 милиони денари за изработка на префисибилити и фисибилити студии.

## ПРОЕКТ 9: ВАРДАРСКА ДОЛИНА

Комплексното уредување на просторот на Вардарската долина ќе опфати:

- Изградба на објекти за енергетско искористување;
- изградба на системи за развој на земјоделието;
- изградба на системи за развој на туризам, спорт и рекреација.

На течението на реката Вардар, а тоа значи потегот на водотекот од Скопје до границата со Грција во должина од 200 km, планирана е изградба на хидроелектрани каскадно распоредени по течението на реката, со производство од 60 до 130 GWh, во зависност од локацијата и протокот. Проектот ќе се реализира со модел на јавно-приватно партнерство во согласност со прописите за јавно-приватно партнерство.

Рок: 2021-2031 година.
Буџет: 73,8 милијарди денари.

# МЕРКА 5: ФУНЦКИОНАЛЕН ПРЕНОСЕН ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ СИСТЕМ

## ПРОЕКТ 1: ДОИЗГРАДБА НА 400 KV ИНТЕРКОНЕКТИВЕН ДАЛНОВОД ТС БИТОЛА2 – ТС ЕЛБАСАН И 400/110 KV ТРАФОСТАНИЦА ВО ОХРИД

Со реализација на оваа интерконективна врска со должина од 95 км на македонска територија ќе се комплетира енергетскиот коридор 8 во правец исток-запад за пренос на електрична енергија меѓу Бугарија, Македонија, Албанија и Италија. Со изградбата на нова 400/110 kV трансформаторска станица во Охрид ќе се надминат досегашните проблеми со прекини во снабдувањето со електрична енергија во југозападниот дел од државата и ќе се подобрат напонските прилики со што крајните корисници ќе добиваат квалитетна електрична енергија. Носител на проек-

тот ќе биде АД МЕПСО.

Рок: 2020-2024 година.
Буџет: 2,6 милијарди денари.

## ПРОЕКТ 2: РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ЕЛЕКТРОПРЕНОСНАТА МРЕЖА СО РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СТАРИ 110 KV ДАЛНОВОДИ (ЧЕТИРИГОДИШЕН ПРОЕКТ)

Имајќи предвид дека преносната мрежа на Македонија е интензивно градена во 60-тите и 70-тите години од минатиот век, во наредните години еден од главните предизвици на АД МЕПСО е реконструкција на застарените 110 kv далноводи. Со проектот е предвидено да се изврши реконструкција на стари 110 kv бетонски столбови со нови челични столбови на следните далноводи: **ДВ ТС Скопје 4 – ТС Велес; ДВ ТС Велес – ТС Овче Поле; ДВ ТС Овче Поле – ТС Штип; ДВ ТС Штип – ТС Пробиштип; ДВ ТС Битола 1 – ТС Прилеп; ДВ ТС Скопје 1 – ТС Миладиновци; ДВ ТС Осломеј – ТС Сопотница; ДВ ТС Сопотница – ТС Битола.** Носител на проектот ќе биде АД МЕПСО.

Буџет: 1,5 милијарди денари.
Рок: 2021 - 2024 година.

## ПРОЕКТ 3: НАБАВКА НА ТЕЛЕИНФОРМАТИЧКА ОПРЕМА И КРЕИРАЊЕ СОПСТВЕНА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА, КАКО И ДАЛЕЧИНСКО СЛЕДЕЊЕ И ВИДЕОНАДЗОР НА ТРАФОСТАНИЦИТЕ

Со набавка и инсталација на потребната опрема Операторот на електропреносниот систем ќе креира сопствена телеинформатичка и телекомуникациска инфраструктура за пренос на видео и аудио податоци за далечинско следење и видеонадзор над трафостаниците во кои има инсталирано опрема, податоци од SACS системите и мерења во реално време до националниот диспечерски центар за оптимално управување со електропреносниот систем. Носител на проектот ќе биде АД МЕПСО.

Рок: 2021-2023 година.
Буџет: 307 милиони денари.

## ПРОЕКТ 4: ИЗГРАДБА НА 400/110 KV ТРАНСФОРМАТОРСКА СТАНИЦА КУМАНОВО

За надградба на преносната мрежа во североисточниот дел на Македонија се планира изградба на 400/110 kv трансформаторска станица во Куманово, во источниот дел од поширокото градско подрачје и со приклучок на интерконективниот 400 kv далновод Штип (Р Македонија) – Врање 2 (Р Србија). Со реализација на овој проект ќе се намалат загубите на електрична енергија, ќе се постигне рамномерна распределба на моќ-

носта и ефикасно надминување на сите испади во кумановскиот регион на долгорочен план. Носител на проектот ќе биде АД МЕПСО.

Рок: 2021-2027 година.
Буџет: 615 милиони денари.

## МЕРКА 6: ПОКВАЛИТЕТЕН СИСТЕМ ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

### ПРОЕКТ 1: ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЕЛЕКТРИЧНАТА ЕНЕРГИЈА

Со овој проект се планира преземање на мерки со цел подобрување на квалитетот на електричната енергија, за да се обезбедуваат стабилни вредности на напонот кај крајните потрошувачи. За таа цел ќе се зајакне капацитетот на Државниот инспекторат за техничка инспекција и ќе се спроведат обуки за мерење на квалитетот на електричната енергија со сертифицирани мерни инструменти. На тој начин постојано ќе се врши контрола на квалитетот на електричната енергија која операторите на дистрибутивните системи ја испорачуваат до потрошувачите. Доколку квалитетот на испорачаната енергија не е во согласност со пропишаните норми, Инспекторатот ќе наложува преземање на мерки за постигнување на пропишаните норми, во согласност со Законот за енергетика. Овој процес ќе се изведува континуирано.

Рок: 2020-2021 година.
Буџет: 6,1 милиони денари.

### ПРОЕКТ 2: Е-ПРИКЛУЧОК, СИСТЕМ ЗА ЕЛЕКТРОНСКО АПЛИЦИРАЊЕ ЗА ЕЛЕКТРИЧЕН ПРИКЛУЧОК ЗА ДОМАЌИНСТВАТА И СЛЕДЕЊЕ НА СТАТУСОТ НА ПОСТАПКАТА, СИСТЕМ ЗА ЕЛЕКТРОНСКО ПОДНЕСУВАЊЕ ПОПЛАКИ ДО РЕГУЛАТОРНАТА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА

Проектот е-приклучок има за цел да овозможи аплицирањето за приклучок на електричната мрежа да биде направено преку едноставна форма на интернет, која би стигнала до сите институции и компании кои имаат свој удел во постапката за приклучувања на дистрибутивната мрежа, со цел граѓаните кои аплицирале да можат брзо и едноставно да имаат увид до каде е постапката за нивното барање за приклучок. Сите постапки ќе може да се поднесуваат, водат и завршуваат електронски, со што ќе се подобри рангирањето на земјата во параметрите „пристап до електрична енергија и решавање на спорови за приклучоци“.

Рок: 2020-2022 година.
Буџет: 30,7 милиони денари.

# МЕРКА 7: ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

## ПРОЕКТ 1: ОРГАНИЗИРАН ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ИНТЕГРИРАН ВО ЕВРОПСКИОТ ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА СО ПОЕДНОСТАВЕНИ ПРОЦЕДУРИ

Ќе овозможиме тргување со електричната енергија со воспоставување на организиран пазар на електрична енергија во рамки на Операторот на пазар на електрична енергија, користејќи ефикасни и препознаени трговски платформи за тргување ден однапред и во текот на денот. Ќе ја зголемиме ликвидноста на пазарот на електрична енергија со што ќе се зголеми неговата ефикасност. Ќе се воведе засилена конкуренција помеѓу учесниците на пазарот, со што ќе се влијае на цената по која снабдувачите ќе ја набавуваат електричната енергија. Ќе ја забрзаме интеграцијата на македонскиот пазар на електрична енергија во европскиот пазар преку механизмот на поврзување со соседните пазари на електрична енергија (market coupling) со цел да се оствари економски бенефит за граѓаните и компаниите.

Рок: 2020-2021 година.
Буџет: 123 милиони денари.

# МЕРКА 8. РАЗВИВАЊЕ НА СИСТЕМИ ЗА ТОПЛИФИКАЦИЈА

Преку реализацијата на топлификациски проекти во кои како погонско гориво се јавува природниот гас, ќе се добие поевтина топлинска енергија за затоплување на домаќинствата, јавните објекти и индустријата.

## ПРОЕКТ 1: ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА ТОПЛИФИКАЦИЈА НА БИТОЛА, МОГИЛА И НОВАЦИ

Носител на проектот е АД „Електрани на Македонија“. Реализацијата на овој проект ќе овозможи замена на користењето на електричната енергија за греење со што пак ќе се постигне:

- Намалување на емисиите од согорување на дрво, масло за домаќинства и јаглен во малите домашни печки како и во печките на јавните и комерцијалните објекти, SOx, NOx, CO, и др.;
- Намалување на емисиите на $CO_2$ на ниво на Р Македонија;
- Зголемување на квалитетот на амбиенталниот воздух;
- Намалување на веројатноста за евентуално несоодветно третирање на отпадното масло во подготовка, а кое се користи за греење;
- Намалување на респираторни болести;
- Зголемување на квалитет и услуга на живеење;

- Намалување на потрошувачката на електрична енергија која се користи за греење на простории.

Рок: 2020-2023 година.
Буџет: 2,8 милијарди денари.

## ПРОЕКТ 2: ИНСТАЛИРАЊЕ НА ВРЕЛОВОДНИ КОТЛИ ВО ПОДРУЖНИЦА ЕНЕРГЕТИКА ВО СКОПЈЕ

Проектот предвидува набавка и инсталирање на 2 (два) нови вреловодни котли со капацитет од по 25 MW, кои имаат многу повисок степен на искористување на енергијата во однос на постоечките, поголема флексибилност (побрзо стартување и гаснење), поголема сигурност и доверливост. Со реализацијата на овој проект ќе се создадат и услови за воведување на второстепена регулација на ниво на колективните станбени објекти со што ќе се овозможат дополнителни заштеди, рационална потрошувачка и акумулирање на топлинската енергија во дистрибутивниот систем во ноќните часови со што ќе се овозможи во утринските часови сите објекти приклучени на топлификациониот систем, независно од нивната далечина да имаат исти услови за прием на топлинска енергија. Носител на проектот е АД „Електрани на Македонија“.

Рок: 2021-2023 година.
Буџет: 215 милиони денари.

## ПРОЕКТ 3: ИЗРАБОТКА НА СТУДИЈА ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ДИСТРИБУТИВНИТЕ ТОПЛИФИКАЦИОНИ СИСТЕМИ НА БЕГ, ПОДРУЖНИЦА ЕНЕРГЕТИКА И СКОПЈЕ СЕВЕР

Во моментов на територијата на град Скопје егзистираат три топлификациони системи и тоа на БЕГ, Подружница Енергетика и Скопје Север, кои ги опслужуваат корисниците во различните делови од градот. Секој од овие системи е независен и работи исклучиво за задоволување на потребите од топлинска енергија на своите потрошувачи. Студијата ќе има за цел да предвиди оптимизација на дистрибутивниот систем преку интеграција на дистрибутивната мрежа со цел исполнување на критериумот за ефикасно централно греење во согласност со европската директива за енергетска ефикасност и предлог-законот за енергетска ефикасност, како и зголемување на доверливоста.

Дополнително, во рамките на студијата ќе се разгледува и можноста за испорака на топлинска енергија за домаќинствата и индустријата во населбите кои во моментов не се приклучени на топлификациониот систем (Бутел, Чаир, Ченто ...).

Рок: 2020 - 2021 година.
Буџет: 6,1 милиони денари.

# МЕРКА 9: ПОЛИТИКИ ЗА РАЗВОЈ НА ЕНЕРГЕТИКАТА

## 1. ИНСТИТУТ ЗА ЕНЕРГЕТИКА

Ќе формираме Институт за енергетика во Битола со цел да се вршат практични испитувања во РЕК Битола. Во Институтот ќе има одделенија за основен енергетски развој, енергетска ефикасност, обновливи извори на енергија и климатски промени предизвикани од енергетиката. Основна цел на институтот ќе биде:

- Учество на научни експерти од странство преку редовно вработување или на кус период.
- Привлекување на наши кадри да се вратат од странство и да ги пренесат своите знаења во полза на Македонија.
- Вработување на најдобрите дипломирани студенти и стимулирање на нивниот научен напредок. Концентрација на високостручни квалитетни кадри од различни профили.
- Подготовка на стратегиските документи од секторот на енергетиката за потребите на Владата и Министерствата.

Рок: 2023-2024 година.
Буџет: 61,5 милиони денари.

## 2. МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Ќе се формира посебно Министерство за енергетика и минерални суровини, за сметка на намалување на некои заменички функции во Владата. Во согласност со доделените надлежности, Министерството ќе се грижи за енергетските политики на Владата, како и политиките за рударството и минералните суровини.
Рок: 2020 година.
Буџет: 30,7 милиони денари.

## 3. ДОВРШУВАЊЕ НА III ФАЗА ОД ПРОЕКТОТ ЗЛЕТОВИЦА

Се предвидува изградба на 6 мали хидроцентрали со капацитет од 9.90MW и со годишно производство на електрична енергија од 49,5 GWh, и тоа:

три хидроцентрали по течението на река Злетовица (ХЕЦ „Злетово 1“, ХЕЦ „Злетово 2“ и ХЕЦ „Злетово 3“), една прибранска хидроцентрала на биолошкиот минимум на брана Кнежево - ХЕЦ Б и две хидроцентрали на доводните цевководи за водоснабдување на општините Пробиштип и Кратово и тоа ХЕЦ „Пробиштип“ и ХЕЦ „Кратово“.

Рок: 2021-2025 година.
Буџет: 3 милијарди денари.

**4. ПРОВЕРКА НА КВАЛИТЕТОТ НА ТЕЧНИТЕ ГОРИВА**

Со оваа мерка ќе гарантираме пропишан квалитет на течни горива за потрошувачите. Ќе се стави во работа новата мобилната лабораторија која во моментов не е во функција. Во случај на горива со квалитет надвор од пропишаните норми, ќе се преземаат мерки за подобрување на истиот од страна на надлежните органи во согласност со Закон, со што ќе се придонесе и за намалено загадување на воздухот и заштита на потрошувачите.

Рок: 2020 година, континуирано
Буџет: 6,1 милиони денари

## МЕРКА 10: ПОЛИТИКИ ЗА РАЗВОЈ НА РУДАРСКИ КАПАЦИТЕТИ И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

### ПРОЕКТ 1: ЗАКОН ЗА ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА

Во Законот за геолошки истражувања ќе ги уредиме:

- геолошките истражувања по вид и ингеренции при нивно вршење,
- ќе воведеме планирање на просторот за вршење на детални геолошки истражувања,
- геолошката база со геолошки податоци и нивно издавање,
- заштита на водите и животната средина,
- геолошките професии и
- геолошкиот инспекторат.

Рок: 2020-2021 година.
Буџет: 3 милиони денари за екипирање на геолошкиот инспекторат.

### ПРОЕКТ 2 : ЗАКОН ЗА РУДАРСТВО

Со новиот Закон за рударство ќе ја уредиме експлоатацијата на минералните суровини со што ќе водиме сметка за нивно рационално искористување, ќе ја подигнеме безбедноста при работа како и заштитата на водите и животната средина. Ќе ги преуредиме процедурите при издавање на дозволи за експлоатација како и вршењето на техничкиот прием на рударските објекти. Задолжително ќе воведеме мониторинг на водите, загадувањето на воздухот, почвите како и обврските за постапување и санирање на штетите настанати од рударството. Во целост ќе ја уредиме заштитата на животната средина, ќе отпочнеме со имплементација на програмата за рекултивација на деградираните простори од ископот на минералните суровини. Преку одредени олеснувања со Закон ќе ја поттикнеме финалната преработка на минералните суровини, со цел зголемување на бенефитот од истите, кое би влијаело на подобрување на стандардот на локално и државно ниво.

Рок: 2020-2021 година.
Буџет: 3 милиони денари.

## ПРОЕКТ 3: РЕГУЛИРАЊЕ НА ЕКСПЛОАТАЦИЈАТА НА ПЕСОК ОД РЕЧНИ КОРИТА

Експлоатирањето на песокот од речните корита како и трајното решавање на регулирањето на реките и одржувањето на нивните брегови е прашање на кое сериозно ќе се посветиме во наредниот период. Експлоатирањето на песокот при изградба на градежни објекти, исто така е потребно да се регулира.За уредување на ова прашање ќе интервенираме во Законот за води, Законот за градење, Законот за геолошки истражувања и Законот за рударство, со што експлоатирањето на песокот од речните корита ќе се врши со прецизно дефинирана проектна документација, претходно одобрена од надлежни институции. Овој проект е во функција на одржување на стабилност на реките и создавање на рамноправни услови на субјектите кои ги одржуваат речните корита во однос на концесионерите кои имаат концесии за експлоатација на минерални суровини – песоци.

Рок: 2020-2021 година.

## ПРОЕКТ 4: ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВО ИСКОРИСТУВАЊЕ И ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИТЕ СУРОВИНИ

Со цел динамизирање на севкупниот економски развој на Македонија, но и заштита на јавниот интерес, заштитата на природните, културните и историските вредности, ќе изработиме и ќе донесеме Стратегија за рационално и одржливо искористување на минералните суровини во Македонија. Стратегијата ќе претставува збир на сите активности преку кои како држава ќе влијаеме врз истражувањата и искористувањата на минералните суровини, а ќе се однесува на сите видови минерални суровини, сите активности во делот на проспекциските, основните, деталните геолошки истражувања и развој на ресорниот орган од областа на геолошките истражувања и рударството, Геолошкиот завод на Македонија, како и јакнење на капацитетите на инспекторатот во делот на надзорот над вршењето на геолошките истражувања и експлоатацијата на минералните суровини.

Рок: 2020-2022 година.
Буџет: 6,1 милиони денари.

## ПРОЕКТ 5: ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА КАТАСТАРОТ НА НАОЃАЛИШТА И ПОЈАВИ НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Во 2015 година преку Геолошкиот завод изработивме Проект за водење на катастар на наоѓалишта и појави на минерални суровини во Македонија. Во 2021 година ќе отпочнеме со реализација на истиот и ќе создадеме услови за подобар увид во потенцијалите и можностите за планирање на нови истражувања и испитувања и за откривање на нови наоѓалишта

на минерални суровини, како и на нивно ставање во функција на експлоатација.

Рок: 2020-2021.
Буџет: 1,8 милиони денари.

## ПРОЕКТ 6: БИЛАНС НА ВОДИТЕ

Билансот на водите ќе го воведеме заради увид во потенцијалот и соодветно планирање со водените ресурси, намената за нивно рационално искористување за водоснабдување, наводнување, хидроенергија и сл. За потреби на водење на билансот покрај поставувањето на набљудувачката мрежа ќе ги опремиме и ставиме во функција поранешните метеоролошки станици за непречено прибирање податоци за климатските параметри (температура, врнежи, влажност, испарување и др.).

Рок: 2020 - 2024 година.
Буџет: 123 милиони денари за оспособување на метеоролошките и климатолошките станици и изготвување на билансот на водите на Република Македонија .

## ПРОЕКТ 7: ОТВОРАЊЕ НА НОВИ РУДНИЦИ ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МЕТАЛИЧНИ МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Во наредниот период доколку нема влошување на економската состојба во Европа и светот и стабилизирање на цените на металите на берзите, ќе се вложиме максимално да се отворат рудниците кои се доделени под концесии:

- СТОГОВО: За почеток и ставање во функција на експлоатација концесионерот планира да вложи 5-10 милиони евра инвестиции и да вработи околу 200 работници. Експлоатираната руда планирано е да се топи во Македонија, а со самото тоа се создаваат услови за интензивирање на транспортот како и финална преработка од истата и создавање на додадена вредност. Експлоатацијата на мангановата руда е од посебно значење за локален развој на Кичево, Дебарца, Дебар и Маврово.
- ТАЈМИШТЕ: Доделена е концесијата за експлоатација на железна руда од локалитет „Тајмиште“ – Кичево. За отпочнување со експлоатација концесионерот планира инвестиција 10–15 милиони евра. Според обемот на работа и динамиката на експлоатација се планирани нови 300-400 вработувања, што локално за овој крај би било од особено значење.
- ПЛАВИЦА (ЦРН ВРВ): За локалитетот „Плавица“ во општините Пробиштип и Кратово, од страна на концесионерот доделена е концесијата за експлоатација на бакар и злато, а во тек се дополнителни анализи за потреби за изработка на рударската документација и регулирање на дозволата за експлоатација. За отворање на овој рудник од страна на инвеститорот планирани се околу 12 милијарди денари,

и вработување на минимум 300 работници.

- КАДИИЦА – ПЕХЧЕВО: Во 2015 година е доделена концесијата за експлоатација на бакар. Во тек се активности околу дополнителни испитувања поради промената на одобрување на методот на експлоатација (класична експлоатација). Со подготвителни работи за отворање на рудникот и за отпочнување со експлоатација ќе се отпочне во наредните 3-4 години. Според рудните резерви и обемот на експлоатација се планира истиот да работи минимум 21 година. Вкупно планирани се инвестициски вложувања од околу 2,7 милијарди денари. Со ставање во функција на Кадиица се очекува да бидат вкупно ангажирани околу 350 работници.
- ЛОЈАНЕ – ЛИПКОВО: Доделена е концесијата за експлоатација на минерална суровина антимон за локалитетот Лојане и истиот се очекува да биде ставен во функција во 2021 година. Според пресметките за почеток со експлоатација се потребни 1,8 милијарди денари инвестициски вложувања и вработување на околу 300 работници.

Во функција на поттикнување на домашните и странските компании за откривање на нови локалитети со термоминерални води, термални води и петротермална енергија, во фазата на експлоатација ќе воведеме одредени законски олеснувања.

Само за периодот 2021 - 2022 година планираме годишно да доделуваме најмалку по 1-2 концесии за експлоатација на метални минерални суровини (бакар, злато, сребро, олово, цинк, молибден и др.), како и 10-тина концесии за експлоатација на варовници, глини, кварц, украсен камен (мермер, гранит, бречи, травертин, оникс и др.), со што ќе создадеме услови за отворање нови рудници, инвестициски вложувања за потреби на нивно отворање, како и директни и индиректни вработувања со отпочнување со експлоатација.

Рок: 2021-2025 година.

## ПРОЕКТ 8: ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ТЕХНОГЕНИ МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

(јаловишта)

Во периодот кој следи планираме да пристапиме кон целосно искористување на минералните суровини од јаловиштата: Пробиштип, Велес, Железара-Скопје, Лојане, Јегуновце и др., како и нивно санирање и рекултивирање. Ова ќе го направиме со цел преку искористување на корисните елементи од јаловиштата, санација и рекултивирање на просторот да ја заштитиме животната средина и да ги решиме еколошките проблеми на овие општини.

Рок: 2021-2025 година.



# 8. НОВ КОНЦЕПТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКАТА ПОЛИТИКА

ВМРО-ДПМНЕ како партија која произлегува од народот особено го цени земјоделството и има висока почит кон земјоделците. Во периодите кога ја практицирал власта ВМРО-ДПМНЕ го докажа претходно изнесеното и го третираше земјоделството како еден од своите економски приоритети.

Особено во периодот по 2006 година ВМРО-ДПМНЕ започна градење на сериозни, комплементарни и сеопфатни политики, сè со цел да ја подигне неговата конкурентност и да ги подобри условите за живот во руралните средини.

ВМРО-ДПМНЕ направи револуција во поставување на земјоделските политики. Ги постави сите неопходни правни и институционални услови за воведување на сериозни политики на поддршка и обезбеди повеќе од дваесет пати поголеми финансиски средства, дотогаш незамисливи за владите на СДСМ, а со кои придонесе кон запирање или стабилизирање на претходните негативни трендови на континуирано намалување на обемот и вредноста на земјоделското производство.

Десетгодишниот период на спроведување на поставените политики обезбеди значителна поддршка на доходот на земјоделците и поддршка на многу инвестиции во механизација, објекти, опрема и инфраструктура во руралните средини.

## ЗА ПОГОЛЕМИ ПРИДОБИВКИ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

ВМРО-ДПМНЕ, како партија која е реформски ориентирана, согледувајќи дека е потребен натамошен развој на земјоделските политики со цел да се води грижа за земјоделците, како и да продолжи со реформи за прилагодување кон земјоделската политика на ЕУ, пристапува кон нов концепт на мерките на земјоделската политика.

Основната стратешка цел на политиките ќе биде **зголемување на конкурентската способност** на земјоделско-прехранбениот сектор.

За постигнување на оваа стратешка цел ќе се воведе новиот концепт кој ќе обезбеди олеснување на пристапот на земјоделците до буџетските поддршки, како и посериозни инвестиции во секторот.

Буџетските поддршки ќе изнесуваат по 160 милиони евра годишно. Во овие поддршки ќе се зголеми делот за инвестирање во земјоделството, односно ќе се зголемува процентот за рурален развој, во однос 100 милиони евра за директни плаќања и 60 милиони за рурален развој. Покрај овие средства ќе ги зајакнеме капацитетите за користење на претпристапните фондови на ЕУ – ИПАРД како дополнителни средства за инвестиции и рурален развој.

Ќе бидат воведени инструменти и мерки со кои ќе се превенира ризикот, како растечки проблем со кој треба да се справува секторот. Особено ќе се обезбеди помош во пласманот на производството, поддршка на маркетингот на нашите земјоделски производи во освојување на нови пазари и континуирано зголемување на извозот. За прв пат ќе донесеме регулатива за управување со пазарот, што ќе овозможи активирање на мерки и инструменти за превентивно делување при состојби на нарушување на пазарот. Значителни мерки ќе бидат насочени кон поддршка на програмите за справување со климатските промени и мерки за ублажување на штети од временски непогоди.

Ќе продолжиме и ќе ги надградиме политиките за поефикасно управување со земјоделското земјиште, водите и шумите.

Шумарството, ловството и рибарството, како значајни потенцијали на државата, ќе продолжиме да ги заштитуваме и развиваме. Особено ќе се посветиме во заштитата на шумскиот фонд, облагородување на шумите и зголемување на површините под шуми, како и подоброто искористување на економскиот потенцијал на ловството, ловниот туризам, рибарството и аквакултурата.

Здравствено исправната храна за потрошувачите останува една од клучните цели на нашите политики. Во следниот период ќе бидат зајакнати или воспоставени системи за обезбедување на здравјето на растенијата и животните, засилен мониторинг и испитување на квалитетот и безбедноста на земјоделско-прехранбените производи, правилната употреба на пестициди, вештачки ѓубриња и соодветен третман на отпадоците од животинско потекло.

# МЕРКИТЕ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА – СУБВЕНЦИИТЕ ЗА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

Мерките за директни плаќања ќе им помогнат на земјоделците да обезбедат стабилно ниво на доход. Мерките дадоа значителен придонес кон стабилизирање на доходот на земјоделците. Висината на директните

плаќања по единица производ беше помеѓу 4% и 36% од висината на откупната цена, а во приходот на земјоделците учествуваа помеѓу 7% - 65%. Исто така, со овие мерки ВМРО-ДПМНЕ овозможи бројот на корисници на мерките на финансиска поддршка да биде многукратно зголемен од 13.000 корисници до 2006 година на околу 100.000 корисници.

Во новиот концепт една од значајните промени ќе биде да се олесни начинот и да се забрза пристапот до субвенциите за земјоделците преку воведување на повеќе мерки и инструменти. За субвенции ќе бидат определени 100 милиони евра секоја година.

## ПРОЕКТ 1: ГРУПИРАЊЕ НА МЕРКИТЕ ВО ПОТСЕКТОРСКИ ГРУПИ

Самиот развој на системот на мерките за директни плаќања бара негово унапредување. Тешкотиите се јавуваат пред сè во спроведувањето на овие мерки, од причини што истите се во голем број, со многу дополнителни подмерки креирани строго секторски, односно поврзани со производството. Досегашниот начин на спроведување, како и комплицираниот контролен систем бара значителни ресурси во платежната агенција што доведува до доцнење при исплатата и незадоволство кај земјоделците.

Поради наведеното ВМРО-ДПМНЕ ќе ја промени поддршката на доходите со мерки во насока на постепено ослободување од типот на производство, кои ќе се одредат по единица капацитет. За поединечни стратешки производи ќе се креираат дополнителни плаќања за предадено производство, со цел во одреден транзициски период овие сектори да ја зајакнат конкурентноста.

Во растителното производство постепено ќе биде воведен системот на единствено плаќање по површина, односно единствена поддршка за хектар земјоделска обработлива површина. Ова ќе ги класифицира подмерките во две главни групи: поддршка за едногодишни култури (со подгрупа за градинарството), и група на повеќегодишни насади.

Градинарството како извозно ориентиран и конкурентен сектор ќе биде посебно поддржано со мерки за единствено плаќање по површина, со варијанта за заштитен простор (оранжерии) и за производство на отворено.

За дополнително финансирање на одредени стратешки култури (тутун), ќе се користат мерките за предадени количини во откупно/преработувачки компании со поголеми средства за тие култури.

Рок: 2021 година.

## ПРОЕКТ 2: ПОЕДНОСТАВЕНИ ПЛАЌАЊА ЗА МАЛИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА

Ќе се ревидира мерката за директни плаќања за мали земјоделски сто-

пanства. За нив ќе се воведе мерка за еднократна исплата на земјоделски стопанства на база на т.н. „историско плаќање“, односно на база на просечно добиени средства на стопанството од програмата за директни плаќања во последните три години. Со ова ќе бидат опфатени сите категории земјоделски стопанства (вклучувајќи ги и сточарските фарми), со поедноставени управни процедури за директни плаќања во износ до 30000 денари.

Рок: 2021 година.

## **ПРОЕКТ 3:** ЗГОЛЕМЕНИ ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА ЗА СТОЧАРСКИОТ СЕКТОР

Во сточарството заради осигурување на долгорочната економска моќ и стабилизација на доходот на сточарите ќе се зголеми поддршката во производството на месо, млеко и јајца. Во фокус ќе бидат традиционалните сточарски гранки, пред сè овчарството каде ќе биде зголемена поддршката на основната мерка за 50%, односно од сегашните 1000 денари по грло ќе се исплаќа по 1500 денари по грло. Акцент во производството на месо ќе се стави во поддршка на изградба на системот за бројлерско производство со што ќе се ослободиме од голем одлив на девизи за увоз на бројлери (околу 50 милиони евра годишно). И овде ќе биде зголемена поддршката за заклан бројлер во кланичен капацитет за 50%.

Ќе продолжиме со воспоставените политики за заштита на автохтоните видови домашни животни.

Исто така, во делот на институционалните зајакнувања ќе се отпочне со воспоставување на системите за класификација и категоризација врз основа на квалитетот на земјоделските производи, а кај веќе воспоставените системи ќе ја зајакнеме контролата се со цел правично вреднување на земјоделските производи како и заштита на потрошувачите.

Рок: 2021 година.

## **ПРОЕКТ 4:** ПОДОБРУВАЊЕ И ОЛЕСНУВАЊЕ НА СИСТЕМИТЕ ЗА ПРИСТАП ДО БУЏЕТСКИТЕ ПОДДРШКИ

За да се постигне забрзување на аплицирањето, и забрзување на спроведувањето, контролата и исплатата на средствата до земјоделците, ќе се поврзат базите и регистрите кои се водат во МЗШВ, платежната агенција, АХВ, и други надлежни институции.

Рок: 2021 година.

# МЕРКИТЕ НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ – МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И СЕЛОТО

Со цел натаму да се унапредува земјоделството, да се постигнат бараните пазарни стандарди и да се надминат системските слабости во структурата на македонското земјоделство, како и да се зголеми квалитетот на живеење во македонските села, во новата програма мерките за рурален развој ќе бидат поинтензивно применувани.

Македонското земјоделство мора да ги следи светските стандарди, новите технологии и да се приспособува на неповолните влијанија на климатските промени. Поради ова се потребни инвестиции во земјоделските стопанства, како за изградба и реконструкција на објекти во функција на земјоделското производство, набавка на современа механизација и други технички средства.

Мерките за рурален развој ќе имаат за цел одржлив развој и модернизација на инфраструктурата во руралните подрачја како квалитетен амбиент кој ќе биде атрактивен за останување на населението во селата, а особено за младите луѓе.

Поради сето ова ќе ја интензивираме примената на мерките за рурален развој и во почетокот ќе бидат издвоени по 60 милиони евра секоја година за овие мерки, со тенденција тие да растат и да добијат еднакво учество во структурата со мерките за директни плаќања. Ова ќе значи зголемување на средствата за инвестиции по принципот на кофинансирање и можност за што поголем број на корисници на овие средства.

Покрај средствата од Буџетот на Македонија, во поддршката на руралниот развој ќе се користат и средства од претпристапниот инструмент на ЕУ – IPARD, за што дополнително ќе бидат подобрени капацитетите за изготвување на проектната документација. За ова ќе бидат подобрени капацитетите на Агенцијата за поддршка на развојот на земјоделството, како и новините кои ќе ги воведеме во делот на советодавните услуги со нивна либерализација и државна поддршка.

## ПРОЕКТ 5: ИНВЕСТИЦИИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА

Најголем дел од средствата за рурален развој ќе бидат наменети за поддршка на инвестициони проекти на земјоделските стопанства. Во оваа насока со учество на неповратни средства во висина над 50% (во зависност од типот на проектите), ќе бидат поддржувани проекти со кои земјоделските стопанства ќе го зголемуваат и модернизираат производството, ќе воспоставуваат стандарди во производството и квалитетот на произво-

дите. Ќе бидат поддржувани проекти за:

- Набавка на механизација и опрема за примарно земјоделско производство;
- Подигнување на нови и реконструкција на постоечки повеќегодишни насади;
- Набавка на добиток од основно стадо.

За да се подобри конкурентноста на земјоделските производители на пазарот, и да се подобри пласманот на земјоделските производи, значајни средства ќе бидат наменети за инвестиции со кои земјоделците ќе додадат вредност на примарните производи. Покрај ова, со овие инвестиции ќе може да се одложи пласманот на производите со цел да се избегнат врвовите на понудата и намалување на цената и ќе се придонесе за зачувување на некои традиционални преработки. Ќе бидат поддржани инвестиции за изградба на објекти и набавка на опрема за:

- Калибрирање и пакување на производите;
- Мали винарски визби;
- Мини млекарници (сирењари) и мандри;
- Мини погони за преработка на месо.

Рок: 2021 година.
Буџет: 922 милиони денари.

## ПРОЕКТ 6: ИНВЕСТИЦИИ ВО ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА И МАРКЕТИНГ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

Преработувачката индустрија е значаен сегмент во целиот вредносен синџир на земјоделско-прехранбените производи. За да се зголеми конкурентноста на преработките од земјоделството и да се обезбеди сигурен пласман на примарните земјоделски производи во време на зголемена понуда на пазарот ќе се инвестира во преработувачки капацитети. Ќе бидат поддржани проекти за изградба на нови капацитети, или реконструкција на постоечки со набавка на современа опрема и тоа:

- Изградба и опремување на капацитети за разладување, пакување и чување на земјоделски производи;
- Изградба, опремување на нови или реконструкција на постоечки капацитети за замрзнување на овошје и зеленчук;
- Изградба и опремување на нови или реконструкција на постоечки капацитети за сушење на овошје и зеленчук;
- Изградба и опремување на дестилерии за овошни ракии.

Рок: 2021 година.
Буџет: 300 милиони денари.

## ПРОЕКТ 7: ИНВЕСТИЦИИ ЗА ДИВЕРЗИФИКАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ АКТИВНОСТИ

Проектот за диверзификација на земјоделските активности ќе биде значаен за зголемувањето на активностите, вработеноста и квалитетот на живот во руралните подрачја. Поддршката ќе оди за развој на други дејности кои имаат блиски врски со земјоделството. Ќе бидат поддржувани проекти за:

- Руралниот туризам, преку широка понуда на домашни производи со кои ќе се збогати туристичката понуда, преку промоција на националната кујна и специфичните земјоделско-прехранбени производи.
- Мерки за унапредување на општите услови на живеење кое би го унапределе квалитетот на животот во руралните средини со цел намалување на разликите и контрастите на релација село-град, преку субвенции и поддршка на гранките кои се во функција на развојот на земјоделството:
  - продавници, механичарски и ковачко-браварски работилници кои би биле во функција на сервисирање и поправка на земјоделската механизација и опрема;
  - детски градинки, игротеки и објекти за културно-забавни активности;
  - инфраструктурни објекти, зајакнување на сообраќајните, дигиталните и другите врски во одредени села каде што истите се на ниско ниво.

Рок: 2021 година.
Буџет: 180 милиони денари.

## ПРОЕКТ 8: ИНВЕСТИЦИИ ВО СОЦИЈАЛЕН КАПИТАЛ И ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КАПАЦИТЕТ

Руралниот развој во идниот период ќе се соочи со огромниот предизвик на депопулација. Иселувањето стана сериозен проблем, посебно со погубните политики во владеењето на СДСМ и сериозно го загрозува земјоделското производство, напуштањето на земјоделските капацитети и одржливото управување со руралните средини. Соочени со овие факти, ВМРО-ДПМНЕ ќе спроведе политики за зачувување на населението во руралните средини. Ќе се применат проекти со инвестиции во социјалниот капитал, како и инвестиции во институции и инфраструктура со цел зголемување на капацитетот на руралните средини. Ќе бидат поддржани проекти за:

- Млади земјоделци, за проекти со кои ќе се обезбедат до 50.000 евра неповратни средства според бизнис-план, за започнување на земјоделски бизнис;
- Поддршка на проекти за жени-земјоделци;
- Поддршка на земјоделски задруги во руралните краишта и поддршка за формирање на организации на производители и интерсекторски

организации;

- Поддршка на млади брачни парови кои ќе се вратат во руралните краишта и ќе започнат бизнис;
- Инвестиции во проекти за подобрување на инфраструктурата во селата;
- Поддршка на локални акциони групи за проекти во рурални подрачја.
- Поддршка за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики.

Рок: 2021 година.
Буџет: 300 милиони денари.

# СО ЗНАЕЊЕ И НАВРЕМЕНИ ИНФОРМАЦИИ ДО УСПЕХ

Знаењето и информираноста на земјоделците за новите техники и технологии на производство, како и информациите за состојбата на пазарот, се фактор без кој не е можен развој. Поради ова во наредниот период ќе бидат зајакнати мерките преку кои треба да се постигнат целите за навремено информиран и едуциран земјоделец.

Ќе се интензивираат проекти за иновации во земјоделството и трансферот на знаење.

## ПРОЕКТ 9: ЕФИКАСЕН СОВЕТОДАВЕН СИСТЕМ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Со нова законска регулатива ќе се воведе либерализација на пазарот на советодавни услуги, преку поддршка на млади високо-образувани кадри кои покрај услугите на АПРЗ ќе го подобрат навремениот пристап до совети за земјоделците и ќе го зголемат нивното учество во аплицирање за проекти од IPARD. Ова ќе овозможи и отворање на голем број работни места, за што уште во првите две години ќе се вработат 50 високо-образувани стручњаци од областа на земјоделството.

Рок: 2021 година.
Буџет: 30 милиони денари.

## ПРОЕКТ 10: ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА КОНТИНУИРАНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

Еден од клучните фактори за осовременување на производните технологии, постбербените технологии и маркетингот на земјоделските производи, претставува знаењето кое доаѓа од систем за образование на земјо-

делците. Поради овој факт ќе се формализира систем за образование на земјоделците. За ова ќе се искористат постојните средни земјоделски училишта, каде што ќе се формираат специјални програми за образование на земјоделците и за што истите ќе бидат поддржани со дополнителни буџетски средства. Исто така, ќе бидат поддржани огледни фарми во рамките на земјоделските стопанства на училиштата и факултетите, за практична настава на земјоделците.

Рок: 2022година.
Буџет: 50 милиони денари.

### ПРОЕКТ 11: ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Истражувањата се, исто така, една од значајните активности за решавање на проблемите во земјоделството. Ќе бидат интензивирани применетите истражувања за решавање на проблемите на земјоделците.

Рок: 2021година.
Буџет: 50 милиони денари.

## МЕРКИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИКОТ

Земјоделството претставува стопанска дејност која е под силно влијание на ризици. Ризикот доаѓа од природните и од економските услови, а пред сè од спецификите на пазарот на земјоделско-прехранбените производи.

Во новиот концепт акцент ќе се даде на мерките за управување со ризикот.

### ПРОЕКТ 12: ИНФРАСТРУКТУРА И ОПРЕМА ЗА ЗАШТИТА ОД ВРЕМЕНСКИ НЕПОГОДИ И ОСИГУРУВАЊЕ

Ќе се поддржуваат проекти во инфраструктура и опрема за заштита на земјоделското производство од негативни временски влијанија и природни непогоди како што се: заштитни мрежи во овоштарството и лозарството, мини акумулации и брани за заштита од порои, чистење на одводни канали и речни корита. Ќе се зајакне и мерката за поддршка на осигурувањето со зголемување на учеството во осигурувањето на 70%.

Рок: 2021 година.
Буџет: 250 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 13:** ПРОМЕНА НА СОРТНАТА И РАСОВАТА СТРУКТУРА

Поддршка на инвестиции за подигање на насади со нови сорти и набавка на добиток од раси соодветни на идниот очекуван климатски режим.

Рок: 2021 година.
Буџет: 30 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 14:** ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА ВО НАВОДНУВАЊЕТО

Поддршка на инвестиции за воведување на систем „капка по капка“ и други системи за ефикасно и економично користење на водата.

Рок: 2021 година.
Буџет: 30 милиони денари.

# МЕРКИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТКУПОТ И ПАЗАРНИТЕ РИЗИЦИ

Справувањето со проблемите на откупот на земјоделските производи во овој нов концепт ќе се остварува со спроведување на проекти со кои ефикасно и ефективно ќе се олесни откупот и ќе се управува со т.н. пазарни ризици.

## **ПРОЕКТ 15:** КРЕДИТЕН РЕВОЛВИНГ ФОНД ЗА ОТКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

Во рамки на МБПР ќе се воспостави посебен кредитен револвинг фонд наменет за кредити за обртни средства за мали и средни претпријатија кои вршат откуп на земјоделски производи за понатамошна преработка или трговија. Овој инструмент ќе овозможи полесен пристап на откупувачите до капитал со што ќе се гарантира исплатата на земјоделските производители за предадената реколта во период не подолг од (30) дена. Кредитните услови на овие кредити ќе бидат приспособени на природата на производите и преработките и периодот за наплата до крајниот потрошувач и истите ќе се одобруваат со поволни каматни стапки. Обезбедувањето на кредитите ќе биде во склад со останатите кредитни услови и можностите на клиентот.

Рок: 2021 година.
Буџет: 1,2 милијарди денари почетен револвинг фонд, со можност за зголемување во согласност со потребите на потенцијалните корисници.

## **ПРОЕКТ 16:** ВОВЕДУВАЊЕ НА ПОЛИТИКИ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПАЗАРОТ

Во наредниот период како дел од политиките за управување со ризикот ќе биде и интензивирањето на активностите за уредување на пазарот за земјоделски производи, а особено да се обезбеди превенција во периодот на негово нарушување во време на зголемена или намалена понуда од некој производ. Заради ова, а и во насока на усогласување со ЗЗП на ЕУ, ќе бидат воведени и имплементирани мерки за организација на пазарот. Целта е преку мерки и инструменти да се обезбеди стабилност на пазарот преку:

- Дефинирање на минимални барања за квалитет (маркетинг стандарди) за производите;
- Поттикнување на соработка и помош преку организација на производители и интер-секторски организации;
- Зајакнување и ревидирање на правилата за трговијата со земјоделските производи и правилата за конкурентност.

За остварување на овие цели, покрај ревидирање на постоечката законска регулатива (пред сè во делот на стандардите и соработката помеѓу производителите), ќе се креираат и посебни мерки за интервенција на пазарот кои ќе бидат активирани само во време на криза.

Рок: 2021 година.
Буџет: 200 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 17:** ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ФУНКЦИИТЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ЗАДРУГИ ВО ОТКУП И ПРОДАЖБА

Во решавањето на пласманот на земјоделските производи ќе бидат интензивирани и мерките за поддршка на земјоделските задруги преку зајакнување на дејноста за откуп и продажба и нивна поддршка за изградба и опремување на простор за пакување и чување на производите. Во мандатот ќе се обезбеди поддршка на задруги во главните региони за производство на овошје и зеленчук.

Рок: 2021 година.
Буџет: 30 милиони денари.

# МЕРКИ НА ЗЕМЈИШНАТА ПОЛИТИКА

Во делот на земјишната политика, ќе се продолжат мерките за доделување на државно земјоделско земјиште на земјоделците и ќе продолжи

процесот на консолидација на земјоделското земјиште, што го постави ВМРО-ДПМНЕ. Процесите ќе бидат во насока на зголемување на големината на земјоделските стопанства и окрупнување на парцелите.

## ПРОЕКТ 18: ФОРМИРАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ

Со цел успешност на процесот на консолидација и ставање на земјоделското земјиште во целосна функција (како државното така и приватното), ќе биде изграден инструмент, односно ќе се формира институција, која ќе ги преземе сите активности за целосно и ефикасно управување со земјоделското земјиште – Агенција за управување со земјоделско земјиште.

Рок: 2021 година.
Буџет: 150 милиони денари.

# ВОДОСТОПАНСТВОТО КЛУЧ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

ВМРО-ДПМНЕ донесе десетгодишен Акциски план за инвестиции во водостопанството со кој беа предвидени 200 милиони евра. За жал во изминатиот период Владата предводена од СДСМ не спроведе ниту една активност од овој Акциски план.

## ПРОЕКТ 19: ИНВЕСТИЦИИ ОД 20 МИЛИОНИ ЕВРА ГОДИШНО ВО ВОДОСТОПАНСКИ ПРОЕКТИ

ВМРО-ДПМНЕ по доаѓање на власт ќе вложува минимум по 20 милиони евра годишно во реконструкција на постоечките и изградба на нови системи за наводнување и водостопанска инфраструктура, а со цел земјоделците успешно да се справат со последиците од глобалното затоплување и климатските промени и да го зголемат земјоделското производство.

# ШУМАРСТВОТО ОБЛАСТ СО МУЛТИДИСЦИПЛИНАРНО ЗНАЧЕЊЕ

Новата Влада на Македонија предводена од ВМРО-ДПМНЕ нуди нов концепт и за шумарството, каде дрвото и шумата претставуваат висок интерес на општествена одговорност.

Новиот концепт претставува модерно шумарство со воведување на нови информатички технологии и воспоставување на современ шумарски информативен систем. Реорганизација на секторот шумарство при МЗШВ. Трансформација на ЈП Македонски шуми. Институционална и стручна помош на приватните и вакавските шуми. Високо професионална интегрална заштита на шумите.

Во рамките на Новиот концепт ќе ги спроведеме следните проекти:

## ПРОЕКТ 20: НОВА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА ВО ОБЛАСТА НА ШУМАРСТВОТО И ЛОВСТВОТО

Со новата законска регулатива ќе се опфатат сите предвидени проекти во програмата, со што ќе се овозможи реална примена на предвидените мерки и проекти. Изготвување на комплетна подзаконска регулатива (акциски план, декларации, правилници, прописи, ценовник, документација и други).

Рок: 2021-2022 година.

## ПРОЕКТ 21: ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ЈП „МАКЕДОНСКИ ШУМИ" И РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА СЕКТОРОТ ШУМАРСТВО ПРИ МЗШВ

Трансформацијата на ЈП „Македонски шуми" би била спроведена со закон за трансформација кој на предлог на новата Влада на Македонија, Собранието на Македонија би го донело во рок од една година од доаѓањето на власт.

Ќе воспоставиме нов функционален концепт на сегашниот сектор за шумарство кој во иднина би претставувал сервис на граѓаните.

Рок: 2021-2022 година.

## ПРОЕКТ 22: НОВА ВЛАДИНА ПРОГРАМА ЗА ШУМАРСТВО

За нејзина реализација би се грижел секторот за шумарство при МЗШВ. Програмата ќе ги содржи следниве потпрограми:

- Потпрограма за пошумување на голини: над 2 милиони садници годишно;

- Потпрограма за пошумување на ерозивни подрачја – 1 милион садници годишно;
- Програма за мелиорација на деградирани шуми, шикари и шибјаци – 1 милион садници годишно;
- Подигање на плантажи од меки лисјари погодни за производство на амбалажа;
- Субвенционирање на садници од багрем;
- Акција бесплатни садници за секој двор.Секој заинтересиран граѓанин ќе може да аплицира за бесплатни садници и бесплатна стручна помош за пошумување на садници во сопствен имот во урбана средина.

Рок: 2021-2024 година.

Буџет: 250 милиони денари годишно.

## ПРОЕКТ 23: НОВА ФОРМАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ШУМСКАТА ПОЛИЦИЈА

Нова формациска поставеност на шумската полиција ќе биде во рамките на Министерството за внатрешни работи.

Рок: 2021-2022 година.

## ПРОЕКТ 24: ПРОМЕНА НА ПОЛИТИКИТЕ НА ЦЕНАТА НА ДРВОТО И ЦЕНАТА НА УСЛУГИТЕ

Недозволиво е цената на дрвото во средини кои гравитираат кон шума и цената на дрвото транспортирано на голема дистанца да биде иста. Најквалитетното дрво ќе се продава на јавни аукции со почетна минимална цена која ќе се зголемува во зависност од побарувачката со што ќе се избегне протекционизмот.

Ќе се воведат скалести трошоци за изработка на посебни планови или програми за стопанисување со шумите во зависност од големината на шумата. Оваа материја ќе се регулира законски.

Рок: 2021-2022 година.

## ПРОЕКТ 25: ФОРМИРАЊЕ НА КОМОРА ЗА ШУМАРСТВО

Ќе се изработи законска и институционална рамка за формирање на независна комора за шумарство. Комората ќе се грижи за интересите на шумарската професија и заштита на дигнитетот на вработените во оваа гранка. Комората ќе издава соодветни лиценци кој ќе бидат препознаени од системот, а во функција на одговорно и стручно работење во шума.

Рок: 2020-2021 година.

## **ПРОЕКТ 26:** ФОРМИРАЊЕ НА ПРИВАТНИ ШУМАРСКИ БИРОА

Оваа материја ќе се регулира законски и институционално. Ќе се дефинира извршувањето на стручни работи кои ќе ги вршат овие бироа.

Рок: 2020-2021 година.

## **ПРОЕКТ 27:** БОРБА ПРОТИВ ОПУСТИНУВАЊЕ (ДЕЗЕРТИФИКАЦИЈА)

Ова е многу важен сегмент во ерата на климатски промени, а Македонија со својата географска положба е постојано на удар. За таа цел ќе се осовременат расадничките центри и ќе се усвојат нови технологии за производство на квалитетен посадочен материјал, посебно со лисјарски видови. Ќе се воспостават нови системи за професионално и квалитетно пошумување на голините и ерозивните подрачја во Македонија.

Рок: 2021-2024 година.
Буџет: 61 милион денари.

## **ПРОЕКТ 28:** ИСКОРИСТУВАЊЕ НА БИОМАСАТА ОД ШУМИТЕ

Со цел воведување на организиран пристап кон искористување на биомасата од шумите до крајот на 2020 година, ќе се изготви студија и четиригодишна програма за користење на биомаса за производство на: пелети, брикети и енергија од енергани. Искористувањето на биомасата и остатоците од обработката на дрвената маса ќе се организира во рамките на ЈП „Македонски шуми“ со приватно јавно партнерство или со други заинтересирани субјекти, преку изградба на енергани или капацитети за производство на пелети и брикети.

Рок: 2022-2024 година.
Буџет: 61 милион денари.

## **ПРОЕКТ 29:** НАЦИОНАЛНА ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СЕРТИФИКАЦИЈА НА ШУМИТЕ

Со националната инвентаризација на шумите во Македонија ќе се постигне соодветно и правилно утврдување на националното шумско богатство по површина, обем, сопственост, намена и корисник. Од друга страна, преку сертификацијата на државните шуми ќе се овозможи поддршка на индустријата за преработка на дрвото преку обезбедување на услови за непречен извоз на дрвните производи и финални производи од мебел во земјите од ЕУ и пошироко.

Рок: 2022-2024 година.
Буџет: 61 милион денари.

## ПРОЕКТ 30: ИЗРАБОТКА НА ОПШТ ПЛАН ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ШУМИТЕ

Овој проект претставува законска обврска на МЗШВ во согласност со Законот за шуми. Со оглед на потребата од донесување на овој план со цел законско регулирање на планирањето во шумите, истиот ќе се изработи во најкраток рок.

Рок: 2021 - 2024 година.
Буџет: 20 милиони денари.

## ПРОЕКТ 31: ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА И НАДГРАДБА НА ШУМАРСКИ ИНФОРМАТИВЕН СИСТЕМ

Целосно имплементирање на шумарско информативниот систем, преку ИТ поврзување на сите институции кои гравитираат во секторот шумарство. Изработка на проекти поврзани со шумарско информативниот систем и воспоставување на функционални модули.

Рок: 2021-2024 година.
Буџет: 9 милиони денари.

## ПРОЕКТ 32: НАБАВКА НА ТЕШКА МЕХАНИЗАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ШУМСКИ ПАТИШТА

ЈП „Македонски шуми“ со сопствени средства како и преку кофинансирање од програмите за рурален развој, ќе започне со постепено обновување на градежната механизација за изградба и прочистување на шумските патишта. Механизацијата ќе се користи за тековните потреби на ЈП „Македонски Шуми“, а ќе се создадат услови за учество во сите вонредни активности и потреби како што се: зимско одржување на патиштата и чистење на снег до планинските села, тековно чистење на речните корита за спречување од поплави, порои и други непогоди.

Рок: 2021-2024 година.
Буџет: 61 милион денари.

## ПРОЕКТ 33: ГРАДСКА ШУМА

Подигање на зелени појаси околу општините и населените места. Општините конкурираат со програми со кои може да им се отстапи државно земјиште: шума и голини. Притоа голините да бидат застапени со мин. 50% од просторот, а општините да се обврзат во рок од 10 години успешно да пошумат минимум 80% од голините. Интенција ќе биде овие шуми да претставуваат организирани целини со градското зеленило.

Рок: 2021 - 2024 година.
Буџет: 6 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 34:** ОТВОРЕНА ЛАБОРАТОРИЈА ВО ШУМА

Владата на Македонија ќе ги врати (односно обнови) факултетските шуми со цел формирање на отворена лабораторија во шума. Со овие шуми ќе управува Шумарски факултет Скопје. Шумите односно отворената лабораторија ќе бидат наменети за студентите од Шумарскиот факултет. Дополнително ќе се обезбедат показни полигони за учениците во средните шумарски училишта во Македонија.

Рок: 2021-2022 година.
Буџет: 6 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 35:** СТРУЧНА ЗАШТИТА И ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

Со овој проект ќе се уредат грмушките и дрвните видови кои се наоѓаат во простор непосредно до јавните патишта. По потреба на одредени места ќе се изврши пошумување со соодветна вегетација или дрвни видови. Проектот ќе се координира помеѓу ЈП „Македонски шуми“ и ЈП „Државни патишта“ со цел да се најде соодветно решение кое нема да го загрозува сообраќајот, а притоа ќе го уреди просторот околу јавните патишта.

Рок: 2021-2024 година.
Буџет: 10 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 36:** РЕКУЛТИВАЦИЈА НА ПРОСТОРИТЕ ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ И РУДНИЦИ

Преку овој проект во содејство со Министерство за економија ќе се детектираат сите напуштени локации каде што одредени субјекти вршеле експлоатација на минерални суровини а не извршиле рекултивација, како и на субјектите кои имаат важечка концесија, а не ги исполниле своите обврски за рекултивација. Во тие случаи со одлука на Владата на Македонија би се задолжило претпријатието ЈП „Македонски шуми“ да ја изврши рекултивацијата на сметка на сегашните и бившите концесионери кои не си ги извршиле обврските.

Рок: 2021-2024 година.
Буџет: 6 милиони денари.

# ЕФИКАСНО УПРАВУВАЊЕ СО ЛОВСТВОТО

Во делот на ловството ќе се спроведат проекти и активности со кои ќе се обезбеди одржливо и економски ефикасно управување со ловиштата.

## ПРОЕКТ 37: РЕВИЗИЈА НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ЛОВИШТАТА

Ќе се спроведе целосна ревизија на постапките со кои беа одземени ловишта во изминатиот период од 4 години во ловните реони Куманово, Гостивар, Кочани и Демир Хисар. Ревизиите ќе се извршат со комисии составени од стручни и компетентни лица од министерството и од други државни институции со цел да се исправат одредени недоследности – тенденции во постапките за одземање.

Рок: 2020-2021 година.

## ПРОЕКТ 38: ДЕФИНИРАЊЕ НА ЛОВИШТА СО ГРАНИЦИ И ПОВРШИНИ

Досегашното востановување на ловиштата по намена (ловишта за крупен дивеч и ловишта за ситен дивеч), со постигнување на капацитетот на ловиштата по главните ловностопански видови веќе е надминато и во новиот концепт ловиштата ќе бидат дефинирани со граници и површина, а ќе се направи динамика на популациите на сите главни ловностопански видови крупен и ситен дивеч кои живеат во ловиштата како природен биотоп.

Рок: 2021 2021 година.
Буџет: 6 милиони денари.

## ПРОЕКТ 39: ИЗГОТВУВАЊЕ НА НОВИ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ

Ќе бидат донесени нови ревидирани плански документи од областа на ловството, од причина што со нивно носење во изминатиот период од 4 години многу е нарушен квалитетот на истите.

Рок: 2021-2022 година.
Буџет: 9 милиони денари.

# ФИТОСАНИТАРЕН И ВЕТЕРИНАРЕН СИСТЕМ И БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА

Фитосанитарниот, ветеринарниот и системот за безбедност на храна ќе претставуваат предизвик на новата влада на ВМРО-ДПМНЕ. Ова пред сè поради фактот што овие системи силно влијаат на здравјето на населението, но и на конкурентноста на секторот преку производство на здравствено исправна и храна која ќе ги достигне бараните стандарди на пазарите.

Во рамките на фитосанитарниот систем ќе бидат ревидирани законите и постапките за регистрација на пестицидите и начинот на нивна продажба и употреба. Целта ќе биде да се обезбеди квалитет на производите, можност за намалување на цените, како и нивна соодветна примена. Исто така, ќе бидат зајакнати контролите на квалитетот на пестицидите, вештачките ѓубриња, семето и садниот материјал за да се заштитат земјоделците од неквалитетни производи. За ова институционално ќе бидат зајакнати капацитетите на инспекторатот за земјоделство.

Во целост ќе се ревидираат и постоечките политики во делот на ветеринарниот систем и нивното усогласување со политиките на Европската унија во областа на безбедноста на храна и заштита на интересите на потрошувачите, безбедна храна за животни, спроведување, контрола, надзор и следење на здравствената заштита на животните – примарното ветеринарно здравство, благосостојба на животните во секоја фаза од производство, ветеринарно јавно здравство и заштита на животната средина.

## ПРОЕКТ 40: НАМАЛУВАЊЕ НА ДДВ ЗА ВЕТЕРИНАРНИТЕ УСЛУГИ

Со цел дополнително да се поддржи сточарството ќе ја намалиме стапката за ДДВ од 18% на 5% за ветеринарните услуги. Со ова ќе бидат стимулирани земјоделците за квалитетно, навремено и стручно интервенирање од страна на ветеринарните друштва. Услугите ќе станат подостапни за сточарите, но ефектите се многу пошироки и го опфаќаат целото население преку јавно-здравствените аспекти на ветеринарната струка. Исто така, ова намалување ќе го намали фискалниот притисок на ветеринарните друштва, со што истите ќе станат поликвидни и ќе можат да инвестираат во опрема и едукација, како неопходен услов за извршување на нивната функција.

Рок: 2020 година.

## ПРОЕКТ 41: МОНИТОРИНГ НА БОЛЕСТИ И ШТЕТНИЦИ ЗА ВЕТЕРИНАРНА И ФИТОСАНИТАРНА ЗАШТИТА

За успешна борба против болести и штетници кај животните и растенијата, ќе биде воспоставен систем на мониторинг на болести и штетници:

Рок: 2021-2024 година.
Буџет: 90 милиони денари.

# РИБАРСТВО И АКВАКУЛТУРА

Рибарството и аквакултурата се значаен дел за развојот на земјоделството и руралните средини. Во наредниот период владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе го поддржува рибарството и аквакултурата со програма која ќе опфати производството на риба и заштита на рибниот фонд во Македонија.

Рок: 2021-2024 година.
Буџет: 100 милиони денари.



# 9. АТРАКТИВЕН И МОДЕРЕН ТУРИЗАМ

Развојот на туризмот како значаен сектор за Македонија заслужува посебно внимание во новата програма на ВМРО-ДПМНЕ. Главна цел и стратешки приоритет ќе биде континуирано зголемување на бројот на туристи во земјата преку градење на нов модел за развој на туризмот и креирање на нови туристички понуди и форми на туризам, јакнење на маркетинг капацитети со цел промоција на земјата како атрактивна туристичка дестинација со богати туристички содржини и зајакнување на човечките ресурси во секторот туризам и угостителство.

## МЕРКА 1. ИНСТИТУЦИОНАЛНИ РЕФОРМИ ВО ОБЛАСТА ТУРИЗАМ

### ПРОЕКТ 1: ИЗДВОЈУВАЊЕ НА СЕКТОРОТ ЗА ТУРИЗАМ ОД ПОСТОЈНОТО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ПРИСОЕДИНУВАЊЕ НА ОВОЈ СЕКТОР КОН МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА, СО ШТО НОВОТО МИНИСТЕРСТВО ЌЕ НОСИ НАЗИВ МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ, ПО ПРИМЕРОТ НА ВИСОКО РАЗВИЕНИТЕ ТУРИСТИЧКИ ДРЖАВИ.

На тој начин не би се формирало ново министерство со дополнителни финансиски средства и човечки ресурси, туку со веќе постоечките ресурси, акцентот би се ставил на заедничко унапредување и развој на двата сектори.

Рок: до крајот на 2020 година.

### ПРОЕКТ 2: ТРАНСФОРМАЦИЈА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ ВО МАКЕДОНСКА НАЦИОНАЛНА ТУРИСТИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА.

Со посебен закон, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот ќе се трансформира во Македонска национална туристичка организација по примерот на постоечките вакви институции во Европа и пошироко. Акцентот ќе се стави на работата за промоција и маркетинг, развој на дестинациите и човечките ресурси. Посебно учество во собранието на инситуцијата би имале и кадри од делот на приватниот сектор.

Јасно дефинирана во своите цели, Македонската национална туристичка организација ќе пружи различни начини (маркетиншки, заеднички стра-

тешки проекти, промоции на меѓународни собири и слично) за поддршка на националните тур-оператори, со што ќе создаде простор за проширување на нивната дејност.

Рок: до крајот на 2021 година.

## ПРОЕКТ 3: ФОРМИРАЊЕ НА ПОСЕБНА ТУРИСТИЧКА ИНСПЕКЦИЈА ИЛИ ПОЛИЦИЈА.

Со донесување на посебен закон за оваа намена и човечки ресурси од другите инспекции, но и со вработување на високо стручни кадри од ова област, Туристичката инспекција/полиција ќе има за цел да врши контрола и едукација на туристичкиот сектор, како во делот на правните лица, така и во делот на физичките лица. Тоа не значи одземање на надлежности од локалната самоуправа, туку контролите би се спроведувале во заеднички координирани акции. Целта на овие контроли е да се воведе што поголем квалитет на услугите, како и задржување на одредени стандарди важни за привлекување како на надворешни посетители, така и на гости од државата.

Рок за формирање на инспекцијата: крајот на 2021 година.

Буџет: 1 9 милиони денари.

## ПРОЕКТ 4: ПОВТОРНО ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛЕН КОМИТЕТ ЗА ТУРИЗАМ

Веднаш по формирањето на новата влада ќе се воспостави Национален комитет кој ќе врши хоризонтална и вертикална координација на туризмот, со што ќе се овозможи поголема координираност на заедничките чинители во туризмот и активностите за развој и промоција на туризмот. Главна задача на овој Комитет е да ги следи суштинските и економските текови во областа на туризмот како што се: активностите за утврдување и следење на спроведувањето на политиката, постапките за донесување закони и регулативи од областа на туризмот, програмите за развој на туризмот од особено значење за економскиот развој на Македонија, следење на доделувањето на концесии и/или јавно-приватни партнерства, утврдување и следење на спроведувањето на политиката за заштита и зачувување на квалитетот на туристичката дејност итн.

Рок: веднаш по формирањето на новата влада.

## МЕРКА 2. ЈАКНЕЊЕ НА РАЗВОЈНИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ НА ТУРИЗМОТ

### ПРОЕКТ 1: ИЗРАБОТКА НА НОВА КОМПЛЕКСНА НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО МАКЕДОНИЈА И НЕЈЗИНА ЦЕЛОСНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА.

По институционализирање на секторот и негово ресорно дефинирање, од особено значење за јасен правец на движење е изработка на долгогодишна Национална стратегија за развој на туризмот во Македонија. Овој проект ќе биде реализиран во заедничка соработка со домашните факултети за туризам и угостителство и реномирани експерти во оваа дејност. Ќе се изработи и усвои нова национална стратегија со акциски план од 10 години, каде што акцентот ќе се стави на развојот на организацијата, науката, маркетингот, инфраструктурата, човечките ресурси и дестинациите.

Рок: усвоена стратегија во 2021 година.
Буџет: 7.5 милиони денари.

### ПРОЕКТ 2: СТУДИЈА ЗА РАЗВОЈ НА АЛТЕРНАТИВНИ ФОРМИ НА ТУРИЗАМ ВО МАКЕДОНИЈА.

Оваа студија има за цел да ја надополни Националната развојна стратегија, но овде акцентот ќе се стави на алтернативните или селективните форми на туризам. За таа цел, јавноста и туристичкиот сектор ќе определат кои се најважните и најквалитетните селективни форми и како тие ќе се развиваат и унапредуваат во период од 5 години.

Рок: до крајот на 2021 година.
Буџет: 1 милион денари.

### ПРОЕКТ 3: ВОСПОСТАВУВАЊЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ТУРИСТИЧКИ ДЕСТИНАЦИИ И ДЕСТИНАЦИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Во светот, а во последно време и кај нас, на големо се зборува за организациски дестинациски менаџмент. Ќе воспоставиме посебни критериуми за туристички дестинации на национално, регионално и локално ниво. На тој начин ќе се приклучиме кон светските движења каде што формата на дестинации сѐ повеќе и пошироко се употребува и каде што формирањето на дестинациите се одвива според одредени критериуми, а организацијата на дестинацискиот менаџмент е главен развоен продукт на туризмот.

Рок: првото тримесечје од 2021 година.

## ПРОЕКТ 4: ИЗМЕНА НА НАЧИНОТ НА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ ВО ТУРИЗМОТ.

Во изминатиов период се издвојуваа средства за финансирање на тур-оператори, што се покажа како одлична мерка за привлекување на, пред сè, странски тур-оператори. Ќе продолжиме со оваа практика, но ќе понудиме и нови начини на субвенционирање, пред сè, субвенционирање надвор од сезоната и за туристичките потенцијали кои сè уште не се доволно развиени. На тој начин ќе го поттикнеме нивниот туристички развој. Ќе ги поддржиме тур-операторите кои ќе работат на ова поле, особено оние кои ќе вложат напор тоа да биде 12 месеци, односно да стимулираат целогодишен туризам кој нема да биде само сезонски, туку ќе се создадат програми и за пред и за после сезона.

Рок: до крајот на 2020 година.

Буџет: тековно секоја година согласно буџетските проекции.

## ПРОЕКТ 5: СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА УГОСТИТЕЛСКИ КАПАЦИТЕТИ КОИ БИ ДОБИЛЕ СТАТУС ЗЕЛЕНИ ХОТЕЛИ

Целта е мотивирање и поддршка на развојот на еколошко одговорни угостителски капацитети, во кои би се упатувала целна група на туристи, екологисти и љубители на природата. Статус Зелен хотел би се добивал врз основа на соодветни критериуми од типот: користење на техничка вода, еколошки детергенти, биоразградлив отпад, зелено опкружување, градини со можност за набљудување на растителен и животински свет, согласно одредени законски критериуми

Рок: до средината на 2021 година.

Буџет: 12.милиони денари, тековно

## ПРОЕКТ 6: ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА БРЕНД-ИМИЊА ВО УГОСТИТЕЛСТВОТО, ХОТЕЛИЕРСТВОТО И ТРГОВИЈАТА

Изнаоѓање на локалитет за повлекување на инвестиција за регионален парк од типот на (LEGOLAND, The Land of Legends, Madame Tussauds, Gardaland и слични) со цел повлекување на краткотрајни посети од соседството и пошироко.

Ќе се вложат напори за отворање на оутлет центар од типот на McArturGlen по примерот на голем број држави. Идеална би била локација во централното подрачје на државата, која би ги задржала нашите граѓани да ги трошат своите заработувачки во државата, но исто така би привлекла посетители од соседните држави кои би доаѓале на викенд шопинг тури. Оваа мерка би била спој на веќе постоечките туристички развојни зони и нови посебни услови на доделување на државно земјиште за оваа намена, како и спој со условите за добивање на финансиски средства од фондот за развој, како и зголемена промоција на истите

Рок: тековно до крајот на мандатот 2024 година.

## **ПРОЕКТ 7:** ПОДОБРЕНА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА СИТЕ ТУРИСТИЧКИ ОБЈЕКТИ

По воведување на контролните механизми и уредување на истите со посебен закон ќе се востановат стандарди и насоки за категоризација на туристичките објекти, според посебна нивна класификација. Стандардите и насоките за квалитетот на туристичките објекти ќе бидат во согласност со европските стандарди за категоризација на туристички објекти.

Главна цел (подоцна во втората фаза од кога истите ќе бидат донесени) е категоризација на сите туристички објекти и нивна контрола во однос на одржување на квалитетот. Само со квалитетна понуда, државата ќе може да парира на другите држави за привлекување на што поголем број туристи.

Рок: средината на 2021 година.

## **ПРОЕКТ 8:** ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМ Е-ВИЗИТОРС

Официјалните статистички податоци се неопходен елемент во информативниот систем кој ќе доведе до развој на мерењата на туризмот и унапредување на знаењето за секторот, следење на напредокот, оценување на влијанието, промовирање на менаџментот фокусиран на резултати и истакнување на стратешките прашања за целите на политиката. Воведување на алатката „е-визиторс“ ќе овозможи генерирање на туристички статистички и економски податоци (како што се директниот БДП за туризам), што е споредливо со другите економски статистики (вработувања, инвестиции, број на ноќевања и сл.).

Рок: крајот на 2021 година.
Буџет: 30 милиони денари.

# **МЕРКА 3. ГРАДЕЊЕ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО ТУРИЗМОТ**

## **ПРОЕКТ 1:** ВРАБОТУВАЊЕ МЛАДИ ВО ТУРИСТИЧКО-УГОСТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ

Ќе ја зголемиме флексибилноста во можноста студенти да работат со скратено работно време во текот на учебната година и со полно работно време во периодот од јуни до август. Ќе ја разгледаме можноста за воведување категорија работен час, каде подеднакво ќе се вреднува и ноќниот труд и ќе биде соодветно платен оној кој ќе работи ноќна смена, или за време на верски и државен празник и за време на викенд. На тој начин ќе се мотивираат младите луѓе и ќе се поттикне сезонската работа. Дополнително, директно ќе го спречиме одливот на млади луѓе во околината

за време на летната сезона и ќе го стимулираме развојот во нашата земја.

Рок: првото тримесечје од 2021 година.

### ПРОЕКТ 2: СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ЕДНОГОДИШНИ СТУДИИ.

Креирање на специјалистички едногодишни студии е иницијатива која беше прифатена од страна на Филозофскиот факултет. Ова подразбира специјалистичка студиска група за работа во култура за туристички цели: археологија, етнологија, историја на уметност, историја, реторика, етика и сл. На тој начин би се вратил интересот за овие научни гранки, а туризмот би се збогатил со луѓе кои се компетентни во овие научни теми.

Рок: до крајот на 2021 година.
Буџет: 6.000.000 денари.

### ПРОЕКТ 3: ОБУКИ И СПЕЦИФИЧНИ ВЕШТИНИ ЗА ТУРИСТИЧКОТО СТОПАНСТВО

Туризмот и угостителството спаѓаат во делот на услужни дејности. Затоа потребата од обуки и вештини во двата сектора се од големо значење за човечките ресурси. Ќе преземеме мерки за отворање на специјализирани центри и школи за обука од реномирани светски брендови, потпомогнати со домашните експерти и професионални предавачи. Ќе бидат издавани и ваучери или друг вид на финансиска поддршка за посета на овие обуки.

Рок: континуирано секоја година.
Буџет: 1.000.000 ден. секоја година.

## МЕРКА 4. ГРАДЕЊЕ НА МАРКЕТИНГ КАПАЦИТЕТИ ЗА ПРОМОЦИЈА НА ТУРИЗМОТ

### ПРОЕКТ 1: ПОСТАВУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКА СИГНАЛИЗАЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

Во наредните четири години ќе поставиме дополнителни табли и ознаки за туристичка намена, со цел запознавање на потенцијалните домашни и странски туристи со туристичките вредности на Македонија.

Рок: континуирано.
Буџет: 1 милион денари секоја година.

### ПРОЕКТ 2: ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ТЕЛЕВИЗИСКИ ПРОГРАМИ.

Зголемување на бројот на телевизиски програми (репортажи, интервјуа, реклами и сл.) од областа на туризмот како во домашните, така и во

странските медиуми. Осмислување на привлечни приказни за промоција на туристичките потенцијали на Македонија и нивно континуирано „емитирање“ по сите телевизиски програми, во различни термини, неколку пати дневно, со цел да станат воочливи (неизбежни) за поголема целна група на заинтересирани посетители. Промоција на постоечки туристички објекти на телевизии од типот на 24 Kitchen, Food Network и слични, кои директно ќе привлечат бренд-имиња во овие области (JRE Restaurants, Michelin Guide, Richard Sandoval etc).

Рок: континуирано во тековната година.

## ПРОЕКТ 3: ЕВИДЕНТИРАЊЕ, МАПИРАЊЕ И ПРОМОЦИЈА НА ВЕРСКИ ОБЈЕКТИ

Евидентирање, мапирање и промоција на верски објекти како и засилена промоција на верскиот туризам. Истражување на целните пазари во кои е развиен верскиот туризам и приспособување, односно вклопување на туристичката понуда во нивните аранжмани, како и осмислување на сопствена туристичка понуда од областа на верскиот туризам со добро осмислени верски приказни (вистини).

Рок: крај на 2021 година.
Буџет: 900 илјади денари.

## ПРОЕКТ 4: ПАТУВАЈ ВО МАКЕДОНИЈА.

Иницијативи за патувања низ Македонија преку јакнење на интересот на домашното население да патува во својата земја и на тој начин да ја запознае и да го помогне нејзиниот развој. Во соработка со хотелиерите, туристичките агенции, угостителските објекти, ќе се изработат различни викенд понуди или еднодневни и викенд екскурзии, кои ќе го стимулираат населението да остане во својата држава за ваков тип патувања. Исто така, ќе се работи на активирање на младински патувања и патувања за пензионери и секој еден кој ја сака својата држава. Преку разни герила маркетинг алатки ќе се поттикнуваат домашните посетители за посета на некоја од наведените дестинации во државата,согласно мерките од глобалната пандемија

Рок: континуирано.
Буџет: 1 милион денари за секоја година.

## ПРОЕКТ 5: ЕКО ТУРИЗАМ - МАПИРАЊЕ, ПРОГЛАСУВАЊЕ И ПРОМОВИРАЊЕ НА ЕКОЛОШКИ ЗАШТИТЕНИ ЗОНИ

Целта на проектот е евидентирање на туристичките потенцијали кои можат да се класифицираат како еколошки, одделно по плански региони, со цел промоција на еко-туризмот во нашата земја. Ќе се опфатат повеќе целни групи и тоа: љубители на природата – растителниот и животински-

од свет; еколошки здруженија; екологисти; научници и истражувачи од областа на екологијата.

Рок: 2021 - 2022 година.
Буџет: 900 илјади денари.

### ПРОЕКТ 6: ОЛЕСНУВАЊЕ НА ВИЗНИТЕ БАРИЕРИ НА ПОСЕТИТЕЛИ ОД СОСЕДСТВОТО И ПОШИРОКО

Најефикасна мерка би било олеснување на процедурите за добивање визи за одредени држави, односно, да постои можност за добивање на краткотрајни туристички визи при влез во државата (гранични премини, аеродроми). Ова е од исклучително значење ако се земе предвид скромната мрежа од наши конзулати во странство.

Рок: 2021 година.

## МЕРКА 5. ЗБОГАТУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА

Последниот, петти столб во областа на развојот на туризмот во нашата земја се однесува на градење на туристички потенцијал во државата. Покрај веќе постоечките, изградени туристички производи, како и новите мапирани производи кои ќе бидат вградени во новата Национална стратегија и Студијата за алтернативните форми, ќе ги развиваме, дополнуваме и промовираме и потенцијалните туристички производи. Фокусот ќе биде насочен кон промоција на богатата култура на државата и на целокупниот природен потенцијал што го има Македонија. Покрај веќе постоечките: културниот, руралниот, винскиот, езерскиот и активниот туризам, ќе ги развиваме и следните видови туризам:

### ПРОЕКТ 1: ВЕЛНЕС, СПА И ЗДРАВСТВЕН ТУРИЗАМ, СПОРТСКИОТ, АДРЕНАЛИНСКИОТ, ЛОВНИОТ И РИБОЛОВНИОТ ТУРИЗАМ И ДР.

Во наредниот четиригодишен период ќе се залагаме за стимулирање на инвестиции во модерни туристички велнес, спа и здравствени центри, преку промоција на можностите за инвестирање пред домашните и странски компании. Фокусот ќе биде ставен на привлекување на инвеститори во региони во кои постојат наоѓалишта на термоминерална вода, пред сè во регионот на Штип, Кочани, Катланово, Куманово, Гевгелија и Струмица, но и на нови локации. Македонија располага и со огромен потенцијал за развој и промоција на активниот спортски туризам, кои за жал во светската јавност се малку промовирани и понудени за посета. За таа цел ќе направиме голем број репортажи и спотови за оваа намена, а ќе бидат и промовирани како туристичка понуда на меѓународните саеми, настани и конференции со цел нивна афирмација и збогатување на туристичката

понуда во државата. Нема да го изоставиме ниту медицинскиот туризам, кој е сè повеќе во подем, со акцент на денталниот и козметолошкиот.

Рок: континуирано.
Буџет: 3 милиони денари.

## ПРОЕКТ 2: УРБАНИОТ ТУРИЗАМ - ФОРМА НА ЧИЈ РАЗВОЈ И ПРОМОЦИЈА ДО СЕГА НЕ Е СТАВЕН НИКАКОВ АКЦЕНТ. НАША ЗАДАЧА ЌЕ БИДЕ ЗБОГАТУВАЊЕ И ПРОМОВИРАЊЕ НА ОВОЈ ВИД АЛТЕРНАТИВА КОЈА ЈА НУДАТ ГРАДСКИТЕ СРЕДИНИ, ПРЕД СÈ СО СВОИТЕ КУЛТУРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ФОРМИ, АДМИНИСТРАТИВНИТЕ И ТЕХНОЛОШКИТЕ ПАРКОВИ, КОНГРЕСНИТЕ САЛИ И НАСТАНИТЕ КОИ ТЕКОВНО СЕ ОДРЖУВААТ ВО НАШИТЕ УБАВИ УРБАНИ СРЕДИНИ.

Рок: континуирано во текот на мандатот.
Буџет: 1.5 милиони денари.

## ПРОЕКТ 3: РЕКОНСТРУКЦИИ, ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП ИЛИ ПРОДАЖБА ПО ПАТ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО НА АВТОКАМПОТ ЛИВАДИШТЕ ВО СТРУГА, ХОТЕЛОТ МОЛИКА ВО ПЕЛИСТЕР, СКИ-ЦЕНТАРОТ НА ПОПОВА ШАПКА, ДЕТСКИТЕ ОДМОРАЛИШТА НИЗ ДРЖАВАТА, КАКО И ПЛАНИНАРСКИТЕ И ЛОВНИТЕ ДОМОВИ КОИ СЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ДРЖАВАТА ПО МНОГУ ПОВОЛНИ УСЛОВИ ЗА ИНВЕСТИТОРИТЕ. ЦЕЛТА НА ОВОЈ ПРОЕКТ Е ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ВЕЌЕ ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТИ КОИ ИМААТ ДОБРИ ЛОКАЦИИ, НО ЗА ЖАЛ СЕ ВО ЛОША СОСТОЈБА, ПА ОТТАМУ Е ПОТРЕБНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА НИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ И НИВНА МОДЕРНИЗАЦИЈА, ПО ПРИМЕРОТ НА ГОЛЕМ ДЕЛ ОД СОСЕДНИ ДРЖАВИ.

Рок: тековно.

## ПРОЕКТ 4: ИЗГРАДБА НА ПЛАНЕТАРИУМ ВО БЛИЗИНА НА КОКИНО.

Со цел збогатување на туристичката понуда како за научни, така и за туристички цели, предвидуваме изградба на планетариум во непосредна близина на локалитетот, со музеј во кој ќе бидат изложени бројни артефакти пронајдени на локалитетот (керамички чинии, амфороидни садови, камени секири итн.). Овој проект со својата функција ќе ја збогати туристичката понуда на Кумановско-кратовскиот Регион, ќе овозможи зголемен број туристи во регионот и посета не само на локалитетот Кокино, туку и на Куклица и Цоцев камен.

Рок: до крајот на 2023 година.
Буџет: 150 милиони денари.

## ПРОЕКТ 5: РАЗВОЈ НА МОБИЛНА АПЛИКАЦИЈА BRAND MACEDONIA

Во време кога мобилните апликации и интернетот се првите станици за добивање на информации, ќе развиеме мобилна апликација која ќе може да се користи за стекнување на основни информации за градовите во државата, како и можност за купување на билети (воз, автобус, жичарница), влезници за музеи, галерии, театри. Развојот на оваа апликација нема да застане тука, ова е само нејзината првична и основна цел, а во понатамошна фаза ќе развиеме и City Cards кои ќе нудат пакет-понуди со одредени попусти за влезници, користење на јавен превоз и слично.

Рок: крајот на 2021година.
Буџет: 6 милиони денари.



# ТРЕТ СТОЛБ: **ИНТЕГРИРАНА, СТАБИЛНА И БЕЗБЕДНА ЗЕМЈА**

# 1. ИНТЕГРИРАНА И ПОЧИТУВАНА ЗЕМЈА

Македонија му припаѓа на европското семејство земји со кои имаме заеднички културни, историски и морални вредности, и традиции. Основната цел на македонската надворешна политика е афирмација и промоција на земјата, нејзините национални, економски, политички, културни и безбедносни интереси, како и активно учество во зачувувањето и градењето на мирот на Балканот и пошироко.

ВМРО-ДПМНЕ, членството на Македонија во ЕУ и НАТО ги гледа како заокружување на македонската државност и отпочнување на процес на меѓународна афирмација на македонската култура, јазик и посебност според девизата на нашиот идеолог Гоце Делчев „Светот го разбирам како поле за културен напредок меѓу народите“.

Надворешната политика ќе се потпира на начелата на силна регионална соработка, активна мултилатерална соработка, добрососедски односи и почитување на меѓународното право. Сето ова води кон интегрирана и почитувана земја.

Граѓаните на Македонија под превезот на нереални ветувања за успеси во надворешната политика се најдоа пред најголемото национално понижување, а дипломатската мрежа на земјава е обременета со застарени идеолошки концепти, сведена на битка за задоволување на партиските апетити без ветената професионализација на дипломатијата.

Македонската надворешна политика поради финансиската и кадровска ограниченост во својата доктрина ќе ги вгради и сите приватни иницијативи од македонски граѓани во светот, научници, бизнисмени, културни работници и компании кои со својата работа и брендови ќе ја промовираат Македонија и ќе обезбедат достојно претставување на својот народ и култура.

**Наша континуирана цел, заложба и стратешки приоритет е интегрирањето на Македонија во Европската Унија.** За да го оствариме ова ни се потребни визија, реформи, тимска работа и силна стручна поддршка. Пристапниот процес во Европската Унија е комплексна, долгорочна и сеопфатена процедура која трае подолго од еден владин четиригодишен мандат. За таа цел е неопходно истиот да се заснова на државна стратегија, прифатена со широк општествен консензус, кој ќе ги надмине меѓупартиските интереси, различни влијанија, пазарења и популизам и која ќе обезбеди долгорочно непроменлив курс во евроинтегративните процеси на Македонија.

Во таа насока, надворешен политички приоритет ќе биде запирање и попречување на сите идни иницијативи кои се започнати по национално-



то понижување за проширување, продлабочување и лично интерпретирање на договорите потпишани од Заев и Димитров.

ВМРО-ДПМНЕ во својот мандат од 2020 година до 2024 ќе работи на стабилизирање на надворешната политика, преку која ќе упати јасна порака дека во 21 век дипломатијата се води во насока на градење мир, доверба и заедничка иднина, а не преку искористување на силната верба на македонскиот народ за европска иднина да се прават обиди за задоволување на национални политики од 19 век.

## МЕРКА 1. ИЗРАБОТКА НА НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА И КОНСОЛИДАЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ

Стратегијата ќе биде заснована на реалните интереси и остварливи цели на државата кои произлегуваат од актуелните геополитички состојби, ситуацијата во Регионот и економските предизвици во иднина.

Стратегијата ќе го определи курсот на македонската надворешна политика на долги патеки со консензус на политичките актери, со што ќе се обезбеди континуитет во реализацијата на националните приоритети независно од менливоста на владите.

Во стратегијата ќе биде вметната и анализа на целокупната работа на македонската дипломатија и надлежните институции од независноста до денес, со цел да се добијат јасни податоци за консолидирање на односите на Македонија со државите од светот.

Во служба на својата надворешна политика, Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе иницира формирање на научна институција за проучување на ризиците, обврските, предностите и слабостите и последиците од Преспанскиот и Договорот за добрососедство и пријателство со Бугарија. Сметаме дека преку научен пристап и изработка на научно поткрепени анализи, државниот врв во Македонија ќе може во иднина да дејствува подготвено во насока на ублажување и неутрализирање на негативните страни од договори, кои имаат големо влијание на целокупниот живот на македонскиот народ. Исто така, во рамките на таа институција преку меѓународна научна размена со светот ќе се афирмира и актуализира положбата на Македонците меѓу светската научна јавност.

# ЕВРОПСКИ И ЕВРОАТЛАНТСКИ ИНТЕГРАЦИИ

**Визијата кон која се ориентира надворешната политика на идната влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ е Македонија како полноправен член на ЕУ и почитувана членка на НАТО.**

Евроатлантските интеграции се процес кој го мобилизира целото општество и навлегува во секоја пора на општественото делување. Целосното интегрирање на Македонија во ЕУ останува стратешки приоритет на ВМРО-ДПМНЕ.

ВМРО-ДПМНЕ како единствена македонска партија има обврска да ги интегрира Македонците во најсилните сојузи со цел во иднина да биде слушан и гласот на Македонецот,а со тоа да се избегне повторување на историјата каде што за судбината на македонскиот народ се разговара без негово присуство.

Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ целосно ќе се заложи за **задржување на перспективата за полноправно членство на Македонија во ЕУ** како единствена посакувана опција за обединување со останатите држави кои се дел од европското семејство. ВМРО-ДПМНЕ, како првата политичка партија во Македонија која ја пропагираше евроатлантската интеграција за нашата држава, нема да отстапи од намерата Македонија да го добие заслужениот почеток на преговори за членство во ЕУ.

**Најголем напредок кон Европската Унија е направен токму за време на Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ:** визната либерализација, првата позитивна препорака за почеток на преговори со ЕУ, напредок во многу области, високиот претпристапен дијалог, како и бројни позитивни извештаи и напредок во многу области преку реформи и посветена и напорна работа.

Затоа, во периодот 2020 – 2024 година фокусот ќе биде ставен на:

- Исполнување на сите критериуми за полноправно членство во Европската Унија;
- Континуирано исполнување на обврските од членството во НАТО;
- Воспоставување на правна држава и владеење на правото;
- Спроведување на политика на нулта толеранција за корупција;
- Интензивирање на соработката меѓу институциите на Македонија и институциите на Европската Унија;
- Подобро искористување на европските фондови од страна на македонските институции и субјекти;
- Јакнење на капацитетите на државните институции и другите чинители со цел подготвеност за преземање на сите обврски од членството во ЕУ;

- Зајакната позиција на меѓународната сцена како суверена и почитувана држава која претендира да се наметне како лидер во регионот;
- Развој и јакнење на дипломатските односи на Македонија со воневропските земји;
- Поддршка за меѓународните и регионални иницијативи против современите безбедносни закани и предизвици;
- Доследно почитување на обврските на Македонија кои произлегуваат од нашето пристапување кон меѓународни договори, резолуции и организации и принципиелна заложба за почитување на меѓународното право.

## МЕРКА 1. КАДРОВСКО ЗАЈАКНУВАЊЕ И ЕКИПИРАЊЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ КОИ ДИРЕКТНО РАБОТАТ НА ЕВРОПСКАТА АГЕНДА

Пред Македонија се сериозни предизвици во процесот на преговарање за членство во унијата.

### ПРОЕКТ 1: ПОДОБРУВАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

Ќе се изврши целосна **административна проверка на работењето** на Секретаријатот за европски прашања. Целосното законско работење и почитување на процедурите од сите чинители мора да биде основа за успешно функционирање и успешно спроведување и менаџирање на процесот на интеграција. Ресурсите на Секретаријатот за европски прашања ќе бидат повторно целосно ставени во насока на остварување на видливи резултати и ефикасно координирање на процесот на интеграција. Ќе ставиме **крај на партиските агенди** кои ќе се остваруваат и помагаат со користење на државни, општествени ресурси. Институциите на системот треба да работат единствено во интерес на сите граѓани на Македонија, а не во насока на остварување партиска агенда.

Рок: континуирано

### ПРОЕКТ 2: ПОЛИТИКИ ЗА ЗАДРЖУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТНИТЕ КАДРИ

Ќе спроведеме политика на **задржување на кадрите.** Секретаријатот за европски прашања години наназад се соочува со проблем на задржување на квалитетните и обучени кадри. Обучените кадри кои повеќе години работат на конкретна област од европските интеграции ќе бидат соодветно мотивирани за да продолжат со својот континуиран придонес кон евроинтеграциските процеси на земјата.

Рок: континуирано.

# **СТРАТЕШКА ЦЕЛ**: МАКЕДОНИЈА И ЕУ: ПАРТНЕРИ КОИ СПОДЕЛУВААТ ИСТИ ВРЕДНОСТИ

Европската Унија почива на принципите на обединување на различностите. Затоа, на патот кон целосно членство во ЕУ, ќе го афирмираме и ќе го промовираме македонскиот национален идентитет, затоа што богатството на Европа се состои во негувањето на различните идентитети.

Силно ја афирмираме потребата од одржување и интензивирање на регионалната соработка на Македонија, соработката со земјите што нè поддржуваат на патот на нашето интегрирање, како и од унапредување на политичкиот дијалог со структурите на ЕУ.

**Цврсто стоиме на заложбите за владеење на правото, независноста на судството и пазарната економија, кои се заеднички македонски и европски вредности.**

**Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и понатаму ќе биде доследен поддржувач на регионалните иницијативи.**

## **ПРОЕКТ 1:** ГРИЖА И ПРОМОЦИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО ЕВРОПА

ВМРО-ДПМНЕ ќе продолжи да се грижи за заштита и промоција на македонскиот јазик, култура и идентитет, како и македонското историско наследство. Во тој контекст, и во текот на преговорите, и по пристапувањето во ЕУ, еден од најголемите успеси на помалите земји е да обезбедат признавање и користење на националниот јазик како официјален јазик на ЕУ, на исто ниво со широко распространетите јазици. Со оглед на тоа дека јазикот е медиум кој пренесува цела една култура, ВМРО-ДПМНЕ ќе продолжи да ги одржува и зајакнува преведувачките и толкувачките капацитети за македонски јазик со цел:

- Навремена и квалитетна подготовка на националната верзија на европското законодавство;
- Обука и акредитација на доволен број толкувачи кои ќе можат да одговорат на потребите од толкување во текот на пристапните преговори и понатаму.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ 2: МНР НА МАКЕДОНИЈА ЌЕ ИНИЦИРА ОТПОЧНУВАЊЕ НА 5 БИЛАТЕРАЛНИ ИНИЦИЈАТИВИ СО СИТЕ 5 СОСЕДНИ ДРЖАВИ

Иницијативите ќе бидат поткрепени со посебни мерки за градење доверба со секоја од државите. Балканот има недостиг на меѓусебна доверба, а ВМРО-ДПМНЕ ќе го искористи знаењето од иницијативата за градење доверба со Р Грција во претходниот мандат. ВМРО-ДПМНЕ верува дека проактивниот пристап во меѓународната политика особено во градењето на довербата, мирот и соработката се предуслов за позитивни промени во иднина.

## ПРОЕКТ 3: ВЛАДАТА ПРЕДВОДЕНА ОД ВМРО-ДПМНЕ ЌЕ ИНИЦИРА СОЗДАВАЊЕ ЗАЕДНИЧКА БАЛКАНСКА ЕНЕРГЕТСКА ПОЛИТИКА ВО ПАРТНЕРСТВО СО ЕУ И НАТО

Тргнувајќи од фактот дека ниту една од балканските држави нема капацитет самостојно да влијае на полето на енергетската безбедност и најчесто се соочуваат со политички притисок од трети држави при обидите за обезбедување на своите енергетски потреби, сметаме дека ваква регионална иницијатива ќе ги засили и забрза обидите за енергетска диверзификација и ќе го неутрализира политичкиот притисок од земјите извознички при формирањето на цените и квотите.

## ПРОЕКТ 4: МАКЕДОНИЈА ЌЕ ИНИЦИРА ЗАЕДНИЧКА БАЛКАНСКА ПОЛИТИКА КОН МИГРАЦИЈАТА

Ваквата иницијатива има за цел намалување на дневнополитичката манипулација со тажната судбина на бегалците кои доаѓаат од кризните региони. Иницијативата ќе биде од голема помош за ЕУ и државите засегнати од ваквите процеси. Сметаме дека само заеднички настап и соочување со овој глобален феномен ќе обезбеди рационализирање на ресурсите и демонстрирање на единствен став на сите балкански држави.

## ПРОЕКТ 5: ВЛАДАТА ПРЕДВОДЕНА ОД ВМРО-ДПМНЕ ЌЕ ИНИЦИРА ЗАЕДНИЧКИ ЦЕНТАР ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ НА СИТЕ БАЛКАНСКИ ДРЖАВИ КОИ САКААТ ДА УЧЕСТВУВААТ

Имено, во изминатиот период Балканот е погоден од климатските промени, па со тоа и природните катастрофи се зачестени. Земјотресите во Албанија, пожарите во Грција, поплавите во Македонија и Србија покажуваат дека соседите се оние што најбрзо можат да помогнат при катастрофа. Со тоа ќе се зајакнат врските, пријателството и довербата меѓу државите.

### ПРОЕКТ 6: МАКЕДОНИЈА ЌЕ ИМА ПРОАКТИВЕН ПРИСТАП ВО ИЗГРАДБАТА НА МИРОТ НА БАЛКАНОТ ПРЕКУ СВОЕ ДИРЕКТНО ИНВОЛВИРАЊЕ ВО РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ ВО РЕГИОНОТ

Македонија во минатото беше домаќин на неколку мировни договори со кои се решавани конфликтите во поранешна Југославија, но Македонија поседува и знаење од лично искуство во решавање на меѓуетничките проблеми. Сметаме дека доколку целиот регион е стабилен и безбеден, од тоа бенефит ќе имаат сите балкански држави, а со тоа ќе се подобри и животот на сите наши граѓани.

### ПРОЕКТ 7: МАКЕДОНИЈА КАКО ЗЕМЈА ЧЛЕНКА НА НАТО ЌЕ ГИ СТАВИ СИТЕ СВОИ КАПАЦИТЕТИ НА РАСПОЛАГАЊЕ НА ДРУГИТЕ БАЛКАНСКИ ДРЖАВИ ЗА ОДБРАНА ОД ХИБРИДНОТО ДЕЈСТВУВАЊЕ НА ТРЕТИ ЗЕМЈИ ВО РЕГИОНОТ

Хибридното дејствување има за цел истакнување на поделбите и нивно искористување, а Македонија тоа го има почувствувано во своите најтешки историски моменти. Сметаме дека Балканот мора да се извлече од таквите влијанија и проблемите кои се создаваат од т.н „увезени конфликти од други региони" кои не се природни за нашето поднебје.

## МЕРКА 2. ЗАСИЛЕНО ПРИСУСТВО ВО БРИСЕЛ

Мисијата на Македонија во седиштето на ЕУ во Брисел мора да биде предводена од стручен персонал со највисоко ниво на посветеност кон промовирањето на македонските интереси пред институциите и носителите на одлуки на ЕУ.

### ПРОЕКТ 1: ФУНКЦИОНАЛНА АНАЛИЗА ЗА ЕФИКАСНО РАБОТЕЊЕ И ПОСТИГНУВАЊЕ НА ПОСТАВЕНИТЕ ЦЕЛИ

Идната влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе спроведе функционална анализа на ефикасност и ефективност, со цел да обезбеди поголема мобилност на административните работници кои работат на полето на евроинтеграциите за нивно учество во работата на Постојаната мисија на Македонија во Брисел. Воедно, ќе се заложиме за зголемување на бројот на дипломатски персонал во Мисијата на Македонија во Брисел и ќе ги користиме можностите за упатување на поголем број административни службеници кои ќе работат директно со европските институции во насока на остварување на стратешката цел – членство на Македонија во ЕУ.

Рок: континуирано.

### ПРОЕКТ 2: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАДРОВСКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА ПРЕГОВОРИ СО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Ќе се унапреди и доекипира структурата за преговори на Македонија со Европската Унија. Овој процес ќе опфати зајакнување на стручните човечки ресурси и преструктурирање на сегашната структура за преговори, која е нецелосна и нееднинствена, односно дава слика на двојност на носителот на процесот. Ќе обезбедиме координираност на сите релевантни институции во адресирањето на овој стратешки приоритет за нашата земја.

Рок: континуирано.

### ПРОЕКТ 3: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАДРОВСКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ИНСТРУМЕНТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ (ИПА)

Владата на ВМРО-ДПМНЕ посветено ќе работи на јакнење на капацитетите за искористеност на достапните ИПА фондови. Овие заложби ќе опфатат активно дејствување во насока на институционална подготвеност, поширока достапност на информации за расположливи средства, вклученост на академската заедница, активна соработка со локалната самоуправа, како и изработка на детални акциски планови со препораки и чекори за јакнење на капацитетите за искористување на ИПА фондовите.

Рок: континуирано.

# БИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА

ВМРО-ДПМНЕ се залага за негувањето и за унапредувањето на политичките и економските односи со сите свои соседни земји: Албанија, Бугарија, Грција, Косово и Србија – засновани на принципите на рамноправност, почитување на територијалниот интегритет и суверенитет, заемно уважување и почитување на културно-националните посебности. Добрососедските односи ќе бидат засновани на начелото на заемно почитување на суверени држави.

Посебно внимание ќе се посветува на транспортното и енергетско поврзување со соседите, засилување на трговските врски, како и отворањето нови гранични премини.

**Стратешкото партнерство со Соединетите Американски Држави,** врз основа на потпишаната Македонско-американска декларација од 2008 година, претставува еден од клучните приоритети на билатералната соработка. Во таа насока, посебен акцент ќе се стави на продлабочување

и јакнење на стопанската, образовната и на воено-безбедносната соработка меѓу двете земји. Македонија ќе продолжи да биде поддржувач и сојузник во меѓународната борба против глобалниот тероризам и насилен екстремизам.

Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе се залага Македонија, како идна членка на Европската Унија, да има **отворени, пријателски и блиски односи со земјите со кои Европската Унија има соработка на ниво на стратегиско партнерство.** Покрај САД, тоа се и: Кина, Бразил, Русија, Индија, Канада, Јапонија, Мексико и Турција.

ВМРО-ДПМНЕ ќе продолжи да ги збогатува и да ги надградува политичките и економските односи со Народна Република Кина, особено во областа на инфраструктурата, инвестициите, трговијата, културата и здравството.

Ќе го јакнеме концептот на **именување на нерезидентни амбасадори со седиште во Македонија,** со цел претставување на Македонија во земјите кои се од наш, пред сè економски интерес, како ефективен и ефикасен модул на рационално искористување на расположливите ресурси.

ВМРО-ДПМНЕ предлага отворање на **Амбасада во Малта.** Потребата од ДКП во Малта се должи на зголемениот број на државјани на Македонија кои живеат и работат во оваа земја.

Владата на ВМРО-ДПМНЕ во својот мандат ќе се обиде да изгради посебен однос со државите од своето поблиско опкружување: Хрватска, Словенија, Австрија, Унгарија, Романија, Турција, Израел, Египет и Италија.

Македонија ќе продолжи да го продлабочува своето стратешко партнерство со Турција, а Владата на ВМРО-ДПМНЕ конечно ќе ја изгради македонската амбасада во Анкара на доделеното место од Владата на Република Турција.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

## МЕРКА 1: ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ВИЗИЈАТА ЗА МАЛА И ЕФИКАСНА ДИПЛОМАТИЈА КОЈА БЕСКОМПРОМИСНО ГИ ШТИТИ НАЦИОНАЛНИТЕ ИНТЕРЕСИ НА МАКЕДОНИЈА ВО МЕЃУНАРОДНИ РАМКИ И ПРИДОНЕСУВА КОН ЈАКНЕЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА СОРАБОТКА

Визијата ќе биде имплементирана преку реализација на стратешките надворешно-политички определби на земјата и остварување на правата и државните интереси во меѓународните односи, како и јакнење на економската соработка со привлекување на странски директни инвестиции.

### ПРОЕКТ 1: ДОНЕСУВАЊЕ НОВ ЗАКОН ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

- Создавање професионална дипломатија, која во рамките на постоечките ресурси ќе биде во чекор со динамиката и движењата во меѓународните односи – навремено да реагира, информира.
- Внесување новини кои ќе овозможат поквалитетно функционирање на дипломатската мрежа
- Примена на предвидлив и транспарентен систем за упатување на дипломати во македонските дипломатско-конзуларни претставништва.

Рок: 2021 година.

### ПРОЕКТ 2: РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА СТРУКТУРАТА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

- Детектирање на недостатоците во постојниот модел и создавање организациска структура во чиј фокус ќе биде продуктивноста во работењето, мерливоста на постигнатите резултати и функционалноста на системот;
- Воведување на современ концепт на менаџирање на човечките ресурси;
- Создавање на центар за аналитика и геостратегиско планирање во рамките на МНР;
- Креирање на дипломатска академија во МНР, која ќе работи со младите дипломати и ќе организира обуки со студенти и потенцијални идни дипломати;
- Реформа на процесот на подготовка на дипломатите пред упатување со цел градење на поквалитетна мрежа.

Рок: 2022 година.
Буџет: 610 милиони денари.

## ПРОЕКТ 3: РАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА ДИПЛОМАТСКАТА МРЕЖА

- Утврдување на приоритети во опфатот на дипломатската мрежа и мапирање на обемот и ефектите од работата на дипломатско-конзуларните претставништва;
- Континуирано оспособување/обучување на дипломатскиот кадар како предуслов за успешна надворешна политика;
- Зајакнување на кадровската екипираност на амбасадите, конзулатите и мисиите со најмалку 1+3 дипломати;
- Засилено дипломатско присуство во главните градови на клучните меѓународни партнери.

Рок: 2023 година.
Буџет: 480 милиони денари.

## ПРОЕКТ 4: КУПУВАЊЕ НА АМБАСАДИ ВО СОГЛАСНОСТ СО МОЖНОСТИТЕ

Секоја година ќе се обезбедуваат средства за купување на нови дипломатски претставништва во согласност со потребите. Државата ќе може да стекне во сопственост повеќе од 80% од амбасадите во мрежата како и резиденции и станови за дипломати.

Рок: 2024 година.
Буџет: 1,2 милијарди денари.

## ПРОЕКТ 5: КОРИСТЕЊЕ НА АЛАТКИТЕ НА ЈАВНАТА, ЕКОНОМСКАТА И КУЛТУРНАТА ДИПЛОМАТИЈА

- Поширока употреба на можностите кои ги нудат инструментите на јавната, економската и културната дипломатија во промоцијата на политичките интереси, привлекувањето странски инвестиции и презентирањето на културно-историското наследство и традиции;

**ВМРО-ДПМНЕ ќе се залага за зајакнување на економските активности на македонските дипломатско-конзуларни претставништва, особено во делот на привлекување на инвеститори во Македонија.** Ќе обезбедиме поволности за водење бизнис за странските инвеститори, но ќе го помогнеме и македонското стопанство преку создавање можности за зголемување на извозот. Ќе се работи на зголемување на капацитетите за економска дипломатија, со цел да се унапредат економските резултати на надворешната политика.

- Воведување на **дипломати - задолжени за економска дипломатија** во рамките на ДКП-та кои би биле во континуирана соработка со останатите вработени во ДКП, но и под директна надлежност на шефот на ДКП.
- Мапирање на сите македонски граѓани во светот кои се наоѓаат на влијателни работни места и извршуваат високи меѓународни функции

и обиди за нивно вклучување во надворешната политика на Македонија.

МНР ќе води активна **политика на номинирање** на македонски претставници во раководни структури во регионални и меѓународни тела и иницијативи, како и номинации на самата држава.

Рок: континуирано.

## МЕРКА 2. ГРИЖА ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ДИЈАСПОРАТА

Дијаспората и македонското национално малцинство се нераскинлив дел од македонскиот народ. Обврска на Македонија е да го поддржува македонското национално малцинство кое живее во соседството со цел да биде мост за соработка помеѓу балканските држави.

### ПРОЕКТ 1: ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА РЕЦИПРОЦИТЕТ ПО ПРАШАЊЕТО НА МАЛЦИНСКИТЕ ПРАВА

Во новиот состав на Собранието на Македонија ВМРО-ДПМНЕ ќе предложи **„Декларација за реципроцитет по прашањето на малцинските права“.** Со овој документ, Македонија на принципиелна и реципроцитетна основа ќе даде мотив и енергија во меѓусоседските односи за поголема соработка на ова поле и воедно ќе им помогне на Македонците во европски дух да продолжат да ја практикуваат својата препознатлива култура и традиција.

Рок: 2021 година.

### ПРОЕКТ 2: ПОЛИТИКА ЗА ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА УСПЕШНИТЕ МАКЕДОНЦИ

ВМРО-ДПМНЕ повторно ќе ја воспостави политиката на отворени врати кон успешните Македонци од дијаспората и МНМ и нивното вклучување во општествено-политичкиот живот во земјава.

Посветено ќе работиме на зачувувањето на посебноста на Македонците во рамките на државите во кои живеат, како и на зачувување и афирмирање на македонскиот културен, јазичен и национален идентитет. На билатерален и на мултилатерален план ќе се залагаме за почитување на националните права на Македонците коишто живеат надвор од границите на Македонија.

Рок: 2022 година.
Буџет: 100 милиони денари.

## ПРОЕКТ 3: ДРЖАВНИ СТИПЕНДИИ ЗА НАЈДОБРИТЕ СТУДЕНТИ

Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе обезбеди државни стипендии за најдобрите студенти, Македонци од соседството, кои ќе студираат на државните универзитети.

Рок: 2021 година.
Буџет: 200 милиони денари.

## ПРОЕКТ 4: КОНЗУЛАРНИ КАНЦЕЛАРИИ

Со цел приближување кон Македонија и зацврстување на врската на Македонците со татковината, ВМРО-ДПМНЕ, ќе отвори повеќе конзуларни канцеларии во рамките на амбасадите кои ги покриваат државите каде што живее најголем број на македонска дијаспора и македонско национално малцинство.

Рок: 2024 година.
Буџет: 300 милиони денари.

# МЕРКА 3. МАКЕДОНСКАТА ДИЈАСПОРА ВО ФОКУСОТ

Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе изработи бројни проекти за Македонска дијаспора и Македонско национално малцинство

## ПРОЕКТ 1: ONLINE СЕРВИС ЗА ДИЈАСПОРА

Отворање на web базирана платформа за дијаспора во рамките на Агенцијата за иселеништво преку која ќе се нуди административна помош и поддршка на Македонците од дијаспората. Сервисот ќе функционира преку системот на интероперабилост со надлежните институции (Катастар, Управа за имотно-правни работи, Управа за водење на матични книги и сл.). Со ова ќе се овозможи по службена должност да им се помогне и олесни процесот на завршување на административни процедури.

Рок: 2022 година.
Буџет: 5 милиони денари.

## ПРОЕКТ 2: ПОСТОЈАНИ БАЗНИ СТАНИЦИ

Поставување на фиксни базни станици за земање биометриски податоци за нови патни исправи во ДКП-ата. Со поставувањето на фиксни станици, податоците за пријавените апликанти би се праќале на проверка до МВР електронски, а по добивањето на одобрение лицата веднаш би биле повикани во ДКП-то за да им бидат земени биометриски податоци. Нивното барање ќе се процесуира за обработка, а откако ќе се изработи пасошот

истиот ќе се достави по пошта лично на странката. Со тоа постапката за издавање на патни исправи значително ќе биде скратена и поедноставена.

Рок: 2022 година.
Буџет: 12 милиони денари.

## ПРОЕКТ 3: КУЛТУРНО КАТЧЕ

Отворање на 5 културни катчиња во повеќе урбани центри со значителна концентрација на граѓани од Македонија. Реализацијата на овој проект ќе значи поголема активност за промоција на локалната македонска култура и фолклор, изучување на македонскиот литературен јазик, зголемување на видливоста на севкупните активности на македонските заедници во овие држави.

Рок: 2023 година.
Буџет: 300 милиони денари.

## ПРОЕКТ 4: МАКЕДОНСКА ЕКСПЕРТСКА ДИЈАСПОРА

Цел на овој проект е одржување на врските со македонската експертска дијаспора, како и можно нивно вклучување во реализирањето на стратешките приоритети на Македонија.

Рок: 2022 година.
Буџет: 20 милиони денари.

## ПРОЕКТ 5: ЛЕТЕН И ЗИМСКИ КАМП „ЈА САКАМ МАКЕДОНИЈА“

Министерството за надворешни работи ќе ги реализира Летниот и зимскиот камп по македонски јазик и култура „Ја сакам Македонија“, наменет за деца на училишна возраст од редот на македонското национално малцинство и македонската дијаспора. Традиционално на овој камп, децата се запознаваат со македонскиот јазик и култура преку културно-образовни и рекреативни активности.

Рок: 2022 година.
Буџет: 300 милиони денари.

## ПРОЕКТ 6: СТАЖИРАЊЕ НА МАКЕДОНЦИ ОД СОСЕДНИТЕ ЗЕМЈИ И ДИЈАСПОРАТА ВО МАКЕДОНИЈА

Овој проект е со цел доближување и запознавање на младите со системот на вредности во организацијата и функционирањето на институциите на Македонија. Предвидено е да земат учество студенти во завршни години на студирање и припадници на македонските заедници во соседните земји и дијаспората. Стажирањето ќе се одвива во државните институции

на Р Македонија. На стажантите ќе им бидат покриени сите трошоци во текот на стажирањето.

Рок: 2023 година.
Буџет: 300 милиони денари.

### ПРОЕКТ 7: ИЗУЧУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Поддршка на изучувањето на македонскиот јазик за Македонците кои живеат надвор од Македонија. Креирање на онлајн платформа која ќе нуди изучување на онлајн курсеви по македонски јазик во местата каде што македонскиот јазик не е вклучен во образовните процеси.

Обновување на дипломатската иницијатива за промоција на катедри по македонски јазик и култура на елитни универзитети во Европа и регионот.

Приспособување на учебници и курсеви по македонски јазик за втора и трета генерација Македонци во дијаспората преку работна група во соработка со Агенцијата за иселеништво.

Рок: 2023 година.
Буџет: 400 милиони денари.

## МЕРКА 4. ОТВОРАЊЕ НОВИ ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ НА ДВИЖЕЊЕТО НА ГРАЃАНИТЕ

### ПРОЕКТ 1: РЕГИОНАЛЕН ГРАНИЧЕН ПРЕМИН ЏЕПИШТЕ – ТРЕБИШТЕ

Граничниот премин е изграден и функционира, но само како локален граничен премин. Ќе ги обезбедиме неопходните услови и дипломатски ќе се залагаме овој граничен премин да започне да функционира 24 часа со што ќе се олесни комуникацијата на Македонците од областа Голо Брдо со Македонија.

Рок: 2024 година.
Буџет: 150 милиони денари.

### ПРОЕКТ 2: ПОВТОРНО ОТВОРАЊЕ НА ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН СТРЕЗИМИР – РЕСТЕЛИЦА

Изграден во 2003 година и за жал затворен во 2005 година. Ќе обезбедиме услови за отворање на граничниот премин, во прва фаза како локален граничен премин, а понатаму и како регионален.

Рок: 2024 година.
Буџет: 150 милиони денари.

## ПРОЕКТ 3: СТРАТЕШКИ ГРАНИЧЕН ПРЕМИН КЛЕПАЛО – САНДАНСКИ

Ќе го доградиме, надградиме и модернизираме овој премин бидејќи директно придонесува за зголемена економска и културна соработка помеѓу двете држави и народот од двете страни на границата.

Рок: 2024 година.
Буџет: 150 милиони денари.


MACEDONIA

# 2. СТАБИЛНА И БЕЗБЕДНА МАКЕДОНИЈА

Обновата на Македонија е невозможна без претходна консолидација на државата. Под консолидација на државата се подразбира постигнување на симбиоза на институциите со народот. Само силни институции поддржани од својот народ може да го дадат посакуваниот ефект, отпочнување на обновата.

За македонскиот народ безбедносните структури будат негативни емоции. Таквата реакција се должи на вековното ропство на нашиот народ, но и од ненародните режими кои преку контролата на безбедносните структури ги прогонувале сите оние што посакувале слобода и благосостојба за сите, а не само за властодршците. Оттука ВМРО-ДПМНЕ има историска улога како организација која 127 години низ своето постоење се соочува со целата сила, корумпираност и однароденост на безбедносните структури, конечно да ги реформира и да ги предаде во владение на македонскиот народ. Во таа насока главна цел во програмата на владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе биде градење на чувство на партнерство меѓу народот и институциите од областа на безбедноста и одбраната. Тоа ќе придонесе за силни институции, способни да се справат со предизвикот на новото време.

Како главен предизвик на новото време се детектираат неконвенционалните алатки кои ги користат некои државни и недржавни актери познати како хибридни закани. Хибридните закани имаат за цел поделба на општеството по сите основи, креирање хаос од дезинформации, лажни вести и страв, а потоа искористување на таквите поделби за потчинување на целото општество и држава на големи геополитички интереси. Единствено оружје против ваквите дејствија е развивање на свеста кај граѓаните кои заедно со своите институции ќе се борат против креирањето на лажни поделби и слабости.

Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ се обврзува на мерки и активности, кои ќе обезбедат суштински реформи кои би овозможиле одржлив и функционално интегриран безбедносен систем, со институционални капацитети за навремено идентификување на заканите, рано предупредување, превенирање и навремено реагирање.

Целта е да се постигне подобрување на безбедноста во Македонија и зголемување на довербата на граѓаните на Македонија во безбедносните институции, како и одговор на најновите закани на општеството и ризиците како што се хибридни форми на загрозување, односно конвенционални и неконвенционални закани по безбедноста, тероризмот и екстремизмот, јавната безбедност и организираниот криминал и големите миграциски бранови.

Ние нудиме долгорочна, сеопфатна и повеќесекторска програма сè со цел да развиеме стратегија за преку организациски, структурни и функционални реформи за развој и етаблирање на национален безбедносен и одбранбен систем, компатибилен со безбедносните системи на државите на Европската Унија. Како основен документ за остварување на програмата, ВМРО-ДПМНЕ ќе поднесе до Собранието на Македонија резолуција за долгорочна развојна програма на Националниот систем за безбедност насловена како: „ФУНКЦИОНАЛЕН И ОДРЖЛИВ СИСТЕМ ЗА БЕЗБЕДНОСТ", како израз на сеопфатна политичка волја, инклузивност на сите политички чинители, акламативна декларација на институциите, граѓаните и НВО секторот. Преку Резолуцијата, како системски документ и пристап ќе се обезбеди законитост, ефективност, ефикасност, стручност и етичност во работата на единствениот функционално поврзан, одржлив безбедносен систем и кривично-правен систем во целина, способен да одговори на сите актуелни и идни безбедносни закани и ризици по јавната, државната и националната безбедност со истовремено доследно почитување на законитоста и човековите права.

## МЕРКА 1. ВОВЕДУВАЊЕ НА "DOCUMENT MANAGEMENT SYSTEM" – СИСТЕМ ЗА МЕНАЏМЕНТ НА ДОКУМЕНТИ

Воведувањето на системот ќе се спроведе на ниво на целото Министерство за внатрешни работи, со што целосно ќе се олесни функционирањето на Министерството во насока на интерна електронска размена на податоци и документи. Информациско-информатичката поддршка на МВР ќе им овозможи на полицајците подобри можности за изведување активности при мобилни услови на работа. Полицајците за време на теренската оперативна работа непосредно ќе можат да ги проверат податоците во информацискиот систем и непосредно да ги внесуваат во него, со што ќе се отстрани непотребната работа (работење со хартии и впишување во ИТСП по враќањето во единицата).

Рок: 2021-2022 година.
Буџет: 150.000.000 денари.

## МЕРКА 2. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА БОРБАТА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ

Развојот на моделот за проценка на ризиците од домашниот и меѓународниот тероризам придонесува кон зајакнување на борбата против тероризмот, особено преку градење заедничка платформа во рамки на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, водејќи се но неограничувајќи се на Националната стратегија на Македонија за борба против тероризам, зајакнувајќи ги притоа ин-

фраструктурните и човечките капацитети во МВР.

Рок: континуирано.
Буџет: тековен.

## МЕРКА 3. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА БОРБАТА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА

Мерката ќе биде проследена со креирање на професионална и квалитетна систематизација во МВР која би била соодветна и автентична за домашните, општествените, политичките, географските и демографските околности. Преку систематски мерки и активности ќе се надогради безбедносниот систем, сè со цел да биде ефикасен на стратешко, оперативно и тактичко ниво за да се спротивстави на сите облици на организиран криминал и корупција, вклучително и во своите редови, унапредувајќи ги притоа капацитетите за соработка и заедничко делување со ЈО за гонење организиран криминал и корупција.

### ПРОЕКТ 1: CASE MANAGEMENT“ – ЕЛЕКТРОНСКО ВОДЕЊЕ НА СЛУЧАИ

Предвидуваме консолидирање на системот за борба против организираниот криминал и корупцијата, како и воведување на „Case management“ – Електронско водење на случаи кој ќе оневозможи непотребно задржување на поднесувањето на кривичните пријави.

Рок: 2022-2023 година.
Буџет: 125.000.000 денари.

### ПРОЕКТ 2: ФОРМИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНА ОРГАНИЗАЦИСКА ЕДИНИЦА КОЈА ЌЕ ГИ ОБЕДИНИ СИТЕ РЕСУРСИ ВО ДЕЛОТ НА БОРБАТА ПРОТИВ НЕДОЗВОЛЕНАТА ТРГОВИЈА СО ДРОГА ПО ПРИМЕРОТ НА ПОВЕЌЕ ЕВРОПСКИ ЗЕМЈИ.

Временска рамка: 2021/2022.
Буџет: тековен.

## МЕРКА 4. ФИНАНСИСКИ ИСТРАГИ И КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ

Ќе го забрзаме процесот за целосна имплементација на Националната стратегија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот и придружниот акциски план водени од максимата „криминалот не се исплати“.

Систематското и координирано водење финансиски истраги е основен

предуслов за брзо и ефикасно сузбивање на организираните криминални групи, но и терористичките организации кои сопствениот извор на приходи го стекнуваат преку различни форми на организиран криминал.

Со оваа мерка предвидуваме операционализација на предвидените единици за водење финансиски истраги на сите нивоа, развивање на соработката со истражните центри во рамките на Јавното обвинителство и Канцеларијата за поврат на имот, како дел од европската легислатива и практика.

Рок: 2021 година.
Буџет: тековен.

## МЕРКА 5. ПОЛИЦИСКО РАБОТЕЊЕ ВОДЕНО ОД ИНФОРМАЦИИ

Долгорочна системска цел е спречување, откривање и истражување на криминалитетот, водејќи грижа за доследно документирање и проценување на добиените оперативни информации и на нивните извори, а истовремено и спроведување мерки за нивна заштита. Мерката доследно ќе ги спроведува и начелата за користење на информациите: „мора да знае“ и „потребно е да знае“. Предвидуваме формирање на Национален модел за полициско работење водено од информации. Со националниот модел, ќе бидат формализирани и стратешките и оперативните криминалистичко-разузнавачки продукти кои мора да бидат употребливи пред сè во проактивна смисла и мора да ѝ служат на својата цел со тоа што на крајниот корисник ќе му нудат законски и успешни решенија при планско и насочено спречување и сузбивање на криминалитетот.

Рок: 2021 година.
Буџет: тековен.

## МЕРКА 6. МОДЕРНА, ТРАНСПАРЕНТНА И ЕФИКАСНА ПОЛИЦИЈА

### ПРОЕКТ 1: МОДЕРНИЗИРАЊЕ НА РАБОТНАТА УНИФОРМА НА ПОЛИЦИСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Со овој проект ќе се креира модерен изглед на полицијата според јасните ЕУ стандарди. Покрај тоа, ќе се направи унифицирање на работните униформи според должностите на различните единици, со што ќе се направи јасна дистинкција помеѓу позорната полиција и интервентните единици. Исто така, ќе се обнови личната и формациската опрема на полициските службеници со цел подигнување на нивната ефикасност.

Рок: 2021-2022 година.
Буџет: 930.000.000 денари.

## ПРОЕКТ 2: ЦЕЛОСНО РЕФОРМИРАЊЕ НА БИРОТО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ (БЈБ)

Предвидуваме реформирање на Бирото за јавна безбедност со цел децентрализација на полициското работење и доближување на полицијата до граѓаните како и децентрализација во делот на издавањето на лични документи.

Рок: 2021-2022 година.
Буџет: тековен.

## ПРОЕКТ 3: НОВА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА

Со цел подобрување на организациската поставеност според реалните потреби на Министерството за внатрешни работи, предвидуваме нова систематизација на работните места, со акцент на делот на зголемениот број раководни места во однос на бројот на оперативни работници.

Рок: 2021 година.
Буџет: тековен.

## ПРОЕКТ 4: НОВ ЕЛЕКТРОНСКИ СИСТЕМ

Предвидуваме воведување на транспарентен електронски систем кој ќе овозможи непристрасна селекција за прием на нови кадри, како и ефикасен систем на кариера, односно напредување во службата според однапред определени објективизирани критериуми.

Рок: 2021 година.
Буџет: од постоен буџет и фондови на меѓународни партнери.

## ПРОЕКТ 5: УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ СО ПЛАТИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ДРУГИТЕ СРОДНИ ИНСТИТУЦИИ СПОРЕД УТВРДЕНА МЕТОДОЛОГИЈА

Рок: 2022-2024 година.
Буџет: 1 000 000 000 денари.

## ПРОЕКТ 6: НОВ МАГАЦИНСКИ ПРОСТОР

Предвидуваме континуирана реконструкција и обнова на полициските станици и другите полициски капацитети со цел обезбедување на современи услови за работа на полициските службеници. Исто така планирана е и изградба на нов магацински простор наменет за чување на материјални докази.

Рок: континуирано.
Буџет: 250 000 000 денари.

# МЕРКА 7. ОДРЖУВАЊЕ И ВОСПОСТАВУВАЊЕ ЈАВЕН РЕД И МИР

Развивање организациски и функционални облици за преземање интервентни мерки на ниво на полициска станица со можност за формациско дејствување на регионално и национално ниво по потреба, преку:

- брза реакција на повиците за интервенција
- ефикасна интервенција и воспоставување јавен ред;
- развој на тактички, технички и стручни решенија за безбедно, законито, пропорционално и ефикасно воспоставување на јавниот ред и мир кога станува збор за нивно тешко и масовно кршење (јавни собири, социјални немири, итн.);

Рок: континуирано.

Буџет: тековен.

# МЕРКА 9. ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

## ПРОЕКТ 1: ВОВЕДУВАЊЕ НА МОЖНОСТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКА НАПЛАТА И НАПЛАТА НА ПОС ТЕРМИНАЛИ НА ПРЕКРОШОЧНИ КАЗНИ

## ПРОЕКТ 2: КРЕИРАЊЕ НА МАКЕДОНСКА ПАМЕТНА ПЛАТФОРМА ЗА ОНЛАЈН ПРИЈАВУВАЊЕ НА КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ

## ПРОЕКТ 3: КРИПТО ПОВРЗУВАЊЕ НА СУБЈЕКТИТЕ НА НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ СО СИСТЕМИ ЗА БЕЗБЕДНОСНИ КОМУНИКАЦИИ

Рок: 2022-2024 година.

Буџет: 60.000.000 денари.

## ПРОЕКТ 4: Е-ПОЛИЦАЕЦ

Предвидената информациско-информатичка поддршка на МВР ќе им овозможи на полицајците подобри можности за изведување активности при мобилни услови за работа. Тие, за време на теренската работа, непосредно ќе можат да ги проверат податоците во информацискиот систем и непосредно да внесуваат податоци со него, со што ќе се олесни и отстрани дел од непотребната административна работа.

Рок: 2021-2022 година.

# МЕРКА 10. БЕЗБЕДЕН СООБРАЌАЈ НА ПАТИШТАТА

Тактиката и методиката на третирање на сообраќајните несреќи не се променети и потребни се современи пристапи. Воведувањето нови методи и современи средства ќе ја подобрат стручноста, пред сè навремената, брзата и соодветната реакција на сите институции во насока на спасување на животите на лицата загрозени во сообраќајот, а со тоа и квалитетот на полициските постапки, со што ќе се подобри и доказната постапка, а истовремено ќе биде овозможено поквалитетно анализирање на податоците и со тоа планирање на мерките на останатите стручни служби за:

- воспоставување услови и воведување системи за препознавање на регистарски таблици;
- намалување на административната работа на полицајците;
- зголемување на човечкиот и материјалниот капацитет на единицата за увиди на сообраќајни незгоди со цел зголемување на бројот на увидни екипи за да се овозможи побрза и подобра покриеност на подрачјето на Град Скопје;
- намалување на рокот за изготвување на записници од сообраќајни несреќи;
- заштита на децата во сообраќајот;
- подигнување на безбедноста на ранливите учесници во сообраќајот.

## ПРОЕКТ 1: ОБНОВА И НАДГРАДБА НА СИСТЕМОТ „БЕЗБЕДЕН ГРАД“ ВО ДЕЛОТ НА ЕЛЕКТРОНСКО ДЕТЕКТИРАЊЕ НА ПРЕКРШОЦИ ЗА ВОЗЕЊЕ СО БРЗИНА НАД ДОЗВОЛЕНАТА И ПОМИНУВАЊЕ НА ЦРВЕНО СВЕТЛО, КАКО И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ИСТИОТ ВО ДРУГИТЕ ПОГОЛЕМИ ГРАДОВИ ВО ДРЖАВАТА.

Во трета фаза предвидуваме проширување на проектот „Безбеден град“ на сите позначајни македонски патни коридори. Покрај значењето за намалување на сообраќајните прекршоци овој проект ќе помогне и во борбата со трговијата на луѓе и побрзо наоѓање на исчезнати лица.

## ПРОЕКТ 2: ПОГОЛЕМА ЗАСТАПЕНОСТ НА СООБРАЌАЈНАТА ПИСМЕНОСТ И КУЛТУРА ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ, КАКО ЗНАЧАЕН СЕГМЕНТ ОД ПРЕВЕНЦИЈАТА.

## МЕРКА 11. ГРАНИЧНА КОНТРОЛА И ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА

Предвидуваме ефективно обезбедување на државната граница преку интегриран систем за техничко обезбедување-компатибилен со европскиот систем, позачестени мешовити патроли со граничната полиција на соседните држави (копно и воздушно), развивање на информатичка дата база, целосно покривање на сите ризични точки преку прецизно мапирање, како и креирање на ефикасен национален систем за контрола на миграциите.

Без исклучок, се залагаме за реорганизација на заедничките контакт центри за полициска соработка по принципот на Заедничкиот контакт центар за полициска и царинска соработка Ѓуешево (со Бугарија), односно вклучување на царинските ресурси во работата на сите Заеднички контакт центри, вклучувајќи притоа и размена на информации со останати институции кои вршат работи на граничните премини.

Во првите 100 дена од работењето на новата Влада предвидуваме ревидирање на моделот за функционирање на заедничките гранични контроли „one-stop-shop“ на граничните премини „Табановце – Прешево“ и воведување поефикасен систем за заедничка гранична контрола. Давање приоритет на новиот модел и на граничните премини со другите соседни земји.

Рок: 2021-2022 година.
Буџет: 25.000.000 денари.

## МЕРКА 12. ПРОФЕСИОНАЛИЗАЦИЈА НА ДИСЦИПЛИНСКИТЕ КОМИСИИ

Долгорочна системска цел е подигнување на стручната оспособеност во подрачјето на водењето дисциплински постапки, а поединечни цели се:

- Измена на начинот за формирање, назначување и мандат на дисциплинските комисии;
- Регрутирање на професионален и стручен кадар;
- Објективност и елиминирање на секакво политичко влијание врз одлуките со законски механизми за двостепеност на постапките и судска заштита;
- Воедначена практика во решавањето на поединечни случаи на ниво на држава при одлучувањето.

Рок: 2021 година.
Буџет: тековен.

## МЕРКА 13. ЕФИКАСЕН СИСТЕМ НА ОБРАЗОВАНИЕ, ОБУКА И УСОВРШУВАЊЕ

### ПРОЕКТ 1: РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА ПОСТОЈНИОТ ЦЕНТАР ЗА ОБУКА ПРИ МВР ВО СОГЛАСНОСТ СО МОДЕРНИТЕ ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПОЛИЦИСКИ ПРАКТИКИ И РЕФОРМА НА СИСТЕМОТ НА ОБРАЗОВАНИЕ ПРЕКУ ВОВЕДУВАЊЕ СИСТЕМ ЗА ЕЛЕКТРОНСКО УЧЕЊЕ (E-LEARNING) ВО ОБУКАТА НА КАДРИТЕ.

### ПРОЕКТ 2: ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И СОЦИЈАЛНИ ВЕШТИНИ

Предвидуваме формирање на Центар за истражување и социјални вештини, кој ќе биде надлежен за стратешко и оперативно изведување активности на седум работни подрачја.

Со ова ќе се придонесе кон развој на сопствен, квалитетен, стабилен и развојно насочен образовен систем, во рамките на образовниот систем на Македонија за потребите на јавната безбедност.

### ПРОЕКТ 3: ДАВАЊЕ ПРИОРИТЕТ ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ ВО МВР НА НАЈДОБРИТЕ СТУДЕНТИ ОД УНИВЕРЗИТЕТИТЕ СОГЛАСНО ДИНАМИКАТА И ПОТРЕБИТЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО.

Рок: 2021-2022 година.
Буџет: тековен/меѓународни партнери.

## МЕРКА 14. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ЕВРОИНТЕГРАТИВНИ ПРОЦЕСИ

Се обврзуваме на комплетна реорганизација на капацитетите, интеграција и меѓународна соработка (човечки ресурси, техничка опременост и стандардни услови) согласно европските стандарди и нивно ставање во функција на беспрекорна покриеност на активностите во услови на преговарачки евроинтегративен процес за поглавјата 23 и 24. Унапредувањето на меѓународната (полициска) соработка, го гледаме како интензивен тимски настап во остварување на приоритетите во регионалните и другите меѓународни организации и иницијативи, како и преку упатувањето полициски аташеа во странски држави и офицери за врска за конкретни задачи и активности.

За таа цел, предвидуваме и поактивно развивање и унапредување на меѓународната билатерална соработка, особено со земјите членки на Европската Унија и пренесување на искуствата од соработката при начинот

на работа на организациските единици во МВР.

Рок: континуирано.
Буџет: 20.000.000 денари.

## МЕРКА 15. ПРИОРИТЕТИ ЗА РАЗВОЈ НА БЕЗБЕДНОСНО-РАЗУЗНАВАЧКИТЕ СЛУЖБИ

Безбедноста, независноста во работењето, одговорноста и непристрасноста се основни принципи на функционирање на безбедносно-разузнавачкиот апарат на државата. Само на таков начин ќе се постигне нивна целосна отчетност, но тие ќе станат гарант на стабилноста од сите извори на криминал.

### ПРОЕКТ 1: СТРАТЕГИЈА ЗА НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ

Предвидуваме донесување на Стратегија за национална безбедност, со цел постигнување на интегриран систем за национална безбедност со воспоставување на владино тело за координација, точно определување на субјектите кои го чинат системот и на нивната улога и задачи.
Рок: 2020 година.

### ПРОЕКТ 2: АГЕНЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ

По темелна анализа и во соработка со домашни експерти и граѓански сектор, а со цел постигнување широка натпартиска поддршка на проектот, предвидуваме изготвување нов закон со кој ќе се направи спојување на Агенцијата за разузнавање и Агенцијата за национална безбедност во една единствена модерна безбедносно-разузнавачка служба во согласност со ЕУ и НАТО стандардите. Агенцијата ќе биде раководена од професионалци, избрани со најголема можна поддршка под строго утврдени критериуми. За правилно функционирање на Агенцијата, предвидуваме и изградба на комплетно нов објект за таа намена, кој ќе биде изграден врз основа на строги НАТО безбедносни стандарди.

Рок:2021-2022 година.
Буџет: 300.000.000 денари.

## МЕРКА 16. ФОРМИРАЊЕ ЦЕНТАР ЗА ДЕРАДИКАЛИЗАЦИЈА НА ЛИЦА

ВМРО-ДПМНЕ ја гледа потребата од формирање на ваков Центар под раководство на Владата, а во соработка со верските заедници, МВР, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерство за образование и наука како и други институции со цел хуман пристап кон луѓе кои биле следбеници на некоја екстремна вер-

ска или политичка идеологија. По падот на терористичката организација „Исламска држава“, светот се соочува со голем број луѓе кои се враќаат од територијата под контрола на таа терористичка група. Најголемиот дел од вратените се жени и деца кои на некој начин биле изманипулирани од припадниците на нивните семејства да заминат таму не знаејќи што ги очекува. Во таа насока Центарот ќе се грижи за враќање на овие лица во нормалните општествени текови, нивен соодветен надзор и превенција на општеството од несакани појави.

Во втората фаза во соработка со државите партнери и сојузници од НАТО, доколку постои можност Центарот ќе отпочне балканска иницијатива за дерадикализација и изградба на регионалните капацитети за справување со оваа закана.

## МЕРКА 17. ФОРМИРАЊЕ ЦЕНТАР ЗА ТЕОРИСКО ПРОУЧУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА, ОДБРАНАТА И МИРОТ ВО ОХРИД

Во Македонија постојат голем број високообразовни институции кои нудат програми од областа на безбедноста, разузнавањето и одбраната. Сепак, ВМРО-ДПМНЕ гледа потреба во формирање на ваков Центар за обука и континуирано надградување на знаењето на припадниците на безбедносните структури.

I фаза – Центарот ќе нуди програми и обуки од постоечкиот домашен експертски кадар кои континуирано ќе вршат едукација на повеќе од 20 илјади припадници на овие структури. Целта е подобрување на нивната работа, пристапот кон општеството и воедначување на квалитетот на услугата.

II фаза – Преку изградбата на капацитети Центарот ќе ја прошири својата дејност на едукација на припадниците на безбедносните, одбранбените и разузнавачките структури на балканските земји, во координација со НАТО и ЕУ.

III фаза – Во оваа фаза ќе бидат понудени програми за припадници на безбедносните структури од трети држави под комерцијални услови со меѓудржавни договори. Целта е преку имплементирање на фазата 3, овој Центар да биде самоодржлив.

# ОДБРАНАТА ВО ФУНКЦИЈА НА СТАБИЛНОСТА И БЕЗБЕДНОСТА

Програмата во делот на одбраната ќе обезбеди сеопфатна поставеност и развој на Министерството за одбрана и ќе овозможи создавање на модерна и флексибилна Армија на Македонија која успешно ќе ги извршува зададените одбранбени мисии и задачи.

Главна цел на програмските активности во делот на одбраната е унапредување и зајакнување на националните капацитети и изградба на интегриран систем за национална безбедност во државата, кој ќе овозможи исполнување на стандардите за полноправно членство на државата во НАТО алијансата и во ЕУ.

Со зачленувањето на државата во НАТО се презема и обврска за поголеми издвојувања за потребите на одбраната и АРМ. Се препорачува буџетот за продолжи да расте со 0,2% од БДП на годишно ниво, за да се пресретнат зголемените потреби во согласност со стандардите на НАТО. Во таа насока, тежиштето ќе биде и на континуирано издвојување од минимум 20% од буџетот на одбраната за опремување и модернизација.

Во функција на остварување на горе наведените стратешки приоритети ги утврдуваме следните клучни мерки:

- Донесување и измена на законската и стратешката рамка;
- Опремување и модернизација;
- Подобрување на животниот стандард и условите за работа на вработените;
- Унапредување на системот за менаџирање со човечки ресурси;
- Развој на одбранбените капацитети и способности.

## МЕРКА 1. ЗАКОНСКА И СТРАТЕШКА РАМКА ВО ФУНКЦИЈА НА ОДБРАНАТА

### ПРОЕКТ 1: ИЗРАБОТКА НА НОВ ЗАКОН ЗА ОДБРАНА

Поради големиот број измени, потребно е донесување на нов Закон за одбрана.

Рок: 2023 година.
Буџет: тековен буџет.

### ПРОЕКТ 2: ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ЗАКОНОТ ЗА СЛУЖБА ВО АРМ

Предвидуваме унапредување на управувањето со човечките ресурси и на системот за плати и надоместоци.

Рок: 2023 година.
Буџет: тековен буџет.

## ПРОЕКТ 3: ИНИЦИРАЊЕ НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊА НА ЗАКОНОТ ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ ВО СЛУЖБА НА ОДБРАНАТА

Дефинирање на статусот на одбранбено дипломатскиот персонал и прецизирање на постапката за негово определување и за подготовка.

Рок:2022 година.
Буџет: тековен буџет.

## ПРОЕКТ 4: ИЗРАБОТКА НА НОВА СТРАТЕГИЈА ЗА ОДБРАНА

Определување на нови долгорочни стратегиски насоки за развојот и функционирањето на системот за одбрана на Македонија.

Рок: 2021-2024 година (Се однесува и на стратегиите кои произлегуваат од ова Стратегија).
Буџет: тековен буџет.

## ПРОЕКТ 5: ИЗРАБОТКА НА НОВА СТРАТЕГИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕКОВИТЕ РЕСУРСИ

Со цел определување на насоки и политики за управување со човечките ресурси, ставање во функција на единствен персонален информациски систем во одбраната во функција на ефикасно менаџирање со персоналот на сите нивоа.

## ПРОЕКТ 6: ИЗРАБОТКА НА НОВА СТРАТЕГИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ВО ОДБРАНАТА

Стратегијата ќе предвиди развоен, интегриран, ефикасен ефективен систем на образование и обука во одбраната, што ќе оспособува персонал способен да одговори на идните предизвици и закани.

## ПРОЕКТ 7: ИЗРАБОТКА НА НОВА СТРАТЕГИЈА ЗА ОДБРАНБЕНА ДИПЛОМАТИЈА

Воспоставување на сеопфатен систем за местото и улогата на одбранбената дипломатија во одбранбената политика, дефинирање на начелата, принципите и критериумите за планирање, организирање и спроведување на одбранбената дипломатија.

## ПРОЕКТ 8: ИЗРАБОТКА НА НОВ ДОЛГОРОЧЕН ПЛАН ЗА РАЗВОЈ НА ОДБРАНАТА / ДПРО 2021-2030

Операционализација на основните цели од Стратегијата за одбрана и Стратегискиот одбранбен преглед, преку определување на главните активности за зајакнување на институционалните капацитети на МО и за развој на воените способности на АРМ.

## ПРОЕКТ 9: ИЗРАБОТКА НА НОВ КОНЦЕПТ ЗА РЕЗЕРВНИ СИЛИ

Основна цел: Ќе обезбедиме општа рамка за потребата, изборот, пополнувањето, задачите, обуката и ангажирањето на резервните сили, притоа имајќи ги предвид критериумите за стручност, способност, како и потребите и обврските на АРМ.

## ПРОЕКТ 10: АЖУРИРАЊЕ НА КОНЦЕПТОТ ЗА ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА

Основна цел: Редефинирање на улогите и одговорностите на организациските единици во МО и АРМ кои произлегуваат од Концептот за логистичка поддршка на одбраната, во насока на разрешување на дисконтинуитетот во обезбедувањето на материјали и услуги.

## ПРОЕКТ 11: ИЗРАБОТКА НА КОНЦЕПТ ЗА МЕДИЦИНСКА ПОДДРШКА

Основна цел: Подобрување на системот за медицинска поддршка во АРМ, кој ќе овозможи привлекување, развој и задржување на медицински персонал и континуирана медицинска заштита на вработените, како и обезбедување на соодветни ресурси за медицинска поддршка на персоналот упатен во операции надвор од Македонија.

# МЕРКА 2. **ОПРЕМУВАЊЕ И МОДЕРНИЗАЦИЈА НА АРМИЈАТА**

## ПРОЕКТ 1: ПЛАН ЗА ОПРЕМУВАЊЕ НА ДЕКЛАРИРАНИТЕ ЕДИНИЦИ НА АРМ ЗА УПАТУВАЊЕ ВО МИСИИ ВО СТРАНСТВО

Изработка и ажурирање на соодветни програми за опремување со пешадиско вооружување, транспортни средства, системи за врски, заштитна опрема и развој според насоките и буџетските услови и приоритети.

Рок:2021-2024 година.
Буџет: 18.000.000.000 денари.

## **ПРОЕКТ 2:** ПЛАН ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА КОМУНИКАЦИСКО-ИНФОРМАЦИСКИТЕ СИСТЕМИ ВО МО И АРМ

Поефективно извршување на функционалните задачи поврзани со планирањето, организацијата, управувањето и контролата на процесите во двата потсистеми (стационарниот и подвижниот дел) во една функционална целина. Глобален КИС, кој обезбедува непрекината функционалност на комуникациите и сервисите за поддршка на системот за командување и контрола во АРМ и во МО.

Рок:2021-2024 година.
Буџет: 1.300.000.000 денари.

## **ПРОЕКТ 3:** ПЛАН ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД НЕПЕРСПЕКТИВНАТА ОПРЕМА ВО АРМ

Основна цел: Ослободување од вишок опрема која не е перспективна, како резултат на набавка на нови системи.

Рок: 2021-2024 година
Буџет: тековен буџет.

# МЕРКА 3. ПОДОБРУВАЊЕ НА ЖИВОТНИОТ СТАНДАРД И УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА НА ВРАБОТЕНИТЕ

## **ПРОЕКТ 1:** ДОНЕСУВАЊЕ НА НОВ ПРАВИЛНИК ЗА ПЛАТИ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО МО И АРМ

Ревидирање на системот на плати и надоместоци на припадниците на МО и АРМ во насока на пореално вреднување на трудот на секое ниво и за надминување на неправилностите во однос на добивањето на надоместоците.

Рок: 2023 година.

## **ПРОЕКТ 2:** РЕНОВИРАЊЕ И ДОИЗГРАДБА НА ВОЕНИТЕ ОДМОРАЛИШТА И ЦЕНТРИ ЗА РЕКРЕАЦИЈА

Подобрување на животниот стандард на вработените и нивните семејства за време на користењето на годишните одмори и за практицирање на рекреативни содржини кои се дел од плановите на единиците и специјалистите од особено значење за одбраната.

Рок: 2021-2024 година.
Буџет: тековен буџет.

## **ПРОЕКТ 3:** ИЗГРАДБА НА СПОРТСКА САЛА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА И СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ ВО ГАРНИЗОНИТЕ НА АРМ

Обезбедување на подобри услови за спроведување на телесното воспитување и вежби, како и одржување на висок степен на психофизичка подготвеност на припадниците на Воената академија и за сите останати припадници на АРМ и МО. За таа намена во касарните ќе се адаптираат и опремат соодветни простории за фитнес кабинети.

Рок: 2022-2024 година.
Буџет: 60.000.000 денари.

## **ПРОЕКТ 4:** АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ПРИПАДНИЦИ НА ОДБРАНАТА И АРМ КОИ ИМААТ ТАЛЕНТ И ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА ВРВНИ СПОРТСКИ ПОСТИГНУВАЊА И ЗА НИВЕН ПОНАТАМОШЕН РАЗВОЈ

Рок: 2021-2024 година.
Буџет: тековен буџет.

## **ПРОЕКТ 5:** ПЛАН ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ОДБРАНАТА И АРМИЈАТА

Спроведување на целите и мерките од Концептот за медицинска поддршка.

Рок: 2021-2024 година.
Буџет: тековен буџет.

# МЕРКА 4. УНАПРЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА МЕНАЏИРАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

## **ПРОЕКТ 1:** ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА ОДБРАНАТА И ПРИБЛИЖУВАЊЕ НА АРМ ДО ГРАЃАНИТЕ

Популаризација и презентација на обученоста и способноста на припадниците на АРМ пред домашната и странска јавност; зајакнување на довербата и угледот на АРМ кај цивилните структури и населението и зацврстување на интеракциската врска и меѓусебната поддршка за реализација на активностите со владини и невладини организации, локалната самоуправа и други субјекти и организации.

Рок:2021-2024 година.
Буџет: тековен буџет.

## **ПРОЕКТ 2:** ИЗРАБОТКА НА ФУНКЦИОНАЛНА АНАЛИЗА НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ВО ОДБРАНАТА

Согледување на функционалните области, функции и задачи во МО и АРМ, нивната целисходност, оправданост, постоењето на дуплирање, преклопување на обврските и извлекување на соодветни заклучоци и формулирање на предлози за подобрување на функционалните капацитети и организациската и формациската поставеност во МО и АРМ.

Рок:2021-2024 година.
Буџет: тековен буџет.

## **ПРОЕКТ 3:** АЖУРИРАЊЕ НА КОНЦЕПТОТ ЗА РАЗВОЈ НА ОФИЦЕРСКИОТ КОР

Дефинирање на развојот на кариерата на офицерите, нивната улога, должности, одговорности, можности за образование и обука, како и други прашања значајни за развивање на современ офицерски кор за потребите на АРМ и МО.

Рок: 2021-2024 година.
Буџет: тековен буџет.

## **ПРОЕКТ 4:** АЖУРИРАЊЕ НА КОНЦЕПТОТ ЗА РАЗВОЈ НА ПОДОФИЦЕРИТЕ

Да се обезбеди непречен професионален развој на подофицерите во АРМ со системско поставување на сите компоненти и со потребната поддршка во законската регулатива.

Рок: 2021-2024 година.
Буџет: тековен буџет,

## **ПРОЕКТ 5:** ИНИЦИРАЊЕ РЕВИЗИЈА НА СИСТЕМОТ НА ОЦЕНУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Подобрување на регулативите за следење на ефектот на вработените и за формулирање на финалната оцена.

Рок: 2023 година,
Буџет: тековен буџет.

## **ПРОЕКТ 6:** РЕВИЗИЈА НА СИСТЕМОТ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА АРМ

Подобрување на регулативите за следење на ефектот на вработените и за формулирање на финалната оцена.

Рок: 2023 година.
Буџет: тековен буџет.

## **ПРОЕКТ 7:** РЕВИЗИЈА НА ПРОЦЕДУРИТЕ ЗА ИЗБОР И УПАТУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ОД ОДБРАНАТА НА СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ И УСОВРШУВАЊЕ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО

Воспоставување на критериуми за избор врз основа на стручност, заслуги и согласно потребите на работното место.

Рок: 2021 година.
Буџет: тековен буџет.

## **ПРОЕКТ 8:** РЕВИЗИЈА НА ПРОЦЕДУРИТЕ ЗА ИЗБОР И УПАТУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИ ОД ОДБРАНАТА НА РАБОТА ВО ДИПЛОМАТСКИ МИСИИ ВО СТРАНСТВО И ЗА РАБОТА ВО КОМАНДИ И ШТАБОВИ НА НАТО

Воспоставување на критериуми за избор врз основа на стручност, заслуги и исполнетост на меѓународните стандарди и стандардите на НАТО.

Рок: 2021 година.
Буџет: тековен буџет.

## **ПРОЕКТ 9:** ИЗРАБОТКА НА КАТАЛОГ НА ОБУКИ ЗА СЕКОЕ РАБОТНО МЕСТО, КОИ СЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЗА ПОСЕТУВАЊЕ ОД ВРАБОТЕНИТЕ

Овозможување на континуирано стручно оспособување и усовршување на вработените во текот на кариерата.

Рок: 2022 година.
Буџет: тековен буџет.

## **ПРОЕКТ 10:** ИЗРАБОТКА НА СТАНДАРДЕН ЈАЗИЧЕН ПРОФИЛ ЗА ПОЗНАВАЊЕ НА СТРАНСКИ ЈАЗИК ЗА СИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО ОДБРАНАТА

Определување на стандарден јазичен профил за познавање на странски јазик за секое работно место на вработените.

Рок: 2022 година.
Буџет: тековен буџет.

## **ПРОЕКТ 11:** РАЗВОЈ НА НОВИ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА

Развој на модели за образование и обука кои ќе ги следат промените во воениот/одбранбено образование во државите членки на ЕУ и НАТО.

Рок: 2021-2024 година.
Буџет: тековен буџет.

## **ПРОЕКТ 12:** ГРИЖА ЗА СЕМЕЈСТВАТА НА ЛИЦАТА УПАТЕНИ ВО МИРОВНИ МИСИИ ВО СТРАНСТВО

Изработка на програми за сеопфатна поддршка на семејстватана вработените упатени во мировни мисии.

Рок:2021-2024 година.
Буџет: тековен буџет.

## **ПРОЕКТ 13:** УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЦЕНТАРОТ ЗА ТРАНЗИЦИЈА НА ВРАБОТЕНИТЕ ОД ОДБРАНАТА ПО НИВНОТО ПЕНЗИОНИРАЊЕ

Изработка на План за пензионирање на персоналот со мерки и активности кои се насочени кон овозможување на квалитетна поддршка во процесот на подготовка за враќање во цивилен живот.

Рок: 2021-2024 денари.
Буџет: тековен буџет.

# МЕРКА 5. **РАЗВОЈ НА ОДБРАНБЕНИТЕ КАПАЦИТЕТИ И СПОСОБНОСТИ**

## **ПРОЕКТ 1:** ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ОПШТА РЕЗЕРВА

Реализација на Концептот за резервни сили.

Рок:2021-2024 година.
Буџет: тековен буџет.

## **ПРОЕКТ 2:** ВОВЕДУВАЊЕ НА ОДБРАНБЕНИ СОДРЖИНИ ВО СИСТЕМОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА МАКЕДОНИЈА

Подигање на нивото на свеста и знаењата кај младата популација за уставните обврски и чест да се учествува во градењето на системот за одбрана на државата.

Рок: 2021-2024 година.
Буџет: тековен буџет.

## **ПРОЕКТ 3:** ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА КУРС ЗА ОСПОСОБУВАЊЕ НА РЕЗЕРВНИ ОФИЦЕРИ

Избор, оспособување и пополнување со соодветен старешински кадар во единиците на активната и општата резерва.

Рок: 2023 година.
Буџет: тековен буџет.

# РАЗВОЈ НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО И СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

Со цел градење на модерен и функционален систем за управување со кризи предвидуваме одговорност и подобрување на континуитетот и подобра интегрираност на Кризниот менаџмент следејќи ги новите политички ЕУ текови и новата ЕУ комисија за кризен менаџмент. Се обврзуваме на изработка на „Стратегиски преглед на состојбите во постоечкиот систем за управување со кризи" со анализа на историски настани од ризици и катастрофи до денес. Во таа смисла, ќе се постигне дефинирање на стратешки насоки за функционален систем за управување со кризи и донесување на „Стратегија за управување со кризи во Македонија", со цел нов модерен и функционален Центар за управување со кризи (ЦУК), како владин механизам за сеопфатно управување со кризи и намалување на ризици од катастрофи во Македонија. Целта на оваа методологија е креирање на интегриран пристап на хуманитарноста, развој и зголемување на безбедносните политики, заедничко дејствување и заемна помош со други земји со долготрајни и одржливи решенија.

Дополнително, од исклучително значење е подобрување на животниот стандард и условите за работа на вработените за да се гарантира задржување на квалитетните и нивна секојдневна системска поддршка.

## МЕРКА 1. КООРДИНАЦИЈА, КОМУНИКАЦИЈА И СПОДЕЛУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ СО СУБЈЕКТИТЕ ВО СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

Единствен национален механизам за координација на највисоко ниво, јасно и законски основано издвојување на координативната функција на ЦУК со нагласеност на Владините тела кои управуваат со системот за управување со кризи (Група за процена и Управувачки комитет) со функциите на другите институции кои имаат оперативен капацитет, во смисла на поседување на свои сили и ресурси, како што се: Професионални противпожарни бригади, Прва медицинска помош, Сили за заштита и спасување, тимови на јавни и други претпријатија, Полиција, Армија на Македонија, тимови на Црвен крст, капацитети на приватни субјекти, невладини и граѓански здруженија и други.

Рок: континуирано.

## МЕРКА 2. ЕФИКАСЕН МОДЕРЕН СИСТЕМ ЗА РАНО ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ И АЛАРМИРАЊЕ СО СОВРЕМЕНИ ТЕХНИЧКИ РЕШЕНИЈА

Единствениот информациско-комуникациски систем за управување со итни ситуации и воведување на карактеристичниот број на ЕУ за повици при итни ситуации Е-112 ставен во оперативна функција 24/7, во согласност со нормите на ЕУ како висок јавен интерес за граѓаните на Македонија.
Рок: 2020-2021 година.

## МЕРКА 3. ИЗРАБОТКА И УСВОЈУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНА ИДЕНТИФИКАЦИСКА ЛИСТА НА КРИТИЧНА ИНФРАСТРУКТУРА СО ВКЛУЧЕНОСТ НА СИТЕ НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ И СУБЈЕКТИ

Зајакнување на капацитетите на воспоставената Веб базирана ГИС платформа за мониторинг и процена на ризикот со мулти-хазард платформа и мултиресорска вклученост и искористување на сите национални ресурси и способности. Геопросторните бази податоци за сите елементи на ризикот, како што се податоци за изложеното население, инфраструктура, објекти, ресурси и други достапни во реално време преку Веб пристап до телата и субјектите на системот за управување со кризи.
Рок: континуирано.

## МЕРКА 4. ИЗРАБОТКА И АЖУРИРАЊЕ НА ПРОЦЕНИ НА ЗАГРОЗЕНОСТ НА ОПШТИНИТЕ, ГРАДОТ СКОПЈЕ И МАКЕДОНИЈА, ОД СИТЕ РИЗИЦИ И ОПАСНОСТИ

Процената на загрозеност на Македонија од сите ризици и опасности, целосно компатибилна и усогласена со нормите, стандардите, механизмите и добри практики на ЕУ и НАТО со цел потполна интероперабилност во Македонија, но и управувањето со прекугранични и регионални несреќи и катастрофи за да се избегнат или минимизираат ризиците од катастрофи и идните социјални последици и економски штети преку единствена платформа и поврзаност на надлежните институции и брза размена на податоци како поддршка на системот на донесување на одлуки. Нашата визија е креирање на современ, модерен и професионален пристап кон изработка и ажурирање на процените за загрозеност на подрачјата на општините и градот Скопје, планирање на локалниот економски развој, децентрализација и основа за изработка на сите локални стратегии и планови за превенција и справување со ризиците и опасностите, несреќите и катастрофите.
Рок: континуирано.

## МЕРКА 5. ИНИЦИРАЊЕ НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊА НА ЗАКОНИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ И ЗА ПОЖАРНИКАРСТВО И НОСЕЊЕ НА НОВ ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

Овие промени се потребни посебно во делот на подзаконските акти и правилници, на финансирањето на ДЗС, децентрализација на инспекторатот – одделенија за инспектори во секоја Територијална противпожарна единица (ТППЕ), изготвување Стандардни оперативни процедури (СОП). Со носењето на нов Закон за заштита од пожари, експлозии и опасни материи би се донел материјален закон со кој би се уредила областа за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и би се дефинирале на законско ниво потребните мерки и прописи за заштита од пожари во сите области.

Рок: 2021 година.

## МЕРКА 6. ПОДОБРУВАЊЕ НА ЖИВОТНИОТ СТАНДАРД И УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА НА ВРАБОТЕНИТЕ

### ПРОЕКТ 1: ДОНЕСУВАЊЕ НА НОВ ПРАВИЛНИК ЗА ПЛАТИ НА ТППЕ

Ревидирање на системот на плати и надоместоци на припадниците на ТППЕ во насока на пореално вреднување на трудот на секое ниво и за надминување на неправилностите во однос на добивањето на надоместоците.

Рок: 2021 година.

### ПРОЕКТ 2: ПЕРСОНАЛЕН МЕНАЏМЕНТ СО ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ ПОЖАРНИКАРИ

Реформирање на системот за пожарникарство во Македонија со воспоставување на единствен команден систем, унифицирање на опремата и техниката во систем единици со централизирана набавка на истата со што би се постигнала подобра заштита и пониски цени на истата. Во делот на законот за пожарникарство ќе се изменат и дополнат членовите каде се регулира приемот на нови професионални пожарникари со посебни психофизички проверки и максимумот на старосна граница до 27 години за средно образование и 30 години за ВСС.

Рок: 2021-2022 година.

## ПРОЕКТ 3: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ВО ДОМЕНОТ НА ПОЖАРНИКАРСТВОТО

Во Републичките единици на ТППЕ ќе се формираат и специјалистички единици за интервенции од алпинизам, пребарување на терен од урнатини и лавини, НХБ заштита, интервенции на вода и под вода, интервенции за заштита од опасни животни и истите ќе бидат во координација со останатите институции со слични надлежности. Специјалистичките единици ќе имаат посебен додаток на плата над основната плата. Ќе се спроведуваат професионални обуки за пожарникари-спасители како и за специјализираните единици при ДЗС согласно стандардите на ЕУ и НАТО.

Рок: 2022-2024 година.
Буџет: 10.000.000 денари.

## ПРОЕКТ 4: РАЗВИВАЊЕ НА ДОБРОВОЛНО ПОЖАРНИКАРСТВО

Следејќи го примерот на европските држави ќе го стимулираме и развиваме доброволното пожарникарство на локално и регионално ниво. Со целосно интегрирање на доброволците, пожарникарството како и во системот за заштита и спасување ќе се обезбеди континуирано оспособување и надоградување преку нивно учество на домашни и меѓународни вежби и обуки.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ 5: КОМПАТИБИЛНОСТ СО ЦИВИЛНАТА ЗАШТИТА НА ЕУ

Во согласност со европските практики и насоките на Механизмот на Унијата за цивилна заштита, а во духот на солидарноста и заемното помагање во случај на несреќи во рамките на ЕУ, ќе формираме и пред ЕУ ќе декларираме најмалку еден модул-тим кој ќе биде соодветно опремен, обучен и спремен за итно распоредување за да пружа помош и извршува асистенција во државата и онаму каде што ќе биде потребно и побарано од страна на ЕУ. На овој начин ќе се доближиме уште поблиску до европските правила, процедури и практики и ќе се зајакне нашата компатибилност со европската цивилна заштита.

Рок: 2021-2024 година.
Буџет: 100.000.000 денари.

## **ПРОЕКТ 6:** СОЗДАВАЊЕ КУЛТУРА НА ПРЕВЕНЦИЈА И ПОДГОТВЕНОСТ

Ќе ја јакнеме и подигаме јавната свест и ќе ја зголемуваме отпорноста на општеството кон ризиците од несреќи и катастрофи со задолжителни обуки и вежби во училиштата во областа на заштитата и спасувањето, со цел воспоставување на култура на превенција и подготвеност кај младите уште од најраната возраст. Во рамки на оваа програма би се развил центар за обука за заштита од пожарникарство кој освен за потребите на ТППЕ би давал потребни обуки за вработените во индустријата, за потребите на АРМ и МВР како и за сите останати заинтересирани преку стандардизирани програми одобрени од МОН.

Рок: 2022-2024 година.
Буџет:20.000.000 денари.

# МЕРКА 7. **ОПРЕМУВАЊЕ И МОДЕРНИЗАЦИЈА**

## **ПРОЕКТ 1:** ПЛАН ЗА ОПРЕМУВАЊЕ НА ТИМОВИТЕ ЗА ПРЕБАРУВАЊЕ И СПАСУВАЊЕ

Дирекцијата за заштита и спасување ќе биде реструктурирана за делување на национално, регионално и локално ниво, зајакната со соодветен кадар и професионални тимови за пребарување и спасување со соодветна опрема и материјално технички средства. Поучени од несреќите со кои нашата држава се справуваше во минатото, тимовите ќе бидат спремни за одговор, соодветно опремени и обучени согласно меѓународните стандарди, се со цел итна реакција при настаната несреќа.

Рок: 2021-2024 година.

## **ПРОЕКТ 2:** ПЛАН ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПОЖАРНИКАРСТВОТО

Унапредување на заштитата од пожари, експлозии и опасни материи во државата, преку имплементација на меѓународните стандарди и добрите практики од земјите членки на ЕУ како и преку зајакнување на пожарникарството. Целта ќе биде остварена преку обезбедување на нова опрема и средства за пожарникарите, нивна континуирана редовна и дополнителна обука во државата и во странство како и подигнување на јавната свест за работата на пожарникарите со цел афирмирање на нивниот статус во општеството.

Рок: 2021-2024 година.
Буџет: Тековен буџет и обезбедување на проекти и донации



# ЧЕТВРТИ СТОЛБ: **ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ ЗА СИТЕ ГРАЃАНИ**

# 1. МОДЕРНО И КВАЛИТЕТНО ЗДРАВСТВО

Состојбата со здравствениот систем во Македонија е поразителна. Поради дисфункционалноста на системот, граѓаните страдаат и се соочени со неквалитетна здравствена услуга. Лекарите и медицинскиот персонал неповратно заминуваат од Македонија, барајќи поквалитетни услови за реализација на својата професионална кариера. Здравството не смее да се сфаќа како област која треба да создава профит само за малкумина, а огромното мнозинство граѓани да биде обесправено. Визијата на ВМРО-ДПМНЕ за здравствениот сектор е создавање на здравствен систем кој ќе биде ефикасен и достапен за секого. Ова подразбира оптимизација на здравствениот систем и значителни вложувања за зајакнување на јавното здравство, вложување во кадровска екипираност, инфраструктура, континуирана едукација и пренос на знаење на медицинскиот персонал, воспоставени ефикасни механизми за финансирање на здравствените установи со нови фондови и пакети за осигурување, изработка на професионален здравствен информативен систем и негово спроведување, како и интегриран систем за информатичко комуникациска технологија – Е-здравство.

Приоритети на ВМРО-ДПМНЕ во здравството ќе бидат стратешко позиционирање на здравството како приоритет за грижата за граѓаните, предвидливост и континуитет на работата, како и донесување на Национална здравствена стратегија заснована на следните постулати:

- Зајакнување на јавното здравство – заради тоа што лекарите и здравствените работници треба да останат во Македонија и во јавното здравство;
- Зајакнување на примарното здравство, стоматологијата и превентивата;
- Оптимизација на здравствениот систем, ориентиран кон поквалитетни услуги за пациентите;
- Нулта корупција во здравството;
- Стандардизација на квалитетот на здравствените услуги;
- Интегрирање и функционално реорганизирање на здравствените единици.

Оттука, клучни аспекти на програмата на ВМРО-ДПМНЕ за Обнова на Македонија се: прво, воспоставување на концептот на Здравство без хартија, кој подразбира целосна дигитализација на здравствениот и фармацевтскиот систем. Второ, формирање на тело на Националниот координатор за здравство, кое ќе придонесе за оптимизација на здравствениот третман на пациентите. Трето, модернизација и функционална интеграција на Клиничкиот центар „Мајка Тереза“, Градската општа болница „8



Септември“, модерна универзитетска клиничка болница во Штип и реконструкција на здравствените центри во целата држава.

За реализацијата на приоритетите за здравствениот систем, ВМРО-ДПМНЕ ќе спроведе мерки реализирани преку апликативни проекти во сите сфери.

## МЕРКА 1. ПОДОБРУВАЊЕ НА КАДРОВСКАТА ЕКИПИРАНОСТ ВО ЗДРАВСТВОТО

Со цел да го задржиме медицинскиот кадар во Македонија и во јавното здравство, ВМРО-ДПМНЕ се обврзува да им обезбеди на лекарите и стоматолозите достоинствени примања и современа, континуирана медицинска едукација (КМЕ) по најдобрите светски стандарди. Преносот на знаењето и КМЕ се основа за развој на секој здравствен систем, а со цел обезбедување на поквалитетни медицински услуги. ВМРО-ДПМНЕ е свесна дека КМЕ е неопходна за лекарите и за стоматолозите, но и за средниот медицински персонал и на техничкиот персонал за да изградиме профили на медицински персонал кој ќе биде во вистинска служба на граѓаните.

Рок: континуирано.

### ПРОЕКТ 1: НАЦИОНАЛНА ЗДРАВСТВЕНА СТРАТЕГИЈА И СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ ЛЕКАРИ

ВМРО-ДПМНЕ се обврзува да изготви Национална здравствена стратегија и стратегија за млади лекари која ќе предвиди методологија, правци и начини за поддршка на младите лекари и овозможување нивна достоинствена работа во јавниот здравствен сектор. Националната стратегија ќе ги дефинира обврските на семејните лекари во нов концепт „мојот лекар се грижи за моето здравје“ како дел од Примарната здравствена заштита (ПЗЗ). Во делот на секундарна здравствена заштита (СЗЗ) предвидуваме регионализација, зајакнување и комплетна интегрална функционалност на сегментот на секундарно здравство. Во терциерната здравствена заштита (ТЗЗ), стратегијата ќе предвиди реструктурирање и подобрување на функционалноста на ТЗЗ. Стратегијата ќе предвиди и адекватна и реална проценка на потребите од сите профили на здравствен кадар, заради оптимизација на бројот на студенти и специјализанти во согласност со проценките на Националниот координатор за здравство, а во рамките на националната стратегија за здравство. Специјализацијата во државна квота ќе биде адекватно планирана според потребите на националната стратегија за здравство и на успехот на студентот, а ќе предвиди и континуирана медицинска едукација на специјализантите. На овој начин, ќе се овозможат гарантирани работни места кои се базираат на реална проценка на потребите од здравствен кадар, како и либерализација на пазарот на труд за здравствените работници со кој ќе се овозможи легална дополнителна дејност, со соодветно даночно обврзување.

Рок: 2021 година.

## **ПРОЕКТ 2:** КООРДИНАТИВНО ТЕЛО НА НАЦИОНАЛНИОТ КООРДИНАТОР ЗА ЗДРАВСТВО

Во првите 100 дена од формирањето на Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, се обврзуваме да формираме тело за поддршка на Националниот координатор за здравство, составено од регионални координатори. Целите на ова тело ќе бидат да ги детектира проблемите и да ги мапира застоите во процесите во здравствениот систем, како и да нуди планирање и решенија за нивно отстранување.

Рок: во првите 100 дена.

## **ПРОЕКТ 3:** КОНТИНУИРАН РАСТ НА ПЛАТИТЕ НА ЛЕКАРИТЕ, СТОМАТОЛОЗИТЕ, СРЕДНИОТ МЕДИЦИНСКИ ПЕРСОНАЛ И ТЕХНИЧКИОТ И АДМИНИСТРАТИВНИОТ ПЕРСОНАЛ

Предвидуваме континуиран раст на вредносната капитација кај матичните лекари и стоматолози, како и ревизија на медицинските и стоматолошките пакети; рационализирање на работното време на матичните лекари, зголемување на ефикасноста и ефективноста како и оптимизација на процесите со помалку администрација. Ќе ја коригираме казнената политика, која ќе се пресметува како процент од личниот доход.

Рок: 5% во 2022 година и 5% во 2023 година. Понатаму во согласност со можностите.
Буџет: Во согласност со Проектот за зголемување на платите образложен во финансиската програма.

## **ПРОЕКТ 4:** РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ НА СПЕЦИЈАЛИЗАНТИТЕ

Во рамките на националната стратегија, значаен фокус ќе се посвети на специјализантите и дефинирање на стратегија за млади лекари, во целосна соработка со здруженијата на специјализанти од сите области. Стратегијата ќе опфаќа утврдување на достоинствена минимална плата на специјализантите и платени дежурства; кариерен план и план за специјализација, преку кој ќе се подобри преносот на знаење со менторство; ќе се подобрат условите во установите каде што се врши специјализацијата; бесплатна имунизација за специјализантите и студенти на медицина во втората половина од студиите. Ќе се обезбеди вработување за трите најдобри студенти од секој медицински факултет во земјата. Ќе се стимулираат и кофинансираат нови ПЗУ водени од млади лекари.

Рок: 2021 година.
Буџет: 50 милиони денари.

### **ПРОЕКТ 5:** РЕВИДИРАЊЕ И ПРОШИРУВАЊЕ НА МРЕЖАТА ЗА СЕКУНДАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА КАЈ МЕДИЦИНАРИ И СТОМАТОЛОЗИ

Предвидуваме зголемување на основната капитација за осигурено лице кај матични лекари и стоматолози. Ќе го подобриме моделот на плаќање на избраниот лекар и стоматолог.

Рок: 2021 година.
Буџет: 30 милиони денари.

### **ПРОЕКТ 6:** ИЗРАБОТКА НА ПРОГРАМА ЗА КОНТИНУИРАНА МЕДИЦИНСКА ЕДУКАЦИЈА НА ДОКТОРИТЕ, СТОМАТОЛОЗИТЕ И ФАРМАЦЕВТИТЕ (КМЕ)

Веднаш по доаѓањето на власт на Владата на ВМРО-ДПМНЕ, Министерството за здравство ќе пристапи кон изработка и реализација на програма за континуирана медицинска едукација со бесплатни едукации и пренос на знаење на здравствените работници, стоматолозите и фармацевтите.

Рок: 2020 година.
Буџет: во согласност со изработената програма, 30 милиони денари годишно.

### **ПРОЕКТ 7:** ИЗРАБОТКА НА ПРОГРАМА ЗА КМЕ ЗА СРЕДНИОТ МЕДИЦИНСКИ И ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ.

Веднаш по доаѓањето на власт, Владата на ВМРО-ДПМНЕ и Министерството за здравство ќе пристапат кон изработка на програма за бесплатна континуирана медицинска едукација на средниот медицински и технички персонал.

Рок: 2020 година.
Буџет: 15 милиони денари.

### **ПРОЕКТ 8:** РЕВИДИРАЊЕ НА ПОЗИТИВНАТА ЛИСТА НА ЛЕКОВИ

Законско подобрување на функционалноста на фармацевтската дејност и аптекарското работење.

Рок: 2021 година.
Буџет: 30 милиони денари.

## МЕРКА 2. **ЗДРАВСТВО БЕЗ ХАРТИЈА**

Бенефитот од развојот на дигиталните технологии е основа во развојот на модерен здравствен систем, и затоа се обврзуваме дигиталните технологии да ги вклучиме во модернизацијата на целокупниот здравствен

систем. Основна цел на концептот на Е- ЗДРАВСТВО ќе биде да се оптимизира здравствениот систем, да се олесни работата на медицинскиот персонал, но и да се скрати бројот на физичко присуство на пациентите во здравствените установи, а во исто време да се зголеми достапноста на здравствените услуги. Здравствениот систем ќе биде оптимизиран со минимум употреба на хартија, по примерот на високоразвиените земји од Европската Унија.

## ПРОЕКТ 1: НАДГРАДУВАЊЕ И МОДЕРНИЗИРАЊЕ НА СИСТЕМОТ МОЈ ТЕРМИН

Предвидуваме изработка на мобилна апликација за системот Мој Термин. Со оваа апликација пациентите и лекарите ќе можат да имаат увид во слободните термини во реално време, каде било преку своите мобилни телефони.

Рок: 2020 година.
Буџет: 2 милиони денари.

## ПРОЕКТ 2: ЦЕЛОСНА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА РЕЦЕПТИ, УПАТИ, ИЗВЕШТАИ И РЕЗУЛТАТИ ЌЕ СПРОВЕДЕМЕ ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА РАДИОЛОШКИТЕ ЕДИНИЦИ, НИВНО ПОВРЗУВАЊЕ ВО ЕДИНСТВЕН ЦЕНТАР ЗА ДА СЕ СКРАТАТ ПРОЦЕДУРИТЕ И ДА ИМ СЕ ОЛЕСНИ ПРИСТАПОТ ДО ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ НА ГРАЃАНИТЕ. СИСТЕМОТ ЌЕ БИДЕ ДИГИТАЛИЗИРАН ВО СИТЕ ДЕЛОВИ, ОД ПОДИГНУВАЊЕ ЕЛЕКТРОНСКИ РЕЦЕПТИ КАЈ МАТИЧНИОТ ЛЕКАР, ДО ДОБИВАЊЕ МЕДИЦИНСКИ ИЗВЕШТАИ. ЕЛЕКТРОНСКИ ИЗДАДЕНИОТ РЕЦЕПТ ОД ЛЕКАРОТ ЌЕ МОЖЕ ДА СЕ ПОДИГНЕ ВО КОЈА БИЛО АПТЕКА СО ДОКУМЕНТ ЗА ЛИЧНА ИДЕНТИФИКАЦИЈА ОД СТРАНА НА ПАЦИЕНТОТ ИЛИ НЕГОВ БЛИЗОК.

Рок: 2021 година.
Буџет: 60 милиони денари.

## ПРОЕКТ 3: ВОВЕДУВАЊЕ НА Е-МЕДИЦИНСКО ДОСИЕ ЗА СЕКОЈ ПАЦИЕНТ

Предвидуваме интегрален и интегриран регистар за сите пациенти во форма на Е-медицинско досие кое ќе ја содржи историјата на болести за секој пациент. Предвидуваме и изработка на Е-медицински здравствен регистар на болести со кој за прв пат ќе имаме увид во бројот, видот и фреквентноста на заболувањата на граѓани во Македонија.

Рок: 2021 година.
Буџет: 60 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 4:** ОПТИМИЗИРАЊЕ НА РАБОТАТА И ЕФИКАСНОСТА НА МАТИЧНИТЕ ЛЕКАРИ СО НАМАЛУВАЊЕ И ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД АДМИНИСТРАТИВНИ ПРОЦЕДУРИ

Во првите 100 дена предвидуваме регистрирање на пациентите на име на приватните здравствени установи (ПЗУ), олеснување на функционалноста на ПЗУ при користење на боледување на носителот на дејност.

Рок: ќе започне во првите 100 дена, а потоа континуирано.
Буџет: 5 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 5:** ЛОКАТОР НА НАЈБЛИСКАТА АПТЕКА И ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ

Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе изработи локатор на аптеки и здравствени установи кои имаат склучено договор со Фондот за здравствено осигурување (ФЗО) и ја нудат потребната услуга/лек во најбрз можен рок.

Рок: 2022 година.
Буџет: 1 милион денари.

## **ПРОЕКТ 6:** ЦЕЛОКУПНО ЕЛЕКТРОНСКО РАБОТЕЊЕ НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Со овој проект, Фондот за здравствено осигурување ќе биде поефикасен и подостапен за граѓаните, а услугите кои ги нуди ќе им бидат полесно достапни на сите корисници.

Рок: 2024 година.
Буџет: 60 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 7:** ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ НА ТРАНСПЛАНТАЦИЈА НА ОРГАНИ

Предвидуваме зајакнување на системот на трансплантација на органи преку целосна дигитализација на процесите и листата за трансплантација на органи. Преку овој проект се предвидува развој на мрежата на националниот координатор за трансплантација, како и зајакнување и опремување на јавните установи за нефрологија и трансплантација. Ќе ги осовремениме и модернизираме центрите за дијализа кои се во рамките на јавните здравствени установи. Ќе ја зајакнеме соработката со регионалните центри за трансплантација со цел бенефит за пациентите и интегрирање на земјата во системот ЕУРОТРАНСПЛАНТ.

Рок: 2021 година.
Буџет: 300 милиони денари.

## ПРОЕКТ 8: НАЦИОНАЛЕН ЛАБОРАТОРИСКИ ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМ

Со овој проект комплетно ќе биде исфрлена хартијата при добивање на лабораториски услуги и резултати. Дополнително, предвидуваме и воведување на национална референтна аналитичка лабораторија за контрола на лекови, како и целосна дигитализација на Агенцијата за лекови, а со цел забрзување и олеснување на сите процедури за кои е надлежна агенцијата.

Рок: 2022 година.
Буџет: 6 милиони денари.

## ПРОЕКТ 9: ЕЛЕКТРОНСКО СЛЕДЕЊЕ НА ИМУНИЗАЦИЈАТА

Предвидуваме изработка на софтвер со кој имунизацијата на децата ќе се следи и евидентира електронски, сѐ со цел навремено реагирање, превенција и контрола на состојбите.

Рок: 2022 година.
Буџет: 6 милиони денари.

# МЕРКА 3. ПОДОБРУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА НА ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ

Македонија се соочува со недостаток на здравствена инфраструктура. Затоа, приоритет на идната влада на ВМРО-ДПМНЕ е изградба на модерен клинички центар, но и оптимизација на услугите што ги даваат останатите здравствени установи. Во првите 100 дена предвидуваме отпочнување на правна постапка за функционално интегрирање на клиниките во рамките на Клиничкиот центар, како и креирање на економско-административна платформа. Земајќи ја предвид актуелната состојбата во болниците, изградбата на нови здравствени установи и реконструкцијата на постојните во следниот четиригодишен период ќе биде значително интензивирано:

## ПРОЕКТ 1: МОДЕРНИЗАЦИЈА НА КЛИНИЧКИОТ ЦЕНТАР „МАЈКА ТЕРЕЗА“

Преку проект за функционално интегрирање, предвидуваме модернизација и реновирање на Клиничкиот центар „Мајка Тереза“. Во рамките на овој проект, предвидуваме модернизација и реконструкција на Градската општа болница „8 СЕПТЕМВРИ“ која ќе функционира како дополнителен клинички центар во Скопје.

Рок: 2025.
Буџет: 6 милијарди денари.

## ПРОЕКТ 2: КОМПЛЕТНО РЕНОВИРАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТСКАТА КЛИНИКА ЗА ИНФЕКТИВНИ БОЛЕСТИ И ФЕРБИЛНИ СОСТОЈБИ

Ќе извршиме комплетно реновирање на Универзитетската клиника за инфективни болести и фербилни состојби. Реновирањето ќе биде фокусирано на поставување на автоматски систем за повик на пациент во амбулантите, поставување на систем за компримиран воздух и вакум до секоја соба за пациенти, како и реновирање на стационарот и амбулантите. Ќе набавиме и најсовремена медицинска опрема за Клиниката согласно со потребите.

Рок: 2022 година
Буџет: 300 милиони денари

## ПРОЕКТ 2: ДОВРШУВАЊЕ И РАЗВИВАЊЕ НА МОДЕРНА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИЧКА БОЛНИЦА ВО ШТИП

Довршување на изградбата, опремување и развивање на нова модерна Клиничка болница во Штип.

Рок: 2022 година.
Буџет: 500 милиони денари.

## ПРОЕКТ 3: РАЗВИВАЊЕ И МОДЕРНИЗАЦИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИЧКА БОЛНИЦА ВО ТЕТОВО

Предвидуваме реконструкција, модернизација и интегрирање на Клиничкиот центар во Тетово, кој ќе прерасне во модерна Универзитетска клиничка болница.

Рок: 2024 година.
Буџет: 600 милиони денари

## ПРОЕКТ 4: ДОСТАПНОСТ И РАЗВОЈ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ВО СИТЕ РЕГИОНИ

Предвидуваме рамномерен регионален развој на сите медицински установи од јавното здравство во Македонија, како и интегрирање на амбулантските и болничките капацитети низ земјата во насока на рамномерна здравствена заштита и воедначен квалитет на здравствените услуги.

Рок: 2024 година.
Буџет: 500 милиони денари.

## ПРОЕКТ 5: ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕФЕКТИВНОСТА И ЕФИКАСНОСТА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Преку процес на интегрирање на здравствените институции на сите нивоа, интегрирање на национална референтна акредитирана лабораторија, надворешна контрола и акредитација во согласност со ЕУ легислативите, како и функционално фузионирање на клиниките во рамките на Клиничкиот центар во Скопје, предвидуваме драстично зголемување на ефективноста и ефикасноста на јавниот здравствен систем.

Рок: 2022 година.
Буџет:100 милиони денари.

## ПРОЕКТ 6: ИЗГРАДБА НА ЦЕНТАР ЗА ФИЗИКАЛНА МЕДИЦИНА

Се обврзуваме да изградиме Центар за физикална медицина и рехабилитација на болни во с. Бања, во близина на Кочани, кое е на локалитет со природни извори на геотермални води.

Рок: 2024 година.
Буџет: 300 милиони денари.

## ПРОЕКТ 7: МОДЕРЕН УРГЕНТЕН ТРАУМА ЦЕНТАР

Поради растот на популацијата во Скопје и драстично зголемениот број на сообраќајни повреди и потребата од брзо, благовремено и адекватно реагирање, предвидуваме нов модерен Ургентен траума центар во рамките на ГОБ „8 Септември“. Предвидуваме мобилен ургентен траума центар кој ќе биде сезонски одговорен за коридорите Е10 и Е8 коишто поминуваат низ земјата.

Рок: 2023 година.
Буџет: 600 милиони денари.

## ПРОЕКТ 8: ВОВЕДУВАЊЕ НА НОВИ НАЈСОВРЕМЕНИ МЕДИЦИНСКИ И СТОМАТОЛОШКИ ТЕХНИКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ СТОМАТОЛОШКИ УСЛУГИ НА СТОМАТОЛОШКИОТ КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР „СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН“ ВО СКОПЈЕ

Рок: 2021 година.
Буџет: 1 милион денари.

## МЕРКА 4. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИ ИНФРАСТРУКТУРНИ КАПАЦИТЕТИ СВЕДОЦИ СМЕ ДЕКА ГОЛЕМ БРОЈ ОД ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ НИЗ МАКЕДОНИЈА СЕ ВО МНОГУ ЛОША СОСТОЈБА. ВО МНОГУ ЗДРАВСТВЕНИ ИНСТИТУЦИИ НЕМА ЕЛЕМЕНТАРНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА. ОД ВАКВАТА СИТУАЦИЈА СТРАДААТ И МЕДИЦИНСКИТЕ РАБОТНИЦИ И ПАЦИЕНТИТЕ.

### ПРОЕКТ 1: РЕКОНСТРУКЦИЈА И МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ГРАДСКАТА ОПШТА БОЛНИЦА „8 СЕПТЕМВРИ“ ВО СКОПЈЕ

Рок: 2024 година.
Буџет: 1 милијарда денари.

### ПРОЕКТ 2: РЕКОНСТРУКЦИЈА И МОДЕРНИЗАЦИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХИРУРШКИ БОЛЕСТИ „СВ. НАУМ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ

Рок: 2024 година.
Буџет: 1 милијарда денари.

### ПРОЕКТ 3: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ВО МАКЕДОНИЈА

Предвидуваме капитални инвестиции во активности за подобрување на инфраструктурата и во останатите градови во Македонија. Планираме реконструкција на следните болници: Општа болница во Велес, Општа болница во Кичево, Општа болница во Струмица, Општа болница во Струга и Клиничката болница во Битола.

Рок: 2025 година.
Буџет: 1 милијарда денари.

### ПРОЕКТ 4: НАМАЛУВАЊЕ НА МЕТЕЖОТ ВО КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР „МАЈКА ТЕРЕЗА“

Во првите 100 дена предвидуваме мерки за намалување на метежот во рамките на Клиничкиот центар „Мајка Тереза“. Ова ќе се овозможи со преместување на сите здравствени процедури од секундарното здравство кои во моментот се вршат во Клинички центар и преку дигитализација и намалување на потребата од физичко присуство на пациентите. Исто така, предвидуваме и отпочнување на процедура за решавање на паркингот во рамките на кругот на Клиничкиот центар, врз основа на проектирано сообраќајно решение.

Рок: 2022 година.
Буџет: 100 милиони денари.

## МЕРКА 5. НОВИ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ

Во земјата сè уште голем број неопходни услуги не се достапни за граѓаните. За таа цел владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе пристапи кон изработка на програма за воведување на нови здравствени услуги.

### ПРОЕКТ 1: ДЕЖУРНИ МАТИЧНИ ЛЕКАРИ

Во моментот, голем број деца и граѓани се принудени да го чекаат наредниот ден или да одат во приватни здравствени институции затоа што матичните лекари не работат по 19 часот. За таа цел, во првите 100 дена, Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе воведе дежурни матични лекари во сите региони во Македонија.

Рок: 2022 година.
Буџет: 100 милиони денари.

### ПРОЕКТ 2: ИЗДАВАЊЕ НА ЛЕКОВИ СО ПЕРСОНАЛИЗИРАНИ И ИНДИВИДУИАЛИЗИРАНИ ДОЗИ ЗАРАДИ ВОВЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМ НА ТАРГЕТИРАНА ТЕРАПИЈА И ИНДИВИДУАЛИЗИРАН ПРИСТАП ВО ЛЕКУВАЊЕТО НА ПАЦИЕНТИТЕ, ПРЕДВИДУВАМЕ ИЗДАВАЊЕ ЛЕКОВИ ВО СОГЛАСНОСТ СО ПОТРЕБИТЕ НА ПАЦИЕНТОТ. ИСТО ТАКА, ЌЕ ВОВЕДЕМЕ И ГЕНЕТСКА ТЕРАПИЈА, СОВРЕМЕНА ТЕРАПИЈА ЗА ХЦВ ИНФЕКЦИЈА, КАКО И ИНДИВИДУАЛИЗИРАНА И ТАРГЕТ ТЕРАПИЈА.

Рок: 2022 година.
Буџет: 50 милиони денари.

### ПРОЕКТ 3: НАМЕСТО РЕФУНДИРАЊЕ, ИЗДАВАЊЕ НА ЛЕКОВИ НА РЕЦЕПТ СПОРЕД ПРЕПОРАКИТЕ НА ЛЕКАРИ СПЕЦИЈАЛИСТИ

Во многу случаи граѓаните се обврзани самите да ги купуваат лековите, а потоа да бараат поврат на средства од страна на Фондот за здравствено осигурување, за што чекаат и по неколку месеци. Затоа, предвидуваме граѓаните да можат да ги земат лековите од аптека врз основа на рецепт од лекарите специјалисти, а потоа Фондот да ги рефундира средствата на самите аптеки.

Рок: 2022 година.
Буџет: 100 милиони денари.

## ПРОЕКТ 4: ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛУГИ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ ГРАЃАНИ

Предвидуваме и воведување поголем број услуги за граѓаните во Македонија. Меѓу другите, ќе воведеме и: тромесечна терапија за болни, отворање тумор банка со регистар, модернизирање на службата за помош и поддршка на стари лица (домашна посета), и дополнување на листата за ортопедски помагала.

Рок: 2024 година.
Буџет: 200 милиони денари.



# 2. ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Ние сме патриоти и го сакаме својот народ. Сакаме нашите деца да растат тука и да растат здрави, а по нас да оставиме здрава и чиста животна средина.

Една од стратешките цели на програмата на ВМРО-ДПМНЕ за парламентарните избори 2020 година е справување со загадувањето. За нас дадениот збор е од суштинско значење.

Во периодот од 2016 г. до 2020 г. од страна на Светска здравствена организација е утврдено дека има преку 10.000 човечки жртви на аерозагадувањето, огромен број заболени деца од аерозагадување, несоодветно третиран отпад, нечисти води... Подобрувањето на квалитетот на животната средина е прашање на опстанок на младите и живот за децата во Македонија. Животната средина веќе не е прашање само на преживување на одредени растителни и животински видови во Македонија или зачувување на одредени реки и шуми.

Затоа, со граѓаните сакаме да направиме Договор за здрава и чиста животна средина.

Знаеме дека во справувањето со предизвиците кои ги носи прашањето на заштитата на животната средина ни претстои напорна работа, многу средства, време и посветеност. Но, успешното работење на ова поле носи и технолошки напредок на Македонија, носи нови работни места, носи повисока додадена вредност на нашиот труд и можност за извоз на знаење и на производи.

**Приоритетите на програма за Обнова за Македонија се:**

- чист воздух,
- соодветен третман на отпад,
- чиста вода и речни текови,
- борба со урбаната бучава,
- зазеленување на македонските градови и планини,
- урбанизам за луѓе и
- климатски промени.

## МЕРКА 1. ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Една од најслабите алки во контролата на емисиите во животната средина се инспекторатите за животна средина кои или немаат ингеренции, немаат знаење, немаат средства или немаат волја да постапуваат против

загадувачите.

Со оваа мерка ќе се воспостави централно инспекциско тело со ингеренции на сите нивоа поврзани со загадување на животната средина и со отпадот. Ваквата поставеност на Инспекцискиот надзор за животна средина ќе овозможи:

- Строг и правичен инспекциски надзор над загадувачите на животната средина. Инспекциски надзор на животната средина, со особен осврт на загадување на воздухот и тоа: контрола на сите согорувачки процеси, отворени палења, горење стрништа, горење недозволени материјали во печки и на отворено, градилишта, комунални дејности, мали и големи индустриски капацитети, горење недозволени материјали во домаќинствата, мерење и контрола на емисии од транспортниот сектор.

Со истата посветеност Централниот инспекторат за животна средина ќе се посвети на прашањата поврзани со загадување води, почви, загадување од бучава, управување со отпад и др. (Рок: 2020 - 2022 година.)

## МЕРКА 2. НАМАЛУВАЊЕ НА УРБАНОТО ЗАГАДУВАЊЕ НА ВОЗДУХОТ

Со цел намалување на урбаното загадување на воздухот, ВМРО-ДПМНЕ се обврзува да ги имплементира следните проекти:

### ПРОЕКТ 1: НАМАЛУВАЊЕ НА ЕМИСИИТЕ ОД ТРАНСПОРТОТ

- поддршка за воспоставување јавен транспорт на чисти горива, природен гас и на електричен погон,
- субвенции за такси превоз без емисија на цврсти честички и без бучава (природен гас и електромобили),
- поддршка на локалните самоуправи при изградба на велосипедски патеки, пешачки зони, зони на смирен сообраќај (зони 20) и сл., и
- поддршка за бесплатен јавен градски и државен превоз за сите ученици и студенти.

Рок: 2020 - 2024 година.

### ПРОЕКТ 2: НАМАЛУВАЊЕ НА ЕМИСИИТЕ ОД ГРАДИЛИШТАТА

Со спроведување на строг инспекциски надзор над градилишта во делот на емисии во воздух, вода и во отпад се стремиме кон креирање на градилишта без штетни емисии.

Рок: континуирано.

## **ПРОЕКТ 3:** ЗАЗЕЛЕНУВАЊЕ – ЗЕЛЕНА МАКЕДОНИЈА

- Засадување 2.000.000 садници од автохтони неалергени видови годишно во руралните и во планинските предели и 500.000 садници во урбаните средини годишно (од програмата за садница за секое семејство). Секое семејство најмалку еднаш годишно ќе има можност да добие садница и да ја засади на локација по сопствен избор, во својот двор или на јавен простор.

Буџет: 6 милиони евра за четири години.

## **ПРОЕКТ 4:** УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ЗА ЗЕЛЕНА МАКЕДОНИЈА ВО СОРАБОТКА СО ЕЛС

- работа по принципите на зелени градови, зелени маала, зелени улици со зелени згради;
- поддршка при донесување урбанистички планови со 30% зеленило на ниво на маало, детален и генерален урбанистички план;
- задолжителна обврска за стратегиска оцена на животната средина и кумулативното влијание врз животната средина од планска документација и градежна активност;
- донесување законска и подзаконска регулатива за одржување на јавното зеленило и на зеленилото во приватните парцели.

# МЕРКА 3. **ОСНОВАЊЕ НА ФОНД ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ВО РАМКИТЕ НА КАБИНЕТОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА МАКЕДОНИЈА**

Во минатото сите средства уплатени по однос на казни и такси за животната средина одеа во централен буџет и се трошеа за разни намени.

Се обврзуваме во рок од 100 дена по формирањето на новата влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ да го формираме Фондот за животна средина во кој ќе се слеваат сите средства кои граѓаните и правните лица ги уплаќаат како еколошки такси, надоместоци за животна средина и други еколошки давачки. Со ова, ќе се обезбедат средства со кои сериозно ќе може да се работи на справување со проблемот на загадената животна средина. Дополнително, нашата влада ќе посвети особено внимание на искористување европски средства и меѓународна помош, за мултиплицирање на средствата на фондот и обезбедување капитал за вложување во мерките од Програмата за животна средина.

## **ПРОЕКТ 1:** НАШИТЕ НАЈМИЛИ, ДЕЦАТА, УЧАТ ЗА ПРИРОДАТА

Преку програмата Академија за природата акцентот е ставен на практична настава за студенти, партиципативни пристапи, активности на терен и искуствено учење. Со обезбедување мотивација и основни знаења, целта

на овој проект е да се поттикне едукативна работа во и надвор од училницата, на отворено, во заштитените подрачја. Во втората фаза, ќе се работи на прогласување нови заштитни подрачја во Македонија.

Рок: 2021 година.

## МЕРКА 4. ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈА СО МЕТОДОЛОГИЈА ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО ЗАГАДЕНИОТ ВОЗДУХ

Решавањето на прашањето на загадениот урбан воздух во Македонија е сложено прашање. Потребно е време, желба и вистинска методологија за да биде третирано. Се обврзуваме дека еден од врвните приоритети во работењето на новата влада ќе биде решавањето на овој проблем, затоа предвидуваме:

- Методологија за превенција на загадувањето од урбаните заедници;
- Методологија за решавање на проблемот на загадување на воздухот од големите капацитети (блиску до урбани средини).

Со политиките за квалитетот на урбаниот воздух потребни се неколку сетови мерки кои истовремено ќе ги започнеме.

### ПРОЕКТ 1: 9-ГОДИШЕН ДОГОВОР СО ГРАЃАНИТЕ (3 + 3 + 3 ГОДИНИ)

Во првите 100 дена ќе потпишеме договор со граѓаните за решавање на проблемите со загадениот воздух. Во секој од наведените периоди ќе реализираме по една третина од мерките за намалувањето на емисиите на цврсти честички, а на секои 3 години ќе даваме детален отчет на напредокот во имплементацијата на Договорот.

Наша првична цел е двојно помалку заболени како последица на аерозагадувањето во Македонија и тројно помалку смртни случаи како последица од загадениот воздух по завршувањето на вториот период од 9-годишниот договор со граѓаните.

### ПРОЕКТ 2: СЕГА ЗНАМ ДЕКА ЗАГАДУВАМ – ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЕМИТЕРИТЕ НА ЦВРСТИ ЧЕСТИЧКИ

Со овој проект, секој емитер на цврсти честички од индустријата, транспортот и од домаќинствата ќе биде идентификуван со количество на емитувани цврсти честички според стандардизирани параметри. Така, секој за себе ќе знае колку емитува и ќе може соодветно да придонесе во намалувањето на сопствените емисии на загадувачки супстанци. Дополнително, секое домаќинство за себе ќе знае колку и од кои загадувачи емитува супстанци и ќе добие совети како да ги намали емисиите.

Рок: 2021 година.

## ПРОЕКТ 3: МОТИВАЦИЈА ЗА ПОМАЛИ ЕМИСИИ НА ЗАГАДУВАЊЕ ОД PM2,5

Ќе дефинираме законска рамка за возила, која ќе опфати еколошка такса за возилата да се наплаќа според емисијата на цврсти честички почнувајќи од 2022 година.

Независно од тоа што индустриските капацитети кои сакаат да работат ќе мора да задоволат строги европски стандарди за животна средина, за работа блиску до урбана средина ќе треба да плаќаат и дополнителна еколошка такса по количество на емитувани цврсти честички и други штетни компоненти, соодветно на европските практики почнувајќи од 2022 година.

За големите индустриски и енергетски капацитети, кои имаат стратешко значење за Македонија, ќе се воведат мерки од Програмата за поддршка на постигнување европски стандарди за емисија, како на пример, вградување филтри за цврсти честички на РЕК Битола.

Рок: 2022 година.

## ПРОЕКТ 4: МОЈОТ ДОМ НЕ ЗАГАДУВА

Домаќинствата кои се загреваат на цврсти горива се идентификувани како еден од поголемите емитери на цврсти честички во урбаните средини. Владата на ВМРО-ДМПНЕ ќе работи на намалување на емисиите на цврсти честички од домаќинствата по **Програмата – Мојот дом не загадува,** преку неколку проекти:

- Поддршка за термичка изолација на фасада и покрив и замена на прозорци кај индивидуални станбени објекти кои ќе го заменат дрвото и јагленот како енергенс со гас или со топлинска пумпа/инвертер клима преку грантови од фондот за животна средина;

  Рок: 2020.
  Буџет: 20 милиони евра.

- Стимулација и поддршка за проширување и создавање централни топлификациски системи во урбани средини во Скопје и во другите поголеми градови во соработка со ЕЛС;
- Едукација на корисниците на цврсти горива за штетноста на овие системи за здравјето на луѓето кои живеат во објектот;

# МЕРКА 4. УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Управувањето со отпад претставува прашање кое директно влијае на тоа дали нашата средина е чиста, што се согорува, какви емисии има во воздухот како резултат на согорувањето и какви се ефектите на отпадот во водите и во почвата...

Затоа, владата на ВМРО-ДПМНЕ во првите 100 дена ќе спроведе ефикасна и безусловна забрана на увоз на опасен отпад.

Во програмата Обнова на Македонија предвидуваме систематско управување со регионални центри за третман и искористување на отпад, а посебно внимание посветуваме на градската чистота.

## ПРОЕКТ 1: АКЦИСКИ ПЛАНОВИ ЗА НАЦИОНАЛНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА НИВО НА ДРЖАВА

Владата ќе изработи методологија за поддршка на регионални центри за управување со отпад. Истите предвидуваат поставување преработувачки центри кои организирано ќе се занимаваат со секундарна селекција, добивање енергија и материјали од преработувањето на отпадот, добивање биогориво, во соработка со планските региони и единиците на локална самоуправа.

Предвидуваме и итно решавање на прашањето на нерегулираните депонии и мерки за чистење на загадениот простор.

## ПРОЕКТ 2: НАЦИОНАЛЕН ПЛАН ЗА ПРИМАРНА СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАД

Во рок од 3 години ќе се воспостави систем за примарна селекција на отпад на ниво на целата држава во соработка со единиците на локална самоуправа. Во овој проект внимание се посветува и на:

- Формализирање на неформалните собирачи на отпад, ставање во систем на примарната и на секундарната селекција на отпад,
- Решавање на прашањето на биоотпадот од руралните средини, палењето стрништа и компостирањето отпад;
- Национална поддршка за површински системи за собирање цврст отпад од речните корита, рециклажа на инертен отпад (градежен шут) и сл.

## ПРОЕКТ 3: ОРГАНИЗИРАЊЕ СИСТЕМ ЗА ТРГУВАЊЕ СО МАТЕРИЈАЛИ ЗА РЕЦИКЛИРАЊЕ

## ПРОЕКТ 4: НАЦИОНАЛНА АКРЕДИТИРАНА ЛАБОРАТОРИЈА

Ќе се воспостави Национална акредитирана лабораторија која ќе ги проверува карактеристиките на отпадот и ќе врши контрола на загадувачките материјали од инсталациите кои имаат А и Б интегрирани дозволи, како и од помалите загадувачи.

Рок: 2023 година.

## ПРОЕКТ 5: СПРАВУВАЊЕ СО ОПАСНИОТ, ИСТОРИСКИОТ И ИНДУСТРИСКИОТ ОТПАД

Прашањето на справување со опасниот отпад е прашање од кое зависи квалитетот на околниот воздух, води, почва, па и биолошкиот опстанок. ВМРО-ДПМНЕ се залага за спроведување на европските практики во работата со опасниот отпад. Дополнително ќе се разработи стратегија за решавање на прашањата поврзани со историски опасен отпад.

Со особено внимание се посветуваме на индустрискиот отпад и отпадот од пакување. Се залагаме за целосно почитување на принципот Загадувачот (создавачот на отпад) да плаќа, со што ќе ги мотивираме производителите да ги намалат количествата на отпад уште во фазата на дизајн на производите, нивната продажба и нивното одлагање.

## МЕРКА 5. СПРАВУВАЊЕ СО БУЧАВАТА

Македонските урбани центри станувaат тешко оптоварени од проблемот на силната бучава.

За справувањето со бучава ќе дефинираме методологија за обезбедување заштита од бучава во урбана средина, бучава од сообраќај и од индустриски објекти. Посебен акцент ќе биде ставен на индустриската бучава. Ќе се воспостави државна и локални мрежи за мерни места со цел заштита од бучава. Во овој проект внимание ќе се посвети на:

- Идентификација на изворите на загадување со бучава (стационарни и подвижни),
- Регулирање на сообраќајните текови и правила за возила и мотоцикли во делот на бучава,
- Строги контроли на бучава од сообраќај во урбани јадра,
- Регулирање и строга контрола на бучава од угостителски дејности (локали и дискотеки),
- Регулирање на урбанистички и акустички правила за угостителски објекти во урбани средини (локали и дискотеки).

Почеток на активности во првата година од мандатот.

## МЕРКА 6. НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАГАДУВАЊЕ НА ВОДИТЕ

Македонија е една од ретките земји во кои има чиста изворска вода. Цел на оваа мерка е водите да останат чисти и за следните генерации.

Реализацијата на оваа мерка опфаќа изградба на пречистителни станици за отпадна вода во соработка со локалните самоуправи од горниот тек на Вардар, со што реката Вардар ќе стане река со квалитет на вода од втора категорија.

## **ПРОЕКТ 1:** ТРЕТИРАЊЕ ОТПАДНИ ВОДИ

- Поставување мерна опрема за квалитет на отпадни води на индустриските испусти (дежурно информативен центар за контрола на квалитетот на отпадните индустриски води).

  Рок: 2024 година.

- Поддршка за континуирана работа на пречистителните станици во градовите.

## **ПРОЕКТ 2:** ЗАШТИТА НА ПИВКИ ВОДИ

- За заштита на пивки води и превенција на нивно искористување во процес на наводнување, ќе поттикнеме искористување бунарски подземни води за техничка вода и за вода за наводнување. Исто така, предвидуваме и формирање и одржување заштитни зони и мерки околу извориштата за води за јавно снабдување.

# МЕРКА 6. **КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ**

Владата предводена од ВМРО-ДМПНЕ справувањето со климатските промени го има како врвен приоритет. Справувањето со овој проблем го гледаме и како шанса за технолошки напредок, модернизација на процесите на производството, транспортот и на енергетиката. Приспособувањето на македонското општество кон европските трендови за намалување на емисиите на стакленички гасови ќе го направи македонското стопанство поконкурентно и ќе отвори нови работни места во овој висококонкурентен сектор.

Од друга страна, Македонија мора интензивно да работи на адаптација кон климатските промени и подготвена да ги пречекува предизвиците кои ќе надоаѓаат во форма на промена на климатските услови, остра клима, суша, интензивни дождови и др. Во соработка со институциите надлежни за земјоделие, економија, транспорт, урбанизам, безбедност и локална самоуправа, ќе започнеме со изработка на Национална стратегија за справување и адаптирање кон климатските промени.

Рок: континуирано.



# 3. СОЦИЈАЛНА ГРИЖА И ЗАШТИТА НА РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ ГРАЃАНИ

ВМРО-ДПМНЕ како политичка партија десно од центарот, но истовремено и народна партија, прокламира дека најефикасна е онаа социјална политика која се остварува преку отворање нови и солидно платени работни места. При ова, ќе се води посебна грижа за ранливите категории граѓани.

Основната заложба, визија и цел на ВМРО-ДПМНЕ е реална помош на сите граѓани во ризик, еднаков пристап кон сите маргинализирани групи, менување на општествената свест и стереотипи во однос на ранливите категории граѓани, како и искрен пристап кон решавање на конкретните проблеми врз реална основа.

## МЕРКА 1. СИСТЕМ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ПО МЕРА НА ЧОВЕКОТ

### ПРОЕКТ 1: ОТВОРАЊЕ НА ДНЕВНИ ЦЕНТРИ ЗА ДЕЦА И ЛИЦА СО ПРЕЧКИ ВО РАЗВОЈОТ

Овие центри ќе даваат услуги за дневно згрижување, престој, нега, исхрана, психо-социјална рехабилитација и ресоцијализација, советодавна работа и организирано поминување на времето на децата со пречки во развојот кои живеат во своите биолошки семејства или се сместени во згрижувачки семејства.

Рок: 2024 година.
Буџет: 200 милиони денари.

### ПРОЕКТ 2: ГРАНТ ЗА ОТВОРАЊЕ ПРИВАТЕН ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА

Финансиски грант од домашни или меѓународни извори реализиран преку јавен оглас за отворање на 5 домови за стари лица од приватни компании.

Рок: 2024 година.
Буџет: 220 милиони денари.

### ПРОЕКТ 3: ДЕЦАТА ПОБЛИСКУ ДО НАС

Отворање на градинки во состав на државните институции, и тоа три во

првата година, како и финансиска помош на приватни компании коишто би сакале да го направат истото. Со овој проект ќе се отворат и нови работни места.

Рок: 2024 година.
Буџет: 120 милиони денари.

## ПРОЕКТ 4: ОТВОРАЊЕ НА НОВИ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ, ОБЈЕКТИ И ГРУПИ ВО ДРУГИ ПРОСТОРНИ УСЛОВИ

Во насока на континуирано решавање на проблемот со децениската запуштеност во сферата на згрижување и воспитување на децата од предучилишна возраст, Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе продолжи со изградба на нови детски градинки со кои ќе ги зголемиме капацитетите. Ќе се отворат детски градинки во Битола, Охрид, Кисела Вода, Ѓорче Петров, Кочани, Кичево, Ресен, Гостивар, Маврово-Ростуше, Аеродром. Овој проект ќе го опфати и следново:

- Воведување на видео надзор во сите градинки. Заради зголемена безбедност на децата, како и поголема контрола и надзор над вработените во овие установи, ќе се воведе видео надзор чиј начин на употреба и располагање ќе биде усогласен со Законот за заштита на лични податоци и нема да се дозволи злоупотреба.
- Бесплатни градинки за сите деца од семејства со минимални приходи.
- Надоместок за роднинско згрижување. Покрај формата згрижувачко семејство. Оваа форма на згрижување би била посоодветна за згрижените деца.
- Изградба и проширување на капацитетите на детските градинки, посебно во населените места со зголемен наталитет во последните 5 години.
- Изградба и проширување на капацитетите на детските градинки посебно во населените места со зголемен наталитет во последните 5 години.

Рок: 2024 и континуирано година.
Буџет: 650 милиони денари.

## ПРОЕКТ 5: СОЦИЈАЛНИ ПРАВА СО ЗГОЛЕМЕН ОБЕМ

- Право на пензија за еден од родителите коишто имаат дете со попреченост по наполнување на 62 години за жена, 64 години за маж, во висина од износ на минимална семејна пензија, доколку не исполнува право на пензија по друга основа.
- Субвенционирањето на трошоците за потрошувачка на енергенси да биде во висина на износот по фактура, а најмногу до 1000 денари месечно за платените сметки во тековната година.
- Зголемување на бројот на згрижувачките семејства.
- Унапредување на постапката за посвојување.
- Бесплатна бањско-климатска рекреација за лица со инвалидност.

- Бесплатна рехабилитација на деца и млади со пречки во развојот во социјална установа за згрижување и рехабилитација на деца и младинци и возрасни лица со телесен инвалидитет.
- Набавка на тифло-технички помагала за лица со оштетен вид.
- Пристапни рампи за лица со инвалидност.
- Бесплатен компјутер и помошна технологија за студентите со инвалидност.
- Воведување на право на активна инвалидска количка.
- Право на повластен превоз во јавниот автобуски и железнички сообраќај.
- Намалување на времето на издавање на ортопедски чевли над 7 цм.
- Стипендии за студенти со телесен инвалидитет.
- Ослободување од давачки за набавка на возило за лица со инвалидитет.
- Бесплатно користење на спортски објекти за децата со посебни потреби.
- Факсимилот ќе служи како официјален потпис на слепите лица.
- Библиотеки за лица со оштетен вид.
- Бесплатна возачка дозвола за лица со статус деца без родители и родителска грижа.
- Изградба на мали групни домови на државно земјиште од типот на Детско село, особено во општините каде што нема никаков тип од такво сместување: Битола, Струмица, Гостивар, Скопје, Гевгелија и Куманово.
- Изградба на специјализирани куќи за деца жртви од семејно насилство и трговија.
- Изградба на специјализиран центар за деца зависници.

Рок: 2024 година.

Буџет: 320 милиони денари.

## ПРОЕКТ 6: ДОКУП, ОДНОСНО ДОПОЛНУВАЊЕ НА РАБОТЕН СТАЖ

Фирмите со вработени на кои им е потребно да исполнат услов до 15 години работен стаж за остварување на правото на старосна пензија ќе можат да извршат докуп на стаж.

Ова право ќе важи, покрај за формите во стечај, затворени со претходна стечајна постапка или преку ликвидација, и за активни даночни обврзници во системот во Македонија. Ќе се однесува на осигуреници кои од кои било причини не можат да ја обезбедат потребната документација за платени придонеси.

При уплата на придонесите за кои не постои потребната документација дека претходно биле платени, засметаните камати ќе се отпишат во износ од 100%.

Мерката ќе биде со ограничено траење од 12 месеци.

Рок: јануари 2021-декември 2021 година.

# МЕРКА 2. **РАНЛИВИТЕ ГРУПИ – ВКЛУЧЕНИ ВО ПАЗАРОТ НА ТРУД**

## ПРОЕКТ 1: ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ – ЕДНАКВИ ВО ТРУДОТ

Овој проект опфаќа надомест на плата за полно работно време за работник со намалена работна способност во согласност со прописите за пензиско и инвалидско осигурување.

Исто така, во однос на заштитата на работниците кои се родители на деца со посебни потреби, идната Влада на Македонија предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе направи законско уредување за дополнителна заштита на работникот за кој работодавачот сака да го прекине договорот за вработување од деловни причини за работник што е родител на дете со посебни потреби.

Рок: 2023 година.
Буџет: 17 милиони денари

## ПРОЕКТ 2: ВРАБОТУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНИ ЛИЦА

Идната Влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе формира комбиниран систем на квотно вработување на лицата со инвалидитет, како и активни стимулативни мерки за работодавачите кои ќе вработуваат лица со инвалидитет. Исто така, задржувањето на овие лица ќе се поддржи со даночни ослободувања, како и обуки за стручно усовршување и доквалификување.

За потребите на глувонемите лица се предвидени квартални обуки за толкувачи на знаковен јазик.

Овој проект дополнително предвидува:

- Вклучување на лицата со инвалидност во надзорите кои се во надлежност на Државниот градежен инспекторат;
- Формирање на Координативно национално тело составено од владини претставници, НВО секторот и организациите на лицата со инвалидност кое ќе работи на препознавање на проблемите и унапредување на правата на овие граѓани.

Рок: 2024 година.
Буџет: 22 милиони денари.

## ПРОЕКТ 3: ЗАШТИТАТА НА ЖЕНАТА ОД СИТЕ ФОРМИ НА РОДОВО-БАЗИРАНО НАСИЛСТВО И ЖРТВИТЕ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО – РАТИФИКАЦИЈА НА ИСТАНБУЛСКАТА КОНВЕНЦИЈА

Нашата цел е воспоставување на нулта толеранција за различните облици на насилство на кои се изложени жените.

Насилство врз жените претставува кршење на човековите права и форма на дискриминација врз жените. Ги означува сите акти на родово засновано насилство коишто доведуваат или веројатно ќе доведат до физичка, сексуална, психичка или економска повреда или страдање на жените, вклучувајќи и закани за такви акти, изнуда или произволно лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или приватниот живот.

Ратификацијата на Истанбулската конвенција несомнено ќе влијае на јакнење на националниот систем за спречување и заштита од насилството врз жената.

Дополнително ќе предложиме бројни мерки со кои ќе ја подигнеме свеста на граѓаните за препознавање на родовата нееднаквост и дејствување во насока на остварување на родовата еднаквост со цел отказите поради бременост, помалку платениот труд, мобингот и насилството да останат во минатото. Унапредувањето на родовата еднаквост е од клучно значење за благосостојбата на општеството.

Рок: континуирано.
Буџет: 8 милиони денари.

# МЕРКА 3. ИНКЛУЗИВНО ОПШТЕСТВО – ОСНОВА ЗА ЕДНАКВОСТ И ДЕМОКРАТИЈА

Основна заложба и визија на новата Влада на ВМРО-ДПМНЕ е да развиваме општество во кое се прифаќаат различностите. Ќе работиме кон надминување на стереотипите, стигматизацијата и поделбите по различни основи меѓу граѓаните.

## ПРОЕКТ 1: ИНКЛУЗИЈА НА ДЕЦАТА СО АУТИЗАМ

Ќе се овозможи помош на семејствата кои имаат деца со аутизам, на околината, образовните институции и на самите деца за да можат подобро да функционираат во општеството. Ова ќе се оствари преку:

- Воведување на напредни обуки и имплементирање на програми за работа со деца со аутизам;
- Изготвување на национална стратегија за борба со проблемот на аутизам;
- Финансиска помош на семејствата кои имаат деца или возрасни со аутизам.

Рок: 2024 година.
Буџет: 8 милиони денари.

## ПРОЕКТ 2: ФОРМИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕДНАКВОСТ И ДЕМОКРАТИЈА

Советот во себе ќе вклучи владини претставници од повеќе сектори, невладини организации кои работат на полето на инклузијата, еднаквоста и демократијата, домашни и странски експерти. Со Националниот совет раководи Претседателот на Владата или лице определено од него. Советот има за цел да прави анализи на состојбите на терен и во законодавството, да предлага решенија до институциите во земјата и да дава законски инцијативи за нормативно подобрување на состојбите.

Рок: 2022 година.



# 4. МЛАДИТЕ СЕ НАШАТА ИДНИНА

Во моментов младите во Македонија се на маргините на општествениот развој. Затоа, идната Влада на ВМРО-ДПМНЕ, свесна за потребата од нови решителни правци за надминување на проблемите на младите, нуди визија за создавање на општествени услови новите генерации на млади луѓе да ја градат својата иднина во сопствената земја. За таа цел, ВМРО-ДПМНЕ предвидува реализација на следните мерки:

1. Обезбедување на услови за вработување на повеќе од 50.000 млади за период од 4 години;
2. Современо образование кое ги подготвува младите за потребите на пазарот на труд и подобрен студентски и ученички стандард;
3. Младите активно учествуваат во донесувањето одлуки; и
4. Култура и спорт по мерка на младите

## МЕРКА 1. СТИМУЛАТИВНИ МЕРКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ

Според Државниот завод за статистика, стапката на невработеност на младите во Македонија е 35,6%, која е највисока во Европа и двојно повеќе од просекот на Европската Унија. Во ситуација на глобален пазар на труд, младите одбираат да работат и живеат во некоја од поразвиените земји во Европа, САД, Канада, Австралија и други. Тоа доведува до „стареење на нацијата“ и одлив на квалитетни млади луѓе. Според бизнис-секторот, постои силна неусогласеност на понудата на образовни квалификации и побарувачката од страна на пазарот на труд, како и недоволната ангажираност на образовните институции во кариерното насочување на младите. Оттука, ВМРО-ДПМНЕ се залага за системски и структурни мерки со кои се покажува посветеност на општеството кон младиот човек.

Во текот на четиригодишниот мандат предвидуваме:

### ПРОЕКТ 1: ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ МЛАДИ ЛИЦА:

- Ослободување од данок на личен доход за млади до 29 години кои остваруваат годишни приходи до 6.000 евра, во денарска противвредност.
- Шанса плус – компаниите кои ќе вработат ученици кои по завршувањето на средно стручно образование нема да продолжат со студиите, ќе добијат олеснувања и ослободувања за одреден период.
- Месечна финансиска поддршка за компаниите кои ќе вработат млади

до 29 години кои се невработени подолго од 24 месеци, а се од семејства во социјален ризик.
- Загарантирана работа на 500-те најдобри студенти од државните универзитети.

Рок: 2021 година.

## ПРОЕКТ 2: 4 МИЛИОН ЕВРА ЗА ПРЕТПРИЕМАЧКА ИНИЦИЈАТИВА НА МЛАДИ

Владата на ВМРО-ДПМНЕ го воспостави проектот за финансиска поддршка на невработени млади преку неповратни грантови и грантови со кредитирање, заради отворање на сопствен бизнис и финансиска поддршка за иновативни проекти. Со цел поддршка на претприемачката иницијатива, се обврзуваме во текот на мандатот за оваа цел да одвоиме најмалку 4 милиони евра.

Институција носител: Агенција за вработување на Македонија и Фонд за иновации и технолошки развој.
Рок: 2021 година.
Буџет: 244 милиони денари за четири години.

## ПРОЕКТ 3: ПРОФЕСИОНАЛНИ ВЕШТИНИ ЗА МЛАДИТЕ

Во рамките на новоформираните Младински центри, а со цел поттикнување на претприемништво и подобрување на професионалните вештини, ќе се организираат обуки за дигитални вештини (scrum и agile, проектен менаџмент и SAFe методологија, обуки за blockchain технологии и други), кариерно советување, обуки за доквалификација и преквалификација во соработка со стопанските комори, обуки за аплицирање на грантови од владини и невладини институции, грижа за менталното здравје и личниот развој, техники на вмрежување (networking). Имајќи предвид дека прибирањето економски средства за реализација на првични бизнис планови е сериозен предизвик за младите претприемачи, предвидуваме и обуки за младите сами да можат да прибираат средства за финансирање на нивните бизнис планови и проекти (crowd-funding и fund-raising).

Институција носител: Агенција за млади и спорт.
Рок: 2021 година.
Буџет: 3 милиони денари.

## ПРОЕКТ 4: ONLINE МЛАДИНСКА ПЛАТФОРМА

Агенцијата за млади и спорт ќе овозможи функционирање на електронска платформа за млади, која ќе ги содржи сите информации во врска со кариерен и образовен развој на младите. Дополнително, на платформата ќе бидат достапни информации за сите видови стипендии, информации за сместување во студентски и ученички домови, TED talks, online курсе-

ви, обуки за професионални вештини итн.

Институција носител: Агенција за млади и спорт.
Рок: 2021 година.
Годишен Буџет: 1,2 милиони денари.

### ПРОЕКТ 5: МЛАД ЗЕМЈОДЕЛЕЦ 2.0

Младиот земјоделец е иднината на македонското земјоделство. Во рамките на овој проект, кој има за цел да ги поддржи младите земјоделци, ќе се обезбеди советување за младите регистрирани земјоделци за користење на средствата од ИПАРД програмата, улогата на технологијата во земјоделството и други обуки кои ќе им бидат од помош. Сите оние кои ќе ги завршат успешно обуките ќе можат да користат бесплатни совети од лиценцирани земјоделски советници. Дополнително, по завршување на обуката младите земјоделци ќе имаат можност да аплицираат за финансиска поддршка до 20.000 евра врз основа на приложен бизнис план.

Институција носител: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.
Рок: 2021 година.
Буџет: 250 милиони денари.

### ПРОЕКТ 6: ФОНД ЗА КОФИНАНСИРАЊЕ НА ОБУКИ

Владата ќе ја поттикне продуктивноста на економијата така што ќе бидат финансиски поддржани компаниите за сертифицирани обуки за зголемување на продуктивноста на работниците односно стекнување вештини за работа со нови технологии. За млади лица до 29 години првите три обуки ќе бидат покриени во износ до 100%, а фондот ќе предвидува и покривање на трошоци за обуки за млади кои се невработени или за кои компанијата не одобрува средства.

Институција носител: Влада на Македонија.
Рок: 2021 година.
Буџет: 1,5 милиони денари.

### ПРОЕКТ 7: ДОНЕСУВАЊЕ ЗАКОН ЗА МЛАДИНСКА РАБОТА

Рок: 2021 година.

## МЕРКА 2. МОДЕРНО ОБРАЗОВАНИЕ И ЕВРОПСКИ СТАНДАРД

Во 2019 година, Македонија беше меѓу последно рангираните земји по знаење на учениците до 15-годишна возраст според меѓународното тестирање ПИСА. Слично, македонските универзитети не се најдоа на листата на 1500 најдобри универзитети според Шангајската листа. Од друга

страна, во време на зголемена дигитализација, образовните системи треба да ги подготват учениците и студентите со добри познавања од областа на природните, општествените науки и да им помогнат да совладаат и странски јазици. По примерот на развиените западноевропски земји, предлагаме проекти кои ќе го подигнат квалитетот на знаењето кое младиот човек го добива и можности за стекнување на професионално искуство за време на студиите.

## ПРОЕКТ 1: МОДЕРНИ И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНИ СТУДЕНТСКИ И УЧЕНИЧКИ ДОМОВИ

Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ во текот на својот мандат ќе издвои 40 милиони евра кои ќе бидат наменети за целосно реновирање и реконструкција на студентските домови, целосна замена на дотраениот мебел, простории за културно забавен живот и занимални, фитнес зони, нови перални и сушални, читални и простории за заедничко учење. Во рамките на подобрување на условите на студентските домови се подразбира и значајно поквалитетна храна во мензите, како и воведување на можноста за најмалку еден студентски оброк за редовните студенти.

Институција носител: Министерство за образование и наука, Државни студентски домови.
Рок: целосна реализација до 2024 година.
Буџет: 2,4 милијарди денари за мандат од 4 години.

## ПРОЕКТ 2: КАРИЕРНИ ЦЕНТРИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНО КАРИЕРНО СОВЕТУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ

Иако кариерните центри при универзитетите претставуваат законска обврска уште од 2008 година, во Македонија сè уште не постои современ универзитетски кариерен центар. Од друга страна, Владата на ВМРО-ДПМНЕ во соработка со партнери од САД отвори повеќе од 54 кариерни центри во средните стручни училишта. Имајќи го предвид ова искуство, а по примерот на кариерните центри во САД, Германија и Шведска, во соработка со меѓународни и домашни партнери, предвидуваме отворање кариерни центри во рамки на државните универзитети, како и модернизација и отворање на нови кариерни центри во рамките на средните стручните училишта.

Институција носител: Државни универзитети, Министерство за образование.
Рок: академска 2021-2022 година.
Буџет: во зависност од бројот на центри.

## ПРОЕКТ 3: ВСЕЛУВАЊЕ НА ФИНКИ И ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ВО НОВИ ЗГРАДИ

Конечно завршување на изградбата и комплетно опремување на факулте-

тите во состав на Универзитетскиот центар во Скопје.

Институција носител: Министерство за образование и наука.
Рок: комплетна реализација до 2023 година.

## ПРОЕКТ 4: РАБОТИ ДОДЕКА СТУДИРАШ

По примерот на германскиот модел на werkstudium, за студентите предвидуваме стекнување практично искуство во приватни или државни институции за време на студиите, со уживање на права на социјално и здравствено осигурување и надомест за поминато време во работен однос. Целта на оваа реформа е да се обезбеди практично искуство за време на студиите кое ќе биде платено и ќе им помогне на студентите да обезбедат соодветно вработување по завршување на студиите. Покрај студентите на втор циклус на студии во рамките на овој проект ќе биде реализирана и можноста редовните студенти на додипломски студии да можат да работат со скратено работно време, до 20 часа неделно, како и да работат во текот на летниот период.

Институција носител: Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика.
Рок: 2021-2022 година.
Буџет: нема.

## ПРОЕКТ 5: ПРОИЗВЕДЕНО ВО МАКЕДОНИЈА (MADE IN MACEDONIA)

Владата на ВМРО-ДПМНЕ има за цел креирање на силен национален препознатлив бренд на мултидисциплинарно знаење и вештини на студенти и ученици од сите образовни циклуси. Преку овој проект, секој национален тим кој ќе се пласира за натпревар на меѓународна конференција од светски карактер, ќе добие директна финансиска поддршка од Министерството за образование и наука, но и пакет со национални промотивни материјали со информации за земјата со кои ќе ја промовира Македонија на светските настани од образовен и спортски карактер.

Институција носител: Министерство за образование и наука и Агенција за туризам.
Рок: 2021 година.
Буџет: 5 милиони денари.

## ПРОЕКТ 6: ПОДДРШКА ЗА МАКЕДОНСКИОТ СТУДЕНТ

Студентите во Македонија треба да се чувствуваат како вистински академски граѓани. Затоа, предвидуваме износот наменет за стипендии за студенти во 4 години мандат да надмине **10 милиони евра.** Дополнително, Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ предвидува реализација на бројни проекти за поддршка на македонскиот студент:

- Промена на студентски статус на студентите од приватна квота (со ко-финансирање) доколку во првата година од студиите оствариле просек од 8,5;
- Целосни стипендии за постдипломски студии за најдобрите 5% од студентите на додипломски студии од секој државен факултет;
- Целосни стипендии за докторски студии за најдобрите студенти од постдипломски студии од секој факултет на државните универзитети во Македонија
- Поставување на сите стипендии кои ги доделуваат државните институции на online платформата за млади и комплетна дигитализација на процесот на аплицирање.

Институција носител: Влада на Македонија.
Рок: континуирано до 2024 година.
Буџет: 610 милиони денари.

## ПРОЕКТ 7: НАЈГОЛЕМИ УЧЕНИЧКИ ТАЛЕНТИ

Со цел стимулација на учениците да бидат дел од натпреварувањата во знаење и да се награди нивната исклучителност, предвидуваме стипендии во износ до 300.000 денари за академската година, кога учениците ќе постигнат резултати на светска олимпијада, меѓународен, државен, регионален или општински натпревар во знаење. Дополнително, предвидуваме и годишни стипендии за првенците на генерација во државните училишта, како и еднократна стипендија за првенците на клас.

Институција носител: Министерство за образование и наука.
Рок: континуирано до 2024 година.

## ПРОЕКТ 8: МАТЕМАТИЧКА ГИМНАЗИЈА

По примерот на западноевропските развиени земји предвидуваме отворање на математичка гимназија која ќе нуди образование по специјално дизајнирани наставни планови и програми, во областа на математиката, информатичките технологии и програмирањето преку гејмификација на дел од наставните програми.

Институција носител: Министерство за образование и наука.
Рок: академска 2021-2022 година.
Буџет: 30 милиони денари.

## ПРОЕКТ 9: СПОРТСКИ ИГРИ И КВИЗОВИ

Во соработка со Сојузите за средношколски спорт, како и универзитетските студентски и младински организации, се предвидува организирање на годишни натпревари во знаење и спорт.

Институција носител: Министерство за образование и наука.
Рок: академска 2021-2022 година.
Буџет: 3 милиони денари.

## ПРОЕКТ 10: ЧАС ПЛУС!

Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе отпочне комплетна ревизија на воннаставните активности во рамките на средните училишта во Македонија, сè со цел воведување на програми и обуки кои соодветствуваат на модерните текови. Идејата е овие часови да вклучуваат практични обуки за интернет безбедност, волонтерство, работилници за поттикнување емпатија помеѓу учениците и намалување на врсничкото насилство, интеркултурен дијалог, организирање хакатони за поттикнување на човековите права кај младите во согласност со Стратегијата за млади 2030 на Советот на Европа. Во рамките на овој проект средношколците ќе имаат пристап и до дигитална платформа на која ќе има TED talks на овие теми.

Институција носител: Министерство за образование и наука.
Рок: академска 2021-2022 година.
Буџет: во рамките на постојните буџети.

# МЕРКА 3. АКТИВНИ МЛАДИ КОИ УЧЕСТВУВААТ ВО ДОНЕСУВАЊЕТО ОДЛУКИ

Младиот човек не смее да остане средство и објект за задоволување на туѓи интереси. Напротив, сметаме дека младите можат да придонесат во структурално реформирање на општеството преку нивно активно учество во процесите кои ги засегаат, и тоа младинските политики, заштитата на животната средина, новите технологии, спортот, уметноста и културата. Младинската политика и учеството на младите во носењето одлуки е и дел од новата Стратегија на Советот на Европа 2030. Затоа, предлагаме проекти за зајакнување на претставувањето на младите на локално и централно ниво и зајакнување на квалитетното информирање на младите на сите нивоа.

## ПРОЕКТ 1: 100 МЛАДИ ТАЛЕНТИ

Медиумскиот простор во Македонија е ретко исполнет со информации за младите и нивните иницијативи, проекти, заложби и достигнувања. За таа цел, по примерот на Global Shapers Lisbon Hub кој е дел од Светскиот економски форум, ќе промовираме 100 најдобри млади од Македонија и дијаспората, од јавниот, приватниот, академскиот, невладиниот, културниот, спортскиот сектор.

Институција носител: Агенција за млади и спорт.
Рок: 2021 година.
Буџет: од постоечкиот буџет на Агенцијата.

## ПРОЕКТ 2: ДЕН НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Заради зголемување на свесноста за заштитата на животната средина, еден ден во годината, сите државни основни, средни училишта и универзитети ќе организираат чистење на просторот во близина на училиштата и садење на садници заради поддршка на борбата за животна средина и ангажман на сите граѓани за давање придонес кон здрава животна средина.

Институција носител: Министерство за образование и наука.
Рок: 2021 година.
Буџет: 1милиони денари.

## ПРОЕКТ 3: МЛАДИНСКИ РЕСУРСНИ И КУЛТУРНИ ЦЕНТРИ

Во сите плански региони во Македонија ќе се формира по еден ресурсен центар за поддршка на основање и функционирање на младински организации и организации за млади, кои ќе служат и како отворени хабови и лаборатории. Овие ресурсни центри, можат да влезат во рамките на изградбата и реконструкцијата на младинските културни центри во државата.

Институција носител: Агенција за млади и спорт и единиците на локалната самоуправа.
Рок: 2024 година.
Буџет: 2 милиони евра.

## ПРОЕКТ 4: ПОДДРШКА ЗА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ МЛАДИНСКИ СОВЕТИ И НАЦИОНАЛНОТО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ

Во Македонија се формирани бројни локални младински совети, но нивната функционалност е лимитирана поради непостоењето на системска поддршка од страна на централната и локалните власти. Заради реализација на Законот за младинско учество и младински политики, Агенцијата

за млади и спорт активно ќе работи на поддршка на дооформувањето на локалните младински совети, како и формирањето на националното собрание за млади. Во рамките на овој проект се предвидува да се реформира Секторот за млади во рамките на Агенција за млади и спорт и да се формира Центар за истражувања и анализи за потребите на младите во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.

Институција носител: Агенција за млади и спорт и единиците на локалната самоуправа.
Рок: почнувајќи од 2021 година.
Буџет: 8 милиони денари.

## МЕРКА 4. ПРОМОЦИЈА НА КУЛТУРАТА И СПОРТОТ КАЈ МЛАДИТЕ

Во моментов, поддршката за младите уметници и спортисти е несистемска, ретка и пристрасна. Оттука, материјалниот примат ќе го имаат инвестирањето во културната и спортската инфраструктура, опремата и ресурсите за учество на натпревари. Но, поддршката на младите уметници и спортисти не останува само на материјалното. Треба да заврши времето на непотизмот и корупцијата во создавањето на новите генерации уметници и спортисти. Одбирањето на спорт подразбира штит од пороците на денешницата, здрав живот и градење на тимски и индивидуален натпреварувачки дух.

### ПРОЕКТ 1: МЛАДИНСКИ ФЕСТИВАЛ

Можност за младите уметници да се претставаат на настан кој ќе трае една недела. Покрај младите уметници кои ќе имаат свој перформанс во разни области на овој фестивал ќе гостуваат и светски познати уметници со цел да се привлече што поголема публика.

Институција носител: Министерство за култура, Агенција за млади и спорт и единиците на локалната самоуправа.
Рок: 2021 година.
Буџет: 2,4 милиони денари годишно.

### ПРОЕКТ 2: МЛАДИНСКИ УМЕТНИЧКИ ГРУПИ

Агенција за млади и спорт ќе поттикне формирање на младински музички оркестар, младинска ликовна група, клуб на млади писатели, патувачки театар и останати уметнички групи. На истите ќе им се овозможи настап низ општините во Македонија, надополнети и со филмски проекции. Ваквите активности имаат за цел да го збогатат културно забавниот живот насекаде во државата.

Институција носител: Агенција за млади и спорт и единиците на локалната самоуправа.

Рок: почнувајќи од 2021 година.
Буџет: 2,4 милиони денари.

## ПРОЕКТ 3: ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ПОДКАСТИ НА МЛАДИ УМЕТНИЦИ

Преку подкасти ќе се промовираат активностите на уметниците, нивна популаризација како и информирање на младите за културно забавниот живот кој се нуди во нивните места на живеење.

Институција носител: Агенција за млади и спорт.
Рок: почнувајќи од 2021 година.
Буџет: 1 милион денари годишно.

## ПРОЕКТ 4: ПОДДРШКА НА МЛАДИ УМЕТНИЦИ

Преку следните активности, ќе се овозможи директна и реална поддршка на младите уметници:

- Олеснителни можности за социјално, пензиско и здравствено осигурување на млади уметници
- Финансиска поддршка за купување на музички инструменти и други потребни материјали
- Обуки за можностите за аплицирање на грантови за поддршка на проекти од областа на културата во државата и во странство

Институција носител: Агенција за млади и спорт, Министерство за култура.
Рок: почнувајќи од 2021 година.

## ПРОЕКТ 5: ЗАПОЗНАЈ ЈА МАКЕДОНИЈА

Со цел на младите да им се претставаат културните знаменитости на Македонија, ќе се организираат тури со вклучен превоз и професионални туристички водичи, на кои ќе можат да аплицираат сите млади луѓе.

Институција носител: Агенција за млади и спорт, Министерство за култура, Агенција за туризам.
Рок: почнувајќи од 2021 година.
Буџет: 3 милиони денари.

## ПРОЕКТ 6: 50% ПОПУСТ НА ВЛЕЗНИЦИ ЗА НАСТАНИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

За популаризација на уметноста и културата, за сите млади до 29 години ќе се овозможи 50% попуст за влез на настани кои ги организираат институциите под капата на Министерството за култура.

Институција носител: Министерство за култура.
Рок: почнувајќи од 2021 година.

## ПРОЕКТ 7: 50% ПОПУСТ НА ВЛЕЗНИЦИ ЗА СПОРТСКИ НАСТАНИ ВО СОРАБОТКА СО СПОРТСКИТЕ ФЕДЕРАЦИИ

Заради популаризација на националниот и клупскиот спорт, а во соработка со спортските федерации, за сите млади до 29 години ќе се овозможи 50% попуст за влез на национални и клупски спортски настани.

Институција носител: Агенција за млади и спорт во соработка со спортските федерации.
Рок: почнувајќи од 2021 година.

## ПРОЕКТ 8: ВЕЛОСИПЕДОТ, ПРИМАРНО ПРЕВОЗНО СРЕДСТВО

Младите треба да бидат главни носители на спортскиот дух, но и заштитници на животната средина. Затоа, овозможуваме субвенции за купување на велосипед и електрични тротинети за сите млади во Македонија. Оваа поддршка, надополнета со заложбите за изградба на соодветна велосипедска инфраструктура, како и проектите за изнајмување велосипеди на локално ниво, треба да ја врати Македонија на мапата на држави чие примарно превозно средство е велосипедот.

Институција носител: Агенција за млади и спорт.
Рок: почнувајќи од 2020 година.
Буџет: 6 милиони денари.

## ПРОЕКТ 9: ВОВЕДУВАЊЕ НА БЕСПЛАТНИ ТЕРМИНИ ВО СПОРТСКИТЕ ОБЈЕКТИ

Во соработка со единиците на локалната самоуправа, Агенцијата за млади и спорт ќе обезбеди по еден термин неделно кој бесплатно ќе можат да го користат младите кои живеат во соодветната општина.

Институција носител: Агенција за млади и спорт.
Рок: почнувајќи од 2021 година.

## ПРОЕКТ 10: ПОДДРШКА ЗА СПОРТСКО ЗАБАВНИ И РЕКРЕАТИВНИ НАСТАНИ И ЕМИСИИ

Со цел популаризација на спортските и забавно-рекреативни настани и емисии, Агенцијата за млади и спорт, преку јавен повик, ќе ги финансира приватните продукции, спортски здруженија и организации за организирање на нови или поголема афирмација на постоечки настани и емисии од областа на спортот и забавата кај младите.

Институција носител: Агенција за млади и спорт.
Рок: 2021 година.
Буџет: 61,5 милиони денари.



# 5. ПОТТИКНУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА СПОРТОТ

Занимавањето со спорт и спортски активности помага во создавањето на трајни вредности во развојот на личноста и социјализацијата, позитивен и здрав спортски начин на живеење, едукација за правилна исхрана, запознавање со важноста на физичката активност, воспоставување на спортска култура, меѓу другото и основа за превенција од сет на здравствени заболувања, а секако и запознавање и рана едукација во однос на негативноста на болестите на зависност (алкохолизам, наркоманија, допинг во спортот).

Спортистите и спортските работници со години се соочуваат со тешкотии во секојдневната работа, во однос на условите, инфраструктурата, можности за едукација и финансиски ограничени буџети. Иако е мала земја, Македонија оствари особени успеси на меѓународен план во индивидуалните и колективни спортови, на репрезентативен и клупски план. Во рамките на професионалниот спорт, огромно значење има следењето на трендовите во развиениот свет каде спортската едукација, професионализмот и медицинската наука имаат сè поголемо влијание во остварувањето на врвни спортски резултати. Инвестирањето и финансиските бенефити во светот на спортот стануваат сè поголеми и повисоки, при што стануваат битен фактор во секое општество.

Владите на ВМРО-ДПМНЕ, во периодот од 2006/2016 година, донесоа сет мерки кои директно и успешно го помогнаа развојот на спортот во делот на достапноста и масовноста во спортот, финансирањето и спортската инфраструктура:

- ограничено ослободување од данокот на добивка на компаниите кои ќе финансираат во спортот,
- издвојување на 3% од добивката од игрите на среќа во обложувалниците, односно 1,5% од добивката од игрите на среќа во автомат-клубовите,
- изградба на речиси 300 спортски капацитети од редот на затворени спортски сали, фудбалски игралишта, тениски терени, повеќенаменски спортски терени, фитнес зони,
- дооформување и изградба на Спортската арена „Филип Втори“ и СЦ „Борис Трајковски“,
- воведување на 500 стипендии за млади спортски таленти,
- Континуирано финансиско партиципирање во поддршката на спортските федерации

Помпезната најава за развој на спортот во Македонија од страна на

СДСМ не се реализира, а за тоа говори фактот дека предизборната програма и програмата која е доставена во Собранието од страна на СДСМ нема ефикасност во реализацијата и не е конзистентна во предложените проекти.

Имајќи за цел да се унапреди квалитетот на условите и можностите за практицирање на спортот и спортските активности, **клучните стратешки определби** кои се предвидуваат да бидат остварени во следниот 4-годишен период се:

- Измена и дополнување,а потоа и носење на комплетно нов Закон за спорт – закон кој ќе ги задржи позитивните мерки и истовремено ќе ги следи и имплементира актуелните светски трендови во развојот на спортот и неговото унапредување, а истовремено измена и дополнување на Законот за локална самоуправа, во насока на зголемување на надлежностите на општините во областа на спортот;
- Воспоставување на современа спортска медицина – воведување на нови високи стандарди во здравствената заштита и медицинските прегледи во областа на спортот
- Воведување на дополнителна мерка за финансирање во спортот
- Мерка **“Спортски денар”** – одвојување на 1 денар од акцизата на нафтените деривати во малопродажбата. Овие средства ќе се користат за развој на спортот, спортската инфраструктура и науката во спортот.
- Изградба на Национален центар за спорт и бази за спортски подготовки – спортски комплекс за летни и зимски подготовки, одржување на турнири и младински првенства во различни спортови;
- Нови сместувачки капацитети за ученици и студенти од областа на спортот.

Водејќи се од тоа дека спортот ги опфаќа сите возрасни категории, од предучилишна возраст, преку основните, средните училишта и универзитетите и продолжувајќи во возрасната доба, со определен фокус кон врвниот професионален спорт, истовремено залагајќи се во насока на достапност, масовност, едукација и спортско натпреварување, ВМРО-ДПМНЕ ги препознава следните мерки и проекти:

## МЕРКА 1. УНАПРЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ И УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ СПОРТ

Спортот започнува уште во градинките, преку училиштата и универзитетите; се практицира и во највозрасните години, при што посебна цел е инволвирање во спортот и физичката активност на сите деца од најрана возраст, пред сѐ од здравствени причини, стварајќи здрави спортски навики како начин на живеење, а истовремено обезбедувајќи масовност во спортот; рано откривање на спортски таленти; вклучување на млади спортисти во натпреварувачки систем како основа за квалитетен репрезентативен и клупски спорт. За развој на училишниот спорт ќе бидат преземени следните проекти:

## ПРОЕКТ 1: УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЧАСОВИТЕ ПО ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Рок: континуирано.

Буџет: 10 милиони денари.

## ПРОЕКТ 2: ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ВО КОИ СЕ ИЗВЕДУВААТ НАСТАВНИТЕ ЧАСОВИ ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА, ВО ОДНОС НА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СООДВЕТНИ РЕКВИЗИТИ.

Рок: континуирано.

Буџет: 600 милиони денари.

## ПРОЕКТ 3: УНАПРЕДУВАЊЕ НА ХОРИЗОНТАЛНА И ВЕРТИКАЛНА КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА ВО РЕЛАЦИИТЕ МОН, БРО, ДИЦ, ЕЛС И УЧИЛИШТАТА, ВКЛУЧИТЕЛНО ВО АНГАЖИРАЊЕТО НА СТРУЧНИТЕ КАДРИ ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ.

Рок: континуирано.

Буџет: 10 милиони денари.

## ПРОЕКТ 4: КОНТИНУИРАНО УСОВРШУВАЊЕ НА СПОРТСКИОТ НАСТАВЕН КАДАР СО ЗАДОЛЖИТЕЛНА ПОСЕТА НА СЕМИНАРИ ОДРЖАНИ ВО СООДВЕТНА СПОРТСКА ИНСТИТУЦИЈА ИЛИ СПОРТСКА ФЕДЕРАЦИЈА

Рок: континуирано.

Буџет: 6 милиони денари.

## ПРОЕКТ 5: УНАПРЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ НА НАТПРЕВАРУВАЊЕ ВО РАМКИТЕ НА ОСНОВНИТЕ, СРЕДНИТЕ, ВО СОРАБОТКА СО ЕЛС, СО ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА, ПРАВЕЈЌИ ГО ПОЕФИКАСЕН, ПОПРИВЛЕЧЕН И СЕОПФАТЕН.

## ПРОЕКТ 6: КОМПЛЕТНА РЕОРГАНИЗАЦИЈА И ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ СПОРТ СО ЦЕЛ ПОДИГНУВАЊЕ НА НИВОТО НА ОРГАНИЗАЦИЈА.

Рок: континуирано.

Буџет: 10 милиони денари.

## МЕРКА 2. **ВРВЕН СПОРТ**

Во рамките на професионалниот спорт огромно значење има следењето на трендовите во развиениот свет каде **посебната цел** е остварување на врвни спортски резултати.

### ПРОЕКТ 1: ПОДОБРУВАЊЕ НА МЕРКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ДАНОКОТ НА ДОБИВКА НА ПРИВАТНИТЕ КОМПАНИИ

### ПРОЕКТ 2: ПОСЕБНА ГРИЖА ЗА ВРВНИТЕ СПОРТИСТИ ВО ИНДИВИДУАЛНИТЕ СПОРТОВИ, ПРЕКУ ПОМАГАЊЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НИВНИТЕ ГОДИШНИ СПОРТСКИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ.

### ПРОЕКТ 3: МЕРКИ ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ И КОМПЕТЕНТНОСТА НА МЕНАЏМЕНТОТ ВО СПОРТСКИТЕ КЛУБОВИ

### ПРОЕКТ 4: ПОСЕБНИ БЕНЕФИЦИИ ЗА СПОРТСКИ КЛУБОВИ КОИ ОСТВАРУВААТ ВИСОКИ СПОРТСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО МЕЃУНАРОДНИ РАМКИ

Рок на реализација: Јануари 2021 година.
Буџет: од мерка ослободување од данок на добивка и спортски денар

## МЕРКА 3. **КОНТИНУИРАНО ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО ПОДОБРУВАЊЕ НА СПОРТСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА И НЕЈЗИНО ОДРЖУВАЊЕ**

Квалитетот и унапредувањето на спортската инфраструктура е еден од важните предуслови за развивање на спортот и спортските активности, основа за масовност во спортот и достапност до термини во спортските објекти, имајќи посебна цел – секоја општина да има своја спортска сала, а секое училиште услови за реализација на спортски активности. Конкретните проекти опфаќаат:

### ПРОЕКТ 1: ИЗРАБОТКА НА РЕГИСТАР НА СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ И КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ИСТИТЕ

Рок: 2023 година
Буџет: 2 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 2:** РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИТЕ СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ, НИВНО НАДГРАДУВАЊЕ ДО ОПРЕДЕЛЕНИ СТАНДАРДИ

Рок: континуирано.

Буџет: 600 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 3:** КОНТРОЛА НА ОДРЖУВАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ ОБЈЕКТИ, ОСТВАРУВАЈЌИ ОПТИМИЗАЦИЈА МЕЃУ ВЛОЖУВАЊЕТО И ИСКОРИСТЕНОСТА

Рок: континуирано.

## **ПРОЕКТ 4:** АНАЛИЗА НА ПРИОРИТЕТ ЗА ИЗГРАДБА НА ПОВЕЌЕ МАЛИ СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ, ОСТВАРУВАЈЌИ ГО ПРИНЦИПОТ НА РАСПРОСТРАНЕТОСТ

Рок: 2023 година.

## **ПРОЕКТ 5:** ИЗГРАДБА НА ЗАТВОРЕНИ СПОРТСКИ САЛИ, СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА, ОТВОРЕНИ КОШАРКАРСКИ ИГРАЛИШТА (STREET BASKET 3-3), ПОВЕЌЕНАМЕНСКИ ИГРАЛИШТА И АТЛЕТСКИ ПАТЕКИ ВРЗ ОСНОВА НА УТВРДЕНА МОЖНОСТ И ПОТРЕБА

Рок: континуирано.

Буџет: 600 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 6:** ЗАТВОРЕНА ТЕНИСКА АРЕНА СО ГИМНАСТИЧКА САЛА И САЛА ЗА БОРЕЧКИ СПОРТОВИ ВО СЦБТ

Рок: 2024 година.

Буџет: 400 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 7:** МОДЕРНИЗАЦИЈА НА 4 ФУДБАЛСКИ СТАДИОНИ, ВО ПРИЛЕП, БИТОЛА, ШТИП И ТЕТОВО

Рок: 2024 година.

Буџет: 600 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 8:** ИЗГРАДБА НА ЗАТВОРЕН ПЛИВАЧКИ БАЗЕН, СО ОЛИМПИСКИ ДИМЕНЗИИ, ИСТОВРЕМЕНО И ИЗГРАДБА НА ПОВЕЌЕ МИНИ БАЗЕНИ ВО РАМКИТЕ НА ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТИ И УЧИЛИШТА

Рок: 2024 година.

Буџет: 600 милиони денари.

## ПРОЕКТ 9: ИЗГРАДБА НА МОТО-ЦЕНТАР

Рок: 2024 година.
Буџет: 600 милиони денари.

# МЕРКА 4. УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА ВО ОБЛАСТА НА СПОРТОТ

Следењето на светските научни достигнувања во областа на медицината и нивна имплементација во рамките на можностите, има посебна цел во однос на превенцијата на болести како примарна здравствена заштита, раното откривање на болести и нивно лекување. Од аспект на професионалниот спорт, посебната цел е превенција од повреди и нивно правилно третирање, како и ефикасна спортска рехабилитација, вклучително и постоперативна, создавајќи услови за врвни спортски достигнувања. Во оваа област ќе бидат реализирани следните проекти:

## ПРОЕКТ 1: ПРОЕКТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА МОМЕНТАЛНАТА СЛИКА НА ЗДРАВСТВЕНАТА СОСТОЈБА НА МЛАДИТЕ

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ 2: СОВРЕМЕНА СПОРТСКА МЕДИЦИНА, СО СОВРЕМЕНА АПАРАТУРА И СТАНДАРДИЗИРАНИ СПОРТСКИ МЕДИЦИНСКИ ПРЕГЛЕДИ

Рок: 2023 година.
Буџет: 200 милиони денари.

## ПРОЕКТ 3: ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА УСОВРШУВАЊЕ НА МЕДИЦИНСКИОТ КАДАР ВО ОБЛАСТА НА СПОРТОТ

Рок: континуирано.
Буџет: 50 милиони денари.

## ПРОЕКТ 4: ДОСТАПНОСТ НА СВЕТСКА ЛИТЕРАТУРА ОД ОБЛАСТА НА МЕДИЦИНАТА

Рок: континуирано.
Буџет: 1 милиони денари.

## ПРОЕКТ 5: СОРАБОТКА СО ЕЛИТНИ СПОРТСКО-МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТРИ И РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА И КАДРИ

Рок: континуирано.
Буџет: 1 милиони денари.

# МЕРКА 5. ПОДДРШКА НА СТРУЧНИТЕ ЛИЦА ВО ОБЛАСТА НА СПОРТОТ, ЕДУКАЦИЈА И ДОЕДУКАЦИЈА

Квалитетниот и квалификуван стручен кадар е еден од најважните предуслови за развојот на спортот и неговата реализација, па затоа посебна цел е создавање и усовршување на спортскиот кадар за работа со деца и млади во младинските спортски клубови, спортски наставен кадар кој ефективно ќе ја реализира наставната програма во образовните институции, како и стручен кадар во рамките на врвниот професионален спорт.
Проекти:

## ПРОЕКТ 1. ЗГОЛЕМЕНА КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА МЕЃУ СПОРТСКИТЕ ФЕДЕРАЦИИ, АМС И МОК, СПОРТСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗДРУЖЕНИЈА ОД ПОНИСКОТО НИВО И СПОРТСКИТЕ КЛУБОВИ

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ 2. СОРАБОТКА СО РЕНОМИРАНИ МЕЃУНАРОДНИ СПОРТСКИ И ОБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ 3. ФИНАНСИСКО ПАРТИЦИПИРАЊЕ ЗА ДОЕДУКАЦИЈА НА МЛАД СТРУЧЕН КАДАР ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ ВО СТРАНСТВО

Рок: континуирано.
Буџет: 10 милиони денари.

## ПРОЕКТ 4. ПОДДРШКА НА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА И ПУБЛИКУВАЊЕ ОД ДОМАШНИ АВТОРИ, КАКО И НАБАВКА И ДОСТАПНОСТ НА СТРАНСКА СТРУЧНА ЛИТЕРАТУРА

Рок: континуирано.
Буџет: 3 милиони денари.

## ПРОЕКТ 5. УЧЕСТВО НА РЕЛЕВАНТНИ КОНФЕРЕНЦИИ И НАСТАНИ ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ, ОСТВАРУВАЈЌИ КОНТАКТ, СОРАБОТКА, РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА И КАДАР СО ДРУГИ ЗЕМЈИ ВО ЗАЕДНИЧКИ ИНТЕРЕС

Рок: континуирано.
Буџет: 2 милиони денари.

## ПРОЕКТ 6. УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ ПРОЕКТИ

Рок: континуирано.
Буџет: 5 милиони денари.

## ПРОЕКТ 7. ПОДДРШКА ЗА СОЗДАВАЊЕ И УСОВРШУВАЊЕ НА МЕНАЏЕРСКИ КАДАР

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ 8. ПОДДРШКА ЗА СОЗДАВАЊЕ НА СУДИСКИ КАДАР ВО СОРАБОТКА СО СООДВЕТНИТЕ ФЕДЕРАЦИИ.

# МЕРКА 6. **ЖЕНАТА ВО СПОРТОТ**

Жената е столбот на семејството, па оттаму посебна цел е грижата за родова еднаквост во сите сегменти на општеството, потенцирајќи ја поддршката за масовната застапеност на жените во спортот и спортските субјекти, во слободната можност и рамноправност на нејзиното учество во практицирањето и раководењето во спортот, борејќи се против родовата дискриминација и насилството над жените. Иницијативи:

## ПРОЕКТ 1: ПОТТИКНУВАЊЕ И ПОДДРШКА ВО ОДНОС НА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА МАСОВНОСТА НА ЖЕНИТЕ ВО СПОРТОТ И НИВНО ВКЛУЧУВАЊЕ ВО СПОРТСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ;

## ПРОЕКТ 2: ПОТТИКНУВАЊЕ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЖЕНСКИТЕ СПОРТСКИ КЛУБОВИ, СО ЦЕЛ ПОДИГНУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ И КВАЛИТЕТОТ НА НАТПРЕВАРУВАЊЕ;

## ПРОЕКТ 3: ТРИБИНИ, ЕМИСИИ И НАСТАНИ СО ЕДУКАТИВЕН КАРАКТЕР СО ПОДДРШКА ЗА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ ВО СПОРТОТ;

## ПРОЕКТ 4: ЗАПОЗНАВАЊЕ СО РОДОВА ДИСКРИМИНАЦИЈА;

## ПРОЕКТ 5: УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕЧКИ СО КОИ СЕ СООЧУВААТ ЖЕНИТЕ ВО НИВНОТО ВКЛУЧУВАЊЕ ВО СПОРТОТ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ.

Рок: континуирано.
Буџет: 25 милиони денари.

## МЕРКА 7. РАЗВОЈ НА СПОРТ ЗА СИТЕ

Физичката активност со учество во рекреативниот спорт е право на секој човек, со посебна цел – заштита и подобрување на општото здравје на граѓаните од сите возрасни категории, превенција од мноштво здравствени заболувања, унапредување на социјализацијата во развојот на личноста, развој на физичките способности, одржување и зголемување на работоспособноста, притоа подигајќи ја свеста за позитивното влијание кон секоја индивидуа. Проекти:

### ПРОЕКТ 1: ПОДДРШКА И ФИНАНСИСКА ПАРТИЦИПАЦИЈА ВО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА НАСТАНИ КОИ СЕ ОД СПОРТСКО-ЗАБАВЕН И РЕКРЕАТИВЕН КАРАКТЕР, ВО НАСОКА НА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА МАСОВНОСТА ВО РЕКРЕАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Рок: континуирано.
Буџет: 10 милиони денари.

### ПРОЕКТ 2: УНАПРЕДУВАЊЕ НА РЕКРЕАТИВНОТО ПЛАНИНАРСТВО, СО ИЗГРАДБА НА ПЛАНИНАРСКИ ДОМОВИ НА ПОТЕГОТ НА ПЛАНИНСКИТЕ ПАТЕКИ КОИ НАЈМАСОВНО СЕ УПОТРЕБУВААТ

Рок: континуирано.
Буџет: 1 милиони денари

### ПРОЕКТ 3: ИЗГРАДБА НА ПАТЕКИ ЗА ПЕШАЧЕЊЕ/ ТРЧАЊЕ, ВЕЛОСИПЕДИ И РОЛЕРИ

Рок: континуирано.
Буџет: 20 милиони денари.

### ПРОЕКТ 4: СКЕЈТ-ПАРКОВИ

Рок: континуирано.
Буџет: 20 милиони денари.

### ПРОЕКТ 5: ОТВОРЕНИ ФИТНЕС ЗОНИ

Рок: континуирано.
Буџет: 5 милиони денари.

## МЕРКА 8. **СИСТЕМ НА ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ПОЗИТИВНИОТ СПОРТСКИ НАЧИН НА ЖИВЕЕЊЕ (И ВОВЕДУВАЊЕ НА СПОРТСКИ РЕГИСТАР)**

Популаризирањето на спортот и бенефитот од неговото практицирање со координиран систем на информирање како посебна цел има – подигнување на свеста кај секој граѓанин за важноста на спортот и физичката активност во градењето на здрава и функционална личност, запознавајќи го со придобивките кои влијаат на општото здравје, менталното здравје и социјализацијата, создавајќи спортска култура како начин на живеење. Проекти:

### ПРОЕКТ 1: ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАСТАНИ ОД ИНФОРМАТИВЕН КАРАКТЕР СО УЧЕСТВО НА ЈАВНИ ЛИЧНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ И МЕДИЦИНАТА

Рок: континуирано.
Буџет: 2 милиони денари.

### ПРОЕКТ 2: ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА НЕДОСТАТОЦИТЕ И ПРЕЧКИТЕ КОИ ГИ ИМААТ ГРАЃАНИТЕ ПРИ ЖЕЛБА И ПОТРЕБА ЗА ПРАКТИЦИРАЊЕ НА СПОРТОТ И СПОРТСКИТЕ АКТИВНОСТИ

Рок: континуирано.
Буџет: 2 милиони денари.

### ПРОЕКТ 3: ЕДУКАЦИЈА ЗА ПРАВИЛНА ИСХРАНА

Рок: континуирано.
Буџет: 1 милиони денари.

### ПРОЕКТ 4: ДОСТАПНОСТ НА ЛИТЕРАТУРА ЗА НЕГАТИВНОСТИТЕ НА БОЛЕСТИТЕ НА ЗАВИСНОСТ – АЛКОХОЛИЗАМ, НИКОТИН, НАРКОМАНИЈА, ДОПИНГ ВО СПОРТОТ, КАКО И НИВНА НЕГАТИВНА УЛОГА ВО ОСТВАРУВАЊЕТО НА ВРВНИ СПОРТСКИ РЕЗУЛТАТ

Рок: континуирано.
Буџет: 2 милиони денари.

## МЕРКА 9. **СПОРТ ЗА ЛИЦА СО ИНВАЛИДНОСТ**

Спортот е еден од најдобрите начини на инклузија и социјална ангажираност. Државата има обврска на лицата со инвалидитет да им даде еднаков третман и услови за бавење со спорт и спортска рекреација.

## ПРОЕКТ 1: ПОДДРШКА И ОВОЗМОЖУВАЊЕ НА СООДВЕТНИ УСЛОВИ НА СПОРТИСТИТЕ СО ИНВАЛИДНОСТ ЗА БАВЕЊЕ СО СПОРТ И СПОРТСКА РЕКРЕАЦИЈА

## ПРОЕКТ 2: ИЗГРАДБА НА ПОЛИВАЛЕНТНА СПОРТСКА САЛА ЗА ЛИЦА СО ИНВАЛИДНОСТ

## ПРОЕКТ 3: ПРИСПОСОБУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО ПОСТОЕЧКИТЕ СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ И НИВНА ДОСТАПНОСТ.

## ПРОЕКТ 4: ВКЛУЧУВАЊЕ НА СПОРТИСТИ ВО РАЗНИ РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ

Рок на реализација: континуирано
Буџет: од постоечкиот буџет на АМС

# МЕРКА 10. СПОРТОТ ВО АРМИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА

Под армиски спорт се подразбира планска и организирана форма на физичка активност на студентите на Воената академија, војниците и професионалните припадници на Министерството за одбрана и Армијата на Македонија. Физичките активности се спроведуваат низ физичка обука, физичко воспитување, спорт и рекреација и придонесуваат за изградба и јакнење на психофизичките способности, зачувувањето на здравјето и постигнување на добри спортски резултати. Министерството за одбрана ќе формира **Армиска спортска единица** во која ќе членуваат врвни спортски припадници на армиските сили на Македонија. За нормалното функционирање на оваа единица потребно е да се предвидат средства во буџетите на Министерството за одбрана и Претседателот на Македонија.

# МЕРКА 11. СПОРТОТ ВО ПОЛИЦИЈАТА

Во рамките на севкупната програма за реформи на системот за внатрешни работи ќе се започне со промени во образовниот систем и стручното оспособување, каде ќе биде опфатен и сегментот на спортот. МВР ќе формира **Полициска спортска единица** во која ќе членуваат врвни спортски припадници на полициските сили на Македонија. За нормалното функционирање на оваа единица потребно е да се предвидат средства во буџетот на МВР на Македонија.



# 6. ЗАШТИТА И НЕГУВАЊЕ НА КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА

Културата претставува специфична и хетерогена сфера што ја сочинуваат сите материјални и духовни вредности настанати како резултат на мисловниот процес и човековата интервенција во природата и општеството. Воедно, таа е и иманентен фактор на идентитетот и развојот на секоја една држава.

Оттука, задача и цел на државата е максимално да ги вложи своите институционални капацитети и механизми во функција на стимулирање, помагање, унапредување и развивање на културните односи во општеството.

Поаѓајќи од претходното, ВМРО-ДПМНЕ ја вреднува културата како значаен дел од севкупните општествени развојни стратегии, од што и произлегуваат општите цели и петте еднакво важни приоритети врз кои се темели предложената Програма за култура.

## ОПШТИ ЦЕЛИ

- Ставање на културата во функција на севкупниот развој на државата
- Заштита на културното наследство во функција на промоција и афирмација на културните вредности на Македонија
- Стимулација на творештвото на авторите од Македонија, без оглед на верската, етничката, политичката и друга припадност
- Унапредување на условите за остварување на културата и подобрување на статусот на културните работници во Македонија
- Социјална и културна инклузија на лицата со специфики
- Соодветна застапеност на културата во образовниот систем
- Создавање амбиент кој ќе биде одговор на културните потреби на младите и програми за поттикнување на нивната креативност
- Збогатување на културниот живот во општините на Македонија преку дисперзија на културните содржини и овозможување поголема културна партиципација
- Поголема видливост и препознатливост на културата на Македонија во меѓународни рамки
- Негување и унапредување на културната разноликост како основа за развивање на интеркултурниот дијалог
- Реформа на системот за финансирање во културата со донесување нови модели со цел обезбедување поголема автономност на институциите по дејности

# ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ

- КУЛТУРЕН ИДЕНТИТЕТ
- КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО
- УМЕТНИЧКО ТВОРЕШТВО
- КУЛТУРНИТЕ РАБОТНИЦИ
- КУЛТУРНИ И КРЕАТИВНИ ИНДУСТРИИ
- МЕЃУНАРОДНА КУЛТУРНА СОРАБОТКА
- ИНФРАСТРУКТУРА 2020 – 2030

# КУЛТУРЕН ИДЕНТИТЕТ

Не постои човечка природа независна од културата. Без човекот не би имало култура, но исто така, без културата не би постоел човекот, во вистинската смисла на зборот.

Културниот идентитет ни дава чувство на припадност и чувство на заедништво со групата со која споделуваме иста култура, исти вредности, верувања и практики. Истовремено, културниот идентитет е столб на континуитетот на постоењето на една заедница и еден народ. Програмата на ВМРО-ДПМНЕ содржи мерки и проекти чија цел е зачувување и зацврстување на културниот идентитет како на македонскиот народ, така и на културниот идентитет на етничките заедници во Македонија.

## МЕРКА 1. ЗАЧУВУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК КАКО НАЈЗНАЧАЈНО ИДЕНТИТЕТСКО ОБЕЛЕЖЈЕ

### ПРОЕКТ 1: ВОВЕДУВАЊЕ ПРОГРАМИ ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА НИВОТО НА ГОВОРНАТА И ПИСМЕНАТА ЈАЗИЧНА КУЛТУРА НА ЛИТЕРАТУРНИОТ МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

### ПРОЕКТ 2: ПОДДРШКА НА АКТИВНОСТИ КОИ ГО ПОТТИКНУВААТ ЧИТАЊЕТО, СО ПОСЕБЕН АКЦЕНТ КАЈ МЛАДАТА ПОПУЛАЦИЈА

### ПРОЕКТ 3: КОНТИНУИРАНО ЗБОГАТУВАЊЕ НА Е-БИБЛИОТЕКИТЕ СО ИЗДАНИЈА НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

### ПРОЕКТ 4: ФОРМИРАЊЕ СТРУЧНО ТЕЛО ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ПРАВОПИСОТ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК И НЕГОВО ПОСТОЈАНО ОБНОВУВАЊЕ

### ПРОЕКТ 5: ИЗРАБОТКА НА АКАДЕМСКА ГРАМАТИКА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, ЕТИМОЛОШКИ РЕЧНИК, ДИЈАЛЕКТНИ РЕЧНИЦИ И ИЗРАБОТКА НА ЕЛЕКТРОНСКИ КОРПУС НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

### ПРОЕКТ 6: ФОРМИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА ГЕОГРАФСКИТЕ ИМИЊА

Рок: континуирано 2021-2024 година.

Буџет: 8 милиони денари.

## МЕРКА 2. **ПОТТИКНУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КУЛТУРАТА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА**

### ПРОЕКТ 1: ПОДДРШКА ЗА НЕГУВАЊЕ НА ГОВОРНАТА И ПИСМЕНАТА ФОРМА НА ЈАЗИЦИТЕ НА ЕТНИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ ВО МАКЕДОНИЈА

### ПРОЕКТ 2: ПРОМОЦИЈА НА БОГАТСТВОТО НА РАЗЛИЧНИТЕ КУЛТУРИ ВО МАКЕДОНИЈА

### ПРОЕКТ 3: ЗБОГАТУВАЊЕ НА Е-БИБЛИОТЕКИТЕ СО ИЗДАНИЈА НА ДРУГИТЕ ЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ И ОБЈАВУВАЊЕ РЕЧНИЦИ НА ЈАЗИЦИТЕ НА ЕТНИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

Рок: континуирано 2021-2024 година.

Буџет: 5 милиони денари.

# КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Културното наследство е сведоштво за нашето постоење во минатото. Без спознанието за нашето минато, иднината ќе ни биде целосно неизвесна. Соодветната и континуирана заштита, валоризација и промоција на македонското богато културно наследство придонесува кон зачувување на

културната меморија и културниот идентитет. Препознавањето на културното наследство и како начин на промоција на културните вредности на Македонија во насока на одржлив развој е дополнителната вредност на мерките и проектите од оваа програма.

## МЕРКА 1. КОНТИНУИРАНА ЗАШТИТА И ВАЛОРИЗАЦИЈА НА МАТЕРИЈАЛНОТО (ДВИЖНО И НЕДВИЖНО) И НЕМАТЕРИЈАЛНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО:

### ПРОЕКТ 1: ИЗРАБОТКА НА НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА 2020 – 2030 ЗА ЗАШТИТА И КОРИСТЕЊЕ НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

### ПРОЕКТ 2: АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА, КОНЗЕРВАЦИЈА И РЕСТАВРАЦИЈА НА НЕДВИЖНИТЕ И ДВИЖНИТЕ ДОБРА ВО МАКЕДОНИЈА

### ПРОЕКТ 3: НАЈСОВРЕМЕНО ОПРЕМУВАЊЕ НА ЦЕНТРАЛНА ЛАБОРАТОРИЈА ЗА КОНЗЕРВАЦИЈА И РЕСТАВРАЦИЈА НА ДВИЖНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

### ПРОЕКТ 4: ФОРМИРАЊЕ ЦЕНТАР ЗА НЕМАТЕРИЈАЛНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ПРИ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА КАКО ОВЛАСТЕН СУБЈЕКТ

### ПРОЕКТ 5: ЗАШТИТА НА НЕДВИЖНОТО КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ОД ПРОФАНА И САКРАЛНА АРХИТЕКТУРА, УРБАНИ КОМПЛЕКСИ И ГРАДСКИ ЈАДРА СПОРЕД СТЕПЕНОТ НА НИВНАТА ЗАГРОЗЕНОСТ (ЦРКВИ, МАНАСТИРИ, ЏАМИИ, БЕЗИСТЕНИ, АМАМИ, АНОВИ, ГРАДСКА И СЕЛСКА АРХИТЕКТУРА)

### ПРОЕКТ 6: ФОРМИРАЊЕ НА ПОСТОЈНА РАБОТНА ГРУПА ЗА ВПИШУВАЊЕ НА КУЛТУРНИТЕ ДОБРА ВО НАЦИОНАЛНИОТ РЕГИСТАР НА КУЛТУРНИ ДОБРА И НА ЛИСТИТЕ НА УНЕСКО.

Рок: континуирано 2021-2024 година.
Буџет: 1,1 милијарди денари.

## МЕРКА 2. **ПРОМОЦИЈА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО:**

**ПРОЕКТ 1:** ОСОВРЕМЕНУВАЊЕ НА МУЗЕЈСКИТЕ ПОСТАВКИ И ДЕПОАТА ВО НАЦИОНАЛНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА (МУЗЕИ, ГАЛЕРИИ, БИБЛИОТЕКИ, СПОМЕН-КУЌИ, КИНОТЕКА НА МАКЕДОНИЈА И ДРЖАВЕН АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА)

**ПРОЕКТ 2:** ФОРМИРАЊЕ НА МУЗЕЈСКА ПОСТАВКА ПОСВЕТЕНА НА ПРЕРОДБАТА (ДИЧО ЗОГРАФ И ДЕБАРСКАТА ЗОГРАФСКА ШКОЛА)

**ПРОЕКТ 3:** ФОРМИРАЊЕ ПОСТОЈАНА ЕТНОЛОШКА И ПОСТОЈАНА АРХЕОЛОШКА ПОСТАВКА ВО РАМКИТЕ НА МУЗЕЈОТ „ЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА ВО НОВ“ – КИЧЕВО

**ПРОЕКТ 4:** ФОРМИРАЊЕ НА МУЗЕЈСКА ПОСТАВКА ПОСВЕТЕНА НА СРЕДНОВЕКОВНАТА УМЕТНОСТ ВО МАКЕДОНИЈА

**ПРОЕКТ 5:** РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА СПОМЕНИКОТ НА КУЛТУРАТА ХАВЗИ-ПАШИНИ КОНАЦИ ЗАРАДИ СОЗДАВАЊЕ УСЛОВИ ЗА ЗАШТИТА, ЧУВАЊЕ И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА АУДИОВИЗУЕЛНОТО НАСЛЕДСТВО И НЕГОВО НАТАМОШНО КОРИСТЕЊЕ ЗА КУЛТУРНИ ЦЕЛИ (ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР И МУЗЕЈ НА ФИЛМОТ)

Рок: континуирано 2021-2024 година.

Буџет: 900 милиони денари.

## МЕРКА 3. **СТАВАЊЕ НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО ФУНКЦИЈА НА СЕВКУПНИОТ РАЗВОЈ НА ДРЖАВАТА**

**ПРОЕКТ 1:** ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА КУЛТУРНИОТ ТУРИЗАМ

**ПРОЕКТ 2:** ИНВЕСТИРАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КУЛТУРНИОТ ТУРИЗАМ ПРЕКУ СОЗДАВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИ МАПИ И КУЛТУРНИ РУТИ

### ПРОЕКТ 3: ЗБОГАТУВАЊЕ НА АРХЕОЛОШКИТЕ ЛОКАЛИТЕТИ СО ПРОПРАТНИ КУЛТУРНИ, ЕДУКАТИВНИ И КОМЕРЦИЈАЛНИ СОДРЖИНИ СО ЦЕЛ ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПОГОЛЕМА ТУРИСТИЧКА ПОНУДА И ОДРЖЛИВ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ (ЛЕТНИ СЦЕНИ, ХОЛОГРАМСКИ ЦЕНТРИ, РАБОТИЛНИЦИ, СУВЕНИРНИЦИ И ДР.)

Рок: континуирано 2021-2024 година.

Буџет: 8 милиони денари.

## МЕРКА 4. **ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО**

### ПРОЕКТ 1: ОПРЕМУВАЊЕ И ОСОВРЕМЕНУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО СО СООДВЕТНА ОПРЕМА ЗА КОНТИНУИРАНА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА (ЗАВОДИ, МУЗЕИ, ГАЛЕРИИ, БИБЛИОТЕКИ И КИНОТЕКА НА МАКЕДОНИЈА)

### ПРОЕКТ 2: ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ОД МАКЕДОНИЈА ВО СВЕТОТ ПРЕКУ ХОЛОГРАМСКА ТЕХНОЛОГИЈА

### ПРОЕКТ 3: РЕСТАВРАЦИЈА И ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА МАКЕДОНСКАТА ФИЛМСКА ПРОДУКЦИЈА

### ПРОЕКТ 4: ЗАШТИТНА ЕВИДЕНЦИЈА, ВАЛОРИЗАЦИЈА И ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА АРХИВАТА НА МАКЕДОНСКАТА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА

Рок: континуирано 2021-2024 година.

Буџет: 40 милиони денари.

# УМЕТНИЧКО ТВОРЕШТВО

Преку уметноста човекот ја искажува својата креативна димензија и уметнички потенцијал. Преку своите дела уметниците говорат за сопствените визии, идеи и идеали, истовремено споделувајќи ги и со нас. Уметноста предизвикува љубопитност, возбуда, воодушевување и критична мисла.

## МЕРКА 1. **ПОДДРШКА И СТИМУЛАЦИЈА НА СОВРЕМЕНОТО МУЗИЧКО И МУЗИЧКО-СЦЕНСКО, ДРАМСКО, ЛИКОВНО, ФИЛМСКО И КНИЖЕВНО ТВОРЕШТВО:**

**ПРОЕКТ 1:** РАСПИШУВАЊЕ КОНКУРСИ ЗА НАЈДОБРИ УМЕТНИЧКИ ДЕЛА ОД ОБЛАСТА НА МУЗИЧКАТА, ДРАМСКАТА, ЛИКОВНАТА И ЛИТЕРАТУРНО-ИЗДАВАЧКАТА ДЕЈНОСТ

**ПРОЕКТ 2:** ЗГОЛЕМЕНА ПОДДРШКА НА ФИЛМСКАТА И НА ТЕЛЕВИЗИСКАТА ПРОДУКЦИЈА

**ПРОЕКТ 3:** СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА НА КИНОСАЛИ НИЗ МАКЕДОНИЈА – НАБАВКА НА ДИГИТАЛНА ОПРЕМА

**ПРОЕКТ 4:** ПОДДРШКА НА УМЕТНИЧКИ МАНИФЕСТАЦИИ ЗА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ДЕЛА ОД СОВРЕМЕНИ АВТОРИ ОД МАКЕДОНИЈА

**ПРОЕКТ 5:** ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПОГОЛЕМА МОБИЛНОСТ И ГОСТУВАЊЕ НА ЛИКОВНИ ИЗЛОЖБИ, МУЗИЧКИ, БАЛЕТСКИ И ТЕАТАРСКИ АНСАМБЛИ ВО ГРАДОВИТЕ НИЗ МАКЕДОНИЈА

**ПРОЕКТ 6:** СТОБИ ЖИВЕЕ – ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ФЕСТИВАЛ НА УМЕТНОСТА НА АРХЕОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ СТОБИ (ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ, ЛИКОВНА КОЛОНИЈА, КОНЦЕРТИ, ФИЛМСКИ ПРОЕКЦИИ,ПОЕЗИЈА)

**ПРОЕКТ 7:** СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА УМЕТНИЧКИ АУДИО-ВИЗУЕЛНИ ЗАПИСИ ОД ДОМАШНИ КОМПОЗИТОРИ И ИЗВЕДУВАЧИ СО ЦЕЛ ЗБОГАТУВАЊЕ НА ФОНДОТ НА МУЗИЧКАТА ПРОДУКЦИЈА

**ПРОЕКТ 8:** ВОВЕДУВАЊЕ ПОСЕБНИ ПРОГРАМИ ЗА ПОДДРШКА НА НЕЗАВИСНИОТ КУЛТУРЕН СЕКТОР

Рок: континуирано 2021-2024 година.

Буџет: 100 милиони денари.

## МЕРКА 2. **ВОВЕДУВАЊЕ МЕХАНИЗМИ КОИ ЌЕ ОВОЗМОЖАТ ДОСТАПНОСТ НА КУЛТУРАТА ДО ДЕЦАТА, МЛАДИТЕ И ДРУГИ ГРУПИ**

**ПРОЕКТ 1:** ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА ТАЛЕНТИРАНИ ДЕЦА И НИВНО СТИПЕНДИРАЊЕ

**ПРОЕКТ 2:** ВОВЕДУВАЊЕ КУЛТУРНО-ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ ЗА МЛАДИТЕ И НИВНО ИНТЕГРИРАЊЕ ВО КУЛТУРНИОТ ЖИВОТ

**ПРОЕКТ 3:** ЗГОЛЕМЕНА ПОДДРШКА НА ФИЛМСКАТА И НА ТЕЛЕВИЗИСКАТА ПРОДУКЦИЈА ЗА ДЕЦА И МЛАДИ

# КУЛТУРНИТЕ РАБОТНИЦИ

## МЕРКА 1. **ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА КАДАРОТ ВО ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА**

**ПРОЕКТ 1:** КОНТИНУИРАНИ СТРУЧНИ УСОВРШУВАЊА И ОБУКИ ВО ДЕЛОТ НА МЕНАЏМЕНТОТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ, КУЛТУРНИОТ МЕНАЏМЕНТ И МАРКЕТИНГ НА КАДРОВСКИТЕ СТРУКТУРИ ВО КУЛТУРНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

**ПРОЕКТ 2:** КОНТИНУИРАНИ ОБУКИ ЗА СТРУЧНИОТ КАДАР ВО ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

## МЕРКА 2. ИЗМЕНИ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА

### ПРОЕКТ 1: СОЗДАВАЊЕ УСЛОВИ ЗА АКТИВНО ВКЛУЧУВАЊЕ НА БИЗНИС-СЕКТОРОТ ВО ФИНАНСИРАЊЕТО ПРОЕКТИ И ВО ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА (ИЗМЕНИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ДОНАЦИИ И СПОНЗОРСТВА)

### ПРОЕКТ 2: РЕФОРМИ ВО НАЧИНОТ НА ФИНАНСИРАЊЕ ПРЕКУ ВОВЕДУВАЊЕ НА ЈАСНИ И ПРЕЦИЗНИ КРИТЕРИУМИ, ОТВОРЕН ГОДИШЕН КОНКУРС И ДЕЛЕГИРАН БУЏЕТ ЗА НАЦИОНАЛНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО КУЛТУРАТА

### ПРОЕКТ 3: ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА ВО ЗАКОНСКИТЕ РЕГУЛАТИВИ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА КУЛТУРАТА И КУЛТУРНИТЕ ДЕЈНОСТИ

Рок: континуирано.

# КУЛТУРНИ И КРЕАТИВНИ ИНДУСТРИИ (ККИ)

Културата поврзана со индустрискиот сектор придонесува за креативна примена на идеите, па оттука уметничкото творештво може да претставува успешна развојна компонента на националната економија. Културните и креативните индустрии се поврзани со подобрувањето на квалитетот на животот и општествениот развој. Соодветната валоризација и промоција на креативноста на уметноста придонесува кон поттик на креативноста во сите други области од секојдневниот живот со што се обезбедува одржлив развој, намалување на невработеноста кај младите и нивна зголемена продуктивност, како и зголемен придонес во бруто-националниот приход.

## МЕРКА 1. ПРЕПОЗНАВАЊЕ И СТИМУЛИРАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА, ПРОИЗВОДСТВЕНАТА И ПРОФИТАБИЛНАТА ДИМЕНЗИЈА НА КУЛТУРАТА

### ПРОЕКТ 1: ВОЗОБНОВУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА КУЛТУРНИ И КРЕАТИВНИ ИНДУСТРИИ (ККИ) И КОНКУРСИТЕ ЗА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА ККИ

### ПРОЕКТ 2: АЖУРИРАЊЕ НА МАПИРАЊЕТО НА ККИ

### ПРОЕКТ 3: ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РАБОТИЛНИЦИ И САЕМИ ЗА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА КУЛТУРНИ И КРЕАТИВНИ ИНДУСТРИИ

### ПРОЕКТ 4: ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРОСТОРИ (КРЕАТИВНИ ХАБОВИ) ЗА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА КУЛТУРНИОТ СЕКТОР

### ПРОЕКТ 5: ПОДДРШКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КЛАСТЕР ЗА КУЛТУРНИ И КРЕАТИВНИ ИНДУСТРИИ

### ПРОЕКТ 6: ПОДДРШКА ЗА СОЗДАВАЊЕ ПРЕПОЗНАТЛИВИ „МАКЕДОНСКИ“ БРЕНДОВИ

### ПРОЕКТ 7: ПОДДРШКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ НА ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ ЗАНАЕТИ

### ПРОЕКТ 8: ПОДДРШКА НА ЕКОЛОШКИ ОДРЖЛИВИ ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА СО КОРИСТЕЊЕ НА ТРАДИЦИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И ВЕШТИНИ ПОВРЗАНИ СО ПРИРОДАТА И ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Рок: континуирано.

Буџет: 100 милиони денари.

# МЕЃУНАРОДНА КУЛТУРНА СОРАБОТКА

Ако светот не нè запознае и препознае, тоа е исто како и да не постоиме. Затоа што имаме што да му покажеме на светот на културен и уметнички план. Затоа што културата и уметноста можат да бидат вистински амбасадори на секоја една држава.

## МЕРКА 1. СОРАБОТКА И ВМРЕЖУВАЊЕ ВО МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ:

### ПРОЕКТ 1: ВКЛУЧУВАЊЕ И АКТИВНО УЧЕСТВО ВО РЕГИОНАЛНИТЕ ИНИЦИЈАТИВИ

### ПРОЕКТ 2: ЗАЦВРСТУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО РЕЛЕВАНТНИ МЕЃУНАРОДНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ, КАКО ШТО СЕ: УНЕСКО, ООН, СОВЕТОТ НА ЕВРОПА, ЕВРОПСКАТА УНИЈА, МЕЃУНАРОДНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФРАНКОФОНИЈАТА, ФОРУМОТ НА СЛОВЕНСКИ КУЛТУРИ, АЛИЈАНСАТА НА ЦИВИЛИЗАЦИИТЕ И ДРУГИ, СВЕТСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ И ДР.

### ПРОЕКТ 3: ДОСЛЕДНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНИТЕ КОНВЕНЦИИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА.

## МЕРКА 2. ПРОМОЦИЈА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА КУЛТУРНИТЕ ВРЕДНОСТИ И УМЕТНИЧКИТЕ ДОСТИГНУВАЊА НА МЕЃУНАРОДЕН ПЛАН

### ПРОЕКТ 1: РАЗВОЈ НА КУЛТУРНАТА ДИПЛОМАТИЈА И ОТВОРАЊЕ НОВИ КУЛТУРНИ ЦЕНТРИ ЗА ПРОМОЦИЈА НА КУЛТУРАТА НА МАКЕДОНИЈА ВО ЕВРОПСКИТЕ И СВЕТСКИТЕ ПРЕСТОЛНИНИ, КАКО И ВО ДРЖАВИТЕ СО НАЈБРОЈНА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА

### ПРОЕКТ 2: СТРАТЕГИЈА ЗА ИНТЕГРИРАНА КУЛТУРНА ДИПЛОМАТИЈА

### ПРОЕКТ 3: КОНТИНУИРАНА ПОДДРШКА НА ФЕСТИВАЛИТЕ И МАНИФЕСТАЦИИИТЕ СО МЕЃУНАРОДЕН КАРАКТЕР

### ПРОЕКТ 4: ЗГОЛЕМЕНА ПОДДРШКА НА ПРОГРАМИ ЗА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И АФИРМАЦИЈА НА УМЕТНИЧКОТО ТВОРЕШТВО И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО НА МАКЕДОНИЈА ВО МЕЃУНАРОДНИ РАМКИ

### ПРОЕКТ 5: РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОСМИСЛЕНИ ЦЕЛНИ ПРЕТСТАВУВАЊА НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА ВО ЗЕМЈИТЕ КОИ СЕ ВО ФОКУСОТ НА НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА.

Рок: континуирано 2021-2024 година.
Буџет: 200 милиони денари.

# ИНФРАСТРУКТУРА ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА – 2020-2030 ГОДИНА

## МЕРКА 1: КУЛТУРНА ИНФРАСТРУКТУРНА ИЗГРАДБА

Со цел за обезбедување на достоинствени услови за работа на уметниците и достоинствено презентирање на културните и уметничките достигнувања, програмата за култура на ВМРО-ДПМНЕ ги вклучува следниве инфраструктурни инвестиции:

### ПРОЕКТ 1: ОСОВРЕМЕНУВАЊЕ И МОДЕРНИЗИРАЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ НА НАЦИОНАЛНИТЕ УСТАНОВИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА, ПРЕКУ КОНТИНУИРАНИ ВЛОЖУВАЊА ВО ОБЈЕКТИТЕ КОИ ГИ КОРИСТАТ, РЕКОНСТРУКЦИИ И ОПРЕМУВАЊЕ СО СОВРЕМЕНА ТЕХНОЛОГИЈА НЕОПХОДНА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА, ОСОБЕНО ПРИ НАЦИОНАЛНИТЕ УСТАНОВИ ВО БИТОЛА, ШТИП, КУМАНОВО И ДР.

Рок: континуирано 2022-2025 година.
Буџет: 280 милиони денари.

**ПРОЕКТ 2:** РЕКОНСТРУКЦИЈА СО НАДГРАДБА И ДОГРАДБА НА ОБЈЕКТОТ НА НУ ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“ – ПРИЛЕП, СО ЦЕЛ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА НОВ ОБЈЕКТ НАМЕНЕТ ЗА МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“ – ПРИЛЕП.

Рок: 2022-2027 година.
Буџет: 500 милиони денари

**ПРОЕКТ 3:** РЕКОНСТРУКЦИЈА СО НАДГРАДБА И ДОГРАДБА НА ОБЈЕКТОТ НА НУ ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА „ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“ – ОХРИД, СО ЦЕЛ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА НОВ ОБЈЕКТ НАМЕНЕТ ЗА МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР „ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“ – ОХРИД.

Рок: 2022-2027 година.
Буџет: 500 милиони денари.

**ПРОЕКТ 4:** ИЗГРАДБА НА НОВ ОБЈЕКТ НА МЕСТОТО НА ПОСТОЕЧКИОТ ОБЈЕКТ НА НУ ДРАМСКИ ТЕАТАР.

Рок: 2022-2027 година.
Буџет: 800 милиони денари.

**ПРОЕКТ 5:** ЗАВРШУВАЊЕ СО ИЗГРАДБА НА НОВИОТ ОБЈЕКТ НАМЕНЕТ ЗА НУ ТУРСКИ ТЕАТАР ВО СКОПЈЕ.

Рок: 2021-2025 година.
Буџет: 600 милиони денари.

**ПРОЕКТ 6:** ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ПОЧЕТОК СО ИЗГРАДБА НА НОВ ОБЈЕКТ НА МЕСТОТО НА НУ ТЕАТАР КОМЕДИЈА ВО КОЈ СВОЈАТА ДЕЈНОСТ ЌЕ ЈА ОСТВАРУВААТ НУ ТЕАТАР КОМЕДИЈА И НУ ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ.

Рок: 2022-2027 година.
Буџет: 800 милиони денари.

**ПРОЕКТ 7:** ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ПОЧЕТОК СО РЕКОНСТРУКЦИЈА НА МУЗЕЈСКИОТ КОМПЛЕКС НА НУ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА.

Рок: 2021-2026 година.
Буџет: 500 милиони денари.

## ПРОЕКТ 8: ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА НУ АНСАМБЛ НА МАКЕДОНСКИ НАРОДНИ ИГРИ И ПЕСНИ „ТАНЕЦ“ ВО СКОПЈЕ.

Рок: 2023 година.

Буџет: 6 милиони денари.



# 7. ИНКЛУЗИВЕН ГРАЃАНСКИ СЕКТОР

Во минатото малку се направи за невладините организации и развој на граѓанското општество воопшто. Активистите и политиките на граѓанскиот сектор беа злоупотребени од политичките елити за дневни политички интереси, за политички пазарења и поткусурувања. Граѓанските интереси беа и останаа потиснати и занемарени. Затоа, моменталната состојба во граѓанскиот сектор е неповолна. Иако постојат околу 15.500 здруженија на граѓани и фондации во Македонија, сепак, мал дел од нив работат.

Потребно е континуирано професионално надградување и унапредување на невладините организации. Слободата и независноста во нивното дејствување треба да се водечки императив, за да се овозможи противтежа кон политичките состојби и политичките елити, како и стручност, компетентност и објективност во работењето.

Во наредниот период ВМРО-ДПМНЕ се обврзува да работи на поттикнување на избалансиран граѓански сектор во однос на негова злоупотреба од политичките елити и влијание на неговата независност, од една страна, и на спречување на искористувањето на невладиниот сектор од одредени поединци и групи,од друга страна.

ВМРО-ДПМНЕ ќе ја унапредува соработката и односите со невладините организации врз основа на следниве принципи:

- Инклузивност и партиципативно планирање
- Правна сигурност и одговорност
- Отвореност и транспарентност

Нашата визија за новото време, во однос на граѓанскиот сектор, е создавање на **инклузивен, независен и професионален невладин сектор, кој е стратешки партнер на институциите во креирањето и реализацијата на стратешките цели на државата.**

## МЕРКА 1. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА РАБОТАТА НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

### ПРОЕКТ 1: НОВ ЗАКОН ЗА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ

Во согласност со постоечката законска регулатива за здруженија и фондации практичната реализација на законските решенија е честопати невозможна во практика. Нефункционалната законска регулатива доведува до намален капацитет на можностите на граѓанскиот сектор во Македо-

нија. Оттука е нужно потребно, по сеопфатна дебата во партнерски однос со граѓанскиот сектор, да се донесе нов и целисходен Закон за здруженија и фондации.

Рок: 2022 година.

## ПРОЕКТ 2: ФОРМИРАЊЕ НА 8 (ОСУМ) РЕГИОНАЛНИ РЕСУРСНИ ЦЕНТРИ (ВО СЕКОЈ ПЛАНСКИ РЕГИОН ПО МИНИМУМ ЕДЕН)

ВМРО-ДПМНЕ се обврзува во сите плански региони во Македонија да формира по еден ресурсен центар за поддршка при основање и функционирање на граѓански организации.

Рок: 2023 година.
Буџет: 25 милиони денари.

## ПРОЕКТ 3: ЗАКОН ЗА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО И СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ И ПРОМОЦИЈА НА СОЦИЈАЛНОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

Во согласност со европските трендови каде околу 6% од работниците во ЕУ работат во социјални претпријатија, а над 10% од сите бизниси во ЕУ се социјалните претпријатија, нашата држава мора да работи на развојот на социјалното претприемништво што придонесува за социјалната кохезија, регионалниот и рурален развој, заштита на животната средина, заштита на потрошувачите, земјоделството и социјалната безбедност. Најпрво, Македонија нема законска рамка за социјалното претприемништво, а повеќе од неопходно е да се донесе Закон за социјално претприемништво, како и Стратегија за развој и промоција на социјалното претприемништво.

Рок: 2021-2022 година.

## ПРОЕКТ 4: УНАПРЕДУВАЊЕ И ПОДДРШКА НА НЕФОРМАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Преку специјално креирани програми за неформално образование во рамките на занаетчиските здруженија ќе се овозможи неквалификуваната работна сила на пазарот да се стекне со одредени вештини со кои ќе бидат конкурентни на пазарот за труд.

Рок: континуирано.

## МЕРКА 2. БИЗНИСОТ ВО ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

### ПРОЕКТ 1: ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ДОНАЦИИ И СПОНЗОРСТВА ВО ЈАВНИТЕ ДЕЈНОСТИ ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ НА ДОНИРАЊЕТО КОН ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Во 2006 година се донесе Закон за донации и спонзорства во јавните дејности кој формално постои, но не ја остварува својата примарна функција и не им служи на оние за кои е донесен – корисниците на средства. Повеќе од неопходно е негово менување со цел тој да стане применлив и функционален. Со измена на законот ќе предвидиме:

- регулирање и функционализација на процесот на донации и спонзорства за НВО со цел даночно поттикнување на бизнисите;
- поедноставување на постапката за потврдување на јавен интерес на граѓанска организација и фондација;
- регулирање на даночни поттикнувања кај ПДД и долгорочни донации со цел одржлив систем на финансирање на НВО.

Рок: 2021 година.

### ПРОЕКТ 2: ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-КОРИСНИ ПРОЕКТИ, ПРЕКУ ПОТТИКНУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ КАЈ БИЗНИС СЕКТОРОТ

Поттикнување на бизнис секторот да одделува средства за финансирање на општествено-корисни проекти.

Рок: континуирано.

## МЕРКА 3. УНАПРЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕШКАТА СОРАБОТКА МЕЃУ ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР И ВЛАДИНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Со предложените проекти предвидуваме граѓанскиот сектор да прерасне во стратешки соработник на државните институции во сите сектори и области. Потребно е, експертизата и фокусираниот квалитет во работата на граѓанскиот сектор да се стави на услуга на стратешките приоритети на државата и континуираниот напредок, особено во креирањето на програми, политики и стратегии за решавање на комплексни прашања.

### ПРОЕКТ 1: ГАРАНТЕН ФОНД ЗА НВО СЕКТОРОТ

Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе обезбеди буџетски средства за поддршка на невладиниот сектор во Македонија. Овој фонд ќе има за цел да поддржи финансирање на проекти, како и да ги поддржи невладините органи-

зации при апликации за кофинансирање на проекти, од европски и други фондови, за коишто е потребен процент на учество од страна на невладините организации. Исто така, ќе воспостави процес на транспарентно, мониторирано и кредибилно финансирање по строго утврдени услови.

Надлежна институција: Влада на Република Македонија.

Рок: 2022 година.
Буџет: 550 милиони денари.

## ПРОЕКТ 2: ГОДИШНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

Дополнително на континуираната консултација на граѓанскиот сектор и Владата, минимум еднаш годишно ќе се реализира Годишна конференција на граѓанскиот сектор на која ќе присуствуваат премиерот, министрите во Владата и невладините организации каде што ќе се утврди на кое ниво е меѓусебната соработка и што е потребно за понатамошно унапредување на истата.

Рок: континуирано.



# 8. ИНОВАТИВНИ И МОДЕРНИ ПОЛИТИКИ ВО ЛОКАЛНИТЕ САМОУПРАВИ

Идната влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе се стреми да обезбедиме висок степен децентрализација и зајакнување на демократското управување, како и благосостојба на граѓаните, преку балансирана распределба на средствата меѓу планските региони и општините – гарантирајќи локален прогрес, рамномерен регионален развој, зајакнување на економијата и макроекономската стабилност на Македонија.

За таа цел, предвидуваме реализација на следните стратешки цели:

- Ефикасни и финансиски стабилни општини преку јакнење на децентрализираниот систем;
- Унапредување и јакнење на фискалниот капацитет на локалните самоуправи;
- Активни политики за рамномерен регионален развој;
- Модерни и дигитални општини;
- Општините во Македонија да прераснат во инвестициско-туристички магнет;
- Инфраструктурно јакнење на општините за европски квалитет на живот;
- Навремена и инклузивна социјална заштита во општините;
- Еко општини;
- Иновативни концепти за инвестирање во младите;
- Спортот и спортскиот туризам – врвен приоритет на владата на Македонија како врвен приоритет на општините;
- Домаќински, транспарентни и ефикасни општини: администрацијата и градоначалникот – слуги на народот.

## МЕРКА 1. ЗАВРШУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА

Во следниот четиригодишен период ќе се фокусираме на јакнење на децентрализираниот систем, подобрување на условите за спроведување на веќе пренесените надлежности и осигурување на непречен трансфер на остатокот од зацртаните цели и ресурси во согласност со Законот за локалната самоуправа кои се однесуваат на локален економски развој, образование, култура, здравство, спорт и други области.

### **ПРОЕКТ 1:** ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ФОРМИ ЗА ПОДОБРО РАСПОЛАГАЊЕ И МЕНАЏИРАЊЕ СО ЗЕМЈИШТЕТО ПОД ШУМИ, ПАСИШТА И ДРУГИ РЕСУРСИ НА ЛОКАЛНО НИВО ВО СОГЛАСНОСТ СО ДОБРАТА ПРАКСА НА ЕУ РЕГУЛАТИВИТЕ

Рок: 2022-2024 година.

### **ПРОЕКТ 2:** ПОЕФИКАСНО МЕНАЏИРАЊЕ НА БЛОК ДОТАЦИИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Рок: 2022-2025 година.

### **ПРОЕКТ 3:** ПЛАНСКИ И ЕТАПЕН ТРАНСФЕР НА УСТАНОВИТЕ И НИВНИТЕ ИНГЕРЕНЦИИ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА И КУЛТУРАТА НА ЛОКАЛНО НИВО

Рок: 2022-2025 година.

### **ПРОЕКТ 4:** ПРИБЛИЖУВАЊЕ НА ПРИМАРНОТО ЗДРАВСТВО ДО ГРАЃАНИТЕ ВО УРБАНИТЕ И РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

Рок: 2020-2024 година.

### **ПРОЕКТ 5:** ТРАНСФЕР НА СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ОД ЦЕНТРАЛНО НА ЛОКАЛНО НИВО

Рок: 2021-2025 година.

### **ПРОЕКТ 6:** ТРАНСФЕР НА НАДЛЕЖНОСТИ ВО ДОМЕНОТ НА СТАНБЕНО И СОЦИЈАЛНО ДОМУВАЊЕ, КАКО И ДЕЛОВНИ ОБЈЕКТИ ВО РАМКИТЕ НА ЛОКАЛНИТЕ САМОУПРАВИ

Рок: 2022-2025 година.

# МЕРКА 2. ЈАКНЕЊЕ НА ФИСКАЛНИОТ КАПАЦИТЕТ НА ОПШТИНИТЕ

## ПРОЕКТ 1: ЗАОКРУЖУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО НАСЛЕДЕНИТЕ ДОЛГОВИ КАЈ ОПШТИНИТЕ И ВОВЕДУВАЊЕ НА КОНТРОЛНИ МЕРКИ ЗА ОНЕВОЗМОЖУВАЊЕ НА ПОНАТАМОШНИ НЕПРОДУКТИВНИ ЗАДОЛЖУВАЊА НА ИСТИТЕ

Рок: 2020-2025 година.

## ПРОЕКТ 2: ПЕРСОНАЛНИОТ ДАНОК ОД ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ И СРЕДСТВА ОД ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ СТАНУВААТ ПРИХОД НА ОПШТИНИТЕ

Со измени на регулативата, предвидуваме вкупно пресметаниот и наплатен персонален данок од земјоделска дејност, како и средствата остварени од пренамена на земјоделското во градежно земјиште да бидат приход на општините.

Рок: 2022-2025 година.

## ПРОЕКТ 3: ВОВЕДУВАЊЕ СИСТЕМ НА УСОГЛАСУВАЊЕ НА КОМУНАЛНИТЕ ТАКСИ ВО СОГЛАСНОСТ СО ЖИВОТНИОТ СТАНДАРД НА НАСЕЛЕНИЕТО ПО ОПШТИНИТЕ И РЕГИОНИТЕ

Буџет: 12.200.000 денари годишно.
Рок: континуирано 2020 - 2025

## ПРОЕКТ 4: ФОНД ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ЗА КОРИСНИЦИ НА АЛТЕРНАТИВНИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА ВО РАМКИТЕ НА СЕКОЈА ОПШТИНА

Проект 5: Средствата кои се собираат врз основа на концесии за користење на земјоделско земјиште, пасишта и шуми да се распределуваат во сооднос 50% за централниот буџет и 50 % за локалната самоуправа

Рок: 2022-2024.
Буџет: 60.000.000 денари.

## ПРОЕКТ 6: УНАПРЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ (МЕТОДОЛОГИЈА) ЗА ПОПРАВИЧНО ТРАНСФЕРИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ЦЕНТРАЛНО НА ЛОКАЛНО НИВО ВО СОГЛАСНОСТ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАКТИКИ

Рок: 2021 - 2023 година.

### ПРОЕКТ 7: ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРОЦЕНТОТ ОД ПЕРСОНАЛНИОТ ДАНОК НА ДОХОД (ПДД) КОЈ СЕ ПРЕФРЛА КОН ОПШТИНИТЕ

Рок: до 2023 година.

### ПРОЕКТ 8: ПОЕФИКАСНИ КРИТЕРИУМИ И СТАНДАРДИ ЗА КОРИСТЕЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ НА КАПИТАЛНИТЕ ДОТАЦИИ, КАКО И РАМНОМЕРНА РАСПРЕДЕЛБА НА ПЛАНИРАНИТЕ ИЗНОСИ ЗА КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ

### ПРОЕКТ 9: ВОВЕДУВАЊЕ МИНИМУМ СТАНДАРДИ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОТРЕБИ НА ЛОКАЛНИТЕ САМОУПРАВИ

Рок: 2021-2023 година.

### ПРОЕКТ 10: ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРОЦЕНТОТ ОД ДДВ ТРАНСФЕРИРАН ДО ОПШТИНИТЕ

Рок: континуирано,

### ПРОЕКТ 11: ПРЕФЕРИРАНО ФИНАНСИРАЊЕ И ЕТАПНО ЗАМЕНУВАЊЕ НА БЛОК-ДОТАЦИИТЕ СО УСЛОВЕНИ СЕКТОРСКИ ДОТАЦИИ ВО СОГЛАСНОСТ СО ЗАВРШУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА

### ПРОЕКТ 12: РЕФОРМА И НАДГРАДБА НА ПОСТОЈНИОТ СИСТЕМ НА ТРАНСФЕРИ ОД ЦЕНТРАЛНАТА ДО ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ И НАДМИНУВАЊЕ НА ФИСКАЛНИТЕ ДИСПАРИТЕТИ ПОМЕЃУ ОПШТИНИТЕ И РЕГИОНИТЕ

Рок: 2025 година за долгорочните мерки.

## МЕРКА 3. АКТИВНИ ПОЛИТИКИ ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Владата на ВМРО-ДПМНЕ се обврзува да се посвети на поголемо финансирање на регионалните и меѓуопштинските проекти, а заради економско изедначување на планските региони. Предвидуваме процентот на одделување на средства по региони да биде сразмерен со степенот на нивната развиеност.

Рок: континуирано.

## МЕРКА 4. **ДИГИТАЛНИ ОПШТИНИ НА НОВОТО ВРЕМЕ**

Владата на ВМРО- ДПМНЕ се обврзува да го воведе концептот паметен град (SMART CITY), преку развивање на софтвери за поефикасно функционирање на општините. За општините ќе обезбедиме унифициран софтвер за SMART CITY. Интенција ќе биде до 2024 година општините да прераснат во ИТ општини достапни за сите, во секое време.

### ПРОЕКТ 1: OPEN DATA СИСТЕМ

Воведување на унифициран електронски систем за управување и следење на документи од страна на надлежните и странките (граѓаните), кој ќе овозможи потранспарентен пристап на следење на секој документ кој влегува во општинската архива и секој граѓанин ќе има увид кој документ, до која фаза и кај кој вработен се наоѓа.

Рок: 2021-2023 година
Буџет: 122.000.000 денари.

### ПРОЕКТ 2: ТВОЈОТ ДОКУМЕНТ – НАША РАБОТА!

Електронско поврзување на сите јавни институции на локално и централно ниво во еден шалтер, со цел издавање на документи од истиот и дистрибуција до странките во предвидените законски рокови.

Рок: 2021 – 2024 година.

### ПРОЕКТ 3: И ТИ СИ ДЕЛ ОД ПРОЦЕСОТ!

Креирање унифициран ВЕБ ПОРТАЛ за транспарентно управување, со максимално учество на граѓаните во креирањето на буџетите и програмите на ЛС во секоја фаза. Со ова ќе се обезбеди општините во Македонија да прераснат во вистински граѓански општини.

Рок: 2021-2022 година.

## МЕРКА 5. **ОПШТИНИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА – ИНВЕСТИЦИСКО-ТУРИСТИЧКИ МАГНЕТ**

Предвидуваме градење на капацитети на општините за креирање и имплементирање на локални политики и развиен локален економски развој, со цел привлекување на инвестиции и туризам

### ПРОЕКТ 1: УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА И МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА НА ОПШТИНИТЕ

Секое Одделение за ЛЕР во ЛС ќе прерасне во **Сектор за евроинтеграции**

**и локален економски развој,** во кој ќе се вмрежат општините од државата и регионот и ќе се создаде проектен фонд со специјализирани кадри подготвени за самостојно и заедничко аплицирање пред достапните европски и други фондови.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ 2: ПРОШИРУВАЊЕ НА БИЗНИСОТ ВО ПОМАЛИТЕ ОПШТИНИ

Преку сет на стимулации ќе се овозможи пренасочување на седиштата на одредени компании во помалите општини со цел забрзан развој и нови вработувања во истите.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ 3: ИНВЕСТИЦИСКО МАПИРАЊЕ И ПРОМОВИРАЊЕ НА ОПШТИНИТЕ

Реализација на проект кој ќе опфати детално мапирање на локации за brown field и green field инвестиции, индустриски зони и изработка на општински електронски водич за инвеститорите за секоја општина поединечно.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ 4: МОДЕРНИЗАЦИЈА НА СИТЕ УЧИЛИШТА ПО ЕВРОПСКИ СТАНДАРДИ

Освен стандардните образовни програми, во рамките на наставата ќе се воведат задолжителни мотивациски предавања од страна на стручни лица и еминентни менаџери од компаниите со цел да се зајакне врската меѓу училиштата, општините и бизнис-секторот, од аспект на заедничко креирање на програми кои ќе одговараат на потребите на пазарот на трудот и бизнис заедницата.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ 5: PART TIME ПРАКТИКА

За да се мотивираат младите и да имаат можност да учат и работат во текот на годината во локалните компании, а во исто време компаниите да продуцираат кадар, според нивните потреби, предвидуваме проект со кој на средношколците ќе им биде овозможена неколкучасовна работа неделно во локалните компании и институции, при што ќе имаат одреден паричен надоместок за тој ангажман.

Рок: контиунирано.

## ПРОЕКТ 6: ОПШТИНСКИ ИНОВАЦИСКИ ФОНД

Создавање на општински иновациски фонд за компании, кој ќе помага и ќе поддржува развој на иновативни проекти, кои се во насока на зајакнување на локалната економија, со акцент на иновативни технологии и иновативни старт ап компании.

Рок: 2024 година.

## ПРОЕКТ 7: РЕГИОНАЛНИ ЗАНАЕТЧИСКИ ЦЕНТРИ

Регионалните занаетчиски центри ќе бидат модерни генератори на знаења кои ќе имаат развојни компоненти во секој регион, а преку професионалните квалификации кои ќе ги нудат, ќе овозможат врвна квалификација на дефицитарни занаети, кои недостасуваат на пазарот на труд.

Рок: 2024 година.

## ПРОЕКТ 8: РАЗВИВАЊЕ НА РЕГИОНАЛЕН НАУЧНО-ОБРАЗОВЕН ЦЕНТАР

Заради поттикнување на конкурентен пазар на труд, предвидуваме регионалниот научно-образовен центар да биде независна институција, посветена на развојот на научната култура, писменост и образование. Активностите ќе бидат насочени кон обуки (курсеви, семинари) за учениците, студентите и наставниците за нови техники, методи и содржини во областа на науката и технологијата. Образовниот центар ќе биде отворен за млади од државата и регионот. Предлог – локација на центарот: Крушево.

Рок: 2024 година.

## ПРОЕКТ 9: ЕФИКАСЕН СИСТЕМ ЗА ИСПОРАЧУВАЊЕ УСЛУГИ

Приоритет на секоја општина е да содржи современи европски атрибути на функционирање, односно транспарентни и функционални јавни претпријатија, во интерес на граѓаните, бизнис-секторот и потенцијалните инвеститори. Во наредните четири години ќе се стремиме секоја општина да ги задоволува следниве стандарди:

- Квалитетно водоснабдување и третирање на отпадните води;
- Квалитетен третман и преработка на отпад;
- Квалитетни сообраќајни решенија и ефикасен јавен превоз;
- Квалитетна испорака на енергетски ресурси кон граѓаните и компаниите;
- Квалитетна противпожарна заштита;

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ 10: ОПШТИНСКИ ТУРИСТИЧКИ БИРОА

Во поголемите општини од државата предвидуваме отворање бироа за туризам, кои ќе имаат обврска да ги организираат големите општински настани, да ја промовираат туристичката понуда на општините, да бидат вклучени во креирањето на културната програма на градовите и создавање на локални туристички брендови. Овие бироа ќе функционираат и на принципот „One Stop Agency“, а ќе обезбедуваат детални информации и соработка за најбрза реализација на инвестициите од областа на туризмот и користењето на ЕУ фондовите.

Рок: 2021-2024 година.

## ПРОЕКТ 11: Е-МАРР

Креирање на туристичка апликација преку која туристите ќе имаат преглед на сите историски, хедонистички, адреналински, природни и др. потенцијали кои ги има во Македонија и ќе имаат можност сами да си го креираат својот престој во државата.

Рок: 2023 година.

## ПРОЕКТ 12: ЕДУКАТИВНИ ЦЕНТРИ ЗА КУЛТУРА

Префрлање на домовите на културата на локално ниво и нивно претворање во културни центри кои ќе ги апсорбираат уметниците од општините со максимално искористување на човечкиот потенцијал и просторот во нив.

Рок: 2021 - 2024 година.

## ПРОЕКТ 13: ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО СЛУЖБА НА ЈАВНИОТ И ПРИВАТНИОТ СЕКТОР ВО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ЕУ ФОНДОВИ

Поддршка на невладините организации во урбаните средини при едукација на сите заинтересирани страни за успешна подготовка на апликации и ефикасно менаџирање на проектите добиени од ЕУ и други фондови.

Рок: 2022 - 2024 година.

# МЕРКА 6. ИНФРАСТРУКТУРНО ЈАКНЕЊЕ НА ОПШТИНИТЕ ЗА ЕВРОПСКИ КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ

## ПРОЕКТ 1: УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ВО РАЦЕ НА ОПШТИНИТЕ

Заради постигнување на квалитетно просторно планирање во сите општини предвидуваме поедноставување на процедурите за просторно планирање, поконкретно, одобрувањето на ДУП и ГУП во интерес на динамичен развој и идни инвестиции во општините и заштита на интересите на граѓаните.

Рок: 2024 година.

### ПРОЕКТ 2: АСФАЛТ ДО СЕКОЈ ДОМ!

Да не постои неасфалтирана урбана средина.

Рок: до крајот на мандатот.
Буџет: 1 милијарда денари.

## МЕРКА 7. НАВРЕМЕНА И ИНКЛУЗИВНА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Заложбата на Владата на ВМРО-ДПМНЕ е да поттикне социјално одговорни општини кои пружаат заштита, помош и поддршка во сите сегменти, во согласност со приоритетите на граѓаните.

### ПРОЕКТ 1: ИЗГРАДБА НА НОВИ ГРАДИНКИ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИТЕ / „ЛИСТИТЕ НА ЧЕКАЊЕ“ ЗАМИНУВААТ ВО ИСТОРИЈАТА!

Изградба на нови детски градинки и реконструкција на постоечките, со цел да се зголемат капацитетите и да нема повеќе листи за чекање за ниту едно дете во државата.

Рок: континуирано.
Буџет: во согласност со МТСП.

### ПРОЕКТ 2: ГРАДИНКИ И ДНЕВЕН ПРЕСТОЈ ЗА ДЕЦАТА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО РАМКИТЕ НА КОМПАНИИТЕ

Секоја поголема компанија ќе биде стимулирана да обезбеди сопствен простор за градинки или дневен престој за децата на вработените, со цел вработените да бидат поблиску до своите деца.

### ПРОЕКТ 3: ЗДРАВ ОБРОК ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ

Воведување и субвенционирање на здрава исхрана за учениците од прво до деветто одделение со ангажирање на експертиза од нутриционист, со цел да се создадат добри навики кај децата и да се заштити нивното здравје.

Рок: 2024 година.
Буџет: 600 милиони денари.

## ПРОЕКТ 4: СТИПЕНДИРАЊЕ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ОД СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ СЕМЕЈСТВА

Ќе обезбедиме стипендии за сите ученици и студенти од социјално загрозените семејства, кои покажуваат врвни резултати и на тој начин ќе ги мотивираме да работат на својот личен успех и поголеми достигнувања (да се надмине класната разлика во образованието).

Рок: до 2024 година.
Буџет: 10 милиони денари.

## ПРОЕКТ 5: СИГНАЛИЗАЦИЈА ЗА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

За да го олесниме животот на лицата со посебни потреби, во секое населено место ќе биде инсталирана современа сообраќајна сигнализација за оваа категорија граѓани по европски стандарди.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ 6: ИЗГРАДБА НА СОЦИЈАЛНИ СТАНОВИ

Ќе изградиме нови или ќе реконструираме социјални станови за социјално-ранливите категории на граѓаните во општините во согласност со можностите, со цел обезбедување на пристојни и стабилни услови за домување.

Рок: континуирано.

## ПРОЕКТ 7: ИЗГРАДБА НА ДОМОВИ ЗА СТАРИ ЛИЦА

За повозрасните наши сограѓани ќе обезбедиме домување во новоизградени домови за стари лица со современи услови за живот (секој плански регион во наредните 6 години ќе добие современ дом за стари лица).

Рок: континуирано.
Буџет: 610.000.000 милиони денари.

# МЕРКА 8. ЕКО ОПШТИНИ

## ПРОЕКТ 1: ИЗГРАДБА НА ЦЕНТРИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Предвидуваме поддршка на општините при изградба на современи центри за рециклирање и намалување на количините на отпад кои се депонираат.

## **ПРОЕКТ 2:** ИЗГРАДБА НА РЕГИОНАЛНИ ДЕПОНИИ ПО НАЈВИСОКИ ЕВРОПСКИ СТАНДАРДИ И ПРЕТВОРАЊЕ НА ОТПАДОТ ВО СУРОВИНА

Изградба на регионални депонии по високи стандарди, во чиј ссостав ќе бидат изградени и фабрики за преработка на градежен, текстилен и друг вид отпад.

Рок: 2021 - 2025 година.
Буџет: 300 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 3**. СОЗДАВАЊЕ НА ЦЕНТРАЛЕН И РЕГИОНАЛЕН ПАЗАР НА ОТПАДНИ МАТЕРИЈАЛИ

Ќе организираме пазар за отпадни материјали кој ќе го стимулира кружното решавање на проблемот со отпад, додавајќи нова вредност – претворање на отпадот во ресурс.

## **ПРОЕКТ 4:** ЦЕЛОСЕН ТРЕТМАН НА ОТПАДНИТЕ ВОДИ

Секоја поголема општина ќе добие модерна пречистителна станица, а алтернативно за секое населено место над 300 жители ќе започнеме со изградба на канализациски системи со мини пречистителни станици.

Рок: 2021 - 2026 година.
Буџет: 2 милијарди денари.

## **ПРОЕКТ 5:** ЗАШТЕДА НА ЗАГУБИТЕ НА ПИВКА ВОДА

Секое јавно претпријатие ќе инсталира современ систем (СКАДА СИСТЕМ) со цел квалитетно водоснабдување за минимизирање на загубите и дефектите на пивка вода на територијата на сите региони следејќи ги ЕУ стандардите (под 30%). Ќе бидат исфрлени сите азбестни цевки за водоснабдување на територијата на Македонија.

Рок: 2021-2025 година.
Буџет: 6.100.000.000 денари.

## **ПРОЕКТ 6:** ЗЕЛЕНА АРХИТЕКТУРА

Предвидуваме стимулации за инвеститори-компании кои ќе реализираат зелени покриви и фасади на изградените објекти или објектите во изградба. Ќе воведеме принцип секоја општина задолжително да има најмалку по 10m2 зелена површина по жител. За одржување на зелената архитектура, предвидуваме задолжителна изградба на системи за наводнување на зелените површини во урбаните средини, систем капка по капка, со изградба на самостојни технолошки бунари за секоја зелена површина.

Рок: 2021-2025 година.

## **ПРОЕКТ 7:** НОВА ВЕЛОСИПЕДСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Се обврзуваме на изградба на велосипедска инфраструктура во обем од 50 до 100 km за населените места над 20.000 жители, односно од 20 до 50 km за населени места до 20.000 жители. Дел од централните градски подрачја ќе ги претвориме во пешачки зони со строг режим на сообраќај.

Рок: 2025.
Буџет: 61 милион денари.

## **ПРОЕКТ 8: ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ОПШТИНИТЕ**

- Субвенции за вградување на соларни и фотоволтаични панели, при што предност ќе имаат населените места каде што гасификацијата ќе биде невозможна.

Рок: континуирано.
Буџет: 10 милиони денари.

- Субвенции за изградба на енергетско-ефикасни фасади за јавните објекти

Рок: континуирано.
Буџет: 10 милиони денари.

- Градовите и населени места ќе бидат 100% покриени со ЛЕД штедливи светилки.

Рок: континуирано.
Буџет: 10 милиони денари.

## **ПРОЕКТ 9:** ЕКОЛОШКИ ЈАВЕН ПРЕВОЗ

Предвидуваме модернизација или адаптација на јавниот и училишниот превоз кон еколошки превозни средства кои ќе користат метан или природен гас како погонско гориво.

Рок: 2025 година.

## **ПРОЕКТ 10:** КОНТРОЛА НА БУЧАВАТА И ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР

Со цел намалување на урбаната бучава, предвидуваме изработка на стратешки карти на бучава за цела територија на државата. Со тоа гарантираме заштита од ноќна бучава и нарушување на спокојот со гласна музика од локалите, гласни машини, мотори, автомобили и др. Исто така, се предвидуваат и повисоки стандарди во поставување на урбана и друг вид опрема на јавниот простор, овозможувајќи повеќе простор за пешачење и рекреација.
Рок: континуирано.
Буџет: 10 милиони денари.

## МЕРКА 9. **СПОРТОТ – ПРИОРИТЕТ НА ОПШТИНИТЕ**

**ПРОЕКТ 1:** ИЗГРАДБА НА СОВРЕМЕНА СПОРТСКА ИНФРАСТРУКТУРА (СПОРТСКИ КОМПЛЕКСИ) ВО ОПШТИНИТЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИТЕ СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ.

**ПРОЕКТ 2:** ЗГОЛЕМЕНА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА УЧИЛИШНИТЕ СПОРТОВИ И ОПШТИНСКИ ЛИГИ, КАДЕ ЌЕ СЕ ПРОДУЦИРААТ ИДНИТЕ СПОРТСКИ ТАЛЕНТИ.

**ПРОЕКТ 3:** ЗГОЛЕМЕНА ФИНАНСИСКА ПОМОШ И ВОВЕДУВАЊЕ НА УНИФИЦИРАН СИСТЕМ ВО ОПШТИНИТЕ ЗА СТИПЕНДИРАЊЕ И НАГРАДУВАЊЕ НА ВРВНИ СПОРТСКИ ТАЛЕНТИ

**ПРОЕКТ 4:** ВОВЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВА ИСХРАНА ВО СПОРТСКИТЕ КЛУБОВИ КАКО ОСНОВА ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА ВРВНИ РЕЗУЛТАТИ НА СПОРТИСТИТЕ И ИДНИТЕ ОЛИМПИЈЦИ.

**ПРОЕКТ 5:** РАЗВОЈ НА СПОРТОТ НА СЕЛО ПРЕКУ ИЗГРАДБА НА СПОРТСКИ ТЕРЕНИ ВО СЕКОЕ ЖИВО НАСЕЛЕНО МЕСТО.

**ПРОЕКТ 6:** ПРОМОЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА КАКО ИНТЕРЕСНА ЛОКАЦИЈА ЗА ЕКСТРЕМНИ И АДРЕНАЛИНСКИ СПОРТОВИ

**ПРОЕКТ 7:** ЗГОЛЕМЕНА СОРАБОТКА НА ОПШТИНИТЕ СО СПОРТСКИТЕ ФЕДЕРАЦИИ И АСОЦИЈАЦИИ

**ПРОЕКТ 8:** ЗЛАТЕН ТРЕНЕР – ТИТУЛА КОЈА ЌЕ НОСИ ОДРЕДЕНИ БЕНЕФИЦИИ, А ЌЕ СЕ ДОДЕЛУВА НА СЕКОЈ ТРЕНЕР ЧИЈ СПОРТИСТ ЌЕ ОСВОИ ВРВНИ НАГРАДИ НА СВЕТСКИ ИЛИ МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРУВАЊА.

Рок: континуирано.

Буџет: 100 милиони денари.

## МЕРКА 10. ПРОФЕСИОНАЛИЗИРАНА И ЕФИКАСНА АДМИНИСТРАЦИЈА

За ограничување на бројот на вработени, професионализација на администрацијата и ефикасно и отчетно работење, Владата на ВМРО-ДПМНЕ предвидува:

### ПРОЕКТ 1: ЕКСПЕРТСКИ ТИМ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Предлагаме измени на Изборниот законик, при што кандидатите за градоначалник ќе понудат и експертски тим од различни области, на кој мандатот ќе му заврши со завршувањето на мандатот на градоначалникот.

### ПРОЕКТ 2: ВОВЕДУВАЊЕ НА ВЛАДИН КООРДИНАТОР

Ќе биде исклучиво надлежен за комуникација меѓу општините, централната власт и ресорните министерства, при реализација на проекти финансирани од Владата.

### ПРОЕКТ 3: УНИФИЦИРАЊЕ НА БРОЈОТ НА ВРАБОТЕНИ ВО ОПШТИНИТЕ

Бројот на вработени во секоја општина да биде во согласност со европските стандарди по глава на жител.

### ПРОЕКТ 4: ТЕЛО ЗА МОНИТОРИНГ

Воведување на систем за мерење на процентот на реализација на ветената предизборна програма од Градоначалникот, според кој следуваат опомени доколку реализацијата на програмата на Градоначалникот не е на задоволително ниво.

### ПРОЕКТ 5: СОВЕТ НА УРБАНИ И МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

Советот ќе биде составен од претседатели на урбани и месни заедници, кои со симболичен месечен надоместок ќе ја извршуваат својата функција, со мандат од 4 години во интерес на развојот на заедниците од каде што доаѓаат.

Рок: 2022 – 2024 година.
Буџет: 10 милиони денари.

**ИЗЛЕЗИ ДА ГЛАСАШ**

www.obnova.mk
www.vmro-dpmne.org.mk